Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – Скопје

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

## Институт за Социологија

ПЕЦЕ ЦВЕТАНОВСКИ

# СТРУКТУРАТА НА МОЌТА ВО БИТОЛА - ПРИМЕНА НА ХАНТЕРОВИОТ РЕПУТАЦИСКИ МОДЕЛ

Докторска дисертација

Скопје, 2016 година

**Комисија**

**Ментор:** **Проф. д-р Ило Трајковски**

**Членови на комисијата:**

**Проф. д-р Илија Ацески**

**Проф. д-р Константин Миноски**

**Проф. д-р Билјана Ванковска**

**Доц. д-р Марија Дракуловска Чукалевска**

# СТРУКТУРАТА НА МОЌТА ВО БИТОЛА - ПРИМЕНА НА ХАНТЕРОВИОТ РЕПУТАЦИСКИ МОДЕЛ

*Пеце Цветановски*

**Апстракт**

Феноменот на моќта, присутен низ историјата во сите човечки општества, вклучувајќи ја и нашата сегашност, претставува вечен и неодминлив мотив за истражување. Во овој труд, низ теоретска анализа на поимот на моќта, сфатена како капацитет за дејствување, или општествен однос, моќта беше истражувана преку утврдување на структурата на моќта во Битола, како локална заедница. Во истражувањето беше применет репутацискиот метод, првично применет во истражувањето на моќта од социологот Флојд Хантер, во Атланата („Регионалниот град") во САД, во 1956 година. Во постапката за евидентирање беше применета иновација со која моќните поединци, беа рангирани според шест аспектите на моќта: богатство, врски, влијание, авторитет, политичка париципација и лична способност. Добиените сознанија покажаа дека примената на репутацискиот метод е можна и ефикасна, но дека истата, во разни социјални, историски и локални околности, а особено во различни општествени уредувања, може да утврди различна структура на моќта. Произлезе дека структурата на моќта во Битола се состои од неконзистентна моќна група, во која доминираат два вида на моќни поединци: едни, кои поседуваат актуелна политичка моќ, и други, кои поседуваат актуелна економска моќ. Меѓу овие два вида на носители на моќ во Битола не е утврдено совпаѓање, ниту единствена пирамидална структура на моќта, како во случајот на Атланта, каде во социјалниот живот на заедницата доминираат носителите на економската моќ. Со оглед на тоа што досега структурата на моќта на локално ниво во Република Македонија не беше претходно истражувана, може да се каже дека сознанијата до кои се дојде во истражувањето на структурата на моќта во Битола, можат да претставуваат поволна појдовна основа за идни истражувања на моќта во македонското општество, на сите нивоа.

*Клучни зборови:* моќ, моќници, структура на моќта, локална заедница, репутациски метод, поседувачи на моќ, неконзистентна, одлучување.

# COMMUNITY POWER STRUCTURE IN BITOLA - APPLICATION OF HANTER'S REPUTATIONAL MODEL

***Pece Cvetanovski***

**Abstract**

The phenomenon of power, throughout history of all human societies, including our present, is an eternal and inevitable motive for research. In this study, through theoretical analysis of the concept of power and discussion of possible sources and aspects of power, understanding the power as capacity to act, or social relationship, the phenomenon of power was investigated through determining the structure of power in Bitola as local community. In this study was applied the reputational method, initially applied by sociologist Floyd Hunter in Atlanta ("Regional City") in United States in 1956. In evidencing procedure was applied an innovation, because powerful individuals were ranked according to six aspects of power: wealth, connections, influence, authority, political participation and personal ability. Findings showed that the application of reputational method is possible and effective, but in different social, historical and local constellations, especially in different social systems, it determines different power structure. According to findings, it appears that the power structure in Bitola consists of inconsistent powerful group, dominated by two types of powerful individuals, holders of current political power, and holders of current economic power. Between these two types of power holders in Bitola, there wasn't set a single pyramid of power, as in the case of Atlanta, where social life of the community was dominated by the holders of economic power. Because of the fact that power structure at local level in the Republic of Macedonia was not studied previously, it can be said that the findings about power structure in Bitola, obtained in this survey, constitute a favorable starting point for future exploration of power at all levels in the Macedonian society.

**Keywords:** power, powerful, power structure, local community, reputational method, holders, inconsistent, decision making.

## Благодарност

*На моето семејство,*
*роднините, пријателите,*
*и почитуваниот ментор,*
*што беа трпеливи за мојата бавност...*

*Исто така изразувам голема благодарност на почитуваните професори членови на Комисијата, на почитуваните професори кои дадоја мислење по авторезимето за овој труд, како и на сите пријатели, другари, познаници, кои ми помогнаа со свои сугестии, во собирањето на потребните податоци, како и на личностите кои прифатија да бидат интервјуирани.*

***Трудот го посветувам на мојот прв внук, Филип!***

# С О Д Р Ж И Н А

Страница

ВОВЕД ........................................................................................................ 1

I Дел ПОИМНО ТЕОРИСКА РАМКА ........................................................................ 8

1. ПОИМНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МОЌТА.......................................................... 8

1.1. Моќта како способност – капацитет........................................................ 10

1.2. Моќта како социјален однос.................................................................. 14

2. ТЕОРИСКИ КОНЦЕПТИ ЗА МОЌТА ВО СОЦИОЛОГИЈАТА..................... 16

2.1. КОНФЛИКТНАТА НИШКА НА МОЌТА ..................................................... 18

2.1.1. Марксистичкиот пристап........................................................................ 18

2.1.2. Теоријата на конфликтот ........................................................................ 23

2.1.3. Елитистичките сфаќања во теориите на моќта...................................... 25

2.2. КОНСЕНСУАЛНАТА НИШКА НА МОЌТА - ИСЧЕКОР КОН „МОЌТА КОН“........................................................................................................ 33

2.2.1. Консенсусот во системската теорија на Талкот Парсонс........................ 37

2.2.2. Општественото знаење како моќ – Бери Барнс....................................... 39

3. ПЛУРАЛИСТИЧКО – БИХЕЈВИОРИСТИЧКИ ТЕОРИИ ЗА МОЌТА.......... 41

3.1. Дебатата за лицата на моќта.................................................................. 42

3.2. Мрежите на моќта и создавање ефикасен отпор – Мајкл Ман .................. 50

3.3. Теоријата на рационалниот избор и моќта............................................. 53

3.4. Теоријата на играта/игрите и моќта....................................................... 55

3.5. Теоријата на размена и моќта................................................................ 56

4. СОВРЕМЕНИ ТЕОРИСКИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА МОЌТА ............................ 63

4.1. Моќта како чин на реализација - Мишел Фуко........................................ 63

4.2. Моќта на комуникативното дејствување - Јирген Хабермас.................... 66

4.3. Моќта како диспозиција - Питер Морис.................................................. 71

4.4. Моќта во теоријата на структурацијата - Ентони Гиденс................................. 75

4.5. Социјалната моќ и системската среќа - Кит Даудинг.......................................... 79

4.6. Конвергенција на конфликтот и консенсусот - Марк Хугаард........................... 83

5. ЕМПИРИСКО ПРОУЧУВАЊЕ НА МОЌТА ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА – СПЕЦИФИКИТЕ НА РЕПУТАЦИСКИОТ МОДЕЛ НА ФЛОЈД ХАНТЕР............... 88

5.1. Истражувачкиот пристап на Хантер......................................................................... 92

I I Дел СТУКТУРАТА НА МОЌТА ВО БИТОЛА: ПРЕДМЕТ И МЕТОД НА ИСРАЖУВАЊЕТО......121

1. Битола како локална заедница: основни белези.................................................. 121

1.1. Физичкото опкружување - територијално - комуникациска структура на Битола...... 121

1.2. Политичкиот систем во локалната самоуправа................................................... 128

1.2.1. Формалната политичка моќ на ниво на општина Битола .......................... 132

1.3. Основни карактеристики на економскиот систем и влијанието во животот на општина Битола................................................................................................. 135

1.4. Кус осврт на процесот на трансформирањето на општествената сопственост по 1989 година....................................................................................... 136

1.5. Денешна сопственичка структурата на поголемите претпријатија во општина Битола........................................................................................... 139

1.6. Односите на локалната со централната власт................................................... 140

2. Операционално дефинриање на моќта во Битола како локална заедница............ 143

2.1. Потенцијалните извори на моќта во Битола како заедница.............................. 145

2.2. Дефинирање на структурата на моќта.............................................................. 147

2.3. Формирање на листата на моќни поединци во Битола...................................... 149

2.4. Улогата на информантите во создавањето на листата со моќни поединци...... 151

2.4.1. Рангирања според информантите врз основа на карактеристиките на моќта........................................................................................................ 154

2.4.2. Измени во првичната листа предизвикани од објективни околности...... 158

2.4.3. Конечната листа на предложени моќни поединци според која беше спроведено истражувањето.................................................................... 161

3. Спроведување на интервјуто со битолските моќници....................................... 164

**III Дел МОЌТА НА МОЌНИТЕ ВО БИТОЛА...................................................... 167**
**1. Основни сознанија за битолските моќници: области на дејствување................ 167**
**2. Релациите на битолските моќници со политичките инситутции**
**и граѓанските друженија.................................................................................... 179**
**2.1. Релации со локалната власт.................................................................... 179**
**2.2. Релации кон централната власт............................................................... 184**
**2.3.. Релации со НВО и други организации..................................................... 189**
**2.4. Релации со политички партии.................................................................. 191**
**3. Меѓусебните односи на битолските моќници.................................................. 194**
**3.1. Меѓусебното познанство на личностите од листата на најмоќни........... 194**
**3.2. Начини и форми на меѓусебна соработка меѓу најмоќните..................... 202**
**3.3. Партнери со кои би сакале да соработуваат на иден проект.................. 203**
**3.4. Начин на вклучување во иден значаен проект во општината.................. 205**
**4. Мислења и ставови за елита........................................................................... 207**
**5. Кој е најмоќен човек во Битола........................................................................ 210**
**6. Дали постои скриена форма на моќ?............................................................... 213**

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУАЊА.................................................................................. 217**
**БИБЛИОГРАФИЈА .............................................................................................. 244**
**ПРИЛОЗИ............................................................................................................. 255**

# ВОВЕД

Демократските општества не можат целосно да се разберат и да се открие нивната функционална суштина доколку не се посвети особено внимание на односите на луѓето во локалната заедница, која после семејството и примарите групи, е основниот ентитет на кој се темели социјалниот живот, според местото на жиеење.

Имајќи го тоа во предвид, проучувањето на односите во локалната заедница, односно проучувањето на структурата на моќта во локалната заедница сметаме дека е област која е малку истражувана во Република Македонија, оносно не постои посебна студија во која е обработувана структурата на моќта на локално ниво во конкретна средина, град, односно општина. Токму поради тоа темата, „Структурата на моќта во Битола – Примена на Хантеровиот репутациски модел", која е предмет на ова научно истражување сметаме дека е научно релевантна и општетсвено потребна.

Градот Битола, претставува локалната заедница од европски просечен тип во смисол на големина, географска положба и функционално-екномско и политичко значење. Тој е политички заокружена единица, општина, според структурата на политичкиот систем на РМ. Со својата илјадугодишна градска традиција таа несомнено е значајна градска населба од стопански аспект, а во историјата и како воено-политички центар. Со поставувањето на границата со Грција, во непосредна близина на градот и поделбата на територијата на Македонија со Балканските војни, нејзиното значење делумно опаѓа. И покрај тоа Битола денес претставува значаен стопански, политичко-административен, здравствен, културен и образовен центар во Југозападниот дел на Македонија.

Таквата нејзина позиција и зачуваното староградско јадро упатуваат на констатација дека Битола, и покрај сите промени во историјата и влијанието на транзициските промени, е функционална заедница, не во класичната Тенисова смисла на

заедница, туку во смисла на град, кој, со околу 100.000 жители го живеел и преживеал индустријализирањето во периодот на социјализмот, урбанизирањето, а сега индустриската стагнација, по промената на општествениот систем, кој требаше да предизвика поголем развој и перспектива од сегашната.

Во таа заедница се донесуваат бројни одлуки кои се од локално значење, но во неа се остваруваат и прекршуваат и значајни промени во процесот на децентрализација и препуштање на централните државни функции на ниво на локалната заедница.

Погледната од тој аспект, Битола претставува солиден истражувачки простор за утврдување на структурата на моќта на локално ниво, бидејќи ги задоволува сите преуслови кои се неопходни за функционирање на град со средна големина и нормални општетсвено-политички и економски функции.

Секој човек во зависност од местото на живеење, развива сопствен поглед на свет. Не е можно да се разбере политичката и економската историја, ако не се сфати дека градот е детерминистички облик. За Роберт Парк градот е нешто повеќе од мешавина на колективна опрема: улици, згради, електрично осветление, трамвај, телефон, како што е и нешто повеќе од обичен збир на установи и администрација и сл.

Она што градот го прави специфичен е колективниот живот, бидејќи тој ги обединува единките и нивните односи во една целина којашто има свој сопствен живот. Овој живот може да се набљудува преку манифестациите, церемониите и разните собири, а се однесува на членовите на заедницата. Тој колективен живот, претпочитува да има установи и исто така, повеќе или помалку формални организации. Некои од овие институции (установи) имаат политички функции. Колективниот живот, поврзан со политичките установи не може да биде одвоен од колективниот живот на локалните заедница земена во целина.

Токму тука, во димензијата на колективниот живот може да се лоцира и основниот извор на различната моќ која е карактеристика на секоја организација и организирана заедница, бидејќи во локалната заедница различните ресурси со кои располагаат поединците и групите се нееднакво дистрибуирани.

Според тоа колективниот живот во градот го сочинуваат поединци и групи, кои се нееднакви во нивната моќ, иако се еднакви во нивната способност да делуваат, земено од општочовечки аспект. Нееднаквоста во моќта резултира од нееднаквоста на ресурсите. Од

друга страна, таа нееднаквост укажува на постоење различни структури на моќта кои располагаат со различен степен на моќ, што има различно влијание врз донесувањето на одлуки од важност за колективниот живот на заедницата. Тоа значи дека во локалната заедница, како и во целото општество поединците и социјалните групи, заземаат некаква положба врз основа на различни сратификациски значења и белези, а со тоа и со различни предиспозиции на моќ.

Врз основа на таквите сознанија за животот на локалната заедница неодминливо се поставува прашањето за моќта во Битола, односно за тоа кој ја сочинува структурата на моќта, кои се моќните поединци во неа, и кои се базичните форми на моќ, на кои се потпира и гради структурата на моќта во Битола?

Сакајќи да побараме одговори на погоре поставените прашања се определивме структурата на моќта во Битола да биде нашиот основен истражувачки проблем.

Постојат бројни прашања кои во меѓусебните разговори граѓаните на Битола секојдневно си ги поставуваат: Дали градоначалникот и Советот на општината (партијата која има мнозинсво во него) се центарот на моќта во Битола? Која е највлијателната личност во Битола? Кој е најбогатиот Битолчанец? Дали најбогатиот е најмоќен? Кој може најбрзо и најлесно со своите врски да ви помогне да остварите некоја навидум неостварлива потреба во Битола, или кај некоја повисока, државна инстанца?

Токму поради овие прашања, проучувањето на моќта во локалната заедница, односно градот е актуелна тема, бидејќи го засега секојдневниот живот на граѓаните, во нашиот случај, граѓаните на градот Битола, а преку тоа го покренува и вечно актуелното прашање: кој е надреден, кој донесува одлуки, како тие ги засегаат подредените и какви последици предизвикуваат врз нивните животи и положба, односно станува збор за феноменот на моќта, нејзината поставеност низ структурите на моќта во локалната заедница и оттаму за чинителите на моќта и односите кои од неа произлегуваат во еден град, како локална заедница.

Со проблемот на утврдувањето на моќта како истражувачки проблем се занимавале (теоретски и емпириски) голем број на истражувачи. Во ова истражување, во неговиот прв дел, насловен Поимно теориска рамка, ќе бидат разгледани теоретските аспекти за моќта, нејзиното поимно определување и нејзините карактеристики. Посебно внимание ќе се посвети на теориските концепти за моќта во социологијата, опфаќајки различни

видувања во различните теориски концепти, или теориските нишки на моќта како што ние ги насловивме. Ќе биде разгледана конфликтната и консенсуалната нишка на моќта, плуралистичко-бихејвиористичките видувања и современите теориски согледувања за моќта. Кај конфликтната нишка, ќе бидат претставени ставовите за моќта на Вебер, Маркс, структурно-марксистичките и инструменталистичките сфаќања за моќта, теоријта на кофликтот - сфаќањата на Дарендорф и елитистичките теории за моќта (Моска, Парето, Михелс, Милс и други автори).

Консенсуалната нишка на моќта ќе биде претставена со видувањата на Спиноза, Парсонс и Барнс, додека плуралистичко-бихејвиористичкиот пристап ќе биде претставен со главните застапници на дебатата за лицата на моќта, Дал, Бакрач и Барац, Лукс, Ајзак и Гавента. Ќе бидат претставени сфаќањата на Мајкл Ман за мрежите на моќта, како и теоријата на рационалниот избор, теоријата на игри и теоријата на размена (Блау, Хоманс и Балдвин).

Современите теориски согледувања за моќта опфаќаат доста широк круг на автори и нивните гледишта за моќта: Фуко, Хабермас, Морис, Гиденс, Даудинг и Хаугаард.

Во петтата тема, и до крајот на првиот дел на докторскиот труд ќе стане збор за емпириското проучување на моќта во локалната заедница и за репутацискиот модел на Флојд Хантер, кој го претставува вториот дел од насловот на нашата докторска теза: „Структурата на моќта во Битола – Примена на Хантеровиот репутациски модел“. Тука детално ќе биде прикажан истражувачкиот концепт на Хантер, неговото дефинирање на моќта и на структурата на моќта во заедницата. Ќе бидат претставени и другите два главни методи кои покрај репутацискиот се користа најчесто во истражувањата на моќта: позицискиот и методот на донесување на одлуки.

По претставувањето ан основните карактеристики на репутацискиот модел ќе стане збор за првата фаза на евидентирањето на моќните личности со помош на информантите (познавачите на животот во средината која се истражува), потоа структурата и темите кои Хантер ги користел во неговите интервјуа од отворен вид. Бидејќи репутацискиот метод имал противници, особено во плуралистичкиот пристап и методот на донесување на одлуки, ќе бидат посочени најсериозните критики и критичари, за потоа да бидат посочени, наспроти нив предностите и бројноста на студиите во кои е применуван репутацискиот модел.

Вториот дел од дисертацијата носи наслов „Структурата на моќта во Битола: предмет и метод на истражување“ и во него најнапред се опишува Битола како локална заедница со нејзините основни белези, каде е презентирано: Физичкото опкружување - територијално - комуникациската структура на Битола, стопанските субјекти и образовните институции во градот. Потоа е претставен политичкиот систем во локалната самоуправа, кој ја прикажува формалната политичка моќ на ниво на општина Битола и делувањето на политичките институции претставени со Советот и Градоначалникот и нивните надлежности и начин на одлучување.

Покрај политичкиот систем, претставени се и основните карактеристики на економскиот систем и неговото влијание во животот на општина Битола, но притоа е даден кус осврт на процесот на трансформирањето на општествената сопственост по 1989 година, како и денешната сопственичка структурата на поголемите претпријатија во општина Битола.

Овој дескриптивен дел е заокружен со опис на односите на локалната со централната власт.

Втората целина во Вториот дел од дисертацијата е посветен на: операционалното дефинриање на моќта во Битола како локална заедница, потоа потенцијалните извори на моќта во Битола, а дадена е и дефиниција на структурата на моќта.

Откако се дефинирани моќта и структурата на моќта се пристапи кон методолошко образложување на начинот и постапката како се формира листата на моќни поединци во Битола. За нејзоното формирање беше претходно ангажирана една група на информанти (познавачи на моќните поединци во градот). Во овој дел детално е претставена улогата на информантите во создавањето на листата со моќни поединци.

Процесот на создавање на листа од страна на информантите беше заокружен со Рангирања на моќните поединци, а врз основа на карактеристиките на моќта: богатство, врски, влијание, авторитет, политика и способност.

Бидејќи поголемиот дел од репутациската листа беше оформен во 2011 година, а од објективни причини, со интервјуирање на моќните поединци во Битола, се стартуваше во 2014 година, и требаше да се внесат сите настанати промени во структурата на листата, која ја беа креирале информантите. Промените беа направени во косултација со

информантите и, откако беше подготвена конечната листа на предложени моќни поединци во првата половина на 2014 година се почна со спроведување на интервјуата со битолските моќници.

Во третиот дел на дисертацијата е опишана моќта на битолските моќници, преку презентирање на добиените одговори, ставови, мислења и искази на интервјуираните. Конечната листа за интервјуирање се состоеше од 40 кодирани иницијали и броеви кои ги означуваат имињата на моќниците по азбучен ред. Откако беше подготвен потсетник за спроведување на отворено интервју, со неколку групи на прашања, се отпочна договарањето за реализација на интервјуата, кој процес не одеше лесно, заради презафатеноста на дел од личностите кои требаше да бидат интервјуирани.

И покрај напорите да се интервјуираат поголем број, во дисертацијата се претставени резултатите од остварени 27 интервјуа од вкупно 40 моќници, како и 4 дополнителни интервјуа со личности за кои се сметаше дека се битни за појасно согледување на проблематиката, па така беа интервјуирани претсеадвачот на Советот, двајца раководители од два сектори во Општината и директорот на единственото државно претпријатие – РЕК Битола.

Од поставените прашања и низ разговорите се добија податоци за: областите на дејствување на моќниците, нивните релации со политичките институции, локалната и централната власт, граѓанските здруженија и релациите со политичките партии.

Како посебна подтема се обработени сознанијата за меѓусебните односи на битолските моќници, меѓусебното познанство, начините и формите на меѓусебната соработка, со кого би сакале во иднина да соработуваат, како би се вклучиле во некој иден значаен проект во општината.

Како посебно прашање, кое не беше поставувано според структурата на прашања кои во интервјуто ги користеше Флојд Хантер, беше прашањето кое го поставувавме за мислењата на моќните битолчани и ставовите кои тие ги имаат за тоа, што за нив претставува елитата и дали себеси се сметаат за елита.

За крај на интервјуата ги имавме предвидено прашањата дали според мислењето на интервјуираните моќници, во Битола постои скриена форма на моќ, а најнакрај баравме да одговорат на прашањето: Кој е најмоќен човек во Битола?

Во заклучните согледувања на дисертацијата е направена куса споредбена анализа на структурата на моќта во Атланта (според студијата на Хантер) и во Битола, при што беа образложени ставовите на Хантер зошто таму е доминантна економската моќ, односно со Атланта економските моќници преку, механизмите со кои располагаат влијаат и ја креираат политиката, а за нашата средина, за Битола, беше објаснето и посочено дека постои доминација на политичката моќ во формалното одлучување кое е карактеристично за нашиот општествено-политички ситем и поставеноста на локалната самоуправа.

На крајот беа изведени неколку заклучоци во смисол на структурата на моќта во Битола и можните начини на постигнување на рамнотежа на економската моќ со политичката, бидејќи во нашите услови е предоминантна втората, која всушност е прва и сеопфатна и која бара дополнителни напори за демократизација и промени, во правец на вклучување на поголема граѓанска партиципација на една страна и поголемо влијание на економската моќ, на друга страна во донесувањето на одлуките за животот на локалната заедница, односно градот Битола.

Во заклучните согледувања за дисертацијата беше споменато дека овој, на некој начин пионески напор да се проучува моќта и структурата на моќта во локалнатаз аедница, треба да биде потстрек за остварување и на други научни трудови во оваа област. Притоа беше заклучено дека примената на Хантеровиот репутациски модел е можна во различни средини и во различни историски контексти, но дека таа согласно различноста, може да дава и различни сознанија за структурата на моќта која е различна од моќта во Атланта во САД (која беше претставена во значајното дело на Флојд Хантер, „Структурата на моќта во заедницата“, во сега веќе далечната 1953 година.

# I Дел
# ПОИМНО ТЕОРИСКА РАМКА

## 1. ПОИМНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МОЌТА

Што е моќта? На ова прашање се уште не е даден задоволувачки одговор од научен аспект, во смисла на постоење на една општо-прифатена дефиниција. Веројатно до таква дефиниција не е можно да се дојде, ако се знае дека дефинициите кои се даваат на определни поими се најчесто засновани на теоретската, а понекогаш и идеолошката определба на авторите. Оваа констатација е слична како и констатацијата која Роберт Дал ја дал во својот есеј за „Концептот на моќта" (1957), каде текстот го започнал со истото прашање: „Што е моќта?", и каде констатирал дека поголемиот дел од луѓето имаат само интуитивно чувство за тоа што тоа значи поимот моќ, но, дека научниците се уште (состојбата сега, цели 60 години после тој објавен текст е идентична - н.з.) не формулирале посебна дефиниција за концептот на моќта, доволно строга за да биде употреблива во систематското проучување на оваа значајна општествена појава (Dahl, 1957:1).

Ако се анализира јазичкото значење на поимот моќ и неговата употреба во општетствените науки, во поимното определување произлегува следнава разлика: во латинскиот јазик, моќта се изразува со два термини, првиот "potentia"- моќ, сила, а вториот "potestas" во смисол на власт и авторитет. И во францускиот јазик поимот на моќта се изразува со два термини, од кои првиот - "puissance" значи моќ, сила, јачина, авторитет, а вториот - "pouvoir", укажува на некаков чин, или дејствие. Во англискиот јазик моќта се преведува и се означува само со поимот "power". Може да се каже дека значењето на англискиот збор "power" соответствува на зборот "macht". со кој моќта се означува во германскиот јазик.[1] Најчестата, или, општата употреба на зборот

[1] "Зборот моќ и неговите синоними се вградени насекаде во јазикот на цивилизираните народи, често на суптилно различни начини: моќ, влијание, контрола, pouvoir, puissance, Macht, Herrschaft, Gewalt, imperium, potestas, auctoritas, potentia, и тн." (Dahl, ibid.)

„моќ" одговара на нејзиното значење во англискиот јазик - некаков капацитет, т.е. некаква способност, односно некаков потенцијал, способност, сила - во германскиот јазик. Секако, дефинициите кои ги даваат различни автори ставаат и различен акцент врз својствата кои тие ги подразбираат со поимот на моќта.

Може да се каже дека поимот моќ е еден од почесто употребуваните поими во социологијата и особено во политикологијата (неретко и во филозофијата, економијата, психологијата...). Тој поим бил повод научниците да дадат стотици, можеби илјадници, различни дефиниции за моќта. Повеќето автори се согласни дека, пред да се проучува моќта како општествена појава, треба прецизно да се утврди нејзиното значење како поим, за да може истата прецизно да се истражува.

Самото прашање - Што е моќта? - води до неколку општи констатации, дека моќта е централен концепт во политикологијатаата и социологијата (и не само во нив), дека означува некаков атрибут или квалитет на поединците, социјалните групи и организациите (според некои автори - и на класите, но, и на државите, особено во меѓународните односи). Со оглед на тоа што поимот моќ обединува поголем број на значења, со сигурност може да се каже дека не постои дефиниција која на задоволителен начин би ги прикажала сите аспекти на можните значења на поимот моќ.

Иван Грдешиќ споменува три насоки во кои моќта го привлекувала вниманието за дефинирање: пристапот/те кој/и се однесува/ат на субјектите на моќта, пристапите во кои се нагласува акцискиот/дејствениот аспект на моќта (односи, процеси, дејствувања – (не/дејствувања), и пристапот кој се однесува на објектот на моќта, односно врз кого таа се спроведува (Grdešić, 1995:43-44).

Во историски контекст може да се каже дека концептот на моќта ги преокупирал филозофите уште од времето на Платон и Аристотел. Речиси сите поголеми филозофи со текот на вековите, како и повеќето од посовремените плодотворни теоретичари, на пример: Макијавели, Хобс, Хјум, Русо, Ниче, Парето и Вебер посветиле добар дел од вниманието на моќта и појавите поврзани со неа (Dahl, 1957:ibid.). Од почетокот на 20 век, научниците во општествените науки, особено во социологијата и политичките науки, го истражуваат концептот на моќта многу

подетално и во поголем број на студии. Сепак, и покрај огромната бројка на мислители и научни работници кои ја третирале оваа тема, забележливо е дека до ден денес нема консензус за тоа што се подразбира под моќ, ниту пак за една општа дефиниција за моќта, иако има совпаѓања или согласност за некои од најосновните аспекти на моќта.

Заради потребата на овој труд, пред да дадеме операционална дефиниција за моќта, ќе се обидеме да дадеме еден, колку што е можно посеопфатен, преглед на значењата и определбите на поодделни автори за поимот на моќта, погледнат и од аспектот на можното групирање во приодите и теориските гледањата на моќта како општествена појава. Подетално во точиките 1.1. и 1.2. ќе бидат објасните две групи на дефиниции на моќта – како способност, односно капацитет и моќта – како социјален однос.

### 1.1. Моќта како способност – капацитет

Општо земено, концептот на моќта се поврзува со нечија способност за постигнување на посакувани резултати, но, во најголем број случаи, моќта се сфаќа како општетсвен однос, или како процес на остварување на контрола на едно лице над друго лице, или како моќ над, т.е. како надмоќ.

Всушност моќта е општествен однос, или однос на остварување, или поточно, на наметнување на волја. Ова обележје на моќта го прифаќаат голем број на теоретичари, бидејќи наметнувањето на волјата е можно, затоа што односите на моќ се смета дека се и односи на надреденост (надмоќност) и подреденост.

Согласно појавата на првите форми на моќ и генезата на моќта како појава присутна во општественото живеење, некои научници нејзините корени ги бараат во најстарите социјални феномени: магијата, матријархатот, паријархатот[2], а подоцна во апаратот на државата, како организирана општествена органзиација. Може да се

[2] Vukašin Pavlović, Diskursi moći, http://documents.tips/documents/teorije-moci-vukasin-pavlovic.html

смета дека модерниот пристап во проучувањето на моќта започнува со „Владетелот“ на Макијавели.

Од современ научен аспект, се смета дека поимот моќ (англиски: power) во теоријата го вовел англискиот филозоф Томас Хобс, и под „моќ“ тој подразбирал физичка или имотна способност на поединецот, односно „моќта“ ја дефинира како „сегашните средства на еден човек за било која определена придобивка во иднина“ (Wrong, 2009:2). Хобсовата дефиниција повеќето социолози и политиколози ја сметаат за диспозициска, бидејќи зборува за моќта како предуслов со кој располага определен поединец.

За разлика од Хобсовиот теоретски импулс за научната употреба на поимот моќ, поголемиот дел од современите сознанија за моќта се врзуваат воглавно за двајца други автори, првиот е британскиот филозоф Бертранд Расел, а вториот е германскиот социолог Макс Вебер, чија дефиниција на моќта многумина ја сметаат за најдоминантна во социологијата и особено во политикологијата, односно во политичката социологија.

Според Бертранд Расел, моќта е основен концепт на општествените науки, исто како што енергијата е основен концепт за физиката. Законите на социјална динамика, според него, постојат само во однос на различните форми на моќ. Расел, **во своето дело „**Моќ: Нова социјална анализа“ (Russell, 2004), разгледува четири општи теми, од кои првата се однесува на природата на моќта, при што нагласува дека страста за моќ всушност претставува елемент на човечката природа. Расел е заинтересиран за класифицирање на различните начини на кои едно човечко суштество може да има моќ над друго – или за она што тој го нарекува форми на моќ. Формите можат да бидат поделени на две: влијание над лицата, и на психолошки видови на влијание. (Russell, 2004: 24,27).

Според Расел, за да се разбере како дејствуваат организациите, ние прво мора да ги сфатиме основните методи преку кои тие можат да ја спроведуваат моќта во целост – затоа, ние мораме да го сфатиме начинот на кој поединците се убедени за да следат некој авторитет. Расел ги раскршува формите на влијание во три, многу општи категории: моќта на силата и принудата; моќта на поттикнувањето, како што е

спонтаната условеност и групаната сообразеност; и моќта на пропагандата и /или навиката (Russell, 2004:24). Првата уште ја нарекува економска или „разголена“ моќ, втората, моќ на (и над) мислењето и третата, револуционерна наспроти традиционалната моќ.

Желбата да се поттикне некој на моќност е уникатна на човековата природа. Нема други животни, освен Homo sapiens, кои се способни да бидат толку незадоволни со она што го поседуваат, и кои се обидуваат да акумулираат повеќе добра за да ги задоволат своите потреби. "Импулсот" на моќта, како што Расел го нарекува, не се јавува се додека една основна желба не се потхрани. Потоа се буди имагинацијата, мотивирањето на актерот за да стекне повеќе моќ. Љубовта кон моќта е речиси универзална меѓу луѓето, иако добива различни облици од личност до личност (Russell, 2004:3).

Расел моќта ја дефинира како „производство на наменети ефекти“ (Russell, 2004:23), односно како нечија способност да постигне определени цели (Russell, 2004:20), при што тој ја има во предвид социјалната моќ, односно моќта над луѓето. Теоретичарите сметаат дека според неговата дефиниција моќта претставува квантитативен концепт: ...А има повеќе моќ отколку Б, ако тој постигнува повеќе посакувани ефекти, а Б само неколку… Моќта над човечките суштества може да се класифицира преку начинот на кој се влијае над поединците, или според видот на организацијата која е вклучена во остварувањето на моќта. Некој поединец може да биде под влијание: А. Со директна физичка сила над неговото тело, на пример, кога е затворен или убиен; Б. Со награди и казни, како влијанија, на пример, во давање на можност за вработување или, В. Со влијание врз неговото мислење, односно со пропаганда во нејзината најширока смисла (Russell, 2004:24).

Иако дефиницијата на Расел („производство на наменети ефекти“) е многу општа, односно премногу едноставна, според Џорџ В. Домоф, сепак таа е многу длабока, па многу автори, се навраќаат на неа (Domhoff, 2006:1). Дефиницијата на Расел ја дополнил Ронг, според кого „Моќта е капацитет на некои лица да произведат наменети и предвидени ефекти над другите“ (Wrong, 2009:2). Ронг ја дополнил дефиницијата на Расел, бидејќи таа му делувала повеќе како „епизодна“ отколку како

диспозициона. Според Ронг, она што е карактеристично и за Хобсовата и за Раселовата дефиниција е идентификувањето на моќта како потенцијал или мајсторство, и заради тоа и двете се многу воопштени дефиниции за оној кој се интересира за моќта како општествен однос. Може да се каже дека социологијата и политикологијата бараат една потесна дефиниција, затоа што моќта над природата се разликува од моќта над човекот.

Во својата дефиниција на моќта Ронг посочува пет проблеми кои би требале да се разјаснат за да се избегнат можните концептуални конфузии во самиот поим на моќта. Според него моќта е намерна, ефективна, латентна (диспозициона), асиметрична и истата произведува ефекти кои можат да бидат објективно видливи, или пак, се чисто субјективни (Wrong, 2009:2-3). Според оваа дистинкција, латентната функција на моќта значи - „да се има моќ", а интенционалната и ефективната функција значат - „да се спроведува моќ", па така станува сосема јасна разликата помеѓу Хобсовата и Раселовата дефиниција за моќта, според која моќта за Хобс е диспозициона, а за Расел е епизодна појава. Понекогаш се вели дека моќта е повеќе потенцијална отколку актуелна, и дека таа се „поседува" и без да се „употреби". Според тоа, за Ронг овде е најбитно да се нагласи, дека „латентната" или „потенцијалната" моќ, е различна од „манифестната" или „актуелната" моќ (Wrong, 2009:7).

Кога моќта е дефинирана како „капацитет" или способност да се контолираат другите, таа може да биде потенцијална или актуелна. Диспозициониот концепт е вгнезден во капацитетот, што значи дека тоа е капацитет за контрола над други лица или групи. Но, за моќта на еден актер, на А над Б, да биде реална, и кога тој всушност и не ја остварува, Б мора да биде убеден во капацитетот на А дека тој може да го контролира него, па заради тоа, Б мора да го промени своето однесување соодветно на А. Кога моќта се смета за капацитет, неопходно е во самата дефиниција на моќта да се определи разликата помеѓу нејзината потенцијална и актуелна компонента. За оваа разлика да биде поочигледна можеби е најдобро да се посочи разликувањето кое во значењето на поимот моќ постои во францускиот јазик, па puissance ќе го означува генералниот концеп, или капацитетот – потенцијалот, а

pouvoir би го означувал самиот акт (чин) на дејствување, односно би означувал определена форма на актуелното дејствување на моќта. Така, според Рејмонд Арон во англискиот и германскиот поим (Power и Macht) на моќта, таа ги опфаќа и се однесува истовремено: и на капацитетот – капацитет нешто да се направи, и на самото актуелно остварување на капацитетот, па во тој правец Ронг, за допрецизирање на поимот на моќта го додава и поимот „латентна“, како модификатор – објаснување, со што, според него, појасниот поим - „латентен“, ќе може да ја направи повидлива разликата помеѓу потенцијалната моќ, како еден аспект на целата моќ и можната моќ. Според него „потенцијалот“ значи чувство кое ја нагласува хипотетичката можност за контрола над другите, но не ја содржи проценката од страна на другите (контролираните) за веројатноста на ваквата контрола (Wrong, 1968:679).

### 1.2. Моќта како социјален однос

Дефиницијата за моќта на Макс Вебер, објавена во „Стопанство и друштво“ (1976), според голем број на автори, се уште се смета за една од највлијателните дефиниции на моќта во општествените науки. „Моќта ги претставува изгледите дека во рамките на еден социјален однос ќе се спроведе сопствената волја и покрај отпорот, без обзир на што ќе се засновуваат тие изгледи“ (Veber, 1976, I:37).

Макс Вебер содржински го определува поимот моќ како социјален однос во кој постои можноста за спроведување на волјата на еден субјект „А” и покрај противењето на другиот субјект „Б”, иако отпорот не мора да биде актуелен. Тоа значи дека моќта е веројатност дека волјата ќе се спроведе независно од големината на отпорот. Може да се посочат и следните важни моменти во анализата на дефиницијата на Вебер. Прво, дека моќта се одредува на плаузибилен начин, како збир на изгледи или веројатности, а не како строга причинско - последична врска; Второ, дека моќта се воспоставува и се одвива во рамките на некој социјален однос, а

не во социјален вакуум или во случајот на изолиран поединец; Трето, дека главната содржина или целта на моќта е да се наметне и спроведе сопствената волја; Четврто, дека спроведувањето на сопствената волја се одвива и покрај отпорот; И петто, дека моќта се воспоставува без оглед на што се засновуваат изгледите за нејзино реализирање (Pavlović, 2009:14).

Ваквото разработување на самата дефиниција на Вебер повеќе од јасно ги сугерира сите нејзини значења, но е добро тука да се нагласи дека Вебер под социјален однос подразбира „однесување на поголем број на луѓе кое според својата смисловна содржина, е взаемно усогласено и со тоа е ориентирано однесување. Социјалениот однос се состои потполно и исклучиво од изгледите социјално да се дејствува на некој (смисловно) можен начин, без обѕир на што се засновуваат тие изгледи“ (Veber, 1976, I:18).

Не навлегвајќи подлабоко во дополнително образложување на дефиницијата на Вебер, бидејќи е повеќе од јасно дека за него моќта постои таму каде што постои определен социјален однос, би можеле да нагласиме дека од поставувањето на овие две, на некој начин дефиниции – меѓници, Раселовата и Веберовата, потоа произлегуаат бројните надоградувања, дополнувања, или обиди за поинакво дефинирање на поимот на моќта од голем број на автори од различна теоретска провиниенција. Особено бројни се трудовите и расправите кои се појавуваат во педесеттите години на 20 век во САД, кога во рамките на емпирицистичките истражувања, многумина понудиле свои дефиниции за поимот – моќ.

## 2. ТЕОРИСКИ КОНЦЕПТИ ЗА МОЌТА ВО СОЦИОЛОГИЈАТА

Кога се прави обид да се класифицираат теориите за моќта во општетсвените науки, поодделни научници тоа најчесто го поврзуваат со општите теоретски правци во социологијата, а оние кои ја проучуваат политичката моќ, со општите теориски правци во политикологијата и политичката социологија. Така, според социологијата, по прашањето на концептот на моќта можат да се разликуваат неколку теориски пристапи кои, покрај другите појави, се занимаваат и со моќта како појава: функционалистичкиот, односно функционалниот-структурализам, конфликтната теорија (марксистичката и теоријата на елитата - и во постарите и во поновите пристапи), интерпретативната и феноменолошката социологија, утилитаризмот (со теориите за рационалниот избор и теоријата на размена), како и дел од следниве посовремени пристапи: постмодернизмот, феминизмот, теоријата на мрежите и др.

Од аспект на социолошката продлабоченост и издржаност би ја споменале како интересна, и според нас навистина издржана, генералната типологија на Марк Хаугард, според која, тој ги класифицира феномените од кои моќта произлегува или е креирана, заедно со авторите кои го сметаат тоа за извор на социјалната моќ. Моќта се рефлектира на седум начини, тврди Хаугаард и тоа од: социјалниот поредок (Парсонс, Лухман, Барнс, Хаугаард, Клег и Гиденс); попречувањата (Бакрач и Барац); системите на мислење (Фуко); „погрешната свест" (Лукс); моќта/знаењето, точката на обврзаното поминување (Фуко и Клег); дисциплината (Фуко) и принудата (Вебер, Дал, Бакрач и Барац, Ман и Поџи), (Haugaard, 2003:89).

Покрај значењето на концептот на моќта за социологијата, според Марк Хаугаард и Рајан Кевин „моќта е централниот концепт што го обединува проучувањето на политиката", па како последица на тоа, проучувањето на моќта се одвива во рамките на сите под-дисциплини на политичките науки. Затоа, Рајан и Хаугаард ги делат различните пристапи кон моќта на моќ во: "социолошката и политичката теорија; политичката антропологија; организациските студии;

феминистичките истражувања; политичката социологија и меѓународните односи“ (Haugaard and Ryan, 2012:11).

Според нив, тоа е мулти-перспективен пристап, кој ја одразува широчината на дисциплините во кои се појавува моќта, и кој одговара на самата природа на концептот на моќта. Комплексната природа на концептот е особено евидентна во дебатите во социолошката и политичката теорија, кои се занимаваат со дефинирањето на моќта. На пример, различни се тврдењата дека моќта треба да се идентификува со: нејзиното спроведување, на пример - Дал (1957), диспозициите на субјектот - Фуко (1982), со доминацијата - Лукс (2005), со слободата - Морис (1989) и со омоќнувањето, - Арент (1970).

Во обид да ја објаснат оваа разновидност на примената на концептот на моќта, и Лукс (1974) и Конели (1974) тврдат дека моќта претставува еден суштински спорен концепт. До 1974 година, доминантен пристап во мноштвото на примени на концептот беше, секој теоретичар да тврди дека неговиот концепт на моќ е единствено точен. Резултатот на тоа беа неброени јазични игри, или дискусии за моќта, со тенденција авторите да се негираат едни со други (Haugaard and Ryan, ibid.).

Во суштина, според Ило Трајковски, „теориите за социјалната моќ решаваат две основни прашања: природата и карактерот, односно начинот на остварување или практикување на моќничките односи, па во таа смисла, можеме да зборуваме за (две) главни социолошки теории за моќничките односи: *конфликтуалистичката и консенсуалнистичката* (Трајковски, 2005:48). Конфликтната теорија за социјалната моќ Трајковски споменува дека може да „се именува со изразот модел на *константен збир* на моќи, додека пак консензуалната понекогаш е наречена и интеграциска теорија за моќта, која се препознава и под името „променлив збир на моќи“ (Трајковски, 2005:49).

Но, социјалната и политичката моќ, Рајан и Хаугард, сепак сметаат дека покрај *конфликтната* и *консенсуалната*, постои, според нив, и *конститутивна* теорија на моќта. Тоа го темелат на тврдењето дека во анализата на моќта, кај секоја од овие теории фокусот на моќта е различен и во поглед на емпириската супстанца и во нормативната проценка. Кај *конфликтната теорија* („нишка“) - моќта претставува

доминација и **моќ над**, спротивно на тоа, во *консензуалната теорија* (нишка), или во тој „мета јазик“, моќта е **моќ кон**. Според *третиот* теориски пристап, во конститутивниот „мета јазик“, *конститутивната теорија („нишка“),* моќта постои **и како моќ над и како моќ кон**, и главниот фокус тука е ставен на тоа како моќта е креирана преку конституирањето на општетсвените субјекти (Haugaard and Kevin, 2012:23).

## 2.1. КОНФЛИКТНАТА НИШКА НА МОЌТА

Конфликтниот мета-јазик[3] се потпира врз Хобсовиот поглед на свет, во кој „суверенот“ спроведува моќ над поединците. Во модерните политички науки и социологијата најрепрезентативен претставник на конфликтната теорија е Макс Вебер со неговата често цитирана дефиниција за моќта во однос на способноста на еден дејственик да надвладее над другиот и покрај отпорот (Veber, 1976, I:37). Спроведувањето на волјата е атрибут, или способност на индивидуите, или на групите како такви. Во еден социјален однос секогаш некој, или некои од учесниците имаат моќ, а други немаат, односно едни се надмоќни над другите. Овој пристап претпоставува константност на количината на моќта.

### 2.1.1. Марксистичкиот пристап

За разлика од Вебер, за чие сфаќање и значење за поимот на моќта беше кажано и претходно, овде ќе се осврнеме на тоа како Карл Маркс го користи концептот на моќ. Маркс, моќта ја поврзува со општествените класи и социјалните системи, а не непосредно во односот помеѓу поединците. Тој тврди дека моќта лежи во позицијата на општествената класа, пред се во односите на производството, кои, во капиталистиќкото, како класно општество се базирани на доминацијата и потчинувањето на едната од другата општествена класа. Маркс се концентрира на

[3] мета-јазик е јазик кој се користи кога се зборува за јазикот (meta-language is a language used to talk about language): (http://www.merriam-webster.com/dictionary/meta-language)

„класната улога како основна детерминанта“ и човечкото однесување го посматра како класно однесување, па општеството и класат, за него не се дел н индивидулните актери, со оглед на тоа што индивидута за него е општествено суштество. Човекот е вмешан во мрежа на општествени односи, кои ги огрничуваат неговите акции, бидејќи луѓето не се слободни во изборот на општествениот облик (Ташева, 1999:52).

Потпирајќи се на Марксовите теоретски постулати марксизмот како теоретски правец, општеството го толкува врз основа на доминантната улога на класата и владејачката партија, кои државата ја користат како предуслов за остварување на класните интереси. Основната функција на државата е да се заштитат интересите на владејачката капиталистичка класа и сопствениците на капиталот. Тоа се остварува преку идеологијата за општото добро, со која се оправдуваат класните нееднаквости во економската структура, а врз основа на тоа и во политичката структура на општеството. Општеството, кое е поделено н класи, според оваа теорија треба да биде променето со бескласно општество, во кое идеолошката или класната држава би почнала да одумира, кога ќе дојде до поопштествување на средствата за производство и распределбата на моќта во економската и политичката структура на општеството. Главниот предуслов за тоа е потчинетата класа да се стекне со класна свест за себе, како класа, и за својата класна положба, за да може да успее во класната борба, да дојде на власт (според Маркс и со мирни средства – низ парламентарна борба, според Ленин – и со насилни средства – револуција), за потоа, како владејачка класа, да ја елиминира општествената нееднаквост со поопштествување на функциите на дравата.

Во правец на објаснување на конфликтната теоретска нишка, ние ќе се осврнеме, од една страна на некои посовремени гледишта структурно-марксистичките теории за моќта, претставени преку согледувањата на Луј Алтисер, Никос Пуланѕас и инструменталистичкиот пристап на Ралф Милибанд, за конфликтната нишка на моќта да ја заокружиме со согледувањето на Ралф Дарендорф и неговата теорија на конфликтот и секако со согледувањата и основните ставови за моќта на Гаетано Моска, Вилфредо Парето, Роберт Михелс и Рајт Ц. Милс во теоријата на елитата.

## Структурно-марксистичките теории за моќта

Како посебен обид за придонес во надоградувањето на марксистичките пристапи за теоријата на моќта може да се споменат структурно-марксистичките пристапи, кои ја проучуваат политичката моќ и нејзиното практикување, во политичките и другите општествени структури.

Според структурно-марксистичките теории за моќта, таа се создава во општествените структури и практиките. Со помош на концептот на идеологијата се објаснува репродукцијата и кохезијата на класно-поделеното општество. Концептот на практиката служи само за да се опише човековата активност, која подлежи на ограничувања воспоставени од општествените структури. „Во структурниот модел практиката се дефинира независно од перцепциите на чинителите, па оттаму, свеста, социјалното дејствување и случајноста се поими за кои нема место во овој пристап“ (Joseph, 2004:64). За најеминетниот претставник на структурно-марксистичката струја, Луј Алтисер, како и за Никос Пуланѕас, практиката претставува класна практика. Моќта е поим кој се однесува само на сферата на класната борба, а не и на структурите, и заради тоа, моќта лежи надвор од директниот фокус на интересот на Пуланѕас (Poulantzas, 1976, 63-83).

## Моќта и улогата на класната борба

Алтисер смета дека основната функција на идеолошките структури е да придонесат во репродукцијата на моќта на трудот, на кој почива системот, па затоа, концептите поврзани со проблемот на моќта, која, во неговата теорија е еден концепт на интересите, или експлоатацијата, повеќе се однесуваат на аспектите на објективните структури, отколку што се атрибут на поединците (Joseph, 2004:72).

Според Алтисер, суштината на марксистичката теорија на државата е во тоа што државата (и нејзиното постоење во нејзините апарати) нема никакво значење освен како функција на државната моќ. Целокупната политичка класна борба се врти

околу државата - смета Алтисер, односно, околу сопственоста, т.е. до стекнувањето со државна моќ (pouvoir) на определена класа, или сојуз на класи, или класни фракции, и до зачувувањето на таа моќ. Тука, едната страна ан медалот е зачувувањето на државната моќ, или нејзиното освојување, а другата страна на медалот е дејствувањето на државниот апарат чија цел е остварувањето на политичката класна борба (Altiser, 2009:24).

Пулансас се обиде да ја прошири теоријата на Алтисер, со тоа што посебно внимание посвети на класната борба. Бидејќи, рамката на општеството, според Пулансас, е поставена од структурите, релативната моќ на различните класи во него ќе зависи од економската, политичката и идеолошката оргнизација на секоја класа. Оттука, Пулансас сметаше дека концептот на моќта може да се употреби само во однос на односите меѓу класите. Според него структурите немаат инхерентна моќ, иако структурите одговараат на моќта на различните класи. „Јас правам разлика помеѓу државната моќ и државниот апарат и одбивам да го применам концептот на моќта на државата и на нејзините специфични структури. Она што се обидов да покажам – нагласува тој - е дека државна моќ може да значи само моќ на одредени класи, на чии интереси државната одговара“ (Poulantzas, 1976:72 n.13).

Природата и политиката на државата според Пулансас, може да се разбере само во однос на преовладувачката класна борба. „Јас тврдев дека општествените класи, иако објективно утврдени (структури), не се онтолошки и номиналистички ентитети, туку постојат само во рамките и низ класната борба (практики). Класната поделба на општеството нужно значи класна борба, бидејќи ние не можеме да зборуваме за класи без да зборуваме за класната борба. Ова е спротивно на официјалната модерна социологија, кој е подготвена да зборува за класи, но никогаш за класната борба“ (Poulantzas, 1976:82).

Според Сара Џозеф, придонесот на Пулансас е во тоа што покажува дека функционирањето на капитализмот произведува нови форми на класна борба и нови форми на моќ и лишување, кои се запоставени од некои од другите пристапи, кои ја проучуваат моќта (Joseph, 2004:80).

## „Иструменталистичкиот“ пристап на Ралф Милибанд

За разлика од Пулансас, кој припаѓа на т.н. „структуталистичко“ крило, Милибанд припаѓа на „инструменталистичкото“ крило на марксистичката теорија.

Книгата на Ралф Милибанд „Државата во капиталистичкото општество“ (1969), се занимава со улогата на државата во „развиените капиталистички општества", во кои, и покрај историско-културните разлики, тие се валидна „единица за анализа“. Според Милибанд тие се високо индустријализирани „општества во кои главниот дел од економската активност се врши врз основа на приватната сопственост и контролата на средствата за таква активност“ (Miliband,1969:8).

Државата, според Милибанд, ја претставува "државен систем, кој се состои од пет клучни елементи“, кои се во постојана интеракција едни со други, кои располагаат со моќ, и спроведуваат моќ: „факт е дека владата зборува во името на државата и дека формално располага со државната власт, но не значи дека таа ефективно ја контролира таа моќ. Колку владите навистина ја контролираат моќта е едно од главните прашања што треба да се утврдат“ (Miliband,1969:50). Оттука, смата Милибанд, „една теорија на државата е, исто така и теорија за општеството, и за дистрибуцијата на моќта во тоа општество“ (Miliband, 1969:2).

Милибанд тврдеше дека е потребно да се направи разлика помеѓу владејачката класа во граѓанското општество и управувачката класа, која држа одредени позиции во институциите на државата (Miliband,1969:51). Но, иако тој ја иницира таа поделба на персоналот на државата и капиталистичката класа (класата која владее), и двете, смета тој, дека се во основа подредени на ограничувањата од страна на приватна сопственост и идеолошките процеси, кои ја создаваат согласноста со класно-базираното владеење на капиталот. Всушност, институциите на државата во капиталистичкото општество ги пресретнуваат инструменталните потреби на капиталот, тврди Милибанд.

Ваквото гледиште на Милибанд предизвика повеќегодишна дебата помеѓу него и Пулансас, која се однесуваше на природата, формата, како и функциите на капиталистичката држава. Едни теоретичари сметаат дека Милибанд застапува

инструментализам (државата е инструмент, кој може да се користи од страна на разни општествени сили, за различни цели), наспроти структуралистичкиот пристап на Пуланѕас, кој сметаше дека тие, кои се во служба на државата, се структурно ограничени и не можат да ги унапредуваат интересите на капиталот (Dowding, 2011:417).

Милибанд сепак инсистираше на ставот дека државните елити дејствуваат во служба на капиталистичкиот систем и дека државата нема интереси одвоени од класно-базираните општествени сили, туку дека помеѓу класата и државата постои однос на "партнерство" .

### 2.1.2. Теоријата на конфликтот

Теоријата на конфликтот се појавува како критика на функционалистичката теорија воведена од социолозите кои имаат радикална ориентација, кои како клучен проблем во социологијата сметаат дека е општествената промена, па настојуваат да изградат една општа теорија на промената базирана на конфликтот. За општествениот систем да биде објективно прикажан тој не може да биде прикажан само преку кохезијата и стабилноста, како што тврдат функционалистите, туку тој нужно треба да биде прикажан и со неизбежното постоење и дејствување на присилата, несогласноста, конфликтот и промената, кои му се исто така иманентни.

Својот интелектуален корен теоријата на конфликтот го влече од Карл Маркс и Георг Зимел. Додека Маркс, како што претходно беше споменато ја развива теоријата на класниот конфликт, кој има суштествена улога во генералната општествена промена, Зимел смета дека конфликтот е инхерентен на човечката природа, во нејзините две противречни сили: за дружење со останатите и за издвојување од нив, кон наметнување на доминација кон нив. Пренесен на општеството како мрежа на интеракции, конфликтот според Зимел, самиот има двојствена природа - преку која општеството се гради и разградува, но опстанува како систем на лабилен

еквилибриум. И додека Зимер влијае на теоретското насочување на Луис Козер и неговиот конфликтен функционализам, Ралф Дарендорф ја развива својата дијалектичка конфликтна теорија на основите на класната теорија на Маркс (Ташева,1999:475-478).

## Сфаќањата за моќта кај Ралф Дарендорф

Дијалектичката теорија на конфликтот на Ралф Дарендоф во основа е базирана на поимите на промената, конфликтот и присилата. Промената во општествениот систем е сеприсутна и од просторен и од временски аспект, при што Дарендорф разликува „промена во“, која е макроскопска и „промена од“, која е микроскопска. Кај Дарендорф конфликтот е основна креативна сила, кој е неуништив, иако може да биде потиснат, канализиран или регулиран, тој не може да биде укинат. За Дарендорф, присилата е неразделна од општествената организација, која е резултат на дејствувањето на присилата, која едни ја спроведуваат над други.

Според Дарендорф, во секое општество постојат *„императивно координирани асоцијации“* (ICA), кои ги карактеризираат односи на моќ. Во рамките на овие асоцијации, едни имаат моќ да ги принудуваат останатите да се однесуваат конформистички, па историски земено, моќта која во општествата во раната фаза на човештвото се манифестирала со принуда, во посовремените општества се трансфотрмирала во односи на авторитет, во кои рамки едни се здобиваат со нормативно право да доминираат со другите. За Дарендорф моќта и авторитетот се истовремено извори на поредокот и извори на конфликтот и промената во рамките на овие асоцијации. Конфликтот во нив, својот извор го има во хиерархиската поставеност на комплексот улоги коишто ја компонираат асоцијацијата (Ташева, 1999:481).

Може да се каже дека Дарендорф „конструира нова теорија на класната структура и воопшто на општествените промени врз Марксовиот поим за класата, како конфликтна општествена група, врз Веберовото сфаќање на категориите моќ и власт и врз елитистичкото сфаќање за ‘политичката класа’ (Ацески, 1998:144).

Ацески, за разлика од Ташева, во објаснувањето на теориските погледи на Дарендорф, го употребува поимот „власт“ наместо поимот „авторитет“. Според Ацески, Дарендорф власта ја ослободил од поврзаноста со економската моќ и ја поставил на прво место, како универзална категорија. Дарендорф сите општествени положби, во однос на вршењето на власта ги дели на две групи, едните кои припаѓаат на владејачките, и другите, на подредените положби (привилегирани и непривилегирани групи). За Дарендорф класите се „елементи на општествената структура и фактор кој предизвикува универзални промени, како и нивната карактеристика, односно власта и нејзината распределба“ (Ацески, 1998:ibid.).

### 2.1.3. Елитистичките сфаќања во теориите на моќта

Претставниците на елитистичкиот пристап сметаат дека во било која општествена форма на владеење или управување, управувачките функции во општеството ги споведува една помала општествена група или клика, како дел од било која општествен форма н групирање, класно, партиско и сл. Теорија на моќта, ако не според друго, тогаш барем според историскиот корен на објаснување на појавите, повторно и повторно, го препојавува концептот на елитата како феномен преку кој се објаснуваат политичките теории на моќта. Елитата се стекнува со моќ по разни основи (позиција, авторитет, богатство, традиција...) врз основа на нееднаквоста во располагање со ресурсите, што е највидливо во организациите, каде улогите и позициите доведуваат до појава на олигархија во однос на располагањето и дистрибуцијата на моќта, што исто така може да се смета за гледиште кое припаѓа на конфликтната теоретска парадигма.

Прегледот на конфликтните теории за моќта ќе го заокружиме со **елитната теорија на моќта** и преглед на сфаќањата за Гаетано Моска, Вилфредо Парето и Роберт Михелс, кои можат да се сметаат за претставници на класичната елитистичка интерпретација, и Рајт Ц. Милс, како претставник на поновата генерација. Во рамките на помодерната елитистичка перспектива Валери Леdјаев ги посочува: Рајт

Милс, Вилијам Г. Домоф, Харолд Ласвел и Роберт Патнам (Ledyaev, 2002:4). За разлика од него, Клаудио Мартинели и покрај разликите во пристапот, како класици на теоријата на елитизмот ги посочува само Моска, Парето, Михелс и Вебер (Martinelli, 2009:1-44).

Елитната теорија на моќта, според повеќето теоретичари, се појавува како контрадикција на Марксовата теорија на моќта, бидејќи смета дека моќта не произлегува само од сопственоста врз имотот, или средствата за производство, туку од позицијата и улогата на поединците во политичките и бирократските организации. Според елитистите, политиката не може правилно да се проучува без идентификување на владеачката класа, или дистинкцијата помеѓу управувачките и не-неуправувачките елити, и без проценка и мерење на нивните улоги во општеството (Johari, 2011:532).

Во овој дел, делумно ќе ги посочиме ставовите на Моска заради реалното влијание кое Моска го имал за развојот на политичката теорија на моќта.

### Политичката класа и политичката формула – Гаетано Моска

Гаетано Моска, смета дека "Во сите општества... се појавуваат - две класи на луѓе - класа која владее и класа која е владејана. Првата класа, секогаш е помалубројна, ги извршува сите политички функции, има монопол на моќта и ги ужива предностите што ги носи моќта, додека втората, побројната класа, е управувана и контролирана од страна на првата“ (Mosca, 1939:50). Според тоа, организираното малцинство, кое располага со средства, во некое определено време, секогаш може да воспостави моќ над неорганизираното мнозинство.

Според дефиницијата на Моска, „политичката класа, е група на луѓе, кои всушност директно учествуваат во владењето, или влијаат над него“ (Mosca, 1939:xli). Политичката класа е класата која ужива правна и фактичка моќ и власт, и таа, како организирано малцинство е појава, својствена на сите општества, бидејќи „политичката моќ никогаш не била, и никогаш нема да биде, заснована врз експлицитна согласност на мнозинството“, смета Моска. Политичката моќ

„отсекогаш била и секогаш ќе биде, остварувана од страна на организираните малцинства, кои имале, и ќе имаат средства... да ја наметнат својата превласт над масата. Само една мудра организација во општеството и навистина непредвидени, фаворизирачки историски околности, можат да создадат супериорност на владејачката класа“ (Mosca, 1939:326-327).

Во согледувањата на Моска за политичката моќ, централна улога има "политичката класа". Моска, разликува **политичка класа**[4], или „носителите на институционалните улоги изрично предвидени со јавното право, кои вршат формална моќ, одобрена со уставните и законските правила“ од **менаџерската класа** (Martineli, 2009:7), која постои „во секоја гранка на општествената активност - во областа на образованието, религијата, социјалните служби, воената организација или администрацијата на правдата – каде секогаш е потребно управување, и раководните функции мораат да бидат доделени на посебна класа, која има способности неопходни за спроведување на тие функции“ (Mosca, 1939:160).

Моска смета дека „владејачките класи не ја оправдуваат нивната моќ исклучиво со нејзиното де факто поседување, туку се обидуваат да најдат морална и правна основа за тоа, претставувајќи го тоа како логична и неопходна последица на доктрините и верувањата кои се општо признати и прифатени. Оваа правна и морална основа или принцип, на која се засновува моќта на политичката класа, е она тоа што насекаде се нарекува, и ќе продолжи тука да се нарекува - ‘политичка формула’"[5] – вели Моска во својата дефиниција за овој поим (Mosca, 1939:70).

Иако овде, директно не се споменува улогата на идеологијата на владејачката класа[6], односно прикажувањето на класниот интерес како општ интерес за општеството, Моска, во својата книга тоа јасно го потенцира: „Како што веќе е

---

[4] *Круната, републиканскиот претседател, шефовите на влади, членовите на кабинетот, членовите на избраните собранија, покрај највисоките позиции во бирократските и судските системи и оние што се одговорни за јавниот ред и одбраната* (Martineli, 2009:7).

[5] Авторите во филозофијата на правото тоа го нарекуваат "принцип на суверенитетот“, прецизира Моска на истотот место.

[6] Ова под што Моска го подрабира како политичка формула, според Павловиќ, Русо го нарекувал – општа волја, Маркс, а потоа и Манхајм – идеологија, Парето – базични сентименти, Сорел – владејачки мит, Вебер – легитимна власт, Диркем – колективни претстави, Спенсер расположение на јавноста, Ласвел – симболи на власта, а според Антонио Грамши – идејна хегемонија, во сите тие случаи со тоа се подразбира оправдувањето за доаѓање на власт, опстанок на власт, со согласност кон власта - да се биде владејан (Pavlović, 2009:17).

наведено, политичката формула мора да биде базирана на посебни верувања и на најсилните чувства на социјалната група, за која таа е актуелна, или барем, на верувањата и чувствата на одреден дел од таа група, која има нагласена политичка улога“ (Mosca, 1938:72).

Образлагањето за сфаќањата на Моска ќе го завршиме со констатацијата на Мартинели, според која: „Научниот придонес на Москва е... во фактот дека тој даде форма и содржина на некои од концептите, како на пример, за "политичка класа", кои другите автори веќе ги користеле во минатото“ (Martineli, 2009:6).

## Циркулацијата на Елитите - Вилфредо Парето

Иако е неблагодарно и многу тешко да се прикаже симплифицирано сфаќањето на Вилфредо Парето[7] за елитите и нивната циркулација, ќе се обидеме со помош на наше сублимирање да ја покажеме релацијата на елитата и моќта во видувањата на Парето. "Со поимот елита - Парето подразбира - мала бројка на поединци кои, во секоја сфера од нивната дејност, успеале да достигнат до повисокиот ешалон во нивната професионалната хиерархија."[8] На пример, успешни бизнисмени, уметници, успешни писатели, професори, и тн. Парето елитната класа ја дели на две категории: владејачката елита - лица кои директно или индиректно имаат значителен удел во власта и не-владејачка елита - останатите поединци. Владејачката елита е директно, или индиректно поврзана со администрирањето. Тие поединци играат важна улога и имаат престижно место во општеството (Wrong, 2009:100-103). Елитата манипулира отворено или тајно со политичката моќ. Оние кои имаат моќ се елита, а оние што немаат, се не-елита. Во историјата на секое човечко општество постојат односи меѓу елитата - која владее и не-елитита - која е владејана. Циркулација на елитите настанува меѓу елитата и не-елитата, како и помеѓу владејачката елита и не-

[7] 5. Circulation of Elites by Vilfredo Pareto in: Parsons Talcott, Shils Edward, Naegele D. Kaspar, Pitts R. Jesse, Theories of Society, Foundations of Modern Sociological Theory, Volume I, Free Press of Glencoe, Inc., 1961, pp. 551-557

[8] Priya Rashmi, Pareto’s Circulation of Elites: Characteristics and Criticisms, (http://www.yourarticlelibrary.com/sociology/paretos-circulation-of-elites-characteristics-and-criticisms/43779/)

владејачката елита. Парето, циркулацијата на елитите ја објаснува со помош на психолошки карактеристики - резидуи - неопходни за одржување на власт. Елитата регрутира нови елементи од пониските слоеви на општеството и со тоа да ја обновува својата виталност, или бидува заменета од пониските класи, кои располагаат во потребните резидуи, неопходни за доаѓање или останување на власт. Според Парето, само во идеално слободно општество може да има постојана и слободна циркулација на елитите.

## Железниот закон на олигархијата - Роберт Михелс

Општествените прилики во Германија пред Првата светска војна, и несовршенството на парламентарната демократија, во која, преку Социјалдеморатската партија е вклучено работничкото движење на Германија, е подлогата на која Роберт Михелс ги базира своите сознанија и заклучоци за улогата на организацијата (партијата) во демократската парламентарна борба. Тој во своите првични сфаќања бил близок до марксистичките погледи и критички ја анализира класната борба на самата работничка партија.

Михелс набрзо доаѓа до заклучок дека „парламентаризмот го убива социјализмот во неговата најдлабока форма“, а од друга страна, дека „демократијата не може да постои без организацијата, бидејќи би се распрснала во неконзистентната маса“ (Pavlović, 2009:24). Улогата на организацијата е иманентна за создавањето на определена издвоена управувачка група во самата организација, која Михелс ја нарекува олигархија, на чие истражување го посветува своето најпознато дело „Политичките партии: Социолошка студија за олигархиските тенденции на модерната демократија“ (Michels, 1911). Во тоа дело Михелс го промовира „железниот закон на олигархијата“, каде тврди дека олигархијата (односно елитата во политичките партии), неизбежно се појавува во било која демократска организација, како потреба за организационо, техничко и тактичко дејствување на таа организација.

Бирократизацијата на политичките партии, до која доаѓа со нивното омасовување и парламентарно дејствување, наметнува и потреба од едукација и техничко оспособување на кадар, и во редовите на работничките партии кои учествуваат во парламентарниот живот, што според Михелс води „кон вештачко создавање на елита на работничката класа“ (Michels, 1911:31). „Во секоја организација, без разлика дали тоа е политичка партија, професионална унија, или било кој друг вид на асоцијација... механизмот на организацијата, ја пренесува цврстината на структурата... и целосно ја пресвртува соодветната позиција на лидерите и на водените... како резултат на што организацијата... станува поделена на малцинство на управувачи и мнозинство на управувани“ (Michels, 1911:32).

Михелс, како заклучок на своите сознанија и ставови ја посочува констатацијата за неговиот ‘железен закон на олигархијата’: „Организацијата е мајка на доминацијата на избраните над избирачите, на ополномоштените над ополномоштувачите, на делегатите над оние кои ги делегирле. Кој вели организацијата, вели олигархија“ (Michels, 1911:401)[9].

Песимизмот кој во поглед на демократските процеси го обзел Михелс, подоцна влијаел врз него, особено по неговото преселување во Италија, да се придружи на фашистичката партија на Бенито Мусолини. Тој во Мусолини гледа харизматичен лидер за кого и ќе напише: „се чини дека е вистина, кога зборува Мусолини, а тоа може да се преведе, како чиста и брилијантна форма на целите на мнозинството" (Michels, 1949:126).

## Понови елитистички тенденции во теорија на моќта

Делот, посветен на елитната теорија за политичката моќ, ќе се обидеме да го заокружиме со претставувањето на основните ставови на Рајт Ц. Милс и за потребите на нашиот труд, со сфаќањето на моќта од страна на Флојд Хантер, со мало попатно образлагање на некои поинакви или понови тенденции во елитистичката теорија за

[9] Кај Павловиќ, оваа последната реченица на Михелс е преведена на следниот начин: „Кој вели организација, тој вели и тенденција кон олигархија“ (Pavlović, 2009:25), додека во реченицата пред неа, поимот ‘доминација’ е преведен со поимот ‘владеење’.

политичката моќ. Кога е во прашање бирократскиот елитизам, Вукашин Павловиќ го потенцира значењето на согледувањата на Макс Вебер за улогата на бирократијата во модерната држава, што нема посебно да го образложуваме затоа што Вебер беше спомнат и во претходните објаснувања за поимот и значењето на моќта. Ќе ја посочиме само констатацијата на Павловиќ дека "Вебер не верувал дека моќта на бирократијата може да се ограничи со политички авторитет, дури ни во демократскиот систем"[10], за да посочи дека во делото „Политиката како професија"[11], Вебер покажува „дека поседувањето на средствата за управување, може да претставува замена за поседувањето на средствата за производство, како најважна основа на политичката моќ" (Павловиќ, 2009:30-31).

Покрај значењето на Вебер, за елитистичката теорија на политичката моќ, Павловиќ, Ледјаев, Клаус фон Бејм[12], Липсет[13], секако и многу други автори, го посочуваат и значењето на Џозеф Шумпетер и неговиот „демократски елитизам". „Во неговата теза за плуралитетот и компетицијата на елитите во демократијата, изложена во неговата книга „Капитализмот, социјализмот и демократијата", посочува дека демократијата, според него, е конкурентско натпреварување за политичко водство од страна на најспобната елитна група" (Павловиќ, 2009:43).

## Елитата на моќта - Рајт Ц. Милс

Една од најсугестивните книги кои се занимавале со моќта, но и најнапаѓаните, пред се, од страна на плуралистичката теорија на моќта, е „Елитата на моќта"

---

[10] Цитирано според: Tomas Botomor, Elite i drustvo, Mediterran Publishing, Novi Sad, 2008, s.85

[11] Цитирано според: Maks Veber, Politika kao poziv (1919), u: Maks Veber, politicki spisi, Filip Visnjic i Sluzbeni glasnik, Beograd, 2006.

[12] фон Бејм го смета Шумпетер за „претставник на немарксистичката класна теорија,... на теоријата за демократскиот елитизам: кој ја редуцира демократијата на слободен натпревар на водечките кандидати за гласовите на бирачите, ... неговата хипотеза за неучествувањето на масите во политиката,... неговата теза дека демократската процедура создава конкуренција меѓу елитите, а која, пак влијае и на односите меѓу елитите и неелитите" (стр. 47, 51-52, според: klaus von beyme – suvremene političke teorije, http://boo.mi2.hr/~domes/fx/sis_pol_znan/beyme.rtf)

[13] Во воведот на Липсет за книгата на Михелс „Политичките партии", во поднасловот: Елитистичката теорија и демократијата, Липсет наведува: „Макс Вебер и Џозеф Шумпетер, меѓу многумина други, нагласуваат дека дистинктивниот и највреден елемент на демократијата е формирањето на една политичка елита во компетитивната борба за гласови во еден, воглавно пасивен електорат" (Michels, 2009:33).

(според некои преводи: „Елитата на власта“) на Рајт Ц. Милс (1999). Милс е застапник на критичката теорија на елитите, дело, со кое Милс настојува да се дистанцира од класичните теоретичари на елитата. Основната теза на Милс, е дека во тогашната САД, моќта и влијанието се поврзани со завземањето, или држењето на позициите во државните институции, бидејќи институциите се спрната, или орудието преку кое се стекнува моќта.

Тој посебно ја критикува организацијата на власта во САД, посветувајќи внимание на трите, според него, цврсто испреплетени спони на моќта: „Елитата на моќта е составена од поединци, чии позиции им овозможуваат да ги надминат опкружувањата на обичните луѓе; тие се на позиции да донесуваат одлуки, што предизвикуваат сериозни последици... Тие владеат со големите корпорации. Тие ја водат државната машинерија. Тие ја насочуваат воената структура. Тие ги заземаат стратешките командни позиции во социјалната структура, во која сега се сконцентрирани ефективните средства на моќта, богатство и славата, која тие ја уживаат“ (Mills, 1999:3-4). „Бидејќи секој од овие домени се преклопува со другите, како што и одлуките се стремат да станат заеднички во нивните последици, водечките луѓе во секој од трите домени на моќта - воените лидери, водачите на корпорациите, политичкиот директорат - имаат тенденција да се здружат, и да ја формираат моќната елита на Америка“ - потенцира Милс (Mills, 1999:9).

За поседување или стекнување со моќ, секако, покрај богатството и престижот, според Милс е неопходно некој да се има и пристап, односно да завзема функција во институциите „бидејќи институционалните позиции во добар дел и ги условуваат нивните изгледи да ги стекнат и зачуваат вредностите како што се, моќта, богатството или престижот“ (Mills, 1999:11).

Како најважни елементи на социолошката анализа на Милс во ‘Елитата на моќта’, ѕе сознанијата дека 400 најбогати семејства во главните градски јадра, функционерите во најголемите корпорации и фукнционерите во воените врвови, произлегуваат од делот на највисоката третина на општествената пирамида во САД (Mills,1999:69). Висината на позицијата во владејачката елита е правопропорцио-

нална со оние кои потекнуваат од повисоките класи, и нивната подвижност на висока позиција од една во друга сфера е лесно остварлива.

Според Павловиќ, Милс во својата книга нуди и две посебно важни констатации, од кои првата може да се означи како „тенденција на кумулирање“, а втората како „можност за транспонирање“ (Pavlović, 2009:39). Првата значи, колку повеќе поседувате моќ, богатство или престиж, тие можат уште повеќе да се зголемуваат, а втората, е тенденцијата ресурсите да се прелеваат (претвораат) од еден во друг вид, за да се остварува повисок или поповолен општествен статус.

Токму од таквата поставеност на односите се оцртува концепцијата на владејачката елита, или елитата на моќта во САД, која, се потпира на два клучни факти: развојот и усогласноста на нивните меѓусебни интереси (економски, политички и воени) и сличноста на општествените погледи, потеклото, и пред се, меѓусебните врски и личните контакти, како припадници на високите општествени кругови (Pavlović, ibid.). Но, ќе појасни Милс, „елитата на моќта не е аристократија, што значи дека не е владејачка политичка група заснована на благороднички наследно потекло“ (Mills, 1999:279).

## 2.2. КОНСЕНСУАЛНАТА НИШКА НА МОЌТА – ИСЧЕКОР КОН „МОЌТА КОН“

Паралелно со појавата на бихејвиористичкиот пристап, видлива е тенденцијата за сведување на моќта на „нулта сума“, односно моќта да се сфаќа како количество на определен потенцијал, со чие стекнување од страна на едниот носител, истовремено доаѓа до нејзино губење од страна на другиот носител. Но, таквиот пристап на сведување на моќта на класичен општествен однос на доминација не е доволна сатисфакција за добар дел од теоретичарите на моќта, што предизвикало да се појават и претставниците на т.н. **консензуална нишка на моќта**. Ако за првиот, ***конфликтниот пристап***, кој според некои автори премногу се потпира на

секојдневниот или рутинскиот поглед кон моќта, во која е видлив односот на принуда, а според добар дел теоретичари и односот на закана со насилство, односно доминација. Тогаш, сето тоа заедно се сведува на сфаќањето дека моќта всушност е „моќ над“. Највлијателни претставници на тој пристап, како што веќе беа споменати и анализирани, се: Макс Вебер, Роберт Дал, Стивен Лукс и Мајкл Ман.

Добар дел други автори сметаат дека поголемо значење во анализата на моќта треба да се стави на идејата за „моќта кон“, што е еден од условите за постоење на човечката чинителство? - акцијата. Така, се доаѓа до појавата на другиот пол во анализата на моќта, односно до ***консенсуалниот пристап*** во сфаќањата за моќта, каде ќе ги појасниме ставовите Талкот Парсонс, Бери Барнс .

Секако дека меѓу овие *два пола: конфликт – консензус*, постои една скала на автори кои се обидуваат да ги премостат разликите во двата пристапи и да покажат дека моќта има елементи, и како општествен однос, односно е олицетворение на постоењето на *моќта над,* и елементи на активната улога на субјектот, или актерот, односно агенцијата, кој трпи значително влијание од општествените структури, но тој актер истовремено со својата активна улога, успева донекаде и самиот да влјае врз структурите, и да врши квалитативно реструктурирање, таа ја спроведува и остварува и *моќта кон*. Во тој комплекс на различни видувања, подоцна посебно ќе бидат образложени ставовите на Мишел Фуко, Ентони Гиденс, Стјуарт Клег, Кит Даудинг, Марк Хаугаард и Питер Морис, кои би можеле да се подведат под ***конститутивниот пристап*** во анализата на моќта, или т.н. конститутивна нишка на моќта, која исто така беше претходно спомената, а ќе биде подоцна и анализирана.

## Моќта како чинителство – предуслов на консенсусот

Ако се побараат корените во филозофијата од каде би можело да произлезе политичкото чинителство, или творечкото значење на моќта на *чинителството*, тогаш, според Мартин Саар треба да се појде прво од Аристотел, а потоа од Спиноза,

кои изворот на моќта на чинителствота, ја осознаваат, првиот во дејствувањето и вториот во колективното дејствување на мноштвото.

Аристотеловиот концепт на dynamis[14] ја означува способноста на постоечкото нешто да "врши промена" на некоја друга постоечка работа.[15] Со ова Аристотел веќе дава дејствувачка можност и основа за подоцнежната поимна диференцијација на моќта (како општа способност = капацитет) во концептите кои, поаѓаат од разликата на поимите: *potentia* и *potestas*, дополнети со *auctoritas* и *violentia* (Saar, 2010:11).

Преку претходно споменатиот пристап во конфликтната теориска нишка, и Хобсовиот пристап за институционализираната моќ на „суверенот" и теориските согледувања за моќта кај Макс Вебер, каде акцијата е насочена и се потпира на намерната поединечна акција за реализација на волјата.

На ваквата, конфликтна употреба на концептот на моќта Аристотеловиот *dynamis* и *potentia*, се поставени како алтернатива од која „оживува" теоријата на моќта на Спиноза. Во *Политичката расправа* на Спиноза од 1677, моќта на поединецот се однесува како да е само-евидентна, инхерентна "моќ на природните нешта со средствата во кои тие постојат и дејствуваат" (Spinoza, 2002:683). За Спиноза, поединецот се стреми да истрае во сопственото битие на онтолошкиот принцип (Saar, ibid.). Зачувувањето себеси во нешто што секој човек и секое нешто го прави според природата и способноста, односно според моќта, Спиноза го формулира преку природното право ("правото на природата"), кое одговара на "самата моќ на природата" (Spinoza, ibid).

---

[14]Dynamis (δύναμις=моќ, би можело да), (http://www.perseus.tufts.edu/hopper/morph?l=dunamis&la=greek&prior=) е обичен грчки збор за *можност* или *способност*. Во зависност од контекстот може да се преведе со "потенција", "потенцијал", "капацитет", "капацитет", "моќ", "способност", "снага", "можност", "сила" и е коренот на модерен англиски јазик зборовите: "динамичен", "динамит", и "динамо".

[15] Во неговата филозофија, Аристотел разликува две значења на зборот dynamis. Според неговото разбирање на природата таму разликува две значења: едното - слаба смисла на потенцијал, што значи едноставно дека нешто "би имало шанса да се случи, или да не се случи", и другото - посилно чувство, да се укаже како нештото може да биде направено добро. На пример, "понекогаш велиме дека оние кои само можат да се прошетаат, или само да зборуваат, без да го прават тоа, или тие имаат интенција, но не можат да зборуваат или да одат". Ова посилното чувство, се вели дека се однесува главно на потенцијалот на живите суштества (Saar, 2010: 9-11)... а слични објаснувања дава и Quigley Peter, Aristotle and Real Possibility во статијата објавена под: http://dspace.flinders.edu.au/xmlui/bitstream/handle/2328/35502/Quigley%20Aristotle%202015.pdf?sequence=1

За Спиноза, *potentia* претставува онтолошката конститутивна сила од која произлегуваат сите капацитети и способности на поединецот, бидејќи *potentia* е таа, што во извесна смисла го прави човекот или нештото она што тоа е - ефекти и активности во однос на другите лица и предмети. Сфатена на овој начин, моќта е дел од конституирањето на поединците, а преку нив и на мноштвото, односно, заедницата.

Теоријата на Спиноза отстапува од Хобсовата конструкција во однос на моќта, затоа што кај Хобс, нерешливата конкуренција води до откажување на поединецот од моќта, во интерес на суверенот, но Спиноза ја гледа можноста за колективна акумулација на моќта во правата на поединците кои се трансформираат и се здобиваат со нов, колективен квалитет. Моќта на државата кај Спиноза, која на прв поглед се чини дека наликува на моќта на *суверенот* на Хобс[16], не е сопственост изолирана на врвот на политичката хиерархија (*суверенот*). Моќта на државата кај Спиноза останува "моќ на многумина", на *multitudinis potentia.* Така „моќта на народот“ секогаш останува - во крајна линија – како основа на политичката структура (Spinoza, ibid.). Според Спиноза моќта не е карактеристика или способност на поединците да дејствуваат сами, ниту пак ограничен ресурс за кој би постоел натпревар за присвојување, туку е основа за акција и предуслов за интеракција на поединците, во остварувањето на надиндивидуалните потреби. Бидејќи поредокот ја црпи основата на својата моќ во граѓаните на државата (или во "мноштвото"), според Спиноза демократијата е "најприродна" форма на државата, или единствената форма на организација на власта која на сите луѓе им дава можност за учество, па оттаму таа моќ е "целосно апсолутна“ (Spinoza, 2002:752).

Кажано поедноставно, разликата помеѓу теоријата на Хобс и теоријата на Спиноза, се состои во тоа што кај првиот, моќта се сфаќа како доминација, а кај вториот, моќта се сфаќа како консенсус на колективното.

---

[16] „Хобс е тој, кој, во контекст на неговата филозофија на државата... го редуцира концептот на моќта од претходно пошироката употреба на поимот: на "моќта на човекот“ ...во создавањето една нова моќ, имено "најголема од хуманите сили", која "е дополнета со силите на повеќето луѓе, обединети со согласност, во една личност, природно или граѓански", ...олицетворена во лицето на *суверенот.* Моќта на *суверенот* е есенцијална моќ на потчинување кон *суверената цел*, која во Хобс ја сфаќа како правен поредок (Цитирано според: (Saar, 2010:9-10), кои се делови што Саар ги цитира од Хобсовиот „Левијатан“, Hobbes, T., 1991. Leviathan. Ed. R. Tuck. Cambridge: Cambridge University Press.

### 2.2.1. Консензусот во системската теорија на Талкот Парсонс

Меѓу теоретичарите кои го застапуваат гледиштето на општествениот консензус видно место има и Талкот Парсонс, кој смета дека во социјалните односи целта на моќта е да ги поттикнува поединците или групите на колективно дејствување. Талкот Парсонс смета дека моќта претставува капацитет за дејствување, која чинителите ја добиваат преку нивната припадност на социјалните системи. Сфаќањето на Парсонс, како дел од структурно - функционалниот пристап во крајна инстанца се базира на аналогијата со биолошките системи. За да преживее системот како целина и за да се остварат неговите функционални потреби, самиот општествен систем и неговите подсистеми мораат да бидат усогласени.

Талкот Парсонс во својата статија „За концептот на политичката моќ" (1963) се обидува концептот на моќта да го образложи во контекст на анализата на големите и комплексни социјални системи. При анализата на моќта, социолошкиот и политиколошкиот аспект, Парсонс ги поврзува со економскиот аспект, бидејќи смета дека сите три се многу блиски, кога станува збор за општата теорија на општеството како целина. Парсонс смета дека моќта треба да се третира „како *посебен* механизам, кој дејствува за да доведе до промени во дејствувањето на другите единици, индивидуални или колективни, во процесите на социјалната интеракција" (Parsons, 1963:232).

„Моќта, Парсонс ја замислува како прометно средство кое е аналогно на парите во економијата, иако таа е елемент на политичкиот систем. Парсонс моќта ја дефинира како „генерализиран капацитет, кој треба да обезбеди вршење на неопходните обврски од страна на единиците на еден систем во колективната организација, кога обврските се легитимизирани во врска со нивните влијанија врз колективните цели, и каде, во случај на непослушност, постои претпоставка за извршување со негативни ситуациони санкции - без оглед кое е реалното чинителство за тоа спроведување" (Parsons, 1963:237).

Од тој аспект моќта не е атрибут на индивидуите, туку е атрибут на социјалните структури, која почива врз „институционалното право на водачот да очекува поддршка од припадниците на колективитетот". Некои од консенсуалистите, каде припаѓа и Парсонс, во основа ги прифаќаат првите два елементи на Веберовата дефиниција на моќта, т.е. дека станува збор за способност, и за спроведување на волја, независно од отпорот. Но, тие нагласуваат дека оваа способност не се врзува за личноста на индивидуите или групите, бидејќи секое социјално дејствување е внатрешно структурирано. Во социјалниот однос индивидуите заземаат одредени положби и играат одредни улоги, односно, се дел од колективитетот.

Парсонс става посебен акцент на мобилизацијата, која произлегува од консензусот за извршување на колективните цели: "Јас ја дефинирам моќта како капацитет на општествениот систем за мобилизирање на ресурсите за реализација на колективните цели" (Parsons, 1967b: 193), потенцира Парсонс и понатаму, директно се надоврзува на дистрибутивната перспектива во следнава негова изјава: "моќта на А над Б, во својата легитимна форма, е "право" на А како единица за донесување на одлуки во колективниот процес, да донесува одлуки кои имаат предност, пред оние на Б, во интерес на колективната работа како целина" (Stewart, 2001:13).

Парсонс во своите подоцнежни согледувања ќе почне да го промовира ставот дека моќта може да придонесе во процесот на интеграција и ефикасност на системот. Оттука, спроведувањето на моќта би можело да биде поволно и за имателите на моќта и за субјектите над кои таа се спроведува. Парсонс и понатаму ја промовира неговата теорија на политичкиот систем како функционален потсистем на општеството, каде ефикасноста на системот зависи и од природата на влезовите (inputs). Луѓето ги посакуваат политичките добра, како што се лидерството, или стабилноста, и се подготвени да ја разменат својата поддршка за политичките добра на ист начин на кој тие се подготвени да разменат пари за материјалните добра (Parsons, 1963:236). Слично на парите, моќта е во можност да функционира како медиум на размена само ако е легитимирана со постоење на систем на власт и водство кои имаат поддршката.

Наместо заклучок, за Парсонс би можело да се каже дека некои автори сметаат оти, освен иновативноста за аналогијата со парите, тој не понудил многу нови сознанија за моќта, и ценат дека неговите ставови одговараат на познатите либерални ставови за легитимниот политички авторитет (Joseph, 2004:46-47). За Парсонс, поимите како моќ, стабилност, легитимност и консензус се поддржуваат едни со други во неговата теорија, при што, консензусот го исклучува конфликтот, а стабилноста го исклучува нарушувањето на редот.

### 2.2.2. Општественото знаење како моќ – Бери Барнс

Во контекст на консенсуалната нишка на моќта сметавме дека е потребно да се спомене и образложи и теоријата за општествено произлезеното знаење на Бери Барнс, кој го објаснува концептот на социјлната и политичката моќ како функција на дистрибуираното знаење во општеството. Тој се фокусира на знаењето како клучен фактор во оформувањето на односите на моќ меѓу чинителите.

За Бери Барнс општеството е се она што неговите членови го знаат, вклучувајќи го и сето тоа што тие го знаат еден за друг. Таквото знаење е општествено конституираното знаење и е колективен феномен, бидејќи е прашање на договор во верувањето (Haugaard, 2002:129). Поединците во рамките на едно општество констуираат една дадена мисла како "знаење" и акт на кохерентно заедништво со употребата на знаењето, како нивна основа. Знаењето кое го конституира општеството е само-однесувачко знаење на членовите на општеството. Тоа е колективно прифатено верување, вообичаено одржано верување, верување рутински вмешано во општественото дејствување (Haugaard, 2002:126).

Според Барнс, она што општеството го знае ја одредува природата на социјалната моќ над чинителот, па оттука сите во едно општество го сочинуваат заедничкото знаење. Моќта во општеството се состои од "она што луѓето знаат, и знаењето не е приватна менталната состојба, туку е колективен феномен" (Yıldırım, 2012:145), бидејќи, заедничките сознанија се основата на консензуалната база на моќта. Оттаму Барнс се фокусира на знаењето како клучен фактор во оформувањето

на односите на моќ меѓу чинителите. Капацитетот за дејствување врз основа на знаењето ја претставува нивната социјална моќ, или моќта на општеството (Haugaard, 2002:123).

Во делото, „Природата на моќта“ (1988) Барнс тврди дека односите на моќ се базирани на заедничката интерпретацијата на стварноста, како основа за колективното однесување. Неговата анализа за моќта почнува со тврдењето дека моќта означува капацитет. „Поседувањето на моќ - за Барнс - е поседување на дискреционо право: да се здобие со моќ, значи да се добие дискреционо право; а да ја изгуби моќта значи да се изгуби дискреционото право" (Barnes, 1988:58).

Повеќето лица активно не спроведуваат дискреција во текот на активностите, туку само неколку од нив се здобиваат со ефективна дискреција во однос на дејствувањето. Оние кои добиваат дискреција во насока на капацитет за дејствување во едно општество, односно дискреција за употреба на моќта, се оние поединци, кои во конвенционалната употреба на јазикот се нарекуваат „моќни“ поединци. Барнс нив ги нарекува "моќници" или "поседници на моќ“. Некои поединци се предоминантни во конституирањето на општествениот систем на рутини, а други лица доминираат во насочувањето на нивните извршувања. Оттаму, капацитетот за дејствување во општеството на некои поединци им дава поголема можност, отколку на други (Haugaard, 2002:124-125).

Еден клучен момент во оваа линија на резонирање е дека исчекувањата и очекувањата кои произлегуваат од односот на моќта се заеднички и се однесуваат и на двата чинители во нивната меѓусебна релација на моќ. "Моќта над" е само подмножество на "моќта кон" - моќта, која актерот ја има над другите е дел од неговиот генерализиран капацитет да дејствува (Haugaard, 1997:31).

За Барнс може да се каже дека се обидува да обезбеди генерализирачка теорија на моќта, но она што го понудил е од поограничен обем. Всушност Марк Хаугаард тврди дека Барнс нуди еден модел кој, како идеален вид, објаснува и нагласува голем број на аспекти на моќта (Haugaard, 1997:39).

# 3. ПЛУРАЛИСТИЧКО – БИХЕЈВИОРИСТИЧКИ ТЕОРИИ ЗА МОЌТА

И денес се смета дека погледот на моќта на Роберт Дал има најголемо влијание во бихејвиористичкиот пристап во проучувањето на моќта. Неговата дефиниција за моќта е најчесто цитирана дефиниција, после онаа на Макс Вебер. Дал тврди дека "А има моќ над Б до тој степен до кој тој може да го натера Б да направи нешто што инаку не би го направил" (Dahl, 1957). Оваа концепција за моќта, за разлика од дефиницијата на Вебер, се фокусира исклучиво на моќта на А *над* некој друг, а не на моќта на А *за да постигне* нешто посакувано (Kramer, 2010:3). Дал е на став дека единствениот начин да се измери политичката моќ на поединците и групите е ако може да се утврди нивната "способност да влијаат врз донесувањето на одлуките." Тој ги истражувал политичките одлуки за три "клучни прашања - области" (повторниот развој на градот, јавното образование и номинациите за јавни функции) во државата Конектикат, во градот Њу Хејвн, па утврдил дека ниту еден поединец или група од елитите во градот не се исклучени целосно од донесувањето одлуки, но исто така не се вклучени во одлучувањето за повеќе од едно од овие три прашања. Истражувањето за тоа како се донесени клучните одлуки се базира на концепцијата на моќ во која е доминантен пристапот за „моќта кон“, а е запоставен пристапот на „моќта над“. Оттаму овој методолошки пристап е наречен „пристап на донесување на одлуки“ или „метод на одлучување.“ Формулата на Дал за моќта во која А донесува одлуки кои влијаат на Б, или кога една група донесува одлуки кои влијаат врз другата група, стана позната како *првото лице на моќта.* Со оглед на тоа што моќта за Дал не е сконцентрирана само во една група, туку во поголем број на групи, од кои секоја во определена област има некаква надмоќ, но не и општо во сите прашања за кои се одлучува во една заедница (локална, но и национална), тој смета дека моќта е плурална, па од таму подоцна неговиот пристап и сличните согледувања на неговото се нарекуваат плуралистички пристап.

Карактеристично за плуралистичкиот пристап, според Стивен Лукс, е што овој пристап на моќта гледа како на можност за проодност на секоја незадоволна група, до процесот на одлучување. Дал ги анализира случаите на успешната пенетрација на електоратот за контрола над лидерите, занемарувајќи ја можноста влијанието да биде узурпирано од страна на некоја група, која во одлучувањето може да ги потисне инетресите на електоратот. Според Лукс, „едно-димензионалниот поглед на моќта не може да ги открие помалку видливите начини на кои плуралистичкиот систем може да стане пристрасен во полза на едни групи, против други групи“ (Lukes, 2005:39).

### 3.1. Дебатата за лицата на моќта

Флојд Хантер (1953) ја анализираше политиката на ниво на локалната заедница и, врз основа на интервјуа со лица од локално знаење, заклучува дека големиот бизнис дејствува зад сцената. Рајт Ц. Милс (1956) беше многу критичен во однос на функционирањето на американската демократија, тврдејќи дека релативно кохерентна елита управува со САД преку нивниот доминантен пристап до економските, политичките и воените ресурси.

Роберт Дал се спротивстави на овие сфаќања на Милс и Хантер сметајќи ги за левичарска критика, со тоа што нив "научно" ги толкуваше со ригорозно емпирицистички пристап, фокусирајќи се на реалното донесување на одлуки, користејќи ја својата строга дефиниција на моќта, на А наспроти Б. Дал тврдеше дека во САД постои усогласен плуралистичкиот модел на демократија, каде што не постои единствена елита, туку многу елити кои се во меѓусебна конкуренција. Според него, клучна е перцепцијата дека моќта не е еквивалентна на моќните ресурси, туку е само потенцијална моќ.

Дебатата за моќта која ја наметна Дал и другите бихејвиористички ориентирани теоретичари доминираше во политиколошката наука на САД во поголемиот дел од 1950-тите, и траеше се до 1970-тите години на минатиот век. Оваа дебата се совпаѓа со влијанието на доминантниот позитивистички пристап во политичките науки и економските модели на политичката рационалност. Оние кои ја поддржуваа

позитивната политичка наука - Роберт Дал, Питер Бакрач и Мортон Барац, и Стивен Лукс – ја анализираат моќта преку својот методолошки пристап и дел од нив, подоцна ги нарекуваат „трите лица на моќта“. Добар дел од поновите теоретичари сметаат дека, воглавно, тие студии за моќта биле оптоварени со детали за тоа како се остварува моќта, без разбирање за тоа како моќта се стекнува, или како таа се одржува.

**Првото лице на моќта - процесот на донесување на одлуки**

Првото лице на моќта, или првата нејзина димензија *базичната моќ на донесувањето на одлуки,* е најнедвосмислената и исто така највидливото и споредливо лице на моќта од нејзините *три лица.* Таа се фокусира на актуелното однесување и на специфичните резултати од процесот на донесување на одлуки. Во овој поглед, моќта е во рацете на оние кои преовладуваат во донесувањето на одлуките. Првата димензија на моќта ги зема во предвид само видливите конфликти меѓу интересите, кои се набљудувни преку искажувањето на политичките преференции, кои се откриваат во процесот на политичкото учество во одлучувањето. Поборници на варијантата на првото лице на моќта се секако, Роберт Дал, но и неговите најверни поддржувачи, Нелсон Полсби и Рејмонд Е. Волфингер (Dowding, 2011:666).

**Второто лице на моќта - не-донесувањето на одлуки**

И покрај бихејвиористичката популарност во 1960-70-тите, методот на донесување на одлуки набрзо претрпува критика одвнатре, како во поглед на произволноста на изборот на прашањата кои се истражуваат (зошто токму тие, а не некои други), така и во поглед на прашањето за можната скриена суштина на моќта. Тоа е случајот кога моќниот може да влијае врз процесот на одлучување на таков начин, што нема да дозволи некое прашање да биде поставено на дневен ред, па за

истото нема да се одлучува. Оваа моќ за неодлучување беше наречена: скриено или „второ лице на моќта".

Бакрач и Барац утврдија дека моќта не се остварува само кога А донесува одлуки, кои влијаат над Б, туку исто така и кога А донесува одлуки со кои се спречуваат преференциите на Б. Како што истакнуваат тие: "моќта се спроведува и кога А ја посветува својата енергија на создавање или зајакнување на општествените и политичките вредности и институционалните практики со кои се ограничува обемот на политичкиот процес на јавно земање во предвид само на оние прашања кои се релативно безопасни за А. До степенот до кој А успева да го прави тоа, Б е спречен во сите практични цели да ги доведе во преден план оние прашања, чие решавање сериозно би му наштетиле на сетот на преференции на А" (Bachrach and Baratz, 1962:948).

Природата на двете лица на моќта на Бакрач и Барац произлезе од сознанието дека моќта ги вклучува и двете активности: донесувањето и недонесувањето на одлуки. Иако некои одлуки се потенцијално потиснати, а други се сметаат за невидливи, конфликтот сам посебе може да се набљудува, и ова, за Бакрач и Барац, е особено важно за набљудување. Ова препознавање на второто лице на моќта се чинеше дека претставува подобрување на пристапот на Дал, па затоа Бакрач и Барац целосно не го отфрлаат емпирискиот пристап. Тие само ги изоштруваат своите методолошки сочива, за да ги вклучат "неизмерените" настани поврзани со моќта. Но, според нив, ако еднаш се земе во предвид улогата на неодлучувањето, тогаш лесно се руши демократскиот идеал демонстриран преку процесот на донесување на одлуки.

### Третото лице на моќта - моќта како интерес

Стивен Лукс влезе во дебата за моќта во 1974 година, посочувајќи го својот радикален поглед. Тој сметаше дека дефинирањето на второто лице на моќта беше значаен исчекор во изучувањето на моќта. Неговиот пристап претставуваше темелна критика на бихејвиоризмот од емпириски аспект. Лукс се обиде да објасни дека моќта

може да дејствува, иако "доминацијата не е присилна", бидејќи чинителите стануваат учесници во обликувањето на свеста на своите потчинети. Лукс тврдеше дека моќта можат да ја обликуваат "перцепциите на луѓето, сознанијата и преференциите, на таков начин што тие сами ја прифаќаат сопствената улога (подреденоста – н.з.) во постојниот поредок на нештата" (Luks, 2005:28). Според Рајан и Хаугаард, Лукс беше сосема јасен дека дебатата за моќта беше истовремено нормативна и аналитичка, тврдејќи дека концептот на моќта конституира суштински спорен концепт, па првата димензија се темели врз релативно конзервативна нормативна позиција, а втората и третата димензија се движат прогресивно кон лево (Ryan and Haugaard, 2012:26).

Третата димензија на моќта - "радикалната критика" или моќта преку доминација - го опфаќа размислувањето според кое ефектите на моќта не се исцрпени со донесување на одлуките (Дал) и со формулирањето на дневниот ред (Бакрач и Барац), туку можат да дејствуваат и од едно подлабоко, невидливо ниво. Под влијание на поимот "хегемонија" на Антонио Грамши, Лукс тврди дека „третата димензија на моќта" е под длабоко влијание на политичката социјализација на поединецот, затоа што чинителите несвесно го следат диктатот на моќта, понекогаш и против сопствените интереси (Swartz, 2007:2). Лукс тврди дека асиметричните односи на моќта не се покажуваат директно, па затоа не се фокусира на моќта како капацитет, способност, или средство. Според него спротивставените интереси и доминацијата треба да бидат од "централен интерес во изучувањето на односите на моќта" (1974:34).

Лукс го дефинира концептот на моќта на следниот начин: „А спроведува моќ над Б и А влијае на Б на начин спротивно на интересите на Б. Ако кажам дека нешто не е во ваш интерес, јас подразбирам дека имате prima facie барање за тоа, и ако кажам дека "политиката x е во интерес на А" тоа го продолжува prima facie оправдувањето за таквата политика. Во принцип, зборувањето за интересите обезбедува лиценца за донесување на нормативни судови од морален и политички карактер. Затоа не е изненадувачко што различните концепции за тоа што се интересите, се поврзани со различните морални политички позиции (Lukes, 1974:37). Според Лукс едно-димензионалниот поглед на моќта ја претпоставува либералната

концепција, дво-димензионалниот поглед - реформистичката концепција, а три-димензионалниот поглед претставува една радикална концепција. Лукс тврди дека секој поглед на моќта се потпира на специфична нормативна концепција на интереси. (Lukes, 1974: 38).

Иако ставовите на Лукс беа остро напаѓани, бидејќи третото лице на моќта не можеше да биде искажано ниту преку поставување на дневен ред, како кај Бакрач и Барац, еден од неговите студенти, Џон Гавента, објави студија за политичката моќ во Апалачката Долина, со која покажа на кој начин доминантните локални актери биле во можност да влијаат и врз донесувањето на политички одлуки и врз утврдувањето на дневниот ред, но исто така, потпирајќи се на идеолошки принципи, митови и симболи, тие успевале да ги обликуваат и преобликуваат преференциите на локалните жители.

Подоцна, во две нови поглавја во неговата книга за моќта, Лукс наведува дека треба да се размислува за моќта и како *капацитет* или *способност, која* може, или не може, да биде експлицитно активирана во дадени ситуации. Моќта ги вклучува и "ресурсите" и "спроведувањето", нагласува Лукс, односно и двете точки на "потенцијалот, а не само дејствувањето." Лукс тука, уште понагласено наведува дека моќта е "диспозитивен концепт" во што некои теоретичари го препознава концептуалниот јазик на Бурдије.[17]

Во своето ново издание Лукс смета дека дефиницијата на моќта не треба да се ограничи само на *асиметричните* односи на моќ, или на "моќта над." Таа, исто така, треба да се справува и со "моќта кон." Додека во првото издание неговите сознанија се фокусирани на моќта како доминација, или „моќта над", сега Лукс е подготвен да признае дека нè целата моќ е негативна и целата не дава нулта позиција. Некои форми на моќ, вклучувајќи ги формите спроведени во односите на зависност, според него можат да бидат и позитивни, продуктивни и да доведат до трансформација. Овде Лукс покажува елементи од влијанието на Мишел Фуко, затоа што моќта повеќе не е

[17] Според Шварц, „Мишел Фуко и Пјер Бурдије се двајцата мислители во кои Лукс гледа придонес кон подлабокото разбирање на неговата Третата димензија на моќта. Но, Лукс навистина не се спротивставува на Фуко и Бурдије, туку само користи аспекти на нивното размислување за да ја наметне својата дефиниција" (Swartz, 2007:2).

претставена само како нулта сума, т.е. моќта не е само репресивна, туку исто така, таа создава нови значајни ефекти (Swartz, ibid.).

**Четвртото лице на моќта – влијанието на структурата**

Дебатата за моќта не престануваше цели дваест години, а со тоа не престануваше и, како што смета Џефри Ајзак, заблудата дека целите на општествената наука се да се документираат емпириските закономерности, при што тој сметаше дека емпиристичките политички науки ги набљудуваа деталите за *извршувањето* на моќта, но не објаснуваат како таа се стекнува, или како таа опстојува. Тој на свој начин ги предизвикува авторите на „трите лица на моќта", односно „емпирицистичката" перспектива и од своја страна нуди една „реалистичка" теорија на моќта, како општествено структуриран и траен капацитет за дејствување (Isaac, 1987:4).

Ајзак укажува дека моќта не претставува казуалност помеѓу чинителите А и Б, дека А донесува одлуки кои влијаат на Б, туку смета дека „механизмот на каузалност", функционира на непредвидлив и неодреден начин (Isaac, 1987:17). Реалистите, според Ајзак ги разбираат одредени закони, обичаи и структури, кои влијаат врз односот на А кон Б и така создаваат различни резултати. Примарниот објект на теоретската анализа според него, не се бихејвиористичките закономерности, односно, во кои одлуки и во колкав број на одлуки А успеал да ја наметне својата волја кон или над Б. Според Ајзак примеарен објект на анализа се „трајните социјални односи кои нив ги структурираат" (Isaac, 1987:20). Ајзак поаѓа од структурата и ги расчистува претходните заблуди кои ги имал емпирицизмот. Структурата за која Ајзак зборува, не е иста со структурата за која зборува детерминистичкиот марксизам.

„Јас ќе ја дефинирам социјалната моќ како капацитети да се дејствува, поседувани од социјалните чинители, кои се во основата на трајните односи во кои тие учествуваат." (Isaac, 1987:22). Според Ајзак, социјалните чинители ја одржуваат

моќта само врз основа на односите во кои тие партиципираат, значи моќта постои релационо, бидејќи овие односи се односи на структурална интеракција на однесувањето. Меѓутоа, Ајзак забележува дека самиот однос може да се прекине, а тоа се случува кога еден од социјалните чинители го губи својот авторитет или улога. Ајзак нагласува дека не мора, како што инсистирале бихејвиористите, моќта да е резултат на капацитетот и доминацијата, и единствено така да биде евидентирана. За Ајзак е битен трајниот карактер на моќта, па тој смета дека треба истражувањата да се насочат кон законите, обичаите и ритуалите, кои ја зајакнуваат структурата на односите, преку што се влијае и на донесувањето одлуки.

„Социјалната моќ, нагласува Ајзак го вклучува и она што Гиденс го нарекува се односи на меѓузависност (inter-dependence). Моќта на учителот подразбира присуство на ученникот и бара однесување на ученикот на одреден начин. Ова релационо разбирање на моќта ја појаснува разликата меѓу "моќта кон" ("power to") и "моќта над" ("power over"), или она што јас би го нарекол односи на доминација (domination) и субординација (subordination), разликата која била игнорирана во дебата за трите лица на моќта. Јас сугерирав дека социјалните односи дистрибуираат моќ што дејствува на одредени начини на оние кои учествуваат во тие односи". (Isaac, 1987:23).

Ајзак смета дека структурното определување на моќта е токму она за што „Бакрач и Барац, и Лукс, гестикулираат, но не успеаја да го артикулираат... Да се предложи ова не е значи да се оддели концептот на моќта од човечкото чинителство. Како што ја дефинирам јас - вели Ајзак - социјалната моќ се однесува на капацитетите да се дејствува, кои се поседувани од страна на чинителите во остварувањето на нивните социјални односи" (Isaac, 1987:ibid.).

Дефиницијата за моќта на Ајзак, сепак е нормативна, па се смета дека тој, иако ги напуштил бихејвиористите, кои сознанијата ги базираа на дијадичките односи на моќ меѓу А и Б, тој сепак, не се приклонил кон структурниот детерминизам на Мишел Фуко и Пјер Бурдије, па ниту во целост, кон структурните марксисти. Овде останува можноста одлуките на А, покрај постоењето на неговите лични карактеристики и неговата општествена моќ, односно неговата слободна волја, да се

повлијаени и од структурните фактори, кои понекогаш, а некогаш многу често, ги ограничуваат неговите постапки.

### Пасивната свест и омоќнувањето - Џон Гавента

Џон Гавента, во својата студија за политичката моќ во Апалачката Долина[18] дава еден специфичен пример на примена во практиката на механизмите со кои моќта може да влијае врз потиснувањето на определени прашања кои помалку моќните, иако заинтересирани, не можат да ги наметнат во процесот на донесување на одлуки. Тој покажува како претпоставката на Лукс во третата димензија на моќта, може, со помош на идеолошки принципи, митови, или симболи, со кои моќните ги обликувале и преобликувале преференциите на локалните жители, да се примени во процесот на одлучување на штета на помалку моќните, иако постои латентен конфликт, заради видливата доминација и нееднаквост.

Моќните, кои ги наметнуваат и донесуваат одлуките ја користат својата моќ за да ја спречат појавата на конфликти, а со тоа ја остваруваат својата цел: да нема општествена подвижност. Ситуацијата на немање на конфликти е знак дека постои спречувањето на групите да учествуваат во процесот на донесување на одлуки. Преку ефективноста на моќта се остварува еден премолчен, пасивен договор, со кој помалку моќните искажуваат согласност со постоечката ситуација на доминација. Така моќта создала елементи на помирување со бунтот и незадоволството, иако потчинетите се свесни за сопствената неповолна позиција, со што Гавента успева да покаже како дејствува претходно споменуваното „трето лице на моќта“ на Лукс.

Додека „првото лице на моќта“, го покажуа отворениот конфликт за моќ во процесот на одлучување, а „второто лице на моќта“ е можно кога моќните се мобилизирани да го спречат донесувањето на одлуки кои ја засегаат нивната моќ – моќта е евидентна во недонесувањето одлуки за кои се залагаат помалку моќните аспиранти, преку „третата димензија на моќта“, се спроведува влијанието врз

[18] John Gaventa, *Power and Powerlessness: Quiescence and Rebellion in an Appalachian Valley* (Urbana: University of Illinois Press, 1980).

свеста и перцепциите на оние кои се борат за моќ, за тие да не го прават тоа, или да не го прават тоа во дадениот момент.

Во ситуациите на општествената нееднаквост, според Гавента бунтот на помалку моќните, може да се случи само ако постои промена во односите на моќта: ако А, кој бил моќен ја загуби моќта, а Б, кој бил помалку моќен се здобие со моќ. За да може да настане промена во позицијата на Б, тој треба да ги надмине и директните и индиректните ефекти на третата димензија: тој мора да помине низ процес на поставување и формулирање на акцијата, и тој мора да го спроведе процесот на мобилизирање во акцијата, за постапување на прашањата на дневен ред. Со помош на овие процеси Б ќе ги развие своите сопствени ресурси - и реални и симболички – за да може да се вклучи во манифестирањето на конфликтот. Со други зборови, Б, всушност, може да учествува во конфликтот во првата, отворена димензија на моќта, само откако успешно ќе ги надмине пречките од втората и третата димензија.

Иако неговите теоретски размислувања можат да се сметаат за блиски до сфаќањата за класната свест кај марксистите и нејзината улога во општетсвениот преврат, кај Гавента, не станува збор за општествен конфликт на ниво на целото општество, во кој помалку моќните низ бунт - конфликт го остваруваат своето омоќнување, или го менуваат социјалниот систем, туку конфликтот се задржува само на нивото на процесот на донесување одлуки. Тој смета дека свеста на помалку моќните, или индиректните механизми на пасивната свест, имаат силно влијанието на создавањето на немоќноста на помалку моќните.

### 3.2. Мрежите на моќта и создавање ефикасен отпор – Мајкл Ман

Слично на Гавента, и Мајкл Ман во „Изворите на социјалната моќ“ (1986) се обидува да ги лоцира предусловите за спротивставување на моќта од страна на оние кои ја немаат, или ја имаат недоволно. Концептот на Ман е базиран на организациското спротивставување преку обезбедување на неопходните

организациски ресурси и алатките за нивно активирање, за да може да се создаде ефикасен отпор против моќта во самата организација. Оние кои поседуваат организациски ресурси (предност) секогаш успеваат да надвладеат над оние кои немаат ресурси. За да можат да се спротивстават и да го променат редот на нештата во оргнизацијата, спротивставувачите мораат да предизвикаат редефинирање на мрежите и сојузите на моќ, на кои се потпира организацијата.

Ефикасниот отпор, според Ман, зависи од знаењето и познавањето на правилата на играта во организацијата. Знаењето подразбира знаење да се развие стратегија, да се проценат неопходните ресурси, истите да се обезбедат, за да можат опонентите да станат носители на моќта во организацијата. Ако организациското спротивставување е квалификувано, оние кои ја губат моќта или „заобиколените“, стануваат свесни, не само за сопствената неповолна ситуација, туку и за цената што би ја платиле со отпорот кон спротивставувањето.

Структурата на моќта во социолошката теорија на Мајкл Ман најдобро може да се разбере преку утврдување на испреплетеностите и релативната важност на организацијата, базирана на четири "преклопувања и вкрстувања на просторните мрежи на моќта... Нивниот примат доаѓа до израз не според јачината на човековите потреби за идеолошка, економска, воена, или политичка сатисфакција, туку од посебните организациски средства со кои секоја располага во остварувањето на човековите цели, какви и да се тие" (Mann, 1986:1-2). Мајкл Ман тврди дека "општеството... е целина на повеќе преклопувни и пресекувани мрежи на моќ" (Mann, 1986: 2).

Ман нагласува дека централните проблеми на анализата на моќта се однесуваат на „организацијата, логистиката, комуникациите - капацитетот за организирање и контрола на луѓето, материјалите, и териториите, како и развојот на тој капацитет во текот на историјата. Четирите извори на социјалната моќ нудат алтернативни организациски средства на социјалната контрола“ (Mann, 1986: 2-3). Овде, равенката на односите на моќ, со хиерархиските односи на субординација е многу јасна.

Според Ман моќта не е ресурс. Ресурсите на моќта, или медиумите преку кои моќта се спроведува Ман ги нарекува извори на моќта. Според него моќта е

„способност да се бори и да остварува цели преку владеењето со едно опкружување“ (Mann, 1986:6). Тој посочува два форми на социјалната моќ: дистрибутивната и колективната. Во случајот на дистрибутивната моќ, Ман подразбира "владеење, кое се остварува во однос на другите луѓе", додека под колективната моќ, следејќи го Парсонс, тој ја подразбира функционалната моќ, која се однесува на оние случаи "каде што лицата со соработка можат да ја подобрат нивната заедничка моќна позиција во однос на трети лица или врз природата“ (Mann, ibid.).. Ман дава различни карактеризирања на „колективната моќ“ во двата тома од неговата книга, со што предизвикува конфузност околу прецизното значење на тој поим (Stewart, 2001:24).

Кога е во прашање организациската моќ Ман, во својот централен концепт, при примената на колективните цели во организацијата ја потенцира нејзината "вродена тенденција" кон дистрибутивната моќ, особено, односот на моќта на врвот на организацијата врз целината, односно членството на организацијата. Стјуарт смета дека овде Ман се потпира на Гаетано Моска и Роберт Михелс, на класичната елитистичка теорија и нејзиниот социолошки детерминизам (Stewart, 2001:24-25).

Ман постојано гледа на односите на моќ како на променлива форми на доминација, *Политичката моќ* за него значи *државна* моќ. Таа е суштински авторитативна, заповедничка и спроведувана од еден центар - државната организација. Зајакнувајќи го својот предлог, дека *референтна,* и единствено референтна политичка моќ е државната моќ, Ман остварувањето на тоа го поврзува со подобрената административна координација / регулација и со процесите на политичкото претставување (Mann, 1993:9).

Недостатокот на отпор, не е причина за небунтувањето, туку отсуството на средства за да се спроведе таквиот отпор, оттука согласноста на потчинетиот се сфаќа како неспособност да се преведе "моќта кон“ во заеднички отпор, или општествено ефикасно средство против организираната "моќ над“. „Поврзаноста на моќта кон и моќта над ја исклучува можноста за зачнување на концепцијата за здружената моќ, концепција која може да генерира критична проценка за начините во

кои процесите на социјалната диференцијација се претвораат во односи на социјалната стратификација“ (Stewart, 2001:30).

### 3.3. Теоријата на рационалниот избор и моќта

„Теоријата на рационалниот избор смета дека општеството е составено од рационални поединци, кои прават избор, за кој тие веруваат дека најдобро ќе ги промовира нивните интереси и преференции, ...користејќи ги притоа формалните модели во социјалните процеси, во обид да ги реши проблемите во јавната политика и колективното дејствување“ (Joseph, 2004:40).

Повеќето автори сметаат дека рационалноста е спорен концепт во социјалните науки, кој може да се користи за објаснување не само на моќта, туку и за интересите на луѓето, а преку теоријата на зависност и за поимот на слободата (Dowding, 2011:551). Според Милош Крстиќ, како и според Френк Ловет, намената на теоријата на рационалниот избор е да објасни како социјалните фенимени настануваат со промисленото или интенционално тежнеење на поединецот кон личниот интерес, но истовремено и во функционалното објаснување на корисноста во решавањето на проблемите, кои произлегуваат од тоа тежнеење на поединецот (Krstić, 2015:167).

Според Шавн Гримсли[19], теоријата на рационалниот избор тврди дека човековото однесување, и социјалниот живот во целина, можат да се објаснат во однос на рационалниот избор на поединците. Луѓето прават избор врз основа на збирот на индивидуалните преференции, на рационален начин. Поединецот дејствува рационално во извршување на своите сопствени интереси, а не во интерес на другите.

Ловет, теоријата на рационалниот избор ја дефинира како пристап во изучувањето на социјалните појави, кој се карактеризира со три клучни методолошки претпоставки: дискретните сврсисходни чинители - луѓето, кои се способни да дејствуваат рационално, да определат неколку цели и промислено да одберат и да

[19] Shawn Grimsley, http://study.com/academy/lesson/rational-choice-theory-definition-principles.html

реализират една или повеќе од нив, потоа корисноста, и третата претпоставка, е рационалноста, според која дискретните сврсисходни чинители се обидуваат да ја максимализираат корисност во условите, каде постојат определени ограничувања (Lovett, 2006:240).

Според Кејт Даудинг, може да се разликува инструментална рационалност, што се користи во теоријата на рационален избор, и суштинска рационалност, која се користи во супстанцијалната филозофија (Dowding, 2011:551). Инструменталната рационалност го подразбира рационалниот избор како императив за остварување на определени цели, индивидуални интереси, или интереси на колективитетите. При тоа, индивидуалната рационалност не мора, и не се поклопува секогаш со колективната рационалност и дејствување.

Рационалноста во самата теорија на рационален избор е нормативен концепт, или формален концепт, кој овозможува предвидување и/или толкување, како се/или ќе се однесуваат чинителите во определна ситуација. Теоријата на рационалниот избор е заснована на три услови (преференции) што го сочинуваат рационалниот избор и од која може да се открие изборот на однесувањето на чинителите: рефлексивни, целосни и преодни.

Инструменталната концепција на теоријата на рационалниот избор смета дека во однесувањето на некои поединците постои тријада: верување-желба-акција, па ако се знаат нивните желби, или верувањата, може да се предвидат и нивните дејствувања. Според Даудинг, рационалноста во оваа смисла не се користи директно за да се извлекуваат заклучоци за моќта, туку таа, може да се користи за да се направи обид, за да објасни како функционираат моќните структури (Dowding, ibid.). Според Даудинг, другиот вид на рациоаналност - суштинската, е поврзана со вредностите, се однесува на етичките норми и е предмет на парадигмата на супстанцијалната филозофија.

Постојат и теоретичари, како Бент Флајвбјерг, кои укажуваат на тоа дека рационалноста е форма на моќ, која може да биде, т.н., ослабувачка моќ. Во својата студија на случај за градот Алборг, Флајвбјер анализира и појаснува како планерите на градот, преку нивната техничка експертиза, манипулираат со информации и го

користат својот авторитет, за да ги 'истуркаат' планските одлуки кои им се од корист. Флајвберг смета дека тие не се само неутрални арбитри, кои ја советуваат владата и граѓаните, туку имаат и свои интереси, и дека, и самите се предмет на политички притисоци, манипулации или корупција, што упатува на поврзување на рационалноста со моќта, структурата на моќта, борбата за моќ и слободата во однос на манипулацијата (Flyvbjerg, 1998:9-38).

Овде би го заокружиле делот на теоријата на рационалниот избор со констатацијата дека таа „не е воедначена, монолитна, универзална теорија на социјалните појави, туку повеќе претставува збир на алатки кои понекогаш можат да помогнат на социолозите во нивните напори да ги разберат и објаснат социјалнитее појави" (Lovett, 2006:240). Затоа, „теоријата на рационалниот избор е најчесто ангажирана како сет на алатки кои се корисни во развојот на едноставните каузални објаснувања" (Krstić, 2015:182).

### 3.4. Теоријата на играта/игрите и моќта

Даудинг смета дека методологијата на теоријата рационален избор е базирана на теоријата на играта[20], па оттука, накусо ќе се осврнеме и на некои битни елементи на теоријата на игра/игрите, која може да биде користена во теориите за политичката моќ. При користењето на теоријата на играта за проучувањето на моќта, Даудинг ги истражува предностите и недостатоците на кооперативната и не-кооперативната теорија на играта. „Најочигледната употреба на теоријата на игра за да се разбере моќта, е во контекст на играта со гласањето. Кооперативна теорија на игра се користи за изучувањето на моќта на индивидуалните гласачи во ситуациите на гласање. Квантифицирањето на моќта на чинителите во пошироките социјални ситуации, е многу потешко, ако не и невозможно", тврди Даудинг. Тој наведува дека:

---

[20] Авторот Иван Шијаковиќ, смета дека теоријата на рационалниот избор се засновува на неокласичната економија и теоријата на игри, затоа што корисноста е главен став во неокласичната (и класичната) економија, личната корист која се остварува од изборот и учеството на пазарот... Теоријата на игри се користи затоа што теоријата на рационалниот избор бара идеални стратегии и тактики во кои ќе се оствари економската добивка. (Šijaković Ivan, Savremena sociologija, Prolegomena za individualističku teoriju u sociologiji, Radna verzija, str. 22)
http://www.sijakovic.com/wp-content/uploads/2012/02/savremena-sociologija-1-1-1-1-1.doc

„Некооперативни теоријата на играта е пофундаментална. Таа бара целосен опис на правилата на играта, така што индивидуалните стратегии кои се на располагање на играчите може да се изучуваат во детали. Целта е да се најде рамнотежа на стратегиите за да се открие решението за играта. Кооперативната теоријата на играта се занимава со ситуации каде што играчите можат да преговараат, пред да почне да се игра играта, за тоа што да направат во самата игра." (Nash & Scott, 2004:29).

Ние нема повеќе да навлегуваме во суштината за теоријата на игра, туку ќе го заокружиме овој дел со една констатација на Даудинг за теоријата на рационалниот избор и теоријата на игрите. Според него, овие две теории „вршат анализирање на односот помеѓу чинителите чии преференции се претпоставува дека се детерминирани (или "предложени") од страна на позициите што тие чинители ги заземаат во општеството... назначени на позиција од страна на институционалните и социјалните структури", при што се согледува нивната комуникација и однесување, што овозможува „да разбереме зошто чинителите не секогаш дејствуваат во одреден правец, дури и кога нивните интереси се под закани, да разбереме зошто се чини дека некои актери го добиваат она што го сакаат почесто, отколку што претскажуваат нивните ресурси, зошто ги следат коалиционите формирања и политичкото пазарење на стратешки наклонетите, за да се покаже зошто некои групи победуваат во тие политички битки, поради нивната клучна позиција во различните видови на игри" (Nash & Scott, 2004:38).

### 3.5. Теоријата на размена и моќта

Современите економските размислувања во објаснувањето на политичкиот избор и размената, влечат корени во италијанската школа за економијата и јавните финансии, од крајот на 19 век, во која, свои видувања дава и Вилфредо Парето. По Втората светска војна датираат и обидите, особено кај американските научници, да развијат теории за донесувањето на политичките одлуки со помош на економските модели, сметајќи дека така ќе можат да го објаснат растот на расходите во јавниот

сектор. Импулс на таквите видувања даваат Роберт Дал и Чарлс Е. Линдблом во текстот „Политиката, економијата, и социјалното осигување “ (1953) и Ентони Даунс во својата книга „Економска теорија на демократијата“ (1957), (Gregg, 1970:339).

Теоријата на размена - е социолошко и психолошко гледиште, кое ги објаснува социјалните промени и стабилноста како процес на преговарачка размена меѓу страните. Оваа теорија претпоставува дека сите човечки односи се формираат преку анализата на трошоците и добивките, преку споредба на алтернативите кои ги прават поединците, а односите на размена ги анализира како економиски модел на трговија, или преговарање. Луѓето тргуваат со претходно креирана вредност на определен производ, па вршат размена за да остварат взаемна корист. Како форми на реципрочна размена, материјалните користи не се секогаш пресудни, односно, давањето подарок, не подразбира секогаш добивање подарок за возврат, туку може да подразбира добивање благодарност, продлабочено пријателството, и сл.

Размената не е секогаш праволиниска, односно не го добива секој она што го замислил да го истргува, бидејќи чинителите можат да имаат различни интереси. Тие можат различно да ја ценат вредноста на производот со кој тргуваат, односно да даваат различни проценки за стоката со која се тргува. Разликата во вреднувањето е потенцијалниот вишок создаден преку трговијата, и тоа им дава на двајцата мотиви за размена (Dowding, 2011:223).

Во стандардните економските дискусии за трговијата, според Даудинг, моќта нема речиси никаква улога, бидејќи таму постојат два партнери, кои може да тргуваат за взаемна корист. Но, размената во социјалната размена, речиси никогаш не е размена на односи од симетричен вид, „колку даваш, толку земаш.“ Теоријата на размена, всушност се занимава со асиметрични односи, бидејќи двете страни немаат секогаш слични ставови, а и верувањата на страните во врска со релативниот профит најчесто се разликуваат. Степенот на моќта на партнерите произлегува од вреднувањето на добивката во размената, или пак, од степенот на зависност на едната од другата страна. Поради ова второто, теоријата на размена од некои теоретичари беше додадена на теоријата на зависноста во политичката мрежна анализа. Таму се смета дека организациите разменуваат ресурси (пари, влијание, информации, и тн.)

од меѓусебна корист, па помоќни се оние оргнизации, кои се помалку зависни од размената, отколку нивните партнери (Dowding, 2011:224).

## Моќта во микро и макро структурите - Питер Блау

Еден од авторите кои посветуваат посебно внимание на размена е Питер М. Блау, кој, проучувајќи ја социјалната интеракција, смета дека "главните социолошки цели на проучувањето на процесите на интеракцијата лице-в-лице е да се постават темелите за разбирање на социјалните структури." Блау е заинтересиран за поставување на теоретски мост што ќе ги поврзува истражувањата на секојдневните интеракции помеѓу поединците и оние кои ги истражуваат колективните, или структурните димензии на општеството.

Покрај тоа, во својата книга „Размената и моќта во социјалниот живот" (2009), Блау, ја анализира „социјалната размена", под која тој подразбира "доброволни акции на поединците кои се мотивирани од корист, која очекувааат да им се врати, и обично очекуваат да им се врати од другите лица" (Blau, 2009:91). Меѓутоа, Блау не се занимава само со теоријата на размената од мал обем (микроструктурите), туку се обидел таа теорија да ја примени истовремено и на општествено ниво (макроструктурите). Блау објаснува дека социјалното привлекување е она што доведува до формирање на социјалните односи, а со тоа и до процесот на социјалната размена. Но, според Блау, "процесите на размена доведуваат до диференцијација на моќта" (Blau, 2009:22) и затоа постои "нерамнотежа на моќта при воспоставувањето реципроцитет во размената" (Blau, 2009:28). "Едно лице, од кое другите се зависни заради витална корист, има моќ да ги спроведува сопствените барања" (Blau, 2009:22).

Преку објаснување на макроструктурите, Блау го опишува создавањето на трајните институции и формализираните процедури кои ја прават една организација независна од било кој поединечен член. Тој тврди дека "постојат фундаментални разлики помеѓу динамиката на моќта во колективната ситуација и во моќта на една

индивидуа кон друга"... при што, „колективното одобрување ја легитимира моќта" (Blau, 2009:23).

Блау препознава два концепти на моќта, поширок, кој ја вклучува размената и другиот, потесен, кој ја исклучува. Размената (базирана на позитивни санкции) и моќта (базирана на негативни санкции) се одделни и различни сфери за Блау, па тој, наместо синтетизирање на концептите на размена и моќ, само ја нагласува спротивноста меѓу нив (Baldwin, 1978:1231).

Широко дефинираната моќ на Блау, се однесува на сите видови на влијание меѓу поединците или групите, вклучувајќи ги и оние кои се остваруваат во трансакциите на размената, каде еден ги поттикнува другите да пристапат кон неговите желби со давање награда, за потоа да нагласи дека „редовните награди го прават примателот на истите зависен од снабдувачот и се предмет на неговата моќ“ (Blau, 1964:115-116).

Дејвид А. Балдвин, врз основа на тоа извлекува заклучок дека, и покрај тоа што, „односите на размена можат да се сметаат за подгрупа на односите на моќ, теоретичарите на социјалната размена немаат обезбедено задоволително објаснување за тоа како функционираат односите на моќ. Постојат некои ситуации на моќ, кои тешко може да се опишат со концептите на размена“ (Baldwin, ibid.).

## Моќта како контрола и корист - Џорџ Ц. Хоманс

Покрај Блау, значајна улога во елаборацијата на теоријата на размената има и Џорџ Ц. Хоманс. Кај Хоманс, зборот "моќ" речиси не се споменува во оригиналното издание на неговата значајна студија за социјалната размена „Социјалното однесување: неговите елементарни форми“ (Homans, 1974:v). Во неа, доминантна тема на Хоманс е индивидуалното однесување на чинителите во нивната меѓусебна интеракција, преку која, тој ги објаснува основните процеси на социјалното однесување, почнувајќи од базичните, дијадните односи, нагоре. Хоманс верувал

дека преку интеракцијата на поединците може да се објаснат односите во социјалните групи, за што, некои автори го обвинуваат за редукционизам (DeLamater & Ward, 2013:61-62).

Хоманс ја дефинира социјалната размена како „размена на дејствување, материјално или нематеријално, и повеќе или помалку со награди или трошоци, меѓу најмалку две лица“ (Wallace, 2009:252). Тој на трошоците гледа првенствено како на однос со алтернативни активности, или запоставени можности, од страна на чинителите. Принципите на „засилување“ во односите на интеракција произлегуваат од бихејвиористичките ставови, популарни во почетокот на шеесеттите години, користени од страна на Хоманс, за да се објасни постојаноста на односите на размената. Однесувањето е функција на исплатата, без разлика дали исплатите се обезбедени од страна на природната средина или од страна на други луѓе. Хоманс го објаснува социјалното однесување и облиците на социјалните организации, создадени преку социјалната интеракција, со покажување колку, однесувањето на А го засилува однесувањето на Б (во односот помеѓу две лица - чинителите А и Б), и како однесувањето на Б го засилува, за возврат, однесувањето на А (DeLamater & Ward, 2013:62).

За Хоманс, „моќта е само контрола и никогаш не е корист“... таа е производ на "принципот на најмал интерес" (Homans, 1974:73). Дефиницијата на Хоманс за моќта гласи: „Кога нето наградата на А - споредена, со нејзината алтернатива - во преземањето дејствие кое ќе го награди Б, е помала, барем според согледувањата на Б, тогаш нето наградата на Б во неговото преземање дејствие кое ќе го награди А, е резултат на промените во однесувањето на Б, на начин кој е од полза за А, тогаш А спроведува моќ над Б (Homans, 1974:83). За оваа, навидум доста комплицирана дефиниција на Хоманс, Валтер Л. Валас дава свое појаснување: „Смислата на оваа чудно наведена дефиниција е сосема едноставна: А го контролира Б, бидејќи Б има повеќе корист од А - како што во тоа верува самиот Б“ (Wallace, 2009:252). Валас смета дека Хоманс е сосема јасен за релацијата помеѓу користа и контролата: "тој што ќе има поголема моќ во односот со друго лице, е оној кој добива најмногу од размената, земена како целина" (Homans, 1974:83).

Во второто издание на „Социјалното однесување: неговите основни форми“, преработеното и објавено во 1974 г. (првото издание е од 1961 г.), Хоманс посветува цела глава на "моќта и авторитетот" (Homans, 1974:70-93.). За Хоманс, односите на моќ се подмножество на односите на размената. Хоманс, сепак, моќта ја дефинира пошироко од Блау, со вклучување и на позитивните и на негативните санкции, па заканите и казните, според него, можат да бидат, или заменети за награди, или со други закани и казни. Хоманс ги истакнува сличностите и разликите меѓу принудната и непринудната размена (Homans, 1974:79-81). Иако постојат недостатоци во концептот на моќта на Хоманс, според Балдвин, неговиот поширок концепт на моќта е обид за интегрирање на концептите на моќта и на размената, па може тој напор да се смета како еден чекор кон синтеза на тие два концепти (Baldwin, 1978:1231).

Во книгата „Човечката група“ (2009), Хоманс дава поголем простор на значењето на поимот - авторитетот, од поимот на моќта, поврзувајќи го авторитетот со давање на наредба. „Но, што е авторитетот? - прашува на едно место Хоманс и ја дава следната дефиниција - Ако една наредба која е издадена од страна на лидерот над член на неговата група и ако таа е прифатена од страна на членот... за таа наредба се вели дека има авторитет. Оваа дефиниција значи дека авторитетот на една наредба секогаш се потпира на волјата на лицата на кои таа се однесува, за да и се покоруваат. Авторитетот, како и контролата, е секогаш прашање на индивидуална одлука“ (Homans, 2009:408).

За една наредбата да има авторитет, лицето на кое таа се однесува мора неа да ја почитува, а го прави тоа, поради корист, не заради принуда. Накратко, авторитетот значи послушност, која е доброволна, според Томас Ј. Фераро. Хоманс, го појаснува тоа со примерот на новиот воен старешина, кога им дава наредби на војниците. Тие првично ги почитуваат, поради заканата од казна за непочитување, но ако нивната послушност ним им носи корист, тоа го менува односот: наредбите сега се почитуваат, бидејќи тие водат кон корист (Fararo, 2001:236).

## Моќта како медиум за размена - Дејвид А. Балдвин

Делот за значењето на теоријата за размена за политичката моќ, ќе го заокружиме со неколку согледувања на Дејвид А. Балдвин, кој особено се интересирал за релациите помеѓу моќта и парите, како медиум во теоријата на размената. Во својата статија „Моќта и социјалната размена" (цитирана погоре) ги испитува базичните концепти во општествени науки: "моќта" и "социјалната размена", како и можноста за нивно интегрирање (Baldwin, 1978:1230).

Самиот Балдвин, „ја дефинира моќта како капацитет да се натера некој друг да го направи она што тој, или таа, инаку не би го направил (премногу слична дефиниција со таа на Роберт Дал - н.з.). Овој ефект не е ограничен само на емпириските промени во однесувањето, туку се однесува и на ставовите, верувањата или склоноста да се дејствува. Балдвин ја ограничува употребата на моќта со три причини: веќе споменатиот проблем на можноста за пренамена, релациониот карактер на моќта, и неизбежниот контрафактички карактер на анализата на моќта. Концепцијата на Балдвин е обликувана од неговото релационо разбирање на моќта, која „произлегува не (само) од корисноста, поврзана со ресурсите, туку постои, преку вистинските вредносни системи на човечките суштества, во нивните односи едни со други" (Guzzini, 2013:54).

Балдвин, наоѓа елементи на размена и во дефиницијата за моќта на Роберт Дал, во смисла на остварувањето на А да го натера Б да направат нешто што инаку не би го направил. Бидејќи овде станува збор за обид за влијание, Балдвин смета дека, доколку обидот за влијание успее, тогаш се случила размена, па според тоа, односите на размена се едноставно подмножества на односите на моќта (Baldwin, ibid.).

"Економската размена, според Балдвин, не се разликува многу од социјалната размена освен во паричната економија, бидејќи се врши преку медиумите за размена. Концептуално е можно и емпириски веројатно, во неекономската размена, да нема медиум кој носи таква значајна сличност со парите, но најверојатно, таков би можело да биде пронајден", смета Балдвин (Baldwin, 1978:1234).

Најважната пречка за анализирање на моќ во однос на размената, според Балдвин, е концептот на моќта како асиметрични човечки односи. Економијата е базирана на размената и симетријата, а политиката, е базирани на моќта и асиметријата, па на тој начин произлегува дека тие се фундаментално различни категории на социјалната интеракција. Таквата разлика ги обесхрабрува обидите да се синтетизираат анализата за моќ и анализата за размената (Baldwin, ibid.).

Врз основа на сето погоре споменато од Балдвин, би можело да се заклучи дека: „Концептот на моќта може да биде повеќе од корист во истражувањето на социјалните односи, од гледна точка на еден чинител, ...а концептот на размената може да биде покорисен кога некој сака да ја истакне интерактивната или реципрочната природа на односот. Така, во зависност од нечија аналитичка цел, релативната пожелност на нагласувањето на моќта или размената можат да варираат" (Baldwin, 1978:1239).

# 4. СОВРЕМЕНИ ТЕОРИСКИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА МОЌТА

## 4.1. Моќта како чин на реализација - Мишел Фуко

Повеќемина од теоретичарите, било социолози, било политиколози, сметаат дека денес е невозможно проучувањето на поимот или предметот на моќта, без да се разгледаат сфаќањата за моќта на Мишел Фуко. Во „Автономниот субјект", за кој пишува Фуко е видливо влијанието на феноменолошката теорија, но кај него е присутен и силен структурен елемент. Тој секогаш анализира различна општетсвена институција, движејќи се од микро-политиките на моќта до структурните макро принципи, правејќи комбинацијата на личноста и структурата, за што и се смета за пост-структуралист (Haugaard and Ryan, 2012:34).

Според Фуко, прашањето за моќта било историски попречувано бидејќи моќта се изедначувала со моќта на владетелот, односно суверенот, или/и со државата. Фуко

смета дека секое општество има свој режим на вистина, своја општа политика на вистината, т.е., видови на дискурсот кои него го прифаќаат и функционираат како вистински. Моќта според Фуко се конституира преку наметнатата вистина во знаењето, па затоа нема вистина без моќ, бидејќи моќта е вистина. Но, важно е, да се сфати дека вистината не е вон моќта. "Точно е дека вистината е од овој свет, таа е создадена благодарение на повеќебројните ограничувања и содржи задолжителни ефекти на моќта." Оттука, "не се работи за тоа вистината да се ослободи од секој систем на моќ – туку моќта и вистината да се одделени од формите на хегемонија (социјални, економски, културни) во кои сега таа функционира" (Foucault,1994:160-162).

За прашањето за моќта, кај Фуко се важни два акценти. Прво, дека суштината на природата на моќта е во нејзиниот чин, или е во процесот на нејзината реализација, па според тоа моќта не постои како именка, туку само како глагол. И второ, моќта не постои како објективно дадена големина, туку е постојано променлив однос на силите (Pavlović, 2008:8).

Самиот Фуко негира дека понудил своја теорија на моќта, тврдејќи дека моќта е таков концепт, кој прво треба да се појави, па дури тогаш да се анализира, односно дека е невозможно да се направи систематски збир на поврзани концепти моќта. Сепак, тој како рамка ја зема правно-дискурзивната моќ, онаа која потекнува од државата, а која, како и секоја друга моќ, е продуктивна. Таа, според Фуко е плуралистичка и се манифестира во безброј точки што претставува отфрлање на класичниот концепт на моќта од веберовски вид. Таквата моќ е позитивна во однос на создавањето на регулирани социјални односи, и негативна, поради тоа што има тенденција на инхибирање и рестриктивност (Foucault 1994:64-68).

Суштински придонес на Фуко е во неговото јасно разграничување на современите форми на доминација, односно оние на „моќта на дисциплинирањето и био-моќта“ кои ја надминале формата на доминација во моделот на суверенитетот, изразена преку забраната и казнувањето (Stewart, 2001:18). Моќта на дисциплинирањето ја прекрива сопствената индивидуалност на поединецот, го поврзува него со сопствениот идентитет, наметнувајќи го законот на вистината врз

него. Таа е еден вид на моќ што ги прави поединците субјекти. Тука постојат две значења на зборот *субјект*: субјект на некој друг со контрола и зависност, и поврзаност за сопствениот идентитет со совеста или самопознанието. И двете значења укажуваат на една форма на моќ која потчинува и поединецот го прави субјект (Foucault, 1982:212).

Моќта не е нешто што се стекнува, одзема или се дели, нешто што се чува или пушта да побегне. Моќта се произведува, поаѓајќи од безброј точки и во играта на нееднакви и подвижни односи (Foucault, 1994: 66-68). Таа не е нешто што може да биде поседувано, туку нешто што дејствува и се манифестира себе си на одреден начин; таа е повеќе една стратегија отколку поседување: "Моќта мора да се анализира како нешто што циркулира, или како нешто што функционира само во форма на синџир... Моќта дејствува и се остварува преку мрежно организирање... Поединците се преносници на моќта, не и нејзин клуч за примена" (Focault, 1980:98).

Една од битните карактеристики на моќта е нејзината сеприсутност која подразбира случување во секој момент и секоја точка, односно е дел на секој меѓусебен однос. „Моќта е насекаде, тоа не значи дека опфаќа се, туку дека доаѓа одсекаде“ (Foucault, 1994: 65). „Моќта доаѓа одоздола“, од социјалниот живот, каде дејствуваат односите на силите, кои се формираат и дејствуваат во релациите на производството, семејството, групите и институциите, кои се подлогата на „пообемните ефекти на расцепите, кои се одвиваат во општественото тело како целина“ (Kelly, 2013:67).

„Односите на моќ не се надворешни кон другите видови на односи (економските, спознајните, сексуалните), туку им се иманентни... Односите на моќ немаат положба на надградба со едноставна улога на забрана или обновено дозволување - таму каде што дејствуваат, тие имаат директна творечка улога“ (Pavlović, 2008:18).

„Таму каде што има моќ постои и отпор, и консеквентно, тој отпор не е никогаш во позиција на екстериторијалност, туку е содржан во односите на моќ“ (Kelly, 2013:67-68). Односите на моќ се строго релациски, во функција на мноштвото можни точки на отпор, кои се присутни насекаде во мрежата на моќта. „Во

стратешкото поле на односите на моќ постојат отпори од различни видови: можен, нужен, неверојатен, спонтан, див, осамен, усогласен, подмукол, насилен, непомирлив, подготвен да преговарање, себичен, општествен..а точките на отпор, како и моќта, се распоредени на неправилен начин: точки, јазли, жаришта на отпор расфрлани во просторот и времето, со различни степени на густина“ (Pavlović, 2008:19).

Според тоа колку и како Фуко посветил место и простор во своите дела за моќта, станува збор за мошне продлабочено третирањето на концептот на моќта, но неговите согледувања ги резимира Кели, наведувајќи што моќта не е, односно што таа е:

• не е централизирана, не составена од институции, не е форма на, или сместена во физичката сила, не субјективна и не е поделена на различни нивоа;

• е континуим меѓу војната и политиката, е релациона, е фундаментално локална, "од долу", е иманентна за сите други видови на односи, е насекаде, е во постојан проток, нестабилна, обележана со расцеп, е проткаена со итност, е интенционална и стратешка, секогаш предизвикува отпорот во себе и е двојно условена од заемните врски помеѓу различните нивоа во кои се појавува.

Овие карактеристики на моќта меѓусебно се имплицираат една со друга. Ништо тука не е контингентно. Наместо тоа, Фуко создал еден тотален, кохерентен поглед на моќта, смета Марк Кели (Kelly, 2013:69-70).

## 4.2. Моќта на комуникативното дејствување - Јирген Хабермас

Германскиот филозоф Јирген Хабермас, во обид да го концептуализира процесот на модернизацијата, ја создал неговата теорија на комуникативното дејствување, објаснувајќи ги заканите врз системската колонизација на светот на животот. Со теоријата на комуникативна дејствување, Хабермас се обидува да ја прошири во праксата индивидуалната слобода и да ја трансформира социјалната реалност на повисоки демократски принципи. Но, за да се разбере неговата

комплексна теорија на комуникативното дејствување, неопходно е да се појаснат некои од неговите основни поими.

Комуникативното дејствување, претставува јазичка интеракција на два или повеќе чинители, ориентирана кон нивно меѓусебно разбирање: Концептот на комуникативното дејствување ја развива интуицијата, дека разбирањето е својствениот телос на човековиот говор (Hendley, 2000:17). Таа ја вклучува јазичната интеракција на меѓусебното разбирање и јазичката координација на целно-насоченото дејствување на чинителите, па претставува двоен концепт. Комуникативното дејствување во конкретните ситуации се одвива преку асерторички[21], нормативни и експресивни јазични изрази (Habermas, 2003: 62).

Поимот на комуникацијата кај Хабермас има свое извориште во симболичката интеракција на Џон Херберт Мид. Преку јазикот, поединецот ги антиципира одговорите на другиот, и преку сопствената свест формулира одговор, а сето тоа се случува врз основа на познавањето на правилата на јазичката интеракција (Habermas, 2003:22). Преку социјализацијата и преку јазичката интеракција поединецот ги усвојува елементите на определен контекст и го интериоризира нормативниот поредок на општеството. Сфаќањето за социјалниот развој Хабермас го потпира и на Диркемовата перспектива, за појазичување на светото, при што за темелен принцип ја зема „принудата на подобриот аргумент“ како базична на комуникативното дејствување – па, „авторитетот на светото постепено бидува заменет со авторитетот на постигнатиот консензус“ (Habermas, 2003: 77).

Хабермасовиот модел на општеството е двостепен, бидејќи разликува две форми на интеграција, *системска* и *социјална*. Системската интеграција почива на функционалното координирање на целно-насоченото дејствување на поединеците, и како таква се дистанцира од перцепцијата на чинителот во комуникативната

[21] Асерторичките искази (поимот е според Аристотеловото значење - дека нешто е, или нешто не е) се ориентирани кон фактичкиот свет кој го опкружува говорникот; нормативните се ориентирани кон нематеријалната сфера на општествени вредности, а експресивните кон субјективниот свет на говорникот, значи ги артикулираат неговите искуства, афекти и ја оневозможуваат наметнувањето на интроспекцијата. (Marjan Ivković, HABERMASOVA KONCEPCIJA SISTEMSKE KOLONIZACIJE SVETA ŽIVOTA
Sociology (Sociologija), issue: Vol. 52/1/2010, pages:1-22, www.ceeol.com., http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0038-0318/2010/0038-03181001001I.pdf)

ситуација. Според Хабермас, остварувањето на интеграцијата на системот е пренесено од медиумот на јазикот на нејазичките медиуми на парите и моќта, кој сегмент, во суштина, станува автономен во односот на тоталитетот на репродукцијата на светот на животот, бидејќи не подлежи на нормативните барања на комуникативното дејствување (Habermas, 2003:263). Овој медиум не подлежи на императивот на остварување на јазичкиот консензус и ги опфаќа системските домени: стопанството (медиумот на парите), и политичко-административниот домен (медиумот на моќта). Тие се осамостоени домени на системската интеграција, „закотвени" во светот на животот (Habermas, 2003: 154).

За да се „справи" со, без норма водените медиуми на парите и административната моќ, Хабермас го воведува поимот и концептот на "комуникативната моќ", како клучен нормативен ресурс за поврзување, на 'комуникацијата' со 'моќта', што укажува на мешавина на нормативни ресурси во комуникативното дејствување, во „справувањето" со безличната сила на моќта (Flynn, 2004:434).

Комуникативната моќ е централен поим во демократската теорија на Хабермас, преку која треба да се реализира демократската легитимација на користењето на државната моќ во практиката. Во делото „*Меѓу фактите и нормите*"(1996), Хабермас ја образложува својата теорија на дискурсот и комуникативната рационалност во однос на правната и демократската теорија, и развива еден модел на демократија, во кој, преку т.н. *промислувачка политика* (deliberative politics) настојува да ги облагороди процедуралните процеси на постоечкиот демократски легитимитет.

За *промислувачката демократија* (deliberative democracy) главен предизвик е како да се обезбеди отчет за реалностите на парите и моќта во рамките на политичкиот систем, кои го нарушуваат светот на животот на граѓаните и ја потиснуваат комуникативната моќ на јавната сфера на цивилното општество. Токму тука се посочува и на значењето на два дополнителни поими: јавната сфера и комуникативната моќ, преку кои треба да биде реализиран консензусот на теоријата на комуникативното дејствување.

Хабермас во својот труд „*Структурната трансформација на јавната сфера*" (1989) ги нарекува "јавни", настаните и околностите кога тие се отворени за сите, за разлика од затворените, или ексклузивни активности" (Habermas, 1989:1) и на неколку места во овој труд наведува елементи кои ја карактеризираат јавната сфера, кои би можеле да се сублимираат во следново: во јавната сфера се формира јавното мислење; до неа имаат пристап сите граѓани, конферирањето е неограничено од аспект на слободата на здружување, слободата на изразување и објавување на мислењата за прашања кои се од општ интерес, за што постои слобода од економска и политичка контрола; дебатите се однесуваат на општите правила со кои се регулираат односите во општеството (Habermas, 1989: 27,136).

Јавната сфера за која станува збор овде е неформалната јавна сфера, која дејствува како 'контекст на откривањето', каде проблемите се актуелизираат преку јавна дебата и аргументација, во трагањето по подобри решенија. Со тоа голем дел од нормативниот товар паѓа на квалитетот на комуникацијата во рамките на јавната сфера и на интеракцијата помеѓу неа и официјалниот политички систем. Неформалната јавна сфера е ангажирана со изработка на нормативни аргументи потребни за рационален третман на политичките прашања (Flynn, 2004:440).

„За да бидеме сигурни, со концептот на комуникативната моќ, ние ќе се задржиме само на појавата на политичката моќ, а не и на административната употреба на веќе конституираната моќ, што е, процес на остварување на моќта", посочува Хабермас и нагласува дека „Комуникативно произведената моќ е ограничен ресурс, за која организациите се натпреваруваат официјално да го менаџираат, но која никој од нив не може да ја произведе" (Habermas, 1996:149).

Иако Хабермас тврди дека „целата политичка моќ произлегува од комуникативната моќ на граѓаните" (Habermas,1996:170), тој прави дистинкција помеѓу комуникативно *генерираната* моќ и административно *применетата* моќ. Тој смета дека административната моќ е скроена за ефикасно спроведување на законот, и затоа предлага, административната, да се разликува од комуникативната моќ, а на самиот закон гледа како на медиум за преведување на комуникативната моќ во административна моќ.

„Трансформацијата на комуникативната моќ во административна има карактер на *омоќнување* во рамките на законските овластувања. Тогаш ние можеме да ја интерпретираме идејата на уставната држава, општо, како барање на административниот систем, кој е управуван преку кодот на моќта, за да биде поврзан со законотворната комуникативна моќ и да се чува подалеку од нелегитимни интервенции на социјалната моќ (т.е. на фактичката сила на привилегираните интереси кои ќе се наметнат)“ (Habermas, 1996:150).

Хабермас смета дека остварувањето на државната власт преку административната моќ е легитимна, само ако е врзана за дискурзивно генерираната комуникативна моќ, во која законот е тој, кој комуникативната моќ ја трансформира во административна моќ. Но, за тоа да се случи "една комуникативна моќ од овој вид може да се развие само во недеформирани јавни сфери; таа може да произлезе само од структурите на неоштетените интерсубјективности, најдени во непопречената комуникација“ (Habermas,1996:148).

Со цел да се види, дали и како е тоа можно, Хабермас започнува со примена на теоријата на дискурсот врз политиката. Дискурсот, или идејата на неограничената аргументација, е комбиниран со чинот на постигнување на взаемно разбирање, во процесот на кристализирање на нормите на комуникативното дејствување. „Валидни се само тие норми на акцијата за кои сите можни погодени лица можат да се согласат како учесници во рационалните дискурси“ (Habermas,1996:107). Според Хабермас, кога ќе се примени врз одреден закон, принципот на дискурсот прераснува во принцип на демократијата: „Само тие закони можат да бараат легитимитет, што ја добиле согласноста (*Zustimmung*) на сите граѓани во еден дискурзивен процес на законска регулатива, кој за возврат е законски конституиран“ (Habermas,1996:110).

Тука би го додале и мислењето на Патрик О’Махони дека: "Концептот на комуникативната моќ на Хабермас, како еден израз на политичка автономија на граѓаните, е наведен првпат, и со тоа е трасирано неговото значење, како коректив на тесно стратешките и конфликтните сфаќања на моќта, кои доминираат во општествените науки“ (O’Mahony, 2010:53).

### 4.3. Моќта како диспозиција - Питер Морис

Питер Морис е еден од авторите, кои би можеле да се вбројат во групата која во своето поимање на моќта вклучува карактеристики и на консенсуалната, но и на конфликтната нишка на моќта. Во делото „Моќта: една филозофска анализа“ (2002), Морис, меѓу другото, прави и детална анализа на граматичкото значење на поимот моќ, укажувајќи на тоа дека моќта не е глагол, туку е само именка. Бидејќи „глаголите опишуваат случувања, активности, настани, појави и слично; а "моќта" не е глагол, таа има сосема различна логичка категорија. Морис, исто така, настојува детално да ја појасни разликата меѓу поимите "моќ" и „влијание", бидејќи, некои теоретичари ги сметаат за синоними и прават грешка кога моќта ја сведуваат на влијание. „Моќта" не подразбира ни најмалку влијаење, иако моќта е *влијание*.“ [22] - тврди Морис.

Моќта, појаснува Морис, е многу поинаква идеја од *влијаењето*, бидејќи се занимава со *реализирање*, што е „разликата во глаголите: "влијае" и „постигнува". Можете да влијаете на нешто, значи дека можете да го промените тој шаблон на некој начин; но, можете и да постигнете нешто, но нешто, ќе значи нешто, само ако тоа може да се оствари. Затоа Морис "моќта" ја дефинира како способност за постигнување на нешто (Morriss, 2002:30), односно како капацитет за спроведување на некое дејствије. Овде нагласокот е на остварувањето на некои резултати. Оттука,

---

[22] "Моќта" доаѓа од латинскиот збор potere, што значи "да се биде во можност"... Поимот „моќ“ како именка, означува: 1. Способност да се направи, или да има ефект на нешто, или да се постапи кон лице или нешто; 2. Способност да се дејствува или да се влијае силно на нешто; физичка или ментална сила; моќ; снага, енергија; сила на карактерот; искажува сила, ефект...; 3. Активна сопственост; капацитет за производство на некој ефект; 4. Поседување на контрола или команда врз другите; доминион, владеење; влада, доминација, влијание, команда; контрола, авторитет... често проследена врз. b. Авторитет даден или извршен; оттука, понекогаш, слобода или дозвола за дејствување. c. Лична или општествена надмоќ, влијание. d. Политичка надмоќ или влијание на владата на една земја или држава. 5. Правна способност, капацитет, или овластување да дејствува; посебно делегирана надлежност: овластување, комисија, оспособеност; конкретно правно овластување дадено на лице или лица со одреден капацитет. 6. Еден кој, или она што е во посед на, или спроведува моќ, влијание или влада; влијателен или владејачко лице, тело или нешто; во почетокот на користењето, некој со авторитет, владетел, гувернер. b. Во подоцнежната употреба, држава или нација, сметана од аспект на нејзиниот меѓународен авторитет или влијание (Morris, 2002:10).

овој диспозиционен став не ја врзува моќта со ресурсите, ниту пак ја врзува со причинско-последично објаснување на општествените резултати (Dowding, 2011:565).

Покрај дистинкцијата на поимот моќ со поимот влијание, Морис оди чекор понатаму во дефинирањето на поимот моќ, со разликување на две подзначења на поимот и тоа: моќта - како способност и моќта - како можност. Морис ова го прави за дополнително да ја појасни диспозиционата природа на концептот на моќта, па го воведува зборот „ableness", речиси неискористен поим во современиот англиски јазик, што претставува именка од глаголската сложенака - **„е во можност"** (ние понатаму ќе го употребуваме поимот „ableness" со преведениот поим: „можност" - н.з.).

**Моќта како способност** (понатаму ќе го користиме само поимот – способност – н.з.) е квалитетот на еден чинител, што го прави него способен да прави нешто. Способноста може да се сведе на ресурсите што му се ставени на располагање на чинителот. Значи, способноста е капацитет за правење на нешто, под одредени хипотетички услови.

Често кога се зборува за моќта на една личност, тоа едноставно се однесува на она што таа личност може да го прави, или има способност да го направи, па способностите се капацитети, или диспозиции, кои постојат во текот на еден подолг период и можат да останат неспроведувани за подолго, или дури и за целото време на постоењето.[23]

Способностите, исто така, се стекнуваат и се губат.[24] Мора да се посочи дека губењето на способноста е многу различно од тоа, способноста да не се спроведува. Кога зборуваме за моќта како способност, важно е кои способности ги поседува чинителот, а не кои способности ги спроведува тој (Dowding, 2011:1).

---

[23] Така, (веројатно) вие имате способност да читате на англиски јазик. Ако сте планирале да ја поминете следната година, вршејќи антрополошка теренска работа најдлабоко во Борнео, вие не би можеле да ја остварите ова способност (бидејќи не постои таму ништо на англиски јазик за да го прочитате), но сепак вие ќе ја задржите својата способност за читање на англискиот јазик (Dowding, 2011:1).

[24] Кога сте биле на 3 месечна возраст, немавте способност да читате на англиски јазик; таа способност подоцна сте ја стекнале. Спротивно на тоа, откако сте поминале 30 години со тоа племе во Борнео, можеби и сте ја изгубиле способноста за читање на англиски јазик (Dowding, 2011:1).

„Моќта како можност“, според Морис, е позицијата во која некој се наоѓа себе си, и во случај на потреба... може да вклучи различни опции. Можноста е капацитет што некој го има, и тој капацитет реално се ефектуира, кога ќе се појават услови за тоа (Haugaard & Clegg, 2009:48). Морис го вовел овој поим за да ја опише рафинираноста на проценката за способноста на моќта. Идејата е дека постои двосмисленост во тоа како ние нормално зборуваме за способностите. Способностите можат да се однесуваат на она што вие можете да го направите, во принцип: можете, да речеме, да читате на англиски јазик. Но, ние често сме заинтересирани, не толку за *генеричките* способности, туку за тоа што можеме да го направиме сега. Или поопшто земено, ние често сме заинтересирани за утврдување на нечии способности во одредено специфично време, *t*. Она што може да се направи во времето *t* ќе зависи од конкретните околности кои постојат во *t*. Значи, иако сте во можност (генерички) да читате на англиски, нема да бидете во можност да го сторите тоа во времето *t*, ако во тоа време, вие ги немате вашите очила за читање со вас, па не сте во можност да прочитате ништо (Dowding, 2011:2)[25].

За да ја означи разликата меѓу способноста и можноста[26], Морис го користи зборот *способност* во генеричката смисла на моќта, а заборот *можност,* во временски-специфична смисла на моќта. Она на што се темели разликата не е дали времето е определено: сиромашните *никогаш* не можат да си дозволат себе си шампањ. Она на што разликата се темели е дека *способностите* се воспоставени во однос на еден сет на *хипотетички*, стандардизирани позадински услови, додека

[25] Ако, во времето кога ги немате очилата, еден истражувач, кој спроведува истражување за вашата писменост ве праша за вашата *способност* за читање, и ако побара да му прочитате нешто токму тогаш, значи дека истражувачот ја бара вашата *можност* за читање. Без вашите очила, вие имате способност да читате, но немаат можност за тоа (Morris, 2002:82).

[26] Постои една суптилна разлика во значењето помеѓу двата збора, опфатени во дефинициите за нив во Оксфордскиот англиски речник. Релевантни делови се (акцентот и во двата случаи, е на Морис):
**Способност:** Квалитетот *на еден агент* кој ја прави една акција можна; соодветна или доволна моќ (генерално); факултативност, капацитет (да направи или да прави нешто).
**Можност:** Имање квалификации за, и средства за, правење на нешто: да се има доволно моќ (од кој било потребен вид); *во таква позиција* дека нештото е можно за некој; квалификуван, стручен, способен.
(јас ги користам овие поими во квази-техничка смисла). Јас ќе го воскреснам застарениот збор "ableness" како именската форма на "во можност", и ќе направам разлика помеѓу него и "способност" (Morris, 2002:81) .

*можноста* се однесува на еден сет на *актуелно постоечки* позадински услови (Morris, 2002:83).

Или како сумирање на разликата на подпоимите, може да се каже дека способноста, плус условите, е (приближно) на она што според Морис се означува со „можност“.

Морис признава дека она што вообичаено се подразбира под социјална и политичка моќ е специјалната форма на "можност", бидејќи истражувањето на моќта во општеството се занимава со способностите кои луѓето ги поседуваат во одредено време и место, односно, со моменталната распределба на ресурсите и можностите. Според оваа интерпретација, моќта не се состои во определен социјален однос, како што тоа го потенцираат, да речеме Вебер, Дал и други автори. Оваа точка кај Морис е расчистена уште во неговиот обид да се направи разлика помеѓу концептот на моќта и *влијанието*. Притоа, тој се фокусира на две можни значења на моќта, оние кои се опфатени од страна на концептите за *влијаење (affecting)* и *реализирање (effecting)*. Додека влијаењето се состои во имање ефект врз нешто, реализирањето подразбира да се оствари нешто. Според Морис, моќта не е неопходно однос за влијаење на другите луѓе; влијаењето ја покрива само семантичката област на концептот на влијание. Наместо тоа, значењето на моќта се занимава со реализирање: моќта се состои во способноста да се произведат одредени резултати. Концептот на влијание е тој што укажува на социјален однос, додека моќта подразбира само причинско-последични односи со одредени резултати (Morris, 2002:29-30).

За Морис, тогаш, моќта е - ***моќ кон***, бидејќи употребата на изразот ***моќ над*** не е честа појава во секојдневниот јазик: ние нормално, се прашуваме кои видови на моќ ги имаат луѓето и што тие имаат моќ да направат; ние многу ретко се прашувам над кои луѓе тие имаат моќ. Во исто време, кога велиме дека "А има моќ над Б", тоа обично значи дека А има моќ да го натера Б да направи повеќе важни работи, а не само една работа или неколку безначајни нешта. Во оваа последна смисла, односот опишан од страна на концептот на *моќ над* паѓа на идејата "да се биде во нечија моќ" (Morris, 2002:39).

Овде би можеле да посочиме дека Питер Морис е еден од најважните современи теоретичари на моќта, кој ги поставува стандардите на внимателен аналитички преглед на концептот на моќта, и дека во својот пристап брани две важни идеи: првата, додека *моќта над* и *моќта кон* се и двете валидни и важни концепции на моќта, и дека *моќта* е таа што е од фундаментално значење, иако времето за кое ние сме заинтересирани кога вршиме социјални истражувања е тоа на постоењето на *моќта над*. Сепак, *моќта над* зависи од нејзиното значење базирано врз логичкиот пред-концепт на *моќта кон*. Логички однос, кој во главните аналитички пристапи за моќта, сега, е во голема мерка прифатен (Dowding, 2011:427).

### 4.4. Моќта во теоријата на структурацијата - Ентони Гиденс

Социјалната теорија на Ентони Гиденс е изложена во повеќе негови дела, но подетално теориското образложение за општеството, неговата „теоријата на структурацијата" и социјалната моќ, тој дава во „Главни проблеми на социолошката теорија" (1979) и во „Конституирањето на општеството" (1984). Во својата социјална теорија, која ја нарекува „теорија на структурацијата" тој дава дијалектичка перцепција на структурата, според која, структурата е медиум преку кој е овозможено дејствувањето на чинителството и репродукцијата на социјалната практика.

Социјалната практика, втемелена во просторот и во времето, за Гиденс е основното врзивно ткиво помеѓу чинителствота и структурата. Социјалната практика се одвива во социјалното опкружување, медиум во кој се конституираат активностите на членовите на општеството, чинителите. „Рефлексивниот момент на вниманието е вклучен во конституирањето на "едно" дејствие или 'еден акт' за веметраењето кое е доживеано низ искуството, што претставува „ден-за-ден" активност на човечките субјекти" (Giddens, 1979:55).

Гиденс го користи поимот *чинителство*, подразбирајќи го под него општиот капацитет на поединците да учествуваат во социјалните активности: 'Акцијата' или чинителствота, според Гидеинс, е вклучување на 'еден поток на актуелни или промислени причинско-последични интервенции на телесните битија во тековниот

процес на настаните во светот' (Giddens, 1979:55). Покрај самата дефиниција, Гиденс дава и определени објаснувања дека, идејата за дејствувањето се повикува на активностите на еден чинител, и не може да се испитува одделено од една поширока теорија на себе-чинителство (Giddens, 1979:55). Неопходна карактеристика на дејствувањето, во било која точка во времето, е, чинителот 'да може да се однесува поинаку': или позитивно во однос на интервенцијата во процесот на 'настани во светот', или негативно, со воздржаност. Но, дејствијата не можат да бидат целосно разјаснети надвор од контекстот на историски лоцираните модели на дејствување. (Giddens, 1979:56).

Во докажувањето на акивната улога и чинителствота, Гиденс централно значење придава на свеста, која е поврзана со конфигурација на индивидуалните дејствувања. Гиденс разликува три видови на свеста на чинителот: *дискурзивна свест, практична свест* и *подсвест* (Dowding, 2011:643). Постои посебна релација на флуидност помеѓу практичната и дискурзивната свест. Во дискурзивната свест, која е најексплицитна, чинителите знаат што прават и можат да ги артикулираат причините за нивното однесување. Практичната свест, е нивото во кое чинителите знаат како да се однесуваат, па социјалниот живот е регулиран токму со практичната свест, која има клучно место во теорија на структурацијата. Кај подсвеста, што е концепциски позајмено од психоанализата, станува збор за дел кој не е веднаш достапен за чинителот и често се појавува во свеста на дисторзиран начин (Dowding, 2011: 643).

Ограничувачкото или овозможувачкото влијание на структурата е можно поради тоа што таа се произведува и се репродуцира во социјалните интеракции на чинителите. Силата на социјалнатата структура е вградена во самите социјални практики. Всушност може да се смета дека социјалнатата структура е виртуелната реалност која постои во трагите на меморијата на поединците, кои се повторливо инстанцирани во социјалните практики (Giddens, 1979:54-55).

Гиденс прави дистинкција помеѓу *социјалниот систем* и *социјалната структура*. Поимот *социјален систем* се однесува на моделирањето на социјалните односи низ просторот и во времето. *Социјалната структура* пак, опфаќа збир на

правила и ресурси кои се рекурзивни (обновливи) и се репродуцираат во социјалните системи. Според Гиденс, правилата се *генерализирачки постапки* за социјалните интеракции, со чија помош е овозможена репродукцијата на социјалните практики. Правилата поседуваат форма, и тие овозможуваат чинителите да дејствуваат дури и кога тие не се во можност да ги артикулираат јасно овие правила. Без ресурси, самите правила не се ефикасни. Гиденс разликува распределувачки (allocative) ресури кои произлегуваат, од моќта на човекот над природата и авторитативни (authoritative) ресурси, кои произлегуваат од доминацијата, која чинителитете ја остваруваат еден врз друг.

Посебно внимание Гиденс посветува на **структурацијата**, која е директно поврзана со сфаќањето на човековото чинителство (Giddens, 1979:61). „Концептот на структурацијата кој би сакал да го развијам, нагласува Гиденс, почива на правењето разлика помеѓу структурата и системот (под претпоставка дека тие треба да бидат тесно поврзани); што, исто така, вклучува разбирање на секој од овие поими, на поинаков начин од нивната карактеристична примена и кај структурализмот и кај функционализмот. Сакам да укажам на тоа дека структурата, системот и структурацијата, соодветно конципирани, сите се потребни поими во социјалната теорија“ (Giddens, 1979:62).

Теоријата на структурација започнува од концептите на производството и репродукцијата на општеството. Социјалната интеракција се смета дека постои насекаде и во сите околности како еден контингент на остварување на чинителите: и како искуствено производство, кое се одржува според условите на рефлексивната рационализација на дејствувањето. Теоријата на структурација ја третира репродукцијата на системите на интеракција во услови на *двојност на структурата*[27], при што структурното генерирање на интеракцијата е, исто така, медиум на репродукцијата. Оваа ја крши целосно апстрактната дихотомија на

[27] Двојноста на структурата е една кованица на Ентони Гиденс како главна претпоставка во неговото објаснување на теоријата на структурација. Основата на двојноста лежи во односот кој агенцијата го има со структурата. "Со двојноста на структурата јас мислам дека структурните особини на општествените системи се и медиум и исход од практиките кои ги конституираат овие системи." (Giddens, 1979:69).

"статиката" и "динамиката", или на "функционалното" наспроти "историското" објаснување, кое беше типично за функционализамот. (Giddens, 1979:123)

Основна карактеристика на целата социјална интеракција е моќта, бидејќи репродукцијата секогаш подразбира употреба на (генерализирани) ресурси кои чинителите ги носат во секое социјално среќавање. Интегрирањето на социјалните системи е секогаш круцијално поврзано со дистрибуцијата на моќта во нив (Giddens, 1979:124). Главна улога во тоа имаат авторитативните ресурси, кои, преку контролата на социјалните активности - го зголемуваат капацитетот на човечките суштества да произведат социјална моќ (Dowding, 2011:644).

Кај Гиденс посебно внимание привлекува врската меѓу социјалните дејствувања и моќта, бидејќи моќта - колку и да е "средство да овозможи да се направат работите" - таа се подразбира во било кое социјално дејствување. Која е природата на логичката врска помеѓу дејствувањето и моќта, се прашува Гиденс и посочува дека за „да се биде во можност да се "дејствува поинаку", значи да се биде во можност да се интервенира во светот, или да се воздржи од таква интервенција. Ова претпоставува, дека, за да се биде еден чинител треба да се биде во можност да се распоредат (хронолошки, во текот на секојдневниот живот) извесен број на причинско-последична моќи. Дејствието зависи од способноста на поединецот да "направи разлика" на една претходно-постоечка состојба на работите или на текот на настаните. Еден чинител престанува да биде тоа што е, ако тој или таа, ја загуби способноста да "направи разлика", односно, да спроведе некој вид на моќ (Giddens, 1984:14). Гиденс верува дека токму овој став за моќта успешно го избегнува проблемот на разликата: субјект-објект.

Во теоријата на Гиденс ресурсите како материјални и нематеријалните медиуми, кои ја произведуваат моќта, имаат централно место, иако самата моќ не е ресурс. Ресурсите се медиуми преку кои се остварува моќта, како рутински елемент на прилагодување на однесувањето во општествената репродукција. Моќта, во рамките на социјалните системи кои уживаат континуитет со текот на времето и низ просторот, претпоставува регулирани односи на автономија и зависност помеѓу чинителите или колективитетите, во контекст на социјлната интеракција. Но, сите

форми на зависност нудат некои ресурси, при што, и оние кои се подредени можат да влијаат на активностите на нивните претпоставени. Оттаму, според Гиденс, моќта не е сопственост концентрирана само во рацете на доминантните групи. „Тоа е она што јас го нарекувам *дијалектика на контролата* во социјалните системи", посочува Гиденс (Giddens, 1984:16).

Интересно е што Гиденс, слично на Маркс, верува дека целта на општествената теорија не е само да се протолкува социјалниот свет, туку таа, исто така треба да биде инструмент за продолжување на трансформативниот капацитет на поединците, а бидејќи тие се носители на практиката, тоа би подразбирало и промени во трансформативниот капацитет на општеството.

### 4.5. Социјалната моќ и системската среќа - Кит Даудинг

Кит Даудинг е уредник, а во добар дел и автор на „Енциклопедијата на моќта"[28]. Неговиот научен опус го карактеризираат два клучни придонеси за разбирање на социјалната и политичката моќ: првиот, се однесува на важноста на проблемот на колективното дејствување за разбирање на моќта и вториот, взаемната поврзаност на чинителствота и структурата, при што е специфично неговото гледање на концептот на "системската среќа" (Dowding, 1996:x).

Даудинг посветува посебно внимание на чинителствота и структурата, со намера да дообјасни некои интерпретации на односите на моќ, затоа што, според него, една од најкрупните поделби во сфаќањата за социјалната и политичката моќ произлегува од тоа дали моќта дејствува преку чинителите, или преку структурата. Според него постои и поделба според која чинителите се делат според односот кон располагањето со моќта, од што произлегуваат и различни дефиниции за самата структура, што исто така влијае врз природата на располагањето со моќта (Dowding, 2008:21).

Да се биде плуралист во сфаќањето на концептот на моќта не значи да се прифати дека сите дефиниции се еднакво валидни, смета Даудинг, па се обидува да

---

[28] Encyclopedia of Power, edited by Keith Dowding, 2011, SAGE Publication Inc., Thousand Oaks, California

креира свој концепт, кој ќе биде „не-нормативен, за да овозможи појасно да излезе на виделина, моралното или политичкото несогласување кое постои помеѓу концептите“ (Dowding, 2008:119).

Дека моќта е спорен концепт за Даудинг нема сомнеж. „Некои неа ја гледаат како својство на чинителите, без разлика дали овие чинители се поединци или колективни субјекти, како што се фирмите, владите или политички партии (Simon 1953, Dahl 1957, Weber 1978, Dowding 1991, Morriss 2002). Други, пак, инсистираат на тоа дека моќта е својство на системите или структурите (Foucault 1980, Ward 1987, Clegg 1989, Hindness 1989). Некои тврдат дека моќта е сеприсутна и нејасна и дека не може да се мери (Lures 2005); други, дека таа може да се измери (Dowding 1991). Некои ја гледаат моќта како нужно конфликтна: дека, таа секогаш вклучува судир на интереси или планови, и она што еден го добива, дека друг го губи (Dahl 1957, Weber 1978, Mann 1986, 1993, Lakes 2005), со други зборови, игрите на моќта секогаш се нулта-сума. Други веруваат дека моќта е консенсуална: дека, социјалната моќ подразбира луѓе кои дејствуваат заедно за да ги постигнат целите, кои не можат да ги постигнат сами, а со тоа се зголемува нивната колективна моќ (Parsons 1963, Arendt 1972, 2004, Barnes 1988), со други зборови, игрите на моќта се позитивна сума. Други користат дефиниции на моќта кои ги опфаќаат конфликтните и консенсуалните елементи (Foucault 1980, Giddens 1984, Clegg 1989, Dowding 1991, 1996, Haugaard 1997, Morriss 2002). Поврзано со поделбата: конфликт наспроти консензус, е тоа дали моќта треба да се дефинира во однос на "моќта над", каде што "вистинското" значењето на моќта, е моќта на еден чинител, во однос на друг (или на системот над чинителите); или дали основната особина е „моќта кон“ (Dowding, 2012:119), која ги подразбира способностите на актерот да оствари одредени резултати.

Од погорната класификација јасно произлегува дека Даудинг моќта ја гледа како својство на чинителите, дека таа може да се измери, и дека моќта опфаќа и конфликтни, но и консенсуални елементи истовремено.

Даудинг подразбира двојно значење на поимот моќ, односно тој разликува: „социјалната моќ“, која може да се дефинира како способност да се постигнат саканите резултати со *намерното* дејство на имателот на моќта, кое има за *цел да ја*

*поттикне на промени структурата на субјектот на моќта* (Dowding, 1996:5). Затоа, според Даудинг, „социјалната моќ скогаш зависи од коалицијата на взаемни или сродни интереси“ (Dowding 1996:53).

Другата форма на моќ, која Даудинг ја посочува е „исходната моќ“ („outcome power“), што може да се дефинира како способност да се постигнат саканите резултати (Dowding, 1996:5). Кога актерот ја извршува исходната моќ, поттикнатата структура на другиот актер би можела да биде повлијаена, но во овој случај, *овој резултат нема да биде намерно избран*.

Социјалната и исходната моќ, според Даудинг, се две можни форми кои се најлесно видливи кај политичката моќ. Првата, социјалната моќ, се состои од *однос помеѓу чинителите*, додека втората, нема потреба да вклучува повеќе од еден чинител: па, исходната моќ станува политичка моќ само во случајот во кој нејзиното спроведување произведува несакани ефекти, кои се во конфликт со другите интереси на чинителот (Dowding, 2011:207).

Разликата меѓу социјалната и исходната моќ може да делува чудно, бидејќи социјалната моќ е всушност една форма на исходната моќ. Карактеристично е што и двата видови на моќ вклучуваат способност да се добие она што некој го сака, а социјалната моќ е само еден одреден начин за да се постигне тоа. Всушност, не постои јасна онтолошка разлика за двата концепти, но разликата се уште е една корисна аналитичка алатка за проучување на моќта во општеството, смета Кенеди Стјуарт[29] (Dowding, 2011:616).

На друг начин протолкувано, некои автори сметаат дека социјалната моќ, како што е дефинирана од Даудинг, може да се опише како *моќ над,* а исходната моќ, како *моќ кон*. Исходната моќ за него е базично толкување на моќта, бидејќи за да се има *моќ над* некого, тоа мора да вклучува и некои видови на дејствија на *моќта над (исходната моќ)*. Сепак, според Даудинг *моќта кон* и *моќта над* треба да се толкуваат како два аналитички различни делови на единствената - општа дефиниција на моќта (Dowding, 1991:48).

[29] Текстот за Даудинг во „Енциклопедијата за моќта“ е напишан од авторот Кенеди Стјуарт (Stewart Kennedy, “Persistent Losing” and Electoral Fairness in Four World, 2003)

Памела Пансарди е на мислење дека за Даудинг и социјалната и исходната моќ се поврзани со производството на одредени ефекти (Pansardi, 2010:19-20). Првата мора да вклучува социјален однос меѓу два или повеќе чинители, зашто ако би имало само еден чинител, ќе нема кој да спроведува моќ над некој друг. Од друга страна, пак, исходната моќ се однесува, на способноста на едно изолирано лице, на пример, на пуст остров да собира кокос, значи, тој има моќ да ги собира кокосите (Dowding, 2011:616).

Покрај дефинирањето на моќта, Даудинг во своите трудови посебно внимание посветува на проблемот на *колективното дејствување*. Според Даудинг, колективното дејствување е во срцето на сите аспекти на структурата на моќта, бидејќи ја генерира и распределува моќта меѓу различните социјални групи, во зависност од ресурсите со кои располагаат и условите во кои тие дејствуваат. Групите имаат "диференцијални способности да се мобилизираат, врз основа на својствата на групата, а не врз основа на спротивставувањето на другите групи." Даудинг тоа го поврзува со односот кон потребата на групата - побарувачката и понудата, од кои зависи ефективноста на колективното дејствување. Проблемите на колективното дејствување покажуваат дека една група на чинители може да изгледаат немоќна, дури и ако не постои друга група на чинители, што дејствува против нив. (Dowding 1996:31,32,41).

Кит Даудинг посебно место во своите трудови посветува на „системската среќа". Тој го проширува концептот на "среќа" на Брајан Бери (1973) „да се добие она што се сака без да се обидува" со својот став дека некои групи на луѓе имаат „системска среќа", со тоа што тие стекнуваат некаква предност, поради начинот на кој општеството е структурирано (Dowding, 1996:28). Тие луѓе, според Даудинг, не се моќни во смисла да имаат посебни ресурси, кои би можеле да ги користат во однос на други групи, туку нивната „системска среќа" е во тоа што тие имаат можност или тенденција, да го добијат она што тие го сакаат, без да прават нешто. Алтернативно на тоа, пак, други групи се системски несреќни (Dowding 1991:154). Овој аргумент предизвикал големи контроверзии и критики, вклучувајќи ги и критиките на Бери, Лукс, Морис и други автори.

„Системската среќа", според Даудинг, не е случајно распределена, туку таа е често врзана со локацијата на лицето во социјалната структура, или во "системот" во кој лицето е позиционирано. Ваквиот пристап Даудинг го промовираше во трудот „Рационалниот избор и политичката моќ" (1991), а потоа и во трудот „Моќ" (1996). Даудинг објаснува дека, иако со системската среќа поединците би можеле да имаат пристап до ресурсите кои нив ги прават моќни, тие често го сакаат она што тие го добиле (спротивно од тоа да го добијат она што тие го сакаат), бидејќи нивните интереси, неконтингентно се совпаѓаат со тие на креаторите на политиката (Dowding 1996:16, 45,71, 79-82).

Даудинг ги применил овие поими во традиционалните дебати на *урбаната теорија*, тврдејќи дека коалициите на растот и режимската теорија можат да бидат просветлени од идејата за системската среќа. Може да се каже дека, оваа идеја е многу блиску до идејата на Кларенс Стоун (1980) за системската моќ. Разликата е во тоа што Даудинг ја става напред моќта на чинителите (поединци, партии, групи, организации), а не моќта на самата структура, иако смета и на двете, проблемот на колективното дејствување и системската среќа, особено во општествата кои се многу структурирани (Dowding 2011:207).

### 4.6. Конвергенција на конфликтот и консенсусот - Марк Хугаард

Марк Хаугаард ја образложува својата теорија на моќта директно од теоријата на општествениот поредок. Како основни единици на општествениот поредок, Хаугаард ги смета структурите, кои се создадени во одреден временски контекст[30]. Поврзувајќи ги дискусиите за големите дебати во општествената теорија, Хаугаард, како и Гиденс, го застапува гледиштето дека социјалните структури и овозможуваат и ограничуваат. „За разлика од Гиденс, а повеќе како Фуко, јас тврдам – ќе посочи Хаугаард - дека структурната репродукција вклучува високо ниво на конфликт.

[30] Кога партиите А, В и С влезат во политички натпревар, што и овозможува на една партија, или комбинација од партии (коалициска влада), победа (да се спроведува моќ над другите партии), тоа е фактички состојба на подготвеност другите партии - губитниците - да ја потврдат структурата и практиките на структурирање на победниците, така што, во извесна смисла, тие се согласуваат со својот пораз (Haugaard, 1997a: 136-54, 1997b).

Социјалните структури се одраз на нашите верувања, како и кај Барнс и Сеарл, но овие верувања се често искривени преку реификација на вистинските побарувања, како кај Лукс, Грамши и Фуко".[31]

Анализирајќи ги дебатите за моќта повеќе години наназад, Марк Хаугаард смета дека централно прашање на социјалната моќ е да се разбере како и зошто релативно помалку моќните, се согласни да бидат доминирани, како и да се одговори на прашањето, на кој начин се омоќнуваат социјалните чинители?

Придонесот на Хаугаард во изучувањето на моќта може да се разгледува во две насоки. Првата, се однесува на неговиот општ теоретски пристап, па за разлика од теоретичарите кои бараат поединечна дефиниција на моќта, Хаугаард тврди дека концептот на моќта треба да се сфати како објаснувчкиот поим на Лудвиг Витгенштајн - „фамилијарни сличности"[32]. Во зависност од контекстот на употребата на моќта, таа може да се распореди на еден или повеќе „членови" од „фамилијата" на моќта, на пример, консензуална моќ, конфликтна моќ, моќ "над", моќ "кон" (Dowding, 2011:305).

Втората насока се однесува на специфичните пристапи кон проучувањето на социјалната и политичката моќ. Препознавајќи ја важноста на голем број на теоретски системи и начини на анализа (како што се аналитичките и нормативните пристапи), Хаугаард предлага тие да бидат концептуализирани како „јазички игри", кои се прилагодени на специфични задачи.

Хаугаард претежно се занимава со социјалната теорија и теоријата на моќта, која, според него е комбинација на консензуалната и конфликтната моќ. Развивајќи ја понатаму теоријата на структурација на Ентони Гиденс, Хаугаард тврди дека е можна целно-насоченото дејствување во рамките на постоењето на социјалните структури, и

---

[31]Haugaard Mark, Contemporary Social Thought: making sense of power, SP405, http://www.nuigalway.ie/soc/undergraduate/courseoutlines/SP405_Contemporary_Social_Thought_2014-15.doc

[32] Витгенштајн воведе голем број на специјални поими кои останаа да бидат од висока вредност, и покрај нивнитот често затскриен и контроверзен карактер. Такви се поимите "јазикот на играта" (намерно поедноставен модел на говорот на практиката, кој беше воведен заради споредба на поимот "критериум" за употреба, и на поимот "фамилијарни сличности" (што означува модел на преклопување на односите кои ги држат заедно значењата од страна на некој општ поим), види подетално: кај Pitkin Hanna., Wittgenstein and Justice, University of California Press, Berkeley, 1972, или (http://www.encyclopedia.com/topic/Ludwig_Wittgenstein.aspx),

дека тие структури се репродуцираат преку извршувањето на целите (Dowding, 2011:305). Тој исто така го истражува односот помеѓу слободата и нејзиното попречување, во контекст на современиот општествен поредок.

Структурираниот општествен поредок е основата на социјалната моќ, бидејќи предвидливиот тек на социјалниот живот овозможува да се дејствува усогласено со другите, смета Хаугаард. Голем дел од она што го прават поединците може да се класифицира како целно-насочено дејствување, пример, од одлучувањето за кариера, до купувањето на продукти за оброкот на едно семејство. Знаењето што се бара за остварување на ваквите задачи, во голема мерка е премолчено знаење. Следејќи го Лукс за значењето на третото "лице" на моќта, но одбивајќи ја марксистичката идеја за „лажната свест", Хаугаард е заинтересиран да утврди како доминираните придонесуваат (и се спротивставуваат) на сопствената доминираност (Dowding, 2011:305). За Хаугаард, состојба на доминираност е променлива, што го покренува прашањето за тоа како и дали три-димензионалната моќ е „поткопана", па Хаугаард дава комплексен одговор, што Кевин Рајан (2007) го сумира во четири точки: 1. Субјектот на модерниот општествен поредок е социјализиран на одреден начин, учејќи компетентност во плуралноста на сферите (т.е., како член на семејството, како еден работник, еден потрошувач, еден државјанин), од каде што поединецот се стекнува со спектар на интерпретативни хоризонти; 2. Подигањето на свеста подразбира претворање на премолчената свест на знаењето во дискурзивна свест на знаењето, со што се изложува на арбитрерноста на ограничувањата; 3. За да се постигне општествен ефект, знаењето мора да биде потврдено и од страна на другите, при што ограничувањата можат да бидат изменети; и 4. Структурната трансформација може, или не може, да доведе до резултат, бидејќи ова зависи од длабината на присутниот конфликт во постојниот општествен поредок (Dowding, 2011:306). Тука Хаугаард се повикува на Мишел Фуко, за да направи разлика помеѓу "плиткиот" и "длабокиот" конфликт. Првиот е ситуација каде што конфликтот околу целите ги репродуцира постоечките структури, а вториот претставува, конфликт во однос на самиот општествен поредок (Dowding, 2011:305).

Во некои од неговите понови трудови Хаугаард тврди дека четирите димензии на моќта (Лукс плус Фуко) не се само ограничувачки, туку, исто така, се и овозможувачки.

Хаугаард смета дека моќта има две радикално различни конотации, од една страна, таа подразбира моќ над другите, што укажува на доминација, а од друга страна, таа исто така вклучува способност за дејствување, или *моќ кон*.

Во однос на доминацијата, една од интересните појави е дека чинителите често не се само принудени да постапуваат, преку отворена закана од санкции: туку тие се согласуваат на доминација, како што беше објаснувано погоре. Капацитетот за дејствување не е нешто што поединците го поседуваат одделно, туку е изведен од припадноста на општествениот систем, кој се состои од збирен сет на социјални структури, кои истовремено овозможуваат и ограничуваат.

Трудот на Марк Хаугаард „Конституцијата на моќта" (1997) е заначајна анализата на социјалната и политичката моќ и еден оригинален придонес во современата теорија. Тој го дискутира односот меѓу *моќта, структурата и знаењето*, а самата моќ ја дискутира во однос на следните теми: општественото знаење, значењето, вистината, автономијата, потоа доминацијата и цивилизацијата, како и, автономијата и моќта (Haugaard, 1997:1).

„Во *Конституцијата на моќта* јас тврдев дека односите на моќ обично не се ниту целосно конфликтни ниту пак целосно консензуални ...понекогаш постои консензус, понекогаш конфликт, најчесто, постојат и двата. Ова не е некоја форма на теоретски компромис, туку, повеќе, аргумент дека конфликтот и консензусот постојат како скаларен феномен. На едниот крај на скалата постои чист конфликт, како идеален тип. На другиот, постои еден подеднакво идеализиран консензус. За разлика од тоа, секогаш постои некоја социјалната интеракција, која паѓа на едниот крај на спектарот, или на другиот, па најголемиот дел од социјалните односи се случува помеѓу овие екстреми" (Haugaard, 1997:137).

Според Хаугаард постојат две причини за тоа, едната директна, според која чинителите не се целосно недвосмислени во своите ставови, како што не се и за содржината на резултатите на спроведувањето на моќта. Другата причина е

теоретска, и е поврзана со природата на социјалната интеракција, според која, чинителите немаат тенденција да размислуваат јасно за сопстените дејствија, но сите социјални интеракции имаат и целно-ориентиран и структурен аспект (Goverde & Lentner, 2000:60).

„Структурно консензуалниот елемент, кој е централен за управување со конфликтот на поредокот, е сосема истиот консензуален елемент, кој и Парсонс и Арент го набљудуваат како поврзан со моќта. Двата теоретичари тврдат дека моќта не е исто што и принуда, туку повеќе претпоставуваат дека е некаква форма на консензус“ (Goverde & Lentner, 2000:60). За Хаугаард, консензусот кој тие го набљудуваат како централна политичката моќ, е всушност консензус за структурната репродукција, за било кое спроведување на моќ, кое е општествено структурирано. Примерот на традиционалната власт претставува структурирано практикување на моќта, па Хаугаард ја посочува аналогијата меѓу парите и ефикасноста на моќта кај Парсонс, при што парите се конечен пример за чиста социјална структура, смета Хаугаард (Goverde & Lentner, ibid.).

Во објаснувањето на своите ставови за моќта во однос на конфликтот и консенсусот, Хаугаард во делото „Моќта: еден читател“ (2002) наведува дека еден од предизвиците на социјалниот поредок е појаснувањето, што се подразбира под структурен и институционален конфликт, кој не е неопходно конфликт со целите, и обратно. Во политиката чинителите често се согласуваат во однос на структурите, но се во конфликт околу целите, па може да се каже дека конфликтот може да биде оставен да постои на едно ниво, а да се надминува со консенсус на некое друго ниво на структурата (Haugaard, 2002:307-310). „Со други зборови, постојат нови точки на конвергенција кои ја конституираат основата. Исто толку, колку што Фуко тврди дека нема бегање од моќта, јас би рекол - тврди Хаугаард - дека нема бегање од структурата“ (Goverde & Lentner, 2000: 74).

## 5. ЕМПИРИСКО ПРОУЧУВАЊЕ НА МОЌТА ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА – СПЕЦИФИКИТЕ НА РЕПУТАЦИСКИОТ МОДЕЛ НА ФЛОЈД ХАНТЕР

Делот за елитистичките теории за моќта ќе го заокружиме со ставовите на авторот Флојд Хантер, чија книга „Структурата на моќта во заедницата: Студија за оние кои одлучуваат" предизвика вистинска бура во далечната 1953 година, во анализата на политичката моќ и моќта воопшто, во САД на ниво на локалната заедница. Оваа книга претходеше на книгата на Рајт Ц. Милс „Елитата на моќта" (1956), која ја проучуваше моќта во САД, на макро ниво.

Валери Г. Ледјаев смета дека во секое поле на општествената наука, а исто така и во социологијата, има имиња кои го симболизираат почетокот на практичното проучување на некој важен социјален феномен, или дава нови насоки. „Меѓу првите имиња, како икона во емпириско истражување на 'социологијата на моќта' традиционално се споменува Флојд Хантер, кој се здобил со слава со издавањето на делото *Структурата на моќта во заедницата*". Постојат и пред него емпириски студии, како таа на Роберт и Елена Линд, кои го проучувале градчето Мидлтаун во Индијана, но биле спорадични и не создале методологија и техники за анализа на односите на моќта (Ледяев, 2002:1).

До проучувањето на моќта Хантер дојде врз основа на практичните околности, работејќи во 1940 година, на создавање на комитети за собирање и користење на средства во различни урбани заедници. Неговата задача беше во секоја од нив најбро што е можно да се најдат поединци кои успешно би ја завршиле работата. Всушност, тој беше принуден да го помине дел од ангажирањето во делумно истражување за да ги утврди највлијателните луѓе во заедницата, кои би имале капацитет да се справат со важни социјални и политички прашања.

Анализирајќи ја соодветната литература, Хантер веројатно сфатил дека моќта во различни социјални заедници се уште не претставува предмет на самостојно проучување и не се воспоставени посебни истражувачки методи, па веројатно тука

настанала и неговата главна мотивација да се позанимава со моќта, со прашањето за структурата на моќта во заедницата, локално, но според неговиот подоцнежен пообемен ангажман, и на државно ниво.

Оние автори кои се занимаваат со проучување на процесот на развој на студиите за структурата на моќта во заедницата, направиле и определени групирања или класификации на периодите на развој на тие проучувања, а други и на методите кои биле применувани во проучувањето на структурата на моќта во заедницата.

Според Рас М. Смит, студиите за моќта во заедницата се групирани во четири периоди. Иако и политичките науки и социологија, имаа континуиран интерес за изучување на моќта на заедницата, општа (или единствена) теорија за моќта и за структурата на моќта во заедницата не беше создадена, а голем е и сомнежот дека ќе биде создаена. Овде мора да се нагласи дека периодиката и пристапите за кои ќе зборуваме се однесуваат за просторот на САД.

Историјата на "студиите за моќта на заедницата", се карактеризира со селективно усвојување на различни теориски елементи, со шареноликост од безброј поими, аксиоми, хипотези, и студии на случаи. „Кумулативно, тие може да имаат некоја хеуристичка вредност, и тие сигурно опишуваат различни метрополи, градски, приградски и селски милјеа. Меѓутоа - смета Смит - ниту една нишка не тече низ студиите, сугерирајќи ги областите за натамошно истражување, методите за такви истражувања, или правилата за толкување на резултатите од таквите истражувања“ (Smith, 1980:74).

Историјата на студиите за моќта во заедницата, или првиот период, започнал од 1900 и трае до 1945, и таа може да се нарече период на "општетсвено известување“. Според Смит, три студии се карактеристични за овој период, Линколн Стифенс, и две стратификациски студии, едната на Роберт и Елена Линд и другата на Лојд В. Ворнер. Тие се базирани на ‘неучествувачко набљудување’, систематски интервјуа, како и користење на јавни документи, а она што го сугерираат е дека клучните актери во структурата на одлучувањето во заедницата не мора да бидат луѓе избрани или именувани на функции (Smith, 1980:ibid.).

Вториот период е најчесто именуван како елитистички период: 1945-1960, кога „истражувачите генерално утврдиле дека една група, обично со заеднички економски и социјални карактеристики, дејствува усогласено во доминирањето со структурата на моќта на локалната заедница“. Улогата на Флојд Хантер во овој период од развојот на научното истражување на моќта на заедницата е пресудна, бидејќи неговиот труд за моќта во Атланта (Регионалниот Град), стана катализатор за истражувањата во овој, втор период во историјата на студиите за моќта на заедницата. Но, неговите наоди и неговата методологија набргу станаа предмет за критички осврт, последователни студии и тестирања на неговта методологијата. Така следија трудовите на Роберт Шулц и Леонард Блумберг, кои донекаде предложија нови идеи за истражување на структурата на моќта на заедницата. Други големи студии за структурата на моќта во заедницата во овој т.н. елитистики период се: „Студиите на еден американски и еден англиски град“ на Делберт Милер и студијата на Роланд Пелегрин и Чарлс Коутс за Бигтаун, (Батон Руж, Луизијана), „потпирајќи се првенствено на репутацискиот пристап на Хантер, сите овие презентирани студии го развија аргументот дека една тесно поврзана група, составена претежно од бизнисмени, ја сочинува структурата на моќта во заедницата“ (Smith,1980:ibid.).

Трудовите кои настанале по 1960 година, во третиот период во историјата на студиите за моќта на заедницата, или т.н. плуралистички период, презентираат поинаков поглед на моќта на заедницата. Почнувајќи со изучување на студијата за Њу Хејвн, Конектикат, на Роберт Дал и неговите соработници, која разви иновативна методологија на истражување и идентификување на лидерите во заедницата. Оваа нова методологија стана позната како метод на донесување на одлуки, ‘decisional’, или анализа на определени прашања, ‘issue analyses’. Така, Дал ја развил својата идеја за плурализмот, односно, дека во секоја посебна област во заедницата има група на чинители, која управува, одделена од чинителите во другите области, а другите групи во другите области се релативно автономни (Smith,1980:76).

Други поголеми студии во овој период се, таа за преиспитувањето на структура на моќта во Атланта од Кент М. Џенингс, со користење на методологијата

на Дал, која даде  резултати поинакви од наодите на Хантер. Студијата на Арон Вилдавски, која откри плуралистичка структура на моќта во Оберлин, Охајо, а го користеше методот на Дал.

Четвртиот период, може да се нарече период на обид за конвергенција, или „нова конвергенција“. Ја опфаќа средината на шеесеттите години од минатиот век, и може да се каже дека трае до денес. Овој период е синтеза на елитистичките и плуралистичките согледувања, и е комбинација од студии „со напори да се оди подалеку од социо-матриците и поединечните прашања во студиите на моќта на заедницата“ кои претходно беа доминантни. Во овој правец е студијата на Роберт Престус за две заедници во државата Њујорк, користејќи го и репутацискиот и методот на донесување на одлуки со цел да ги идентификува лидерите на заедницата (Smith,1980:ibid.).

Во тој дух е и студијата на Роберт Агер и неговите соработници, кои споредувале четири заедници во две држави. Методологијата на студијата вклучувала историски анализи на промените во  заедницата со текот на времето, а користи граѓани – мостри, од кои треба да се изведе листата на влијателници. Резултат на таа студија беше листата со манифестни (репутациски) и латентни („decisional“) лидери. Агер и неговите соработници создоа и типологии на структурите на моќта (базирани на разликите: консензус / конкурентност и елита / маса), и на режими (олигархија, и развиени, неразвиени, и водени демократии). За претставник на четвртиот период се смета и Роберт Салсбури, кој спроведе историскиот преглед на структурата на моќта на заедницата со текот определен период, и идентификува неколку еволутивни фази во развојот на структурата на заедницата во неколку големи американски градови (Smith,1980:ibid.).

По оваа куса историографска секвенца за структурата на моќта во заедницата, ќе се враќаме повторно на Флојд Хантер, за да го опишеме подетално неговиот истражувачки дизајн и спроведеното истражување.

## 5.1. Истражувачкиот пристап на Хантер

Флојд Хантер, во своето истражување на структурата на моќта во „Регионален Град“ (псевдонимот, кој за градот Атланта го користи Хантер, а кој град тогаш броел околу 500.000 жители), го применува репутацискиот истражувачки модел за да дојде до сознанија, кој и како, управува со Атланта. Неговиот истражувачки метод, а особено сознанијата до кои дошол, го предизвикале гневот на плуралистичката струја во проучувањето на политичката моќ, па исто така познатото дело на Роберт Дал, „Кој владее“ (1958), произлегло воглавно, како критика и одговор на книгите на Хантер („Структурата на моќта во заедницата“ - 1953) и на Милс („Елитата на моќта“ - 1956).

Не навлегувајќи овде во полемиката, која се однесуваше на методолошките прашања (за неа ќе стане збор подоцна), треба да се каже дека всушност се спореше околу тоа, дали со една заедница, зависно со областите со кои се управува (се донесуваат одлуки), управува една компактна општествена група (Хантер), или повеќе општествени групи (Дал). Дека спорот беше длабок може да се констатира по големиот број на студии кои се појавија во следните 20-30 години, во кои авторите во изучувањето на моќта се обидуваа да го определат како приоритетно, едно од двете гледишта: репутацискиот пристап, или плуралистичкиот пристап (методот на донесувањето на одлуки).

### Дефинирањето на моќта и на структурата на моќта од страна на Хантер

Во „Структурата на моќта во заедницата: Студија за оние кои одлучуваат“, Хантер ја дефинирал „моќта“ - „како однос меѓу луѓето - способност на човекот да командува со услугите на друг човек“ (Hunter, 1953:2) и „способност на службениците да ги придвижат добрата и услугите кон дефинираните цели“ (Hunter, 1953:139). Во ваквото дефинирање на моќта, Мајкл Хаас смета дека Хантер се слага

со Харолд Ласвел дека „богатството, социјалниот статус и престижот“ можат да бидат важни ресурси на моќта (Haas, 1992:69).

Самиот Хантер, наведува дека, „поимот “моќ” нема конкретен концепт, туку е еден апстрактен поим, кој го открива структуралниот опис на општествените процеси. Или, поедноставно речено, моќта е зборот кој ќе биде употребуван за да ги опише дејствувањата на тие кои се занимаваат со бизнис, за да ги натераат другите луѓе да дејствуваат во однос на нивното барање, или во однос на органските или неорганските работи“ (Hunter, 1953:2).

За Хантер, моќта е неопходна функција во општетството и заедницата, бидејќи таа го вклучува одлучувањето и спроведувањето на определените политики, како направени работи, кои изгледа дека се неопходни да се направат, а на друга страна, општетсвените правила кои произлегуваат од функцијата на моќта мораат да бидат делегирани на определени луѓе, за да можат да се остварат определени општествените цели. Според Хантер, разликата меѓу лидерите и другите луѓе е во фактот на општественото групирање, кое им овозможува на определени личности да обавуваат општествени функции, кои се поврзани со моќта.

„Јас ќе го користам концептот на заедница како една референтна рамка за анализа на односите на моќта - нагласува Хантер, бидејќи - заедницата е примарен центар на моќта и бидејќи е место во кое односите на моќта можат најлесно да се набљудуваат“ (Hunter, 1953:2). Покрај операционалната дефиниција за моќта, со која се користел во истражувањето, Хантер наведува дека „постојат елементи на моќта за кои не може да се зборува со сигурност“, кои тој ги нарекува „резидуални категории“ (Hunter, 1953:3).

Тој ги користи резидуите, за да објасни определени тематски прашања, кои според него се битни во дискусијата за „Структурата на моќта на заедницата“. Првата резидуална категорија ја нарекува - историска референца, која го опфаќа огромното историско теоретско наследство за моќта; втората, ги опфаќа економските "интереси", мотивацијата и елементите кои се однесуваат на социјалната психологија, а третата, вредностите и етичките определби. За Хантер овие категотрии

се битни, затоа што тој ја дефинира моќта „како способност на луѓето да ги командувааат услугите на другите луѓе“ (Hunter, 1953:4).

Овде ќе ги наведеме и постулатите и хипотезите на Хантер, кои се однесуваат на битните аспекти на моќта во структурата на заедницата:

„1.Моќта вклучува односи помеѓу поединците и групите, и едните и другите се контролирани и контролираат: па бидејќи моќта вклучува такви односи, таа може да биде опишана структурално.

2.Моќта е структурирана општестевно, во САД, како двоен однос: меѓу владините и економските авторитети на национално, државно и локално ниво, оттука двата вида на авторитети можат да имаат функционални, социјални, и институционални единици на моќ, кои ним им се подредени;

3.Моќта е релативно константен фактор во социјалните односи, со дејствија како што се варијаблите на: богатството, социјалниот статус, и престижот, и

4.Моќта на поединецот мора да биде структурирана во асоцијации, клики, или институционални форми, за да биде ефективна: организираните односи на моќ во заедницата и институциите на репрезентативната демократија, нудат најголема можност за обезбедување гласност за поединецот во определувањето и опфатот на политиката“ (Hunter, 1953:5-6).

Сакајќи да ја нагласи улогата на организацијата, која е изворот на можната моќ на поединецот, тој ќе потенцира дека во „дадена единица на моќта (организацијата) еден помал број на индивидуи ќе произлезе дека ја формулираат и определуваат политиката, за разлика од оние кои ја спроведуват моќта. Притоа, тврди Хантер: „сите креатори на политиката се ‘моќни луѓе’, но сите ‘моќни луѓе’ не се, *per se*, креатори на политиката“ (Hunter, 1953:7).

Според Џозеф Анголано, Хантер утврдил дека „една мала група го контролира најголемиот дел од социјалните структури во „Регионален Град“, а повеќето граѓани, едноставно се согласуваат со одлуките донесени од страна на оние кои имаат моќ“

(Dowding, 2011:213). Општествените и политичките структури, тврди Хантер, "се контролирани од страна на луѓето кои го користат влијанието на подол начин... за да ги контролираат јавните одлуки по сите прашање, освен оние кои имаат печат на одобрување на моќната група" (Hunter, 1953:249).

Од наведеното, може јасно да се види дека, интересот на Хантер всушност се однесува на скриената страна на моќта, која не може да се сведе само на постоење на моќ кај носителите на јавните функции, и дека таа е присутна во најразличните мрежи на меѓусебна поврзаност на влијателните личности, најчесто, зад сцената на јавното манифестирање на моќта во секојдневниот живот на заедницата.

Сепак, за улогата и значењето на Флојд Хунтер, за социолошката и политиколошката наука, можеби најдобра констатација дава Џон Валтон: „Хантер го воведе поимот 'структура на моќта', кој сега нашироко се користи како идиом на општествената наука и практичната политика... разви систематски, повеќеслоен метод за следење на структурата на влијание... иновација, која е наречена 'репутациски метод', но Хантер користеше најмалку уште две дополнителни техники за целите на 'триангулацијата' - или сумирано - Хантер ја персонифицира и 'новата социологија' која отворено се соочува со односите меѓу моралните и интелектуалните вредности и истражувањето на најважните политички прашања" (Walton, 1976:293).

**Методи кои се користат во проучувањето на структурата на моќта во заедницата**

Во основа, во проучувањето на моќта, воопшто, но и во структурата на моќта во заедницата се користат трите најпопуларни и нашироко прифатени методи (според некои автори – техники) за утврдување на моќните лица или лидерите во заедницата. Тоа се: позициониот метод, репутацискиот метод и методот на донесување на одлуки или анализа на определени прашања за кои се одлучува во заедницата.

За една студија на моќта вообичаено се резервирани **трите** главни методи: *Позициониот метод* - како предмет на моќта се сметаат лица на одредени статусни позиции во официјалната општествена хиерархија; *Методот на донесување на одлуки* - субјекти на политичката моќ се оние кои имаат најголемо влијание врз политичките одлуки и *Репутацискиот метод* - предметот на моќ е дефиниран од страна на репутацијата, односно субјективно мислење на луѓето за способноста на определени поединци да влијаат на политиката и физички процеси во заедницата. Тие методи во различни варијации и комбинации се користат за да се идентификуваат оние кои имаат политичка моќ во заедницата (Ледяев- Ледяева, 2002:164).

Додека првиот го применувале истражувачите во првата, историска фаза на проучувањето на структурата на моќта, а подоцна Рајт Ц. Милс, вториот, или репутацискиот метод, за кој ќе стане збор подолу, го применил Флојд Хантер, и многумина други после него. За првите два методи најчесто се користи како второ име – елитистички метод, додека третиот метод, или методот на донесување на одлуки, односно подоцна наречен и плуралистички метод го применил Роберт Дал, и секако повеќемина негови следбеници.

## Основни карактеристики на Позициониот метод

Позициониот метод најчесто се користи за идентификација на елитата, но поради тоа што најмоќните поединци, најчесто се и припадници на определен вид на елита во општеството или локалната средина, овој метод, кој најчесто се користи за проучување на националните елити, може да биде подеднакво добро применет и во помали средини. Тој се засновуваа на претпоставката дека во современите општества моќта и влијанието се врзани за ресурсите поврзани со позициите на раководството во јавните институции и приватните организации од национално значење (Haas, 1992:65).

Позициониот метод тргнува од формалната структура на власта. Тој подразбира неколку чекори. Во првиот чекор, треба да бидат дефинирани релевантните сектори. Политиката, јавната администрација, бизнис, групите за притисок, медиумите или академските институции, припаѓаат на сектори кои се сметаат дека се од примарно значење. Следниот чекор ја вклучува одлуката за најважните институции / организации во рамките на овие сектори и што ќе се истражува (на пример, политичките органи на одлучување, членството на организацијата, прометот со капитал). Третиот чекор вклучува идентификација на врвните лидерски позиции во рамките на секоја од овие организации, а актуелните службеници на овие позиции, се смета дека ја сочинуваат елитата (Hoffmann-Lange, 2006:4).

Според Хофман-Ланге, примената на позициониот пристап е високо формализирана и не бара многу претходни истражувања. Неговата сигурност е прилично висока, бидејќи постои висок степен на согласување меѓу научниците, за тоа кои поединци во институциите и организациите се најмоќни. Затоа, студиите на националните елити најчесто го користеле овој метод за идентификување на елитите. Без оглед на изборот на големината на примерокот, позициониот метод донесува примерок на поединци кои контролираат важни ресурси на моќ. Тоа овозможува да се врши споредба на карактеристиките на различни елитни подгрупи во рамките на примерокот на целокупната елита која се истражува (Hoffmann-Lange, 2006:ibid.).

### Основни карактеристики на методот на донесување одлуки (decisional)

Овој пристап во проучувањето на моќта, како што претходно беше споменто во поглавјето за плуралистичко-бихејвиористичките сфаќања за моќта, го применил и го развил Роберт Дал во неговата студија „Кој владее? Демократијата и моќта во еден американски град“ (1961b), реализирана во Њу Хејвн, Конектикат. Дал прашува реторички "Кој владее?", за да одговори во книгата дека тоа се мноштво на групи

кои владејат со Ху Хејвн. Додека некои групи имаат одредено ‘директно’ влијание, политичарите на пример, другите, како што се партиските основни организации, имаат ‘индиректно’ влијание. Бидејќи, "само мал број на лица имаат многу ‘директно’ влијание", дури и тоа влијание е ограничено од страна на електоратот.

Преку анализа на документи и интервјуа, со проучувањето на процесот на донесување одлуки за важни политички прашања методот на донесување одлуки идентификуваше моќни луѓе или елити. Важноста на овој метод главно зависи од изборот на прашања што политиката ги користи за определување на влијателните чинители. Ако примерокот на прашања не ги покрива сите значајни области на политиката, се добива слика за елитната структура и се пропуштаат важни чинители со специјализирани влијанија. Овој метод деонекаде ги игнорира оние кои не се активно вклучени во креирањето на политиките (Hoffmann-Lange, 2006:4).

Трудот на Роберт Дал, „Кој Владее?“, според Герајант Пери „е извонреден пример за пристапот на донесување на одлуки. Дал смета дека единствениот начин за да се тестираат одредени тврдења на елитистите е да се испитаат детално некои значајни политички одлуки во заедницата“ (Parry, 2005:96).

Дал одбрал три различни области на пршања за анализа, кои ги сметал за „главни проблемски подрачја во Њу Хејвн и тоа: обнова на градските населби, политичката номинација (со посебен осврт врз изборите за градоначник) и школскиот систем. Дал во своите истражувања дошол до сознание дека власта е распределена во рамките на различни интересни групи, и дека тој плуралитет на елити не создава унифициран збир на заеднички интереси“ (Ацески, 1998:191). Интересните групи се вклучуваат во локалната политика само кога на дневен ред се прашањата што нив ги интересираат. повеќе рзлични интересовни групи се вклучуваат во одлучувањето за различни прашања, а не само една моќна група, за Дал тоа е доволен доказ да заклучи дека распределбата на власта во Њу Хејвн е плуралистичка.

Дал, започнал со дистрибутивна анализа на моќта, и забележал голема нееднаквост: "Педесет најголеми сопствениците на имот... во Њу Хејвн, располагале

со речиси една третина од вкупната проценета вредност на сиот недвижен имот" (Dahl, 1961:4). Потоа, низ историски осврт за Њу Хејвен утврдува две листи на моќници - 238 друштвени угледници и 238 економски угледници. Но тој не ја спроведува постапката како Хантер туку, интервјуира лица активни во политиката на градот и ги идентификува лицата кои се вклучени во донесувањето на конкретни одлуки за трите области-прашања, кои споменавме дека ги проучувал.

Дал ги идентификува лицата или групите кои иницираат предлози пред членовите на општинскиот совет на Њу Хејвн, утврдувајќи ги процедурално одлуките, потоа, дали и кој се обидувал нив да ги измени или да стави вето на предлозите. Преку оние чии предлози биле прифатени или одбиени тој ја евидентирал фактичка моќ, а нивните (победи или порази) ги сумирал како остварени или неостварени моќи. Преку овој пристап, Дал покажува како еден конкретен интерес, ги натерал другите интереси, да го прифатат неговиот став за она што треба да се направи (Haas, 1992:73).

Дал така откри дека "еден лидер во една област нема веројатнст да биде влијателен во друга" и дека "лидерите во различните области на конкретните прашања не можат да се извлечат од еден хомоген слој" (1961b:183). Соодветно на тоа, произлезе неговиот заклучок дека Њу Хевн илустрира плурализам: дека политичката моќ не е "пирамидална" концентрирана во рацете на неколкумина. „Произлезе за прв пат дека проучувањето на моќта на заедницата се појави без наоѓање елита на моќта - па според Нелсон Полсби, еден од тогашните студенти на Дал, ангажирани на проектот, - моќта е емпириски одвоива варијабла од социјалната стратификација" (Haas, 1992:74).

На тој начин Дал утврди, дека патот кон политичката моќ е отворен во плуралистичкиот систем. "Политичкиот стратум не претставува хомогена класа со добро дефинирани класни интереси" и во неа може "лесно да навлезе секој, чии интереси и грижи го привлекуваат ... бидејќи... конкурентските партии им даваат на политичарите моќен мотив за проширување на нивните коалиции и зголемување на нивните изборни следбеници" (1961b:91). Со избирањето прашања кои, главно, се

однесуваа на средната класа, Дал беше уверен дека докажа оти Њу Хејвн е плуралистичка заедница.

Наместо заклучок, за тоа дека самиот метод на донесување на одлуки по својата методолошка природа води кон дисперзирани групи, или елити по определени области и прашања, ќе го наведеме, како потврда и мислењето на Перучи и Пилисук, според кои „Плуралистичкото гледиште, во неговата најчеста појавна форма, ја гледа моќта како дистрибуција меѓу голем број на организирани групи во заедницата со доминација која се менува повеќе според прашањата, отколку да се повторува како доминација на една моќна фракција за сите прашања во заедницата“ (Perrucci & Pilisuk, 1970:1040).

## Основни карактеристики на Хантеровиот репутациски метод

Како што наведува Хантер, луѓето со моќ во Регионален Град, беа лоцирани во четири групи за кои се претпоставувало дека имаат моќни врски. Тие групи Хантер ги идентификувал во бизнисот, градската управа, здруженијата на граѓани, и во ‘друштвените’ активности. Преку селекција, извршена од информантите (‘informants’), со одредување на лидерскиот ранг, и преку натамошна селекција, прилично долгата листа на кандидати за можното лидерство на моќта, од 175 лица беше сведена на податлива големина од четириесет лица во највисоките нивоа на моќта во Регионален Град. Иако Хантер интервјуирал многу повеќе лица од најбитните четириесет, според него, дугите биле интервјуирани во однос на најважните четириесетмината (Hunter, 1953:11).

Истото го потврдува и Домоф, кој детално се занимавал до проучувањето на сите дела на Хантер и е протежант на неговиот социолошки пристап. Домоф потенцира дека Хантеровиот метод, покасно наречен "репутациски метод", беше нов, бидејќи Хантер започна со прашување на „една група од 14 луѓе, кои добро го познаваа градот, професионалци во високата средна класа, со барање да одберат

десет најврвни луѓе од листите на организациските лидери, кои Хантер ги собра од Стопанската комора (бизнис лидерите), Лигата на жени гласачи (владини службеници), Градскиот совет (политички лидери) и новинските известувачи и други јавни личности лидери ('друштвени' лидери). Од таа листа која содржеше 175 имиња, тој ги одбра оние 40 кои добија најмногу гласови, и потоа со нив спроведе интервју, со tie со кои можеше да го направи тоа" (Domhoff, 2005:1).

Хантер успеал да интервјуира 27 личности од 40, и интервјуираните, потврдија дека најважните лидери на Атланта, во најголем дел биле опфатени со листата. Дел од лицата кои не биле на листата добиле по неколку номинации, но во суштина таа бројка не била голема, бидејќи само 5 лица кои не биле на листата добиле четири или повеќе номинации, од оние кои биле интервјуирани, па Хантер, сметајќи дека имаат битна улога, ги додал и тие 5 нови лица на листата за интервју.

Студијата на Хантер, значи се состоеше од „неколку фази, а секоја наредна фаза беше проверка на резултатите од претходната. Во првата фаза беа подготвени 4 листи на 175 „лидери" за урбаната заедница на Атланта. Листите беа составени врз основа на официјалните позиции кои овие лидери ги заземаа во политиката, бизнисот, граѓанските и општетсвените организации во заедницата. Втората фаза го претставуваше изборот од страна на 'панелот' од 14 „експерти", информантите кои определуваа по 10 највлијателните луѓе во Атланта од секоја листа (во надолен ред), па бројот на лидери беше скратен на 40 луѓе. Така, одредувањето на највлијателните луѓе во градот се потпре врз угледот (репутацијата) која овие луѓе ја имаат во очите на експертите". Потоа од овие 40 лица, кои имаат највисока репутација, беа интервјуирани 27 личности (Ледяев- Ледяева, 2002:165).

### Улогата на информантите во репутацискиот пристап на Хантер

Во репутацискиот пристап истражувачот ангажира најчесто, една група „информанти" (на пример, кај Хантер четиринаесет), а според Баха Абу-Лабан, околу

петнаесет - 'познавачи' ('knowledgeables'). За разлика од него Хантер ги нарекува: 'informants' (Hunter, 1953:51,64-5,209, 214, 257,264) или „судии" 'judges'(Hunter, 1953: 11, 258,260-2,266,270), а други автори ги нарекуваат: "експерти", "оценители", „просудувачи". Тоа се личности кои се претставници на различни институционални сектори во заедницата, или личности кои се инволвирани во средините од кои може да се согледа улогата на лидерите, за да можат да се идентификуваат такви лидери (Abu-Laban,1965:35). Постои и методологија на проценка колку информанти би требало да се изберат на определен број на жители, која во своја статија во повеќе списанија во 1965 ја објавил авторот Роланд Ц. Поуерс (Powers, 1965:9), каде има пропорции според кои, на пример за заедница до 10.000 жители, се потребни до 10 информанти, а за заедница до 100.000 жители – 15 информанти. Овие личности, заради потребите на овој труд кој го опфаќа спроведувањето Хантеровиот метод, ние понатаму во текстот наместо со различни имиња, освен во цитираните делови, ќе ги нарекуваме 'информанти'.

На информантите, им се поднесува прилично долги листи на потенцијални моќни личности и од нив се бара да изберат извесен број, најчесто по 10 најмоќни по листа, или да рангираат имиња на врвните моќници од листите, или сами да посочат, односно да креираат листа на моќни личности во заедницата. Според Абу-Лабан, некои истражувачи го фокусираат вниманието на 'информантите' на „некој хипотетички широк проект во заедницата, барајќи да посочат важни личности кои се, или биле вклучени во таквиот проект, други ги прашуваат за имиња на лидери во посебни институционални сектори, а трети едноставно ги прашуваат своите 'познавачи' сами да ги идентификуваат лидерите во заедницата, без повикување на проекти, или на предмет на влијание" (Abu-Laban,1965:36).

Мнозинството на гласовите на 'информантите', земени сумарно, најверојатно, ќе отидат на помал дел од целата група на номинирани моќни личности. Врз основа на бројот на гласови што номинираните кандидати ги добиваат, и преку еден произволен стандард, може да биде идентификувана групата на моќни личности во заедницата. Но додека тече прибирањето на листата од исказите на 'информантите'

со овие лица, примарната листа може да се модифицира, ако ‘информантите’ вклучат нови личности, преку нови релевантни докази.

Основната точка на интерес тука се занимава со карактеристиките на лидерите идентификувани од страна на репутациската техника. Кои се овие лидери? Кои се нивните карактеристични лидерски улоги. И, какви позиции тие заземаат во структурата на заедницата? Абу-Лабан, повикувајќи се на повеќе истражувања, посочува дека идентификуваните лидери од страна на репутацискиот приод укажуваат дека овие лица се карактеризираат со три истакнати црти. „Прво, нивните минати дејствија јасно говорат за нивното поранешно лидерство во заедницата. Второ, нивните сегашни однесувања укажуваат на тоа дека тие се активни учесници во работите на заедницата. Трето, бидејќи нивното влијание произлегува воглавно од нивната ‘легитимна’ контрола над ресурсите кои се важни за донесувањето одуки во заедницата, тие се потенцијално способни да влијаат врз идните одлуки во заедницата - можеби до тој степен, до кој нивните надредени позиции во различни институционални сектори опстојуваат“ (Abu-Laban,1965:ibid.).

Така, преку информантите, откако ќе изберат од листите, или ќе посочат имиња на свои кандидати за кои сметаат дека се моќни личности, редуцирана листа која ја добиваат истите, ја сочинува групата на „општи“ лидери во заедницата, кои се регрутирани од високо рангираните позиции во различните институционални сектори во рамките општетсвениот систем на заедницата, или се личности за кои се смета дека имаат влијание врз дејностите и активностите на заедницата. Колективно, според Абу-Лабан тие утврдени личности на листата која произлегува од информантите, се претпоставува дека се способни да вршат значително влијание врз одлуките кои се со разновиден карактер и широки по обем во заедницата.

Кај Хантер, е карактеристично тоа што на сите негови ‘информанти’ тој им го поставил следното прашање: „Кои се двете главни прашања или проекти кои се исправени  денес пред заедницата?“, што ги споменува во Глава 8: „Проектите, прашањата и политиката“ (Hunter, 1953:214). Дека улогата на  ‘информантите’ не е за потценување, може да се види токму од совпаѓањето на одговорите помеѓу нив и

одговорите на истото прашање, кои во подоцнежните интервјуа ги дале самите моќни лидери. Така, на пример, на врвот на листата на приоритети кои информантите ги посочиле за Регионалниот Град се: „Планот за развој", "домувањето на сиромашните", „прашањето на црнците", „Планот за гласачите" „контролата на сообраќајот", наведени во Табела 8 и 9 (Hunter, 1953:215-216). Истите овие пет прашања се рангирани меѓу петте најважни прашања во заедницата и од страна на интервјуираните моќни личности. Ова го посочуваме за да ја нагласиме улогата на 'информантите', за кои во самата книга не успевме да најдеме повеќе детали, како Хантер ги селектирал.

## Улогата на интервјуата со лицата од листата на најмоќни

Иако Хантер, најверојатно од научно изводливи и прагматични причини, се определил за димензионирање на листата на потенцијални моќни личности на 40 имиња, треба да се наведе дека Хантер на лицата кои биле интервјуирани им дава можност да ја дополнат листата со други моќни личности, според субјективното мислење на интервјуираните, кое било овозможено на следниот начин: „Ве молиме да додадете имиња на личности кои вие ги сметата за моќни, или помоќни од луѓето на листата" (Hunter, 1953:65).

Ова барање за евентуално дополнување на листата со моќни личности со мислењата на интервјуираните упатува на уште една истражувачка техника која Хантер ја применил во своето истражување: техниката на „снежна топка", која да се евидентираат и да се проширува листата над бројката од 40 моќни поединци.

Инаку, Хантер наведува дека вкупно 64 имиња биле понудени да се додадат на листата, од кои 37 имиња, претходно биле споменати и тоа само по еднаш од страна на информантите, а 16 биле од информантите споменати по два пати, и тн. (Hunter, 1953:ibid.).

За да се согледа значењето ан пристапот на Хантер и обемот на прашањата со кои биле спроведувани интервјуата во прилог ја донесуваме и комплетната листа на прашањата кои Хантер им ги поставувал на лицата од листата со 40 најмоќни. Прашањата кои ги поставувал биле од отворен вид, а она што го наведуваме е дел од неговиот потсетник за разговор. Од разни причини од таа листа со 40 најмоќни, Хантер успеал да интервјуира 27 личности. Потсетникот за интервју се состоеше од 15 прашања[33].

Самите прашања во интервјуто беа дизајнирани не само да помогнат во рангирањето на моќните личности, иако најмногу во таа насока. Прашањата, исто

---

[33] Прашањата кои Хантер ги поставувал (забелешка: после првото прашање, на другите 14 прашања е наведен само бројот на страницата од книгата):

1. Ако пред заедницата се наоѓа еден проект за кој треба да се донесе одлука од една група на лидери - од кои скоро секој би ја прифатил - кои 10 на листата од 40 ти ќе ги изберете? (Hunter, 1953:63)
2. Ве молиме да додадете имиња на личности кои вие ги сметате за моќни или помоќни од луѓето на листата. (стр. 65),
3. Кој е најмоќен човек во градот? (стр. 63),
4. Колку луѓе би требало да бидат инволвирани во некој главен проект во Регионалниот Град за тој проект да биде прифатен? (стр. 65). Вие ги имате луѓето на оваа листа - можеби 10 од нив, или 50-100?
5. Кој може најдобро да одлучува за определен проект? (стр. 67),
6. Утврдете со колку лица (од листата од 40) сте работеле во одбори, во последните пет години? (стр. 71-72),
7. Колку добро ја познавате секоја личност (на листата од 40): 1) имам контакти, 2) ја познавам од јавниот живот, 3) ја знаам добро, 4) слабо ја познавам, 5) сум слушнал/а за него/ја, 6) не ја познавам (стр. 72),
8. Со која дејност ги обезбедувате срдства за егзистенција? (стр. 74),
9. Како делуваат групите една кон друга за некој поопшт проблем во заедницата? (стр. 77),
10. Ве молиме да го кажете вашето мислење за селектираната листа на претпоставените највисоко рангирани организации во заедницата (стр. 83) Почетно за селектирани 30 организации од листите добиени од Комората и локалниот Совет на заедницата.
11. Колку вработени имате под ваша контрола? (стр. 121)
12. Со кого работевте на проектите во заедницата во изминатите пет години? (стр. 129 - прашање за црнечките лидери да изберат од понудената листа на лидери во пошироката заедница).
13. Дали во ова време користевте услуги од било која лоби група во Вашингтон, за да ви помага? (стр. 165)
14. Претпоставувам дека имаше политички проблем пред заедницата што требаше да биде решен... која ќе беше линијата на акцијата во тој случај, ... каква политичка одлука ќе беше донесена? (стр. 172)
15. За да се иницира позначаен проект во пошироката заедница: Дали сте биле на деловна вечера со клучни луѓе? Дали би телефинирале на другите за да добиете неформални информации? Дали би користеле било кој од овие методи, или би користеле, некој друг, поинаков метод на контактирање? (стр. 191)

така беа насочени и да ги идентификуваат контактите, формалните врски и соработката, неформалните врски меѓу моќните личности, како и да ги утврдат вклученостите на интервјуираните во реализација на определени проекти, кои се од посебна важност за Регионален Град, што на некој начин е посредно делумно анализирање на она што плуралистите го проверуваат со нивните прашања-области (‘issue areas’).

Ќе посочиме уште неколку битни елементи на репутацискиот модел, според кои се остварува неговата улога за утврдување на моќта на личностите во локалната заедница, а преку тоа и се нијансира самата структура на моќта. Иако репутацискиот метод најнапред ги открива елементите на репутацијата, ресурсите, имиџот, популарноста, односно, познатоста во јавноста на определена личност, според Ледјаев-Ледјаева: „концептот на моќ во него, во определена смисла е поконзистентен (во споредба со методот на одлучување) во објаснувањето на моќта како диспозиција, капацитет, кое доминира во концептуалната анализа на моќта.“ Кај репутацискиот метод, очигледно дека акцентот во поглед на релацијата со моќта повеќе се однесува на способноста на субјектот, на она што може да го направи субјектот, кој ја има моќта во тие услови, што секако е различно од ситуацијата со методот на одлучување, каде на моќта, всушност, се гледа како на еден вид дејствување или влијание. За Ледјаев-Ледјаева, моќта не е ограничена само на оние кои можат конкретно да ја применат при одлучувањето, туку моќта подразбира и нешто латентно, кое може да се дејствува под одредени услови. Затоа репутацискиот пристап има посебно место во концептуалната структура на моќта, кое е различно од оние аспекти на социјалната реалност, кои се означени со поимот за „влијание“ (Ледяев - Ледяева, 2002:167).

„Епистемолошка основа на репутацискиот метод се состои во фактот дека, поседувањето на соответни елементи за репутација се сигурен показател на моќта, според кои може да се врши проценка за структурата на моќта во заедницата. Истражувачите се однесуваат кон тие кои имаат моќ, на тој начин, што им веруваат на одговорите на своите испитаници“ (Ледяев, Ледяева, 2002:ibid.).

Точно е тоа дека репутацискиот метод се базира исклучиво на субјективните ставовите на интервјуираните, или претходно на ставовите на информантите, како што може да има одраз и во резултатите на истражувањето, заради вредносниот систем на истражувачот, а исто така и заради предубедувањата на испитаниците. Дури и изборот на информантите, сам по себе се рефлектира на појдовното мислење на истражувачите, дека тие се уверени дека во личностите кои се одбрани на листата, дека таму се наоѓа моќта. Но, дали е така, на крајот покажува анализата на добиените резултати од истражувањето.

Така, оваа проблематика е разгледувана преку податоците добиени од шест југозападни локални заедници вдолж границата на САД и Мексико, кои податоци укажуваат на тоа дека „репутацискиот техника обезбедува мерење на согледувањата за општото влијание, за разлика од алтернативните феномени, дека таа е сигурна со текот на времето, и дека во крајна инстанца социометриски добиените лидери меѓу наведените општи влијателници се длабоко инволвирани во донесување одлуки од општа важност за заедницата“ (D’Antonio & Erickson, 1962:362).

Хантер користи социометриска техника за да се идентификуваат моделите на интеракција. Како подобра мерка, Хантер го додаде и испитувањето на одделни прашања, а направи и посебна анализа на лидерство во рамките на црнечката подзаедница и како таа е поврзани со лидерството на белците во Атланта. Логиката на истражувањето на Хантер не беше утврдување на одреден број на врвни лидери, туку проучувањето на односите меѓу различните сектори и како тие влијаат врз односите на креирање на политики за заедницата.[34]

Како и да е, предизвикувањето силни реакции кај опонентите на репутцискиот модел, особено кај претставниците на плурализмот, беше значајна причина за долгогодишните спорови помеѓу следбениците на Хантер и на Дал. Затоа е потребно да ги опишеме подетално приговорите кои критичарите ги упатуваа кон

[34] http://what-when-how.com/social-sciences/hunter-floyd-social-science/

репутацискиот модел. Интересно е тоа што тој модел и покрај критиките, продолжи да се применува, не само во САД, туку и во Европа, а сега веќе и во некои од поранешните социјалистички држави, а особено во Руската Федерција.

Откако ќе бидат набележни критиките на некои автори за репутацискиот модел на Хантер, ќе се осврнеме и одговорите кои на тие „обвинувања" и негирања ги дале автори, кои го поддржуваат репутацискиот модел на Хантер.

**Критики на репутацискиот модел**

Како што веќе споменавме, најбројните критики и забелешки на репутацискиот модел дојдоа најпрво од Роберт Дал, а потоа и од неговите најверни соработници, Нелсон Полсби и Рејмонд Волфингер. Критиките кон репутацискиот модел Абу-Лабан ги класифицира во три групи: критики на претпоставките, на процедурата и на наодите.

Се чини дека главниот проблем во релацијата меѓу плуралистите и елитистите, настана од проблемот што плуралистите сметаат дека репутацискиот модел на Хантер произведува структура во заедницата во која „моќта е концентрирана во мала, кохезивна елита на бизнисмените". Според Волфингер „карактеристиката на овој метод е во тоа што репутацијата за влијание ја смета за еден индекс за дистрибуција на влијанието", што доведува до „забуна помеѓу статусот и моќта", што номинирањето е „произволно" или „без користење на прашања", па се „доделува моќ на лидерите-кандидати, според бројот, колку пати тие се именувани од страна на испитаниците". Според тоа, „рангирањата на влијателните не се корисни, бидејќи: „(1) не постои начин да се процени релативната моќ на врвно-рангираните поединци во споредба со веројатно помалку моќните лица, бидејќи рангирањето се прави со своеволни (негарантирани) претпоставки, (2) идентификацијата на лидерите не претствува соодветен опис на политичкиот систем

и (3) репутацискиот метод претпоставува статична дистрибуција на моќта“ (Wolfinger, 1960:636).

Волфингер, кој е еден од најревносните критичари на репутацискиот модел на Хантер, смета дека проучувањето на локалните политички системи, кога е Хантеровиот модел во прашање, вклучува „две прашања: (1) Дали репутациите за моќ се адекватен индекс за дистрибуцијата на моќта? и (2) доколку, и ако, перцепциите на испитаниците за односите на моќ се точни, дали е корисно да се опише еден политички систем со презентирање на рангирањата на водечките учесници според нивната моќ?“. Тој е многу ригорозен од плуралистички аспект кога тврди дека „на репутацискиот метод треба да се смета како на систематски прв чекор во проучувањето на политичкиот систем на градот, отколку како на сеопфатна техника за откривање на дистрибуцијата на моќта“ и го смета моделот на Хантер за „скромна конструкција, или како како водич за видните личности кои, за возврат би го одведе него до други информатори, додека тој добие целосна слика за политичкиот систем кој е предмет на таа студија“ (Wolfinger, 1960:637).

„Строгоста“ на Волфингер не запира тука, па тој наведува дека „репутацискиот техника е малку повеќе од една варијанта на методолошки елаборат од постарата процедура на прашување на инсајдерите - известувачите од градското собрание на политичарите, ...брз преглед на локалните големци со цел да се идентификуваат потенцијално корисни испитаници“, или „претпоставката дека „структурата на моќта“ се состои од оние лица на кои најчесто им се дава висок ранг во ‘панелите’ на судиите“ (Wolfinger, 1960:637-8).

Волфингер смета дека кај репутацискиот метод постои „променливост на моќта од еден вид на прашање до друго, и тешкотија да се биде сигурен дека истражувачот и испитаникот ја делат истата дефиниција за моќта... Со цел да се спореди моќта на двајца поединци, некој мора или да претпостави дека моќта е дистрибуирана еднакво во сите домени или таа претставува различен сет на ранг-листи за секоја област“, тврди Волфингер, покажувајќи дека плуралистите бегаат од т.н. „општа моќ“. Еве го и плуралистичкиот доказ за тоа: „Ако за А се процени дека е

најмоќен човек во градот за училишните работи и Б е прогласен за најмоќен во урбаното обновување, не постои начин да се споредат нивните моќи, освен со тврдењето дека моќта во една област е „поважна“ отколку во другата. Повеќето од репутациските истражувачи, ...претпоставуваат дека моќта на нивните лидери-кандидати е еднаква за сите прашања, а некои истражувачи конкретно нагласуваат дека тие се занимаваат со „општата категорија на лидерството на заедницата“ (Wolfinger, 1960:638).

Она што според Волфингер е најсериозен приговор, е тоа што не постои претходен заеднички став, или прифатена дефиниција што е моќта, што би имало исто значење и за информантот, и за истражувачот и за моќната личност од листата за истражување: „проблемот на дефинирањето на политичката моќ е многу тежок – вели Волгингер - еден истражувач треба да ја поставува како прашање неговата дефиниција за моќта на секој испитаник, или треба да користи поедноставено аналогно прашање, што е крајно сомнителна претпоставка. Тоа е неверојатно. Политичка моќ на поединецот варира со различните прашања. Затоа рангирањето на „општата моќ“ е погрешно“ (Wolfinger, 1960:638).

Критичарите, смета Баха Абу-Лабан, мислејќи на Роберт Дал и неговите ученици Полсби и Волфингер, не успеаја да ја признаат природата на репутацискиот пристап, како и карактерот на лидери кои тој ги издвојува. Следствено на тоа, тие во своите претпоставки, процедури и наоди донесуваат неквалификувани пресуди (Abu-Laban, 1965:36). Абу-Лабан нагласува и дека „плуралистичкиот пристап ја отфрла стратификациската тезата дека *некоја* група доминира во заедницата. „Ако ништо друго - нагласува тој - се чини дека постои неискажана согласност меѓу плуралистичките истражувачи дека најнакрај *никој* не доминира во градот“ (Abu-Laban, 1965:37).

Критичарите генерално го осудуваат репутацискиот пристап дека утврдува постоење на "елита на моќта" во заедницата. Даловата дефиниција на "елитата на моќта" е заснована на хипотезата според која, под ‘владејачка елита’ Дал подразбира „прецизно дефинирана група“, дека постојат повеќе клучни политички одлуки во кои

преференциите на таа група се спротивставени на било која друга таква група, и во тој случај, вообичаено преовладуваат преференциите на таа група. (Dahl, 1958:466).

Инаку, овие критичари наведуваат примери од одредени студии за моќта, за да покажат дека идентификуваната група во Атланта не беше "елита на моќта." Што е непотребно докажување, според Абу-Лабан, бидејќи „претпоставката за откривање на "елита на моќта" во смисла на дефиницијата на Дал не е инхерентна за репутацискиот пристап“ (Abu-Laban, 1965:38).

Во делот на критиките на Полсби, се потенцира „предвремено затворање на финалната листа на лидери, поради ограниченото знаење кое информантите го поседуваат“. Критиките пак кои се однесуваат на наодите на репутацискиот модел тврдат дека „субјектите кои се истржуваат од страна на репутацискиот истражувач не се ‘вистински’ лидери, туку потенцијални лидери, бидејќи лицата кои имаат потенцијал за моќ не мора да го реализираат овој потенцијал“, па Полсби, забележува дека „тековните студии на моќта на заедницата имаат тенденција да ги означат бизнисмените како елита на моќта, и да ги игнорираат политичарите" (Abu-Laban, 1965:41).

Може да се каже дека методот беше критикуван затоа што претпоставува претпоставува постоење на одредена група на луѓе (владејачка елита). Дал и Полсби постојано истакнуваат дека Хантер ставил во неговиот модел премногу претходни убедувања за дистрибуцијата на моќта во Атланта. Тие истакнуваат дека наместо прашањеата, кои содржат скриена изјава за присуство во владејачка елита во градот, испитаниците треба да се прашаат: „Дали некој има моќ во оваа област?“ (Ледяев-Ледяева, 2002:170).

Според плуралистите, за моќ може да се зборува само тогаш, кога субјектот учествува во донесувањето политички одлуки. Ако тој е пасивен, не може да се смета за субјект на моќта. Репутацијата, според нивното мислење, не значи активно учество и затоа не е соодветен индикатор за моќта (Ледяев-Ледяева, 2002:171)

...Традиционалниот репутациски пристап, тврдат критичарите, не може да ги идентификува оние лидери кои не располагаат со висока класа или социјален статус (Ледяев-Ледяева, 2002:172), а испитаниците, укажуваат само на оние, за кои се смета дека располагаат со моќ, т.е. имаат соодветен имиџ, кој не мора да соответствува на делувањето. „Последица на тоа, е релативно малата застапеност на водечите на работниците, локалните политичари и општинските службеници, бидејќи тие имаат понизок статус од оној на бизнисмените и лидерите на добротворните организации" сметаат критичарите и нагласуваат дека репутацискиот метод обично ги „пропушта" во евидентирањето оние, кои немаат висока репутација, иако активно влијаат на донесувањето на одлуки (Ледяев-Ледяева, 2002:168-9)

**Предностите на Хантеровиот репутациски метод**

„По објавувањето на Структура на моќта во заедницата, голем број на истражувачи почнале да го применуваат методот на Хантер и во другите градови, и во најголем дел, доаѓаат до слични наоди за бизнис доминацијата", тврди Волфингер. Во неговата статија: „Репутациајта и реалноста во проучување на моќта во заедниците" (Wolfinger,1960), тој наведува дури 14 наслови, кои укажуваат дека репутацискиот модел бил применет и популарен во моментот кога тој ја објавува статијата, потоа дека 7 наслови биле објавени, во кои методот се оспорува (од кои 3 на Дал, 2 на Полсби и 2 на други два автори). Ова го наведуваме за да покажеме дека методот во периодот на споровите меѓу плуралистите и елитистите, навистина бил популатен и применуван.

Како што може да се види, критичарите на репутацискиот модел се обидоја да ги дисквалификуваат неговите основни претпоставки и да фрлат сомнеж на резултатите базирани на нив. Но, репутацискиот пристап продолжува да биде користен нашироко и покрај критиките. "Многу социолози", велат Д'Антонио и Ериксон, "продолжуваат да ја користи оваа техника, едноставно затоа што критиките не покажаа дека репутацискиот техника е несоодветна" (Abu-Laban, 1965:35).

Абу-Лабан посочува дека според репутацискиот пристап лидерите се различно видливи за јавноста на заедницата, што значи дека одредени жители на заедницата почесто знаат и имаат подобро познавање, од другите жители за локалните лидери и за донесувањето одуки во заедницата (Abu-Laban, 1965:37). Абу-Лабан го нагласува мислењето на Роси, дека "заедно со модификацијата на социометриското средство, со цел да може да се примени за проучувањето на моќта", ова сознание за видливоста на лидерите, е во суштина, придонес на Хантер во проучувањето на моќта." Бидејќи, Хантер "правилно согледал дека неговите информнти ќе мора да бидат избрани од нивото на заедницата кое има контакти со централните институции и затоа тие имаат познавање за таа тема" (Abu-Laban, 1965:38).

Со оглед на тоа што, во било која заедница, има релативно голем 'базен' на 'познавачи' од кои може да се избере групата на информанти ('panels'), теоретски е можно да се лоцира голем број на такви информантски групи, што претставуваат различни комбинации. За таа појава постои и емпириски тест, според кој различни групи информанти од иста заедница, давале слични (не исти) списоци на лидери. Абу-Лабан наведува дека Шулце и Бламберг утврдиле дека три различни групи на информанти во градот Цибола дале, во основа ист резултат (Abu-Laban, 1965:ibid.).

„Современите социолошки истражувања (секако во тоа време – н.з.) фрлаат дополнително светло врз согледувањето на начинот за одредувањето на лидерите на заедницата. Во најмалку три различни студии се покажало дека листата на посочени лидери од страна на информантите е слична со колективната слика на лидерите во заедницата. Агер и Голдрик, на пример, утврдиле значителна сличност помеѓу листите на лидери кои ги составиле жителите на заедницата и групата на партиципативни набљудувачи со листата на лидери која произлегла од истражувањето на заедницата. Сличен резултат дава и пилот студијата на Хантер, која претходеше на неговата истражување на структура на моќта во Атланта, како и истражувањето на Абу-Лабан на Пацифичките градови. Примероците на листите, составени од жителите на заедницата даваат резултати кои се во согласност со оние

на информантите и оние кои се резултат на интервјуата. Според Абу-Лабан, овие наоди го поддржуваат мислењето на Ервин Т. Сандерс, дека ‘панел методот’, односно користењето на информанти е валидна и *ефикасна* техника за идентификување на лидерите на заедницата (Abu-Laban, 1965:ibid.).

Приговорите дека идентификуваните лидери не го остваруваат својот потенцијал на моќ (т.е. дали тие се навистина лидери), и дали нивната подреденост по ранг има поинаквов емпириски одговор од мислењето на информантите во некои од истражувањата во тоа време не се исправни, и според Абу-Лабан, фрлаат поинаква светлина врз карактеристиките и активностите на донесување на одлуки од страна на идентификуваните лидери (Abu-Laban, 1965:40). Тоа го покажале неколку студии, а особено компаративната студија на Делберт Милер, за еден американски и еден англиски град (1958).

Според Абу-Лабан, Во тогашната студија на лидерството во една Југозападна заедница на САД со околу 700.000 жители, Хари Дик открил дека „општиот ранг на моќ претставува само скала на една димензија на Гатман (Guttman-type), што е утврдено со направен е емпириски тест иза „внатрешната валидност и значењето на ранговното подредување на лидерите според континуум на општо влијание во заедницата“ (Abu-Laban, 1965:ibid).

За критиката на „предвременото“ затворање на финалната листа на лидери, поради ограниченото знаење кое информатнтите го поседуваат за составувањето на таа листа, Абу-Лабан смета дека од праксата произлегуваат неколку аргументи кои кажуваат дека тој процес не е произвволен. Прво, информантите се избрани од различни институционални сектори во заедницата, што ја намалува веројатноста за еднострани номинации на лидерите. Второ, номинациите на лидерите може да биде потпомогната од релативно инклузивна листа на активни граѓани во претходните фази на работа на терен, од страна на истражувачот. Трето, примарната листа на лидери добиена од информантите се подложува на модификација во следните фази на истражувањето, па можноста на предвремено затворање на листата е дополнително минимизирана (Abu-Laban, 1965:40).

Бранителите на Хантеровиот пристап сметаат дека две важни причини го иницираат присуство на бизнисмените во системите на влијание во заедницата, бидејќи во многу американски градови, особено во помалите, бизнисмените и самите се политичари, акако репрезенти на локалните партии самите се длабоко вклучени во локалната политика. Абу-Лабан го наведува мислењето на Милтон Гордон, кој забележува дека ...економската моќ обезбедува средства преку ...моќта на политичката заедница може да се присвојува, и статусните разлики можат да се кристализираат (Abu-Laban, 1965:ibidem). Овде може повторнио да се спомне и Делберт Ц. Милер, чија компаративна студија покажала дека во англискиот град, за разлика од американскиот, бизнисмените не се предоминантни во локалната заедница и во донесувањето на одлуки (Miller, 1958:13-14).

„Можеби Хантеровиот опис на структурата на моќта на Атланта како силна, солидарна и одлучувачка група предизвика критичарите погрешно да ги спознаат претпоставките на методот и, следствено на тоа, да се откажат и од примената на методот и од наодите кои ги осварил“ (Abu-Laban, 1965:ibidem), но важно е да се напомене дека бројните студии кои подоцна го користеле репутацискиот пристап не резултирале со исти или слични како тие на Хантер.

Да додадеме уште една сугестија за валидноста на Хантеровиот репутациски модел, заради отстранување на можните заблуди. За структурата на моќта самата доминантна бизнис група и формирањето на можна пирамида на моќта, Хантер го потенцира следново: „дискусијата тука примарно се однесува структурирањето на моќта  на ниво на креирање на политиката. Само една рудиментирана „пирамида на моќта“ на Регионаленниот Град ќе биде презентирана... јас сериозно се сомневам дека таа моќ формира една единствена пирамида со било каква прецизност, во една заедница со големина на Регионален Град. Постојат *пирамиди* на моќ во оваа заедница кои се чини дека се многу поважни за сегашната дискусија отколку една пирамида“ (Hunter, 1953:62). Со ова, Хантер јасно покажува дека тој не смета дека со Атланта управува една и единствена пирамида на моќта.

Тука, ќе го заокружиме првиот или теоретскиот дел на овој труд, посветен на моќта, особено за репутацискиот метод на Хантер со констатацијата на Абу-Лабан дека „репутацискиот пристап истражува некои аспекти на моќта на заедницата кои, ниту пристапот на донесување на одлуки, ниту кој било друг пристап ги истражува“, па затоа тврдењето дека репутацискиот пристап не е валиден, според него останува недокажано. „Тоа е причината - вели тој - што многу политиколози и социолози продолжуваат да го користат овој метод“ (Abu-Laban, 1965:42).

Согласно текстот на Џон Волтан (Walton John, Substance and Artifact: The Current Status of Research on Community Power Structure, The American Journal of Sociology, Vol. 71, No. 4, 1966, pp. 430-438), ги наведуваме по редослед трудовите во кои се спроведени истражувања согласно репутацискиот метод, а детална класификација тој наведува во двете табели кои ги даваме во прилог на списокот на трудовите кој следи понатаму:

Студиите наведени во Табела 1 и Табела 2, под редните броеви кои стојат пред нив се спроведени според репутациски метод, во периодот до 1966 година,:

(1) Floyd Hunter, Community Power Structure, 1953
(3) Donald W. Olmstead, "Organizational Leadership and Social Structure in a Small City," American Sociological Review, XIX (June, 1954), 273-81;
(5) George Belknap and Ralph Smuckler, "Political Power Relations in a Mid-West City," Public Opinion Quarterly, XX (Spring, 1956), 73-81;
(6) Alexander Fanelli, "A Typology of Community Leadership Based on Influence and Interac-tion within the Leader Sub-system," Social Forces, XXXIV (May, 1956), 332-38;
(7) Harry Scoble, "Leadership Hierarchies and Political Is-sues in a New England Town," in Morris Janowitz (ed.), Community Political Systems (Glen-coe, Ill.: Free Press, 1961), pp. 117-45;

(8) Delbert C. Miller, "Decision-making Cliques in Community Power Structures: A Comparative Study of an American and an English City," American Journal of Sociology, LXIV (November, 1958), 299-310;
(9) Robert 0. Schulze, "The Bifurcation of Power in a Satellite City," in Janowitz, op. cit., pp. 19-80;
(13) William H. Form and William V. D'Antonio, "Integration and Cleavage among Community Influentials in Two Border Cities," American Sociological Review, XXIV (December, 1959), 804-14;
(14) Orion Klapp and Vincent Padgett, "Power Structure and Decision-making in a Mexican Border City," American Journal of Sociology, LXV (January, 1960), 400-406;
(15) Ted C. Smith, "The Structure of Power in a Suburban Community," Pacific Sociological Review, III (Fall, 1960), 83-88;
(17) Ernest A. T. Barth, "Community Influence Systems: Structure and Change," Social Forces, XL (October, 1961), 58-63;
(18) Robert C. Stone, "Power and Values in Trans-Community Relations," in Bert E. Swanson, Current Trends in Comparative Community Studies (Kansas City., Mo.: Community Studies, Inc., 1962) ;
(19) Linton C. Freeman et al., Local Community Leadership (Syracuse, N.Y.: University College, 1960) ; (20) Roscoe C. Martin et al., Decisions in Syracuse (Bloomington: Indiana University Press, 1961) ;
(21) Jackson M. McClain and Robert Highsaw, Dixie City Acts: A Study in Decision Making (Birmingham: Bureau of Public Administration, University of Alabama, 1962) ;
(22) David A. Booth and Charles R. Adrian, "Power Structure and Community Change: A Replication Study of Community A," Midwest Journal of Political Science, VI (August, 1962), 277-96;
(23) Delbert C. Miller, "Town and Gown: The Power Structure of a University Town," American Journal of Sociology, LXVIII (January, 1963), 432-43;
(24) Charles M. Bonjean, "Community Leader-ship: A Case Study and Conceptual Refinement," American Journal of Sociology, LXVIII (May, 1963), 672-81; (25) Ivan

Belknap and John Steinle, The Community and Its Hospitals (Syra-cuse, N.Y.: Syracuse University Press, 1963) ;
(26) Gladys M. Kammerer et al., The Urban Political Community: Profiles in Town Politics (Boston: Houghton Mifflin Co., 1963) ;
(27) Carol Estes Thometz, The Decision-makers: The Power Structure of Dallas (Dallas, Texas: Southern Methodist University Press, 1963) ;
(28) Donald A. Clelland and William H. Form, "Economic Dominants and Community Power: A Comparative Analysis," American Journal of Sociology, LXIX (March, 1964), 511-21;
(29) Robert Presthus, Men at the Top: A Study in Community Power (New York: Oxford University Press, 1964) ;
(30) Ralph B. Kimbrough, Political Power and Educational Decision Making (Chicago: Rand McNally & Co., 1964) ;
(32) Robert E. Agger, Daniel Gold-rich, and Bert E. Swanson, The Rulers and the Ruled: Political Power and Impotence in American Communities (New York: John Wiley & Sons, 1964) ;

# Табела - 1.

TABLE 1

COMPARATIVE OUTLINE OF STUDIES OF COMMUNITY POWER STRUCTURE*

| Community | Region | < 10,000 | 10,000–50,000 | 50,000–100,000 | > 100,000 | Industrialized | Non-industrialized | Diversified Economy | Narrow Economy | Absentee Ownership | Increasing Population | Stable Population | Heterogeneous Population | Homogeneous Population | Integration | Cleavage | Reputational | Two-step | Positional | Decision-making | Combined | Case Study | Non-governmental | Governmental | Pyramidal | Factional | Coalitional | Amorphous | Leadership Group (N) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Regional City | S | | | | × | × | | × | | | | × | × | | | × | × | × | | | | | × | | × | | | | 40 |
| 2. Loraine | NC† | | | × | | × | | | × | | | × | × | | × | | | | | | | × | | | | × | | | |
| 3. Red Wing | NC | | × | | | × | | × | | | | × | | × | | | × | | | | | | | | | × | | | |
| 4. Big Town | S | | | | × | × | | × | | × | × | | × | | × | | | | | | | × | | | | | | × | |
| 5. Community A | NC | | | × | | × | | | × | | × | | | × | | | × | × | | | | | × | | × | | | | 75 |
| 6. Bakerville | S | × | | | | | × | | × | | | × | × | | | × | × | × | | | | | × | | × | | | | 25 |
| 7. Bennington | NE | | × | | | | × | × | | | | × | | × | | | | × | | | × | | | × | | × | | | 69 |
| 8. Pacific City | W | | | | × | × | | × | | | | | | × | | | × | × | | | | | × | | × | | | | 59 |
| English City | | | | | × | × | | × | | | | | | × | | | × | × | | | | | × | | | | × | | 47 |
| 9. Cibolia | NC | | × | | | × | | | × | × | × | | | × | | | × | × | × | | | | | × | | × | | | 35 |
| 10. Seattle | W | | | | × | × | | × | | × | | | | × | | | | | | | | × | | × | | | × | | 76 |
| 11. Springdale | NE | × | | | | | × | | | | × | | | × | | | | | | | | × | | | × | | | | 5 |
| 12. New Haven | NE | | | | × | × | | × | | | | × | × | | × | | | | × | × | | | | × | | | × | | 415 |
| 13. El Paso | S | | | | × | | | | | | | | × | | | | × | | | | | | × | | | | × | | 61 |
| C. Juarez | | | | | × | | | | | | | | × | | | | × | | | | | | × | | | × | | | 60 |
| 14. Tia Juana | | | | | × | | | | | | | | × | | | | × | × | | | | | × | | | | | × | 30 |
| 15. Northville | W | | × | | | | × | × | | | × | | × | | | × | × | × | × | | | | × | | × | | | | 16 |
| 16. Miami (Dade County) | S | | | | × | | × | | | | × | | | | | | | | | | | × | | × | | | | × | |
| 17. Sanford | S | | | | × | × | | | × | | × | | × | | | × | × | | | | | | | | × | | | | |
| Amory | S | | | × | | | × | × | | | × | | × | | | × | × | | | | | | | | × | | | | |
| Algona | S | | × | | | | × | × | | | × | | × | | | × | × | | | | | | | | | × | | | |
| Gretna | S | | | × | | × | | | × | | × | | × | | | × | × | | | | | | | | | × | | | |
| Milton | NC | | × | | | | × | | | | | × | | × | | | × | | | | | | | | | | | × | |
| Norwood | NE | | × | | | × | | | × | × | | × | | × | | | × | | | | | | | | | | | × | |
| 18. Service City | W | | | | | | | | | | | | | × | | | | | | | | × | | | | | × | | |
| 19. Syracuse | NE | | | | × | × | | × | | × | × | | × | | × | | | | | | × | | | × | | | × | | |
| 20. Syracuse | NE | | | | × | × | | × | | × | × | | × | | × | | | | | × | | | | × | | | × | | |
| 21. Dixie City | S | | | × | | | | | | | × | | × | | | × | | | | × | | | | × | | | × | | |
| 22. Community A | NC | | | × | | × | | | × | | | × | × | | × | | × | | | | | | | × | | × | | | 49 |
| 23. Cerebrille | NC | | × | | | × | | × | | | | | | × | | | × | × | | | | | | × | | | × | | 49 |
| 24. Burlington | S | | × | | | × | | × | | | × | | × | | | × | × | × | | | | | × | | × | | | | 16 |

* See n. 4. † North central region.

Во колоните кои се подвлечени со црна дебела линија се обележани заедниците каде се вршени истражувања според репутацискиот метод. Редните броеви на почетокот го означуваат бројот на студијата дадена во списокот на литературата веднаш по овие две табели: 1 и 2.

Во втората колона е применет репутацискиот метод во две фази, каде на информантите им се дадени листи од за да селектираат моќни личности, додека во првата колона се истражувањата со една фаза, каде информантите сами ги идентификувале моќните личности.

# Табела - 2.

TABLE 1—*Continued*

| Community | Region | <10,000 | 10,000–50,000 | 50,000–100,000 | >100,000 | Industrialized | Non-industrialized | Diversified Economy | Narrow Economy | Absentee Ownership | Increasing Population | Stable Population | Heterogeneous Population | Homogeneous Population | Integration | Cleavage | Reputational | Two-step | Positional | Decision-making | Combined | Case Study | Non-governmental | Governmental | Pyramidal | Factional | Coalitional | Amorphous | Leadership Group (N) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 25. Watertown | S | | | | X | | X | X | | | | | | X | | | X | X | | | | | X | | X | | | | 74 |
| Centralia | S | | | | X | | X | X | | | | | | X | | | X | X | | | | | X | | X | | | | 61 |
| 26. Orange Point | S | X | | | | | X | | X | | X | | X | | | X | | | | | | X | X | | X | | | | |
| Floriana | S | | X | | | | X | | X | | | X | X | | | X | | | | | | X | X | | | X | | | |
| Center City | S | | | X | | X | | X | | | X | | X | | | X | | | | | | X | | X | | X | | | |
| Eastborne | S | X | | | | | X | | X | | | X | | X | | | | | | | | X | | X | X | | | | |
| Westborne | S | | X | | | | X | | X | | X | | | X | | | | | | | | X | X | | X | | | | |
| Dorado | S | X | | | | | X | | X | | X | | | X | | | | | | | | X | | X | | X | | | |
| Hiberna | S | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | X | X | | | X | | | |
| Estiva | S | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | X | X | | | X | | | |
| 27. Dallas | S | | | | X | X | | X | | | X | | | X | | | X | X | | | | | X | | X | | | | 67 |
| 28. Wheelsburg | NC | | | X | | X | | X | | X | X | | | X | | | X | X | X | | | | X | X | | X | | | 78 |
| 29. Edgewood | NE | X | | | | | X | | X | | | | | X | | | | X | | | X | | X | X | | | X | | 36 |
| Riverview | NE | X | | | | | X | | X | | | | X | | | | | X | | | X | | X | X | | X | | | 35 |
| 30. Midway County | S | X | | | | | X | | | | | | | | | | | X | | | X | | | X | | X | | | 20 |
| River County | S | | | X | | | | | | | | | | | | | X | X | | | | | | X | | | X | | 38 |
| Beach County | S | | X | | | | | | | | | | | | | | X | X | | | | | | X | X | | | | 18 |
| Southern County | S | | | | | | | | | | | | | | | | X | X | | | | | | X | X | | | | 8 |
| 31. Atlanta | S | | | | X | X | | X | | | | X | X | | | X | | | | | X | | | X | | | X | | 133 |
| 32. Farmdale | W | X | | | | | X | X | | | X | | | X | | | | X | | | X | | X | X | X | | | | 14 |
| Oretown | W | | X | | | X | | | X | X | X | | | X | | | | X | | | X | | X | X | | | X | | 38 |
| Petropolis | S | | | X | | X | | X | | | X | | X | | | X | | X | | | X | | X | X | | | X | | 61 |
| Metroville | S | | | X | | X | | X | | | X | | X | | | X | | X | | | X | | X | X | X | | | | 41 |
| 33. Oberlin | NC | X | | | | | | | | | | | | | | | | | | X | | | X | X | | X | | | |

Во колоните кои се подвлечени со црна дебела линија се обележани заедниците каде се вршени истражувања според репутацискиот метод. Редните броеви на почетокот го означуваат бројот на студијата дадена во списокот на литературата веднаш по овие две табели: 1 и 2.

Во втората колона е применет репутацискиот метод во две фази, каде на информантите им се дадени листи од за да селектираат моќни личности, додека во првата колона се истражувањата со една фаза, каде информантите сами ги идентификувале моќните личности.

## I I Дел

## СТУКТУРАТА НА МОЌТА ВО БИТОЛА: ПРЕДМЕТ И МЕТОД НА ИСРАЖУВАЊЕТО

### 1. Битола како локална заедница: основни белези

#### 1.1. Физичкото опкружување - територијално - комуникациска структура на Битола

Географската локација на Битола ја прави неа фокусна точка за транспортни операции и на финансиски и деловни трансакции, кои се одвиваат во југозападниот дел на Република Македонија. Комерцијалните трансакции ја снабдуваат со стока внатрешноста на градот и околината, преку складирање, собирање и дистрибутивни активности. Суровините за работа на претпријатијата се обезбедени преку транспорт или од внатрешноста на деловите на општината и им овозможуваат активност на многу гранки од преработувачката индустрија. Позицијата на Битола ја прави неа центар посветен на финансиите, градежните работи, трговијата и производството, според определен редослед на важност. Овие активност ги преокупираат повеќето луѓе во Битола, како што би рекол Хантер (за Регионален град), „од понеделник до сабота во секоја седмица". Тоа значи дека во градот се одвива одреден  промет на луѓе и добра, односно се одвива „бизнис".

Општина Битола се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија и се граничи со градовите Прилеп, Ресен и Демир Хисар, а на југ со Република Грција. Битола долго време беше втор по големина град во Република Македонија со околу 90.000 жители, градот и околу 125.000 со 65-те села и населби.

Битола е важен комуникациски центар во регионот, бидејќи се наоѓа на меѓународниот пат К-10 со кракот М-5 (од Градско до границата со Република Грција), споен на запад со К-8, преку Е-65 до Охрид, а преку него со Република Албанија. Битола преку железничка, линија е поврзана со Скопје на север, и со Солун, Република Грција на југ, иако овој, јужниот железнички правец не е во

редовна употреба. Најблискиот аеродром во регионот е аеродромот во Охрид на 70км, аеродромот во Скопје на 160 км и во Солун, на 190 км., каде е и најблиското пристаниште за Битола.

Географската положба на Битола и овозможуваше да биде значајна економска, културна и образовна крстосница низ сите периоди од нејзината историја, почнувајќи од Хералеа Линкестис, антички град од 4 век п.н.е., кој се наоѓал на патот Виа Игнација, до денешно време. Кон крајот на 19 век и во првата половина на 20 век, Битола бележи голем културен и економски развој, до Првата светска војна. По Втората светска војна, иако град на граничната линија со Репблика Грција, во периодот на социјализмот, помеѓу 70-80 години на минатиот век бележи динамичен индустриски развој, урбанистичко-станбена експанзија и севкупен развој. Од процесот на осамостојување на Република Македонија, во т.н. процес на транзиција и приватизациај на општествениот капитал, Битола бележи подолготрајна стагнација, со висока безработица. Извесни раздвижувања се карактеристични во последните 4-5 години со отворање на големата фабрика со 2.200 вработувања - „Кромберг и Шуберт“, странска инвестиција во Индустриската зона Жабени.

И покрај сите стопански падови, за стопанството на Битола се карактеристични определени потенцијали, кои овозможуваат нејзино брзо стопанско закрепнување. Таа се наоѓа во област на интензивно и развиено земјоделство, сточарство, овоштарство и претставува значаен земјоделско - индустриски центар, бидејќи регионот на Битола (со Ресен и Демир Хисар) учествува со 11% во вкупната економија на Република Македонија.

### Стопански субјекти во Битола

Бројот на претпријатијата во стопанството на Битола, според евиденцијата на деловните субјекти, која се води во Државен завод за статистика, заклучно со 31.12. 2014 во општината Битола, има активни 3.951 деловни субјекти. Најзначајни носители на стопанскиот развој се микро и малите претпријатија, на кои отпаѓаат 3.905 од вкупно претпријатија во општината.

**Табела 1.** - ***Активни деловни субјекти по големина во Општина Битола, состојба 31 декември 2014 година***

<table>
<tr><th rowspan="3">Општина Битола</th><th colspan="5">2014</th></tr>
<tr><th>Вкупно</th><th>микро</th><th>мали</th><th>средни</th><th>големи</th></tr>
<tr><td>3.951</td><td>2.824</td><td>1.081</td><td>27</td><td>19</td></tr>
<tr><td colspan="6">Извор: Државен завод за статистика<br>http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Dialog/Saveshow.asp</td></tr>
</table>

Во битолското економија доминира примерниот сектор, со производство на електрична енергија (80% од вкупното производство во РМ - ЕЛЕМ РЕК Битола, рударство – производство на јаглен лигнит за ЕЛЕМ РЕК Битола, со вработени 2.500 лица, кои годишно ископуваат 6 - 7 милиони тони лигнит и произведуваат 4.3 гигават часови електрична енергија. Потоа, во стопанството на Битола значителна улога има земјоделското производство: на пченица, тутун, одгледување на добиток и производство и преработка на млеко (ЗК Пелагонија и млекарите: ИМБ Млекара Битола - БиМилк, Идеал Шипка, Компани Ж. Радевски и други.).

Битолското поле го опфаќа најголемиот дел од Пелагониската котлина, со вкупна обработлива површина од околу 70.000 ха. Со хидросистемот Стрежево, се создадени дополнителни поволни услови за развој на земјоделството. Денес ЈП "Стрежево" има вкупно 220 вработени, служи за наводнување на повеќе од 20.200 ха земја, а покрај оваа активност, Стрежево се занимава и со производство на електрична енергија - мини хидроцентрали, со одгледување на риби и печурки, како и со угостителски дејности.

Секундарниот индустриски сектор го сочинуваат: градежништвото (ГП Пелистер, Мак Строј, Стентон Градба), металопреработувачката индустрија (ФОД Новаци, Монтинг Инженеринг, МЗТ Инженеринг, Кобил), графичката индустрија и печатење (Киро Дандаро, Фустеларко Борец, АНС Печатница, БизАрт и други.), текстилниот сектор (Родон, Саитис, Трикотажа Пелистер,

Фалко), потоа прехрамбената индустрија (Фабриката за квасец и шпиритус, Еврокекс, Мигрос, Цермат, Пивара АД Битола), полнењето на минерална вода (Пелистерка АД, Суна, Макминерал) и трговијата на големо и мало, со голем број на мали и средни претпријатија.

Терцијален сектор во Битола го сочинуваат угостителството и туризмот (АДУТТ Македонија - Хотел Епинал, Хотел Капри, Хотел Милениум, и голем број на туристички агенции, како и транспортот и шпедицијата (Фершпед, Макошпед, Игоимпекс, Генекс, Милениум Селтик, ГТ Шпед, а особено е значаен IT сектор (Интерворкс, Вебион, Нова Солутионс).

За битолската економија од големо значење се следните деловни субјекти: ЗК Пелагонија, Фабриката за квасец и алкохол, Пелистерка АД, ИМБ Млекара Битола, Пивара Битола, Фабриката за шеќер "4-ти Ноември", Синпекс – Битола, "Идеал шипка", "Цермат", Сокотаб, АД Металец – Заштитно друштво, "Киро Дандаро", ГП Пелистер, Кромберг и Шуберт и др.

Во однос на структурата на деловните субјекти доминантни дејности во Општина Битола се трговијата на големо и мало, поправка на моторни возила и мотоцикли; транспортот и складирањето и преработувачка индустрија.

Банкарските и другите финансиските институции (приватни акционерски друштва) во Битола се застапени со една домицилна банка: Стопанска банка ад - Битола, и со филијали и експозитури на 11 други банки и 2 штедилници, и тоа: Стопанска банка ад - Скопје, ИК Банка ад Скопје, УНИ Банка, Алфа банка, Комерцијална Банка, Охридска банка, Тетекс - Кредитна банка, Тутунска банка, Прокредит банка, Шпаркасе банка, Централна-Кооперативна банка, Штедилница ФУЛМ и Штедилница МАК БС.

Скоро сите осигурителните компании, кои делуваат на државно ниво, исто така имаат свои филијали и експозитури во Битола. Нивната бројка сега изнесува 9, со тенденција за зголемување, и такви се: Еуролинк осигурување ад - Скопје, А.Д. Кјуби осигурување Македонија, АД за осигурување "Триглав"- Битола, Осигурителна полиса - Битола, Кроација осигурување - Битола, Осигурување СИГАЛ - Битола, Осигурување СИГМА - Битола, АЛБСИГ - Битола, Винер штедише - Битола.

Табела 2. - *Активни деловни субјекти вкупно и по сектори на дејност според НКД Рев.2* во Општина Битола, состојба на 31 декември 2014 година*

| **Општина Битола - 2014 година** | |
|---|---|
| **Дејности** | |
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | **263** |
| **Рударство и вадење на камен** | **8** |
| **Преработувачка индустрија** | **348** |
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | **7** |
| **Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината** | **12** |
| **Градежништво** | **172** |
| **Трговија на големо и на мало; поправка на моторни возила и мотоцик.** | **1.419** |
| **Транспорт и складирање** | **368** |
| **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | **246** |
| **Информации и комуникации** | **70** |
| **Финансиски дејности и дејности на осигурување** | **14** |
| **Дејности во врска со недвижен имот** | **22** |
| **Стручни, научни и технички дејности** | **338** |
| **Административни и помошни услужни дејности** | **88** |
| **Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | **8** |
| **Образование** | **59** |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита** | **200** |
| **Уметност, забава и рекреација** | **85** |
| **Други услужни дејности** | **224** |
| **Дејности на домаќинствата како работодавачи** | **-** |
| **Дејности на екстратериторијални организации и тела** | **-** |
| **Вкупно** | **3.951** |
| ***Националната класификација на дејности - НКД Рев.2 е усогласена со Европската класификација на дејности - NACE Rev.2** | |
| **Извор: Државен завод за статистика http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Dialog/Saveshow.asp** | |

## Образовни институции во Битола

За Битола треба да се каже, исто така, дека е универзитетски град во кој делува Универзитетот Св. Климен Охридски - Битола со 11 факултети и еден институт, како и 2 придружни членки – еден завод и еден институт[1].

[1] **Единици на универзитетот:**
**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ – ПРИЛЕП**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ - БИТОЛА**
**ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА**
**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО - ОХРИД**

Во Битола, има 10 основни училишта, со 4 дисперзирани оддели и уште 8 во селските населби, или вкупно се 22, со 7.544 ученици. Додека средни училишта има 9, од кои 7 се државни и 2 приватни, со вкупно 4.168 ученици.

**Табела – 3.** ***Ученици во Општина Битола во учебната 2014/2015 година***

| Општина Битола | Учебна година 2014/2015 | | |
|---|---|---|---|
| | вкупно | ученички | ученици |
| Основни училишта | 7.544 | 3.630 | 3.914 |
| Средни училишта | 4.168 | 2.089 | 2.079 |
| Извор: Државен завод за статистика http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Dialog/Saveshow.asp | | | |

Бројот на наставници во основните училишта во Битола во учебната 2014/2015 година изнесуваше вкупно 725, додека во средните училишта во Битола, во истата учебна година работеа 378 професори.

Табела - 4. ***Вкупен број на наставници и професори во учебната 2014/2015 година во училиштата во Битола***

| Општина Битола | 2014/2015 | | |
|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **жени** | **мажи** |
| **Основни училишта** | **725** | **560** | **165** |
| **Средни ушилишта** | **378** | **255** | **123** |

Извор: Државен завод за статистика
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Dialog/Saveshow.asp

Во Битола делува постои Клиничка болница, Здравствен дом, ЈЗУ Центар за јавно здравје и 59 приватни здравствени општи и специјалистички амбуланти и ординации, како и голем број на стоматолошки ординации и дисперзирани единици на Болниците на Жан Митрев, Систина, Неуромедика и други приватни болници кои имаат седиште во Скопје.

Од аспект на културните установи и институции во градот постои Дом за култура и реномиран театар, кои организираат неколку културни манифестации од меѓународен карактер. Најпознати културни манифестации и настани во Битола се: фестивалот на филмската камера - Браќа Манаки, фолклорниот фестивал Илинденски денови, фестивалот на аматерски документарен филм Камера 300, Хераклејски вечери, БитФест – битолското културно, како и светски познатата ликовна колонија Мал Битолски Монмартр.

## 1.2. Политичкиот систем во локалната самоуправа

Кога станува забор за донесувањето на одлуки на ниво на локалната заедница, во случајот на Битола, согласно поставеноста на локалната самоуправа во Уставот на РМ, и согласно Законот за локална самоуправа, надлежна институција за донесување на одлуки кои го регулираат животот на локалната заедница е Советот на Општината, а во доменот на извршувањето на одлуките, надлежен е Градоначалникот на Битола.

Според Законот за локална самоуправа,[2] „Општината" е единица на локална самоуправа, како заедница на жителите на одредено подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон; притоа, општината донесува свои "прописи", кои се општи акти, со кои советот на општината како орган го уредува вршењето на надлежностите на општината;

Законот го дефинира и "процес на одлучување" во општината, а со тоа и структурата на моќта во општината. Тој претставува збир на активности на советот на општината, кои се состојат од: дефинирање и определување на прашања кои треба да се решат; предлози и решенија; разгледување и донесување на прописи и мерки. Односно, процесот на одлучување ги опфаќа и поставувањата на дневен ред и процедурите за донесување на одлуките, бидејќи целосно ја креира општинската регулатива.

Ако се погледне членот 22 од Законот за локална самоуправа, таму се прецизно наведени важните области од локалниот живот, за кои е овластена да одлучува Општината, како локална власт. Општината, одлучува за урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобренија за градење, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште, одлучува за заштитата на животната средина и природата, за локалниот економски развој, за комуналните дејности, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштита на децата. Исто така, таа одлучува за основното и средното образование, за примарната здравствена заштита, подготовките и преземањето на мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните

---

[2] Закон за локална самоуправа, "Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 год., Член 2.

добра, како и за противпожарна заштита, што ја вршат територијалните противпожарни единици.[3]

---

[3] Членот 22 од Законот за локална самоуправа ја донесува листата на надлежности на Општината, која го опфаќа следното:
1. Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;
2. Заштитата на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење;
3. Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;
4. Комуналните дејности - снабдувањето со вода за пиење; испораката на технолошката вода; одведувањето и пречистувањето на отпадните води; јавното осветлување; одведувањето и третманот на атмосферските води; одржувањето на јавна чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно паркираните возила; отстранување на хавarisаните возила од јавните површини; изградбата и одржувањето на пазарите; чистењето на оџаците; одржувањето и користењето на парковите , зеленилото, парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;
5. Културата - институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации ; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво;
6. Спортот и рекреацијата - развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградбата на објекти за спорт; поддршка на спортски сојузи;
7. Социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување на социјална грижа за инвалидните лица; децата без родители и родителска грижа; деца со воспитно- социјални проблеми; деца со посебни потреби; децата од еднородителски семејства; децата на улица; лицата изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита;
8. Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;
9. Здравствената заштита - управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон;
10. Спроведување на Подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;
11. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;

Меѓу најважните ингеренции на Советот на Општината се: донесувањето на Статутот, Буџетот и Годишната сметка, со висината на изворите на приходи за финансирањето на Општината. Потоа, основањето јавни служби (локални јавни претпријатија) и надзор над нивната работа; именувањето на членови во управните одбори на јавните служби, усвојувањето на програмите за работа, финансиските планови, извештаите и годишните сметки на јавните служби. Посебна ингеренција е давањето дозволи за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, располагањето со сопственоста на Општината, како и изборот на лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во Општината[4] и сл.[5]

---

12. Надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност и
13. Други работи определени со закон.
(2) Надлежностите од ставот (1) на овој член се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со закон.
(3) Со закон се утврдуваат работите од надлежност на општината кои таа задолжително ќе ги врши.

[4] Раководното лице од ставот (1) точка 12 на овој член е избрано ако за него гласале мнозинство од сите совети на општините, кои ги опфаќа подрачната единица на Министерството за внатрешни работи.

[5] Член 36 од Законот за локална самоуправа:
1. Го донесува Статутот на општината и други прописи;
2. Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
3. Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон;
4. Основа јавни служби во рамките на надлежноста на општината и врши надзор над нивната работа;
5. Именува членови во управните одбори на јавните служби, кои ги основа;
6. Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби, кои ги основала општината;
7. Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
8. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со закон;
9. Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала општината;
10. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
11. Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на буџетот на општината, во согласност со закон;
12. Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината, во согласност со закон;
13. Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител;
14. Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот и
15. Врши и други работи утврдени со закон.
(2) Доколку советот не ги усвои извештаите од ставот (1) точките (7) и (9) на овој член, може да покрене постапка за вршење на контрола над
11 материјалното и финансиското работење пред надлежниот орган за надзор.
(3) Раководното лице од ставот (1) точка 12 на овој член е избрано ако за него гласале мнозинство од сите совети на општините, кои ги опфаќа подрачната единица на Министерството за внатрешни работи.

Надлежностите на Градоначалникот ги регулира членот 50 од Законот за локална самоуправа, при што најважни се: претставувањето и застапувањето на општината, контролата на законитоста на прописите и извршувањето на одлуките на Советот, извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на Општината, иницирање, предлагање и донесување на прописи од надлежност на Советот, предлагање и извршување на Буџетот и Годишната сметка на Буџетот на Општината, избирањето директори на јавните служби, како и решавањето во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон. Од аспект на контролирањето и функционирањето на Општината, Градоначалникот донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација и раководи со неа, одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, и како уште една важна надлежност: обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на Општината.[6]

Опфатот на областите за кои одлучува локалната самоуправа не е мал по обем, како што не е мала по обем и можноста да се влијае или да се спроведува моќ од страна на Советот и Градоначалникот, ако се знае дека со промената на некоја одлука, можат да се зголемат, во помала или поголема мерка, давачките на

---

[6] Член 50 ги донесува надлежностите на Градоначалникот:
1. Ја претставува и застапува општината;
2. Ја контролира законитоста на прописите на Советот;
3. Ги објавува прописите на Советот во службеното гласило на општината;
4. Го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот,
5. Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;
6. Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на Советот;
7. Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на општината;
8. Го извршува буџетот на општината;
9. Избира директори на јавните служби кои ги основала општината, врз основа на јавен конкурс;
10. Редовно го известува Советот за извршувањето на своите надлежности во согласност со статутот;
11. Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон;
12. Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
13. Раководи со општинската администрација;
14. Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон.
15. Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината, во согласност со закон и статутот и
16. Врши други работи утврдени со закон и со статутот.
(2) Градоначалникот може да овласти раководен службеник на општината да ја води постапката и да решава во управни работи, како и да потпишува акти.

граѓаните или претпријатијата, кои делуваат на територијата на таа локална заедница. Исто така голем е бројот и на поединци, чија што работна позиција зависи од тоа кој и како одлучува за нив, за нивното именување на раководни позиции, или едноставно за нивно врботување или отпуштање од работа, особено во делот на општинската администрација, која е директно зависна од волјата и моќта на Градоначалникот (индиректно од моќта на партијата/коалицијата која е на власт, или од врските и релациите кои подредениот службеник ги има со претпоставените и со Градоначалникот).

Од надлежностите на Општината, односно Советот и Градоначалникот, како нејзини органи во спроведувањето на власта, произлегува и големината на интересот, или „борбата за власт" која се случува за време на редовните, на секои 4 години, или вонредните (предвремени или други) избори за локална самоуправа, кои ги предвидува Законот за локална самоуправа, а се посебно регулирани со Изборниот законик.

### 1.2.1. Формалната политичка моќ на ниво на општина Битола

Согласно на деморкатските принципи по кои е уреден политичкот живот во Република Македонија формалната политичка моќ се стекнува преку изборниот процес. Истото важи и за начинот на организација и распределба на политичката моќ на ниво на општината Битола.

Според Изборниот законик[7], начинот на кој се формира Советот и се станува Градоначалник на Општината се базирани на резултатите кои ги остваруваат кандидатите на подносителите на листи за локалните избори.

Право на учество во процесот на кандидирање за избори за Совет и на Градоначалник имаат партии, коалиции, групи избирачи или независни кандидати. Подносител на листа на кандидати за членови на Совет и Градоначалник, се регистрираните политички партии.

Во случаите на независни листи и кандидати, според член 62 од Изборниот законик, подносител е група избирачи, која собрала најмалку 450 потписи од

[7] Изборен законик, Службен Весник на Република Македонија бр. 40/2006 година, пречистен текст од 12.04.2014 г. (со внесени измени во: број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 63/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013 и 34/2013).

запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за Општината, ако општината брои над 100.001 жители (како што е случајот со Битола)

Откако Изборната комисија ќе ги соопшти званичните резултати од спроведените локални избори, и откако ќе поминат сите инстанци на можно судско оспорување на резултатите, значи, кога ситуацијата е чиста, следи процесот на конституирање на Советот и верификација на мандатите на советниците. Нивната бројка зависи од бројот на жителите кои општината ги има на избирачкиот список. Во сучајот на Битола, бројката на советници изнесува 31 лице.

Согласно изборниот законик, Член 4, точка 3, „Изборот на членови на советите се врши на подрачјето на општината, односно градот Скопје според пропорционалниот модел“, а според точка 4, од истиот член „Изборот за градоначалник се врши на подрачјето на општината, односно градот Скопје според мнозинскиот модел“.

Значи според изборниот модел за советници, а врз основа на освоените резултати на изборите, се определува бројот на мандатите за советници кои го добиле учесниците на локални избори. Откако Изборната комисија ќе им издаде решенија на идните советници и Градоначалникот, во случајот на Советот треба да се одржи конститутивната седница, која ја води по возраст најтариот советник и на која се избира Претседавач на советот, кој потоа раководи со работата на Советот.

Бидејќи функциите на советниците се во принцип стекнати како резултат на спроведени избори, тогаш нивната позиција и позадината од која произлегува нивната моќ како колективно тело - Совет на Општината е формално базирана на добиениот мандат на избори.

Според процедурите на деловничкото одлучување во советот, мнозинството (партија/коалиција) во Советот ги донесува одлуките со гласање, односно со мнозинство на гласови. Така, сите одлуки на Советот, освен, ако за нив гласала и опозицијата (односно, ако се донесени едногласно) се смета дека ја изразуваат волјата на советничката група од владејачката партија/коалиција, која има мнозинство во Советот на локално ниво.

За разлика од Советот, за чиј избор при локалните избори се поднесуваат листи, секоја листа со по 31 предлог за советник, изборот на Градоначалникот се врши според мнозинскиот изборен модел. Градоначалникот го избираат граѓаните

непосредно. Кандидат за градоначалник може да предложи прописно регистрирана политичка партија, или група избирачи, кога се предлага независен кандидат. Независен кандидат може да биде лице зад чија кандидатура стојат потписи (во случајот на Битола) од 450 граѓани регистрирани во избирачкиот список, кои потписи мораат да бидат дадени во подрачната единица на Министерството за правда, ако кандидатот ги исполнува законските услови.

И во првиот случај, кога кандидатурата е поднесена преку политичка партија/коалиција, или во вториот случај, со собрани потписи од граѓаните, кандидатот кој добил најмногу гласови во првиот, или ако не успеал во првиот, тогаш добил најмногу гласови во вториот круг, станува градоначалник.

Земено од формален аспект, со оглед на областите за кои Општината има мпжност да одлучува, произлегува дека донесувањето на одлуките од страна на Советот и Градоначалниот се од пресудно значење за спроведување на локалните прописи, но исто така и од пресудно значење на животот на луѓето во локалната средина. Токму тука се отвора и главното прашање: Ако одлуките на Советот и Градоначалникот се пресудни, тогаш кој влијае врз тие одлуки, односно, дали тие одлуки зависат само од волјата на советниците и граоначалникот, или не, и ако не, кој е тој што ја има стварната моќ и моќ да управува со јавниот живот во локалната средина?

Нашето истражуање ќе се обиде да даде одговор на ова прашање.

## 1.3. Основни карактеристики на економскиот систем и влијанието во животот на општина Битола

Функционирање на економскиот систем на Република Македонија се базира на уставните гаранции[8] и законските одредби, со кои економската слобода на поединецот е загарантирана и се остварува преку неколку видови сектори на сопственост, и тоа: Сектор на јавна сопственост (со техноменаџерско управување); Сектор на мешовита сопственост; Средно и крупно приватно стопанство (со менаџерско управување); Мало приватно стопанство (со претприемничко управување) и Приватни земјоделски домаќинства (со традиционална поделба на трудот)[9].

Структурата на стопанството во Македонија, според секторите на сопственост во сегашните општествени услови, значи по 1990 г., и настанатите општествени промени од социјализам во капитализам, станува доминантно приватна. Приватниот сектор во 2001 г. веќе создава 86% од вкупниот приход и вработува 80% од работната сила во Македонија; создава 66% од вкупната добивка и опфаќа 89% од регистрираните стопански субјекти. Покрај приватниот сектор, во Македонското стопанство постои и државен (јавен) сектор, кој создава 20% – 30% од БДП; постои и мешовит сектор (приватна и државна сопственост), но може да се каже дека тој е во процес на дооформување.

Инаку, во претходниот, самоуправно-пазарен - социјалистички систем на РМ и (СФРЈ) до 1990 година во македонското стопанство доминираше општествениот сектор: поседуваше 90% од вкупниот капитал, создаваше над 80% од БДП, вработуваше над 2/3 од работната сила, и истиот по обем, од 1950 до 1990 г. беше зголемен за 5-6 пати. За разлика од него во истиот тој период приватниот сектор беше ограничуван во бројот на вработените (5-10) и средствата за работа. Поседуваше само 10% од вкупниот капитал и создаваше помалку од 20% од БДП, а забележал пораст за (само) 100% во периодот од 1950 до 1990 г.

[8] Устав на Република Македонија, член 8, Амандман VI, член 30 и 31.

[9] http://www.slideserve.com/piera/tema-br-4-funkcionirawe-na-ekonomskiot-sistem-na-republika-makedonija (Презентација - Тема Бр. 4 – Функционирање на економскиот систем на РМ, предмет Применета економика, Правен Факултет Скопје)

### 1.4. Кус осврт на процесот на трансформирањето на општествената сопственост по 1989 година

Периодот по осамостојување на Република Македонија (1991 г.), е период на трансформирање на поголемиот дел на општествената сопственост (тогаш беа присутни незначителен број и со мал обем, приватни стопански претпријатија). Процесот на приватизација беше исполнет со разновидни сопственичко-правни спорови кои произлегуваа од бројните обиди з незаконска манипулација и принуда (уцена), на работниците да ги продадат своите удели, или интерните акции, во полза на менаџерските тимови, кои ја беа започнале приватизацијата.

Во првата фаза на приватизацијата, менаџерски тимови беа со наследена менаџерска моќ од периодот на еднопартискиот систем, па најголемиот дел од управувачкиот капитал го стекнаа заради позицијата која ја завземаа во претпријатијата, или заради политичкото протежирање. Трансформација на општествената сопственост во Македонија беше започната во 1989 година со Законот за општествениот капитал, кој подразбираше постоење на т.н. интерни акции. Право на нив имаа само вработените во односните претпријатија, значи не можеа да се продаваат на берза. Тогашната продажба на претпријатијата се одвиваше не според реална вредност, туку според сметководствена. Со законот постоеше можност за отплата во рок од 10 години, преку откуп на емисијата на нови (дополнителни) акции, преку дел од платите на вработените. Резултатот на тоа беше: извршениот откуп на капиталот на претпријатијата по нереална вредност, без уплата на готови пари, најчесто преку фиктивно зголемени плати. Овој модел во Македонија и следствено во Битола беше спроведуван до 1991 година (најдолго од сите поранешни членки на СФРЈ), и по тој закон беа трансформирани, и делумно приватизирани, половината од општествените претпријатија.

Тој процес е продолжен во 1993 година со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Моделот на приватизацијата продолжи не со масовна приватизација, туку зависно од иницијативите на менаџерските тимови, со проценка на вредноста на капиталот според посебна методологија, и со признавање на делумно остварената претходна приватизација, по извршена контрола и ревизија на нејзината исправност; Во голем дел од стопанските претпријатија тогаш настана период на брза стагнација, ликвидација и пропаѓање,

за потоа истите, пред се, физичката структура на објектите, инфраструктурата, возниот или машинскиот парк, да биде купуван од страна на менаџерските тимови, или поединци во нив, најчесто со притисок врз вработените ним да им ги продадат интерните акции или своите удели.

Продажбата потоа продолжи преку тендери, како јавна продажба со, право на купување на секој (и домашни и странски државјани), но и со попусти за вработените (за 30% од општествениот капитал), во висина од 30% од вредноста + 1% за секоја година работен стаж во претпријатието. Предвидени беа различни модели за приватизација, во зависност од големината на секое претпријатие, а плаќањето беше на максимум 5-годишни рати, со уплаќање учество (различно кај мали, средни и големи претпријатија и модели на приватизација), а дел од општествениот капитал беше бесплатно трансфериран на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Приватизацијата ја спроведуваше Агенцијата на РМ за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал.

Транзициониот период за еден дел од македонските претпријатија заврши со колапс заради неразрешливите и одолговлекувани судски спорови околу контролниот пакет на акции, што предизвика многу претпријатија да отидат во стечај. Така, во транзициониот период беа затворени, престанаа со работа или отидоа под стечеј (формата овде не е од пресудно значењ) следните фабрики и значајни претпријатија од тој период: Битолатекс, Фрижидери, Металец, Жито Битола, КИБ – тулана, Краш – Битола, Иднина и Мокел, Фабриката за кожи, Битоласил, Водостопанство Пелагонија, Свиларницата Илинден, Фабриката за конзервирана храна, Фабриката за лимена амбалажа, и др., (со чие затворање останаа без работа (5.500 – 6.000 тогашни вработени во овие капацитети), што на друга страна создаде катастрофална безработица, со преку 30 % невработено население. Од невработено население во Република Македонија, кое во 2006 година изнесуваше вкупно 366.551, во Битола беа невработени 20.200 (или 5,5 % од вкупниот број на невработени лица во РМ). Во Табела - 5, може да се види висината на невработеноста во периодот од 1996-2011 година.

**Табела - 5.** ***Проценти на невработеноста во РМ во периодот 1996-2011 година***




**Извор: Годишен извештај на Агенцијата за вработување на Република Македонија за 2006, стр. 19**

Вака големи бројки од над 38 % на невработеност (2005 г.) не беа присутни ниту во периодите на големите кризи, пример за време на Големата економска криза во САД (1929-1933), процентот на невработени се искачил меѓу 16-25 %.

**Табела - 6.** ***Проценти на невработеноста во САД во периодот 1929-1937 година***

| Depression Era Unemployment Statistics USA | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Year | Population | Labor Force | Unemployed | Percentage of Labor Force |
| 1929 | 88,010,000 | 49,440,000 | 1,550,000 | 3.14 |
| 1930 | 89,550,000 | 50,080,000 | 4,340,000 | 8.67 |
| 1931 | 90,710,000 | 50,680,000 | 8,020,000 | 15.82 |
| 1932 | 91,810,000 | 51,250,000 | 12,060,000 | 23.53 |
| 1933 | 92,950,000 | 51,840,000 | 12,830,000 | 24.75 |
| 1934 | 94,190,000 | 52,490,000 | 11,340,000 | 21.60 |
| 1935 | 95,460,000 | 53,140,000 | 10,610,000 | 19.97 |
| 1936 | 96,700,000 | 53,740,000 | 9,030,000 | 16.80 |
| 1937 | 97,870,000 | 54,320,000 | 7,700,000 | 14.18 |

**Извор: http://www.u-s-history.com/pages/h1528.html**

Но, бидејќи предметот на анализа на нашиот труд не е процесот на приватизација ниту на трансформацијата на македонското стопанство од општествена во приватна сопственост, сметаме дека наведената слика на состојбите е доволен доказ да покаже од каде произлегуваше стопанската моќ, која, своја показна форма ќе искаже и во случајот на лоцирањето на економската моќ во општина Битола.

## 1.5 Денешна сопственичка структурата на поголемите претпријатија во општина Битола

Покрај претпријатијата кои произлегоасо трансформација на општествена во приватна сопственост, во македонската економија денес се присутни и многу новосоздадени претпријатија во приватната сопственост. Во прилог на нивното создаање одеа бројните можности што во изминатите дваесетина години им се даваа на стопанствениците, преку либерализација на законодавството, да се развива приватниот сектор. Таквиот пристап услови појава и развој на голем број мали и средни претпријатија, како и развој на претприемништво и самовработување. Приватизацијата беше општествено стимулирана и преку процесот на денационализација, како и со можност за заеднички вложувања со странски партнери. Последниве десетина години видно е присуството и на исклучиво странски инвестиции, особено во новосоздадените индустриски и развојни зони, од кои една постои и функционира и во општина Битола.

Транзицијата направи значителни промени во сопственоста на претпријатијата во битолското стопанство во периодот од 1989 наваму. Денес, единствените државни претпријатија во Битола се ЕЛЕМ РЕК Битола и ФОД Новаци[10], како и ЈП "Стрежево". Единственото претпријатие со мешовита - државна и приватна странска сопственост во Битола, е Фабриката за шеќер „4-ти Ноември"

---

[10] Заради доминирањето на цбројката на вработените кои живеат во Битола, се смета дека РЕК припаѓа на стопанството на општина Битола, иако претпријатието формално се наоѓа во општината Новаци. Истата констатација се однесува и на структурата на вработените во ФОД.

Сите други претпријатија, кои пред транзицијата беа значајни општествени претпријатија во Битола, сега се приватизирани во акционерски друштва: ЗК Пелагонија, Стопанска Банка АД Битола, ИМБ Млекара Битола - БиМилк, ГП Пелистер, Фабриката за квасец и алкохол, Сокотаб, Мак Строј, Монтинг Инженеринг, МЗТ Инженеринг, Киро Дандаро, Фустеларко Борец, Пелистерка АД, АД Лозар, АД Металец – Заштитно друштво, Мокел - ЕЕИИ, Еврокекс, Пивара АД Битола, Трикотажа Пелистер, АДУТТ Македонија - Хотел Епинал, Фершпед, Макошпед и други.).

Како новосоздадени приватни претпријатија од поголемо значење можат да се споменат долго-постоечките приватни претпријатија се: Симпекс, од поголем обем, Торпедо, од среден обем и Печатница Шикло од мал обем. Сите што ги наведуваме во продолжение, се резултат на нововложен приватен капитал и приватна иницијатива, настанати после транзицијата: Цермат, Идеал Шипка, Компани Ж. Радевски, Мигрос, Стентон Градба, Кобил, Интерворкс, Вебион, Нова Солутионс АНС Печатница, Суна, Макминерал, БизАрт, Сат мода, Солпро, Каревски, Родон, Фалко, Енигма, Игоимпекс, Генекс, Хотел Капри, Хотел Милениум, и голем број на туристички агенции. Секако ова значи само наведување на примери, но не и комплетна листа на претпријатија по своето значење за битолското стопанство.

## 1.6. Односите на локалната со централната власт

Реалните односи на локалната со централната власт не можат целосно да се согледаат само од надлежностите кои според Законот за локална самоуправа ги има општината. Нејзината самостојност во однос на централната власт е можно да се согледа ако се утврди начинот на кој општините се финансираат од Буџетот на државата, односно кои и колку средства прибираат самостојно од локалните такси и даноци, и други давачки на граѓаните, кои живеат на нејзината територија. Овие односи во Република Македонија ги регулира Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа[11]. Од 1 јуни 2005 година, кога овој закон стапи на сила со својата примена, до втората фаза на децентрализацијата која

[11] Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ, бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011)

требаше да биде заокружена до 1 јануари 2013 година, се одвиваше процесот на делумно функционално и финансиско осамостојување на локалната, во однос на централната власт. Во 2015 година, еден добар дел од надлежностите е веќе пренесен на општините, а во случајот на Битола, може да се каже дека процесот на децентрализација успеал да ги оствари повеќето од потребните чекори. Во моментот, општините не го имаат превземено финансирањето на основното и средното образование, културата, спортот и рекреацијата, како и социјалната заштита и заштитата на децата и примарната здравствена заштита, кои се управувани во поглед на именувањето на раководниот кадар (директорите) од страна на општината, односно градоначалникот, но нивните плати и другите трошоци за работењето се покриваат од Буџетот на надлежните министерства (државата).

Другото финансирање на општините може да се каже дека остварува значителен напредок, како во прибирање на средства од сопствените приходи, така и од блок дотациите, наменските дотации, капиталните дотации и дотациите од делегирана надлежност,[12] кои ги добиваат од централна власт, но и од процентот кој за локалната самоуправа се одвојува од Данокот за додадена вреност. Овој процент во изминатите години се зголемуваше постепено, од 3,4 % во 2010 г., на 3,7 % во 2011 г., 4 % во 2012 г. и 4,5 % во 2013 г.

Дека општините во изминатиот период од 2005 г. до денес, особено општините со побројно население, се стекнале со солидни можности за самовинансирање може да посведочат и следните видови на приходи со кои располагаат општините: администрирање и собирање на данокот на имот и на промет на недвижности, како и на одредени локални надоместоци. На пример, Законот за данок на имот определува дека данокот на имот може да варира меѓу 0.1 до 0.2% од процентата вредност на недвижноста на граѓанинот.

Како други локални средства и даноци кои ги прибираат општините се: данокот на имот, на наследство и подарок, на промет со недвижност и 100% од персоналниот данок на индивидуалните занаетчии; имаат право да собираат комунални и административни надоместоци, локалните давачки, особено за уредување на градежното земјиште, давачките за урбанистичко и просторно планирање и давачките за користење на комуналаните услуги; приходи од закуп

[12] Член 2 ги дефинира подетално (Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Службен весник на РМ, бр. 61/2004)

на недвижност и приходи од каматна стапка; приходи од изречени казни за прекршување на општинските регулативи[13].

Не навлегувајќи повеќе во образлагањето, може да се каже дека општините се сеуште зависни од централната власт во добивањето на блок дотациите со кои се финансира работата на дејностите на основното и средното образование, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, и примарната здравствена заштита, што може да биде предуслов за можен притисок или покажување елемети на моќ од страна на централната врз локалната власт, како што исто така може да се „случуваат заобиколувања“ во распределување на наменските дотации, капиталните дотации и дотациите од делегирана надлежност, но таквите случаи не можат долго да останат нетранспарентни за јавноста.

Да наведеме уште дека Буџетот на општина Битола за 2015 година изнесуваше 1.381.796.425,00 денари[14], со приближно слични вредности како и во 2014 г., кога изнесуваше околу 1.440.000.000,00 денари[15].

[13] (Исто, член 4)
[14] http://bitolskivesnik.mk/donesen-budhetot-na-opshtina-bitola-za-2015-godina/
[15] http://daily.mk/makedonija/budjetite-na-bitola-i-resen-za-2014-godina-fokusirani-kon-kapitalni

## 2. Операционално дефинриање на моќта во Битола како локална заедница.

Во оперционалното дефинирање на поимот на моќта ќе се потпреме на работната дефиниција која во своето истражување ја дал Флојд Хантер, затоа што во самиот наш наслов ние ја проучувавме моќта во Битола, со примена на неговиот истражувачки модел. Ќе се сложиме со Хантер дека поимот моќ е апстрактен поим кој треба да овозможи да се објаснат односите на општествената структура во локалната заедница и да ја покаже улогата која во тие структури ја има и ја реализира агенцијата, односно човекот, како поединец, но и како дел од групата и организацијат,а во рамките на кои е активен.

Иако Хантер под операционалната дефиниција на моќта го подразбира „зборот кој се употребува за да ги опише делувањата на тие кои се занимаваат со бизнис, за да ги натераат другите луѓе да делуваат во однос на нивното барање, или во однос на органските или неорганските работи" (Hunter, 1953:2), ние под поимот моќ, операционално, ќе подразбираме:

**Делувањето на еден чинител[16] кој во меѓусебните односи со друг чинител, или преку структурите на заедницата, во односите со другите чинители, ќе настојува да ги натера нив, да делуваат согласно неговите барања, интереси или волја.**

Како и за Хантер, и за ова истражување „моќта е неопходна функција во општетството и заедницата, бидејќи таа го вклучува одлучувањето и спроведувањето на определените политики", базирани на општествените правила предвидени во конститутивните акти на едно општествео и со законите кои ги регулираат односите во државата и во една општествена заедница како што е Општината Битола.

Од поставеноста на општествениот систем, произлегуваат определени функции кои подразбираат моќ, и овозможуваат делегирање на таа моќ на актуелните носители на општествените функции, односно на конкретни луѓе во една заедница. Изборниот процес во државата, и на ниво на локална самоуправа, „преку фактот на општественото групирање, им овозможува на определени личности" да се стекнат со позиции (функции) и да ги „обавуваат општествените

[16] Чинител може да биде поединец, група или организација.

функции, кои се поврзани со моќта“, откако нивната политичка партија (коалиција) ќе ги добие локалните избори.

Покрај политичката моќ, која, кога е во прашање, во суштина е делегирана од групата/организацијата (партијата/коалицијата) на поединците и моќта кај другите видови на општествени групирања (здруженија на граѓани, и/или невладини организации) е, исто така, делегирана моќ, од групата/организацијата на поединецот.

Економската моќ, со промената на општествениот систем во Република Македонија, од социјалистички во капиталистички, моќта покрај делегирана, сега може да биде и стекната (основачки влог за претпријатие), наследена (доколку основачот почине или го препише наследното право на наследници) или споделена (акционерски друштва или други видови на стопански друштва). Економската моќ, во вид на управувачка моќ може да биде и делегирана, во случаите на акционерските друштва, или други видови на стопански друштва, каде управувачкото тело може да избере, или именува личност на позиција / функција - директор, главен менаџер и сл.

Во истражувањето на структурата на моќта во Битола, референтна рамка, ќе биде заедницата, односно Општината Битола, како локална заедница, Како и во случајот на истражувањето на Хантер во Атланта („Битола“), така и за нас општината е „примарен центар на моќта, бидејќи е место во кое односите на моќта можат најлесно да се набљудуваат“ (Hunter, 1953:2).

Заради појасно дефинирање на значењето и улогата на моќта во општината Битола, ние ќе го користиме операционалното значење на хантеровиот поим „структура на моќта“, кое се базира на следниве постулати:

1. Моќта вклучува односи помеѓу поединците и групите/организациите, „и едните и другите се контролирани и контролираат: па бидејќи моќта вклучува такви односи, таа може да биде опишана структурално“.

2. Во Република Македонија, моќта е структурирана општестевно преку две нивоа: централно/државно и локално ниво, „оттука двата вида на авторитети можат да имаат функционални, општествени и институционални единици на моќ, кои ним им се подредени“;

3. Моќта на поединецот е структурирана во припадност на определени групи/организации, или произлегува делегирано од институционални форми;

4. Моќта може да биде „ефективна, ако произлегува од организираните односи на моќ во заедницата и институциите на репрезентативната демократија, кои нудат најголема можност за обезбедување гласност за поединецот во определувањето и опфатот на политиката“ (Hunter, 1953:5-6). Во поглед на репрезентативните демократски институции на локално ниво, моќта произлегува од поставеноста на Советот на општината како главен орган за одлучување (како репрезент на локалните форми на легитимното политичко одлучување) и од функцијата Градоначалник, како врвна извршна функција во општината, која легитимитетот го влече од непосредниот избор што го вршат граѓаните меѓу кандиадтите за градоначалник.

5. Моќта е релативно константен фактор во општетсвените односи, но количината на моќ на конкретните ноститеи на функции варира во зависност од варијабли како: „богатството, општествениот статус, и престижот,“ според сфаќањето на Хантер, а според нашиот пристап, во зависност од варијабли како: богатството, врските, влијанието, авторитетот, вклученоста во политика и способноста.

Согласно дадената операционална дефиниција и наведените постулати поставена е рамка да може да се проучува моќта и нејзините дејствија во општината Битола, при што е неопходно да се даде и физички опис на тоа каде, и зошто токму таму се појавува, или е присутна моќта во општествената заедница, која е предмет на ова истражување.

## 2.1. Потенцијалните извори на моќта во Битола како заедница

Врз основа на горниот опис на заедницата, може да се каже дека распоредот и локацијата на општествената и политичката моќ во општина Битола ќе треба да се бара во круговите каде што се донесуваат одлуки за судбината на поголемиот број на жители, или оние кои одлучуваат за судбината на другите членови на заедницата. Кога тоа се однесува на локалната власт и политиката, секако дека посочуваните: совет и градоначалник, заедно со застапените политички организации: партии/коалиции во структурата на органите на општината (советот и комисиите), се првиот ешалон кој треба да биде ставен под набљудување, а со

тоа и опфатен со истражувањето. Покрај локалната власт и позициите во неа, можен извор на моќ се и подрачните единици на централната власт: министерствата, агенциите и фондовите и тн. Тоа произлегува оттаму што локалната власт и организациски, но и финансиски, не е комплетно самостојна од централната власт, ниту пак ќе може да достигне степен на целосна автономија во блиска иднина, кој би значел таа да не трпи значајни влијанија од повисоките инстанци на власта.

Во претставувањето на организираниот живот на локалната заедница, беа споменати и различни стопански дејности и повеќе претпријатија, кои влијаат на секојдневниот живот на населението во општината. Општината е локација каде се собираат давачките и таксите за задоволување на заедничките потреби на граѓаните во локалната заедница, се плаќаат различните видови на услуги (комунални, станбени, снабдувачки со енергија, вода и сл.). Општинскиот простор е и непосредно опкружување каде се лоцирани претпријатијата во кои се остварува работен ангажман од вработените граѓани, заради обезбедување средства за сопствената егзистенција, што е дел од функционалната поставеност и улога на претпријатијата, да создаваат нова вредност наменета за на пазар и да остваруваат профит за самото претпријатие, односно за оној кој го поседува него, или управува со него во нечие име и за нечија сметка.

Токму во тој процес се остваруваат елементите на економските односи, кои исто така, како и политичките, подразбираат можност за остварување на моќ на едни поединци врз други, било да станува збор за моќ на поединци врз група/и, или на група врз подинци и други групи. Самиот положба на пазарот, како што покажа Макс Вебер, на пример, , едни да се сопственици, или управувачи со капитал, а другите да немаат капитал и да работат за остварување на плата, односно средства за живот, е базичната почожба и основа и за постоењето економски односи на надмоќ, кои покрај тоа, можат да создаваат, или да мултиплицираат и други видови на моќ.

Ако сето ова се земе предвид, тогаш покрај сферата на политиката и сферата на стопанството, целиот општествен живот во заедницата треба да се смета дека е базиран на определени структури на моќ. Во тие структури, преку актерите кои неа ја оствауваат, или се во можност да ја остваруваа, како и преку другите актери кои не се во таква можност, структурата е заокружена, со тие кои се во ситуација да трпат моќ и влијание. Токму во тие релации, преку нашето истражување се

побараа сознанија за тоа кој и во рамките на кои структури во општина Битола поседува, спроведува или располага со моќ, и дали може, односно дали влијае на животот на заедницата.

## 2.2. Дефинирање на структурата на моќта

Поединците и групите за кои ќе се утврди дека располагаат со моќ или имаат таков потенцијал, т.е. за кои ќе произлезе дека се моќни, во истражувањата, се нарекуваат: моќни поединци, лидери, влијателници, моќници или носители на моќ. Нашата цел ќе биде нив на некој начин да ги лоцираме. Секако дека поединците сами по себе, не ќе можат да спроведуваат моќ, ако таа моќ не произлегува од нивната припадност кон определена група или организација (претпријатие, политичка партија/коалиција, здружение и сл.), или ако не завземаат позиција во системот на власта во општеството. За да нема поголеми недоразбирање околу поимот „структурата на моќта во заедницата", овде ќе понудиме и една операционална дефиниција за тој поим.

Тука за момент, повторно ќе се навратиме накусо на постулатите за структурата на моќта кои во својата студија ги посочи Флој Хантер. Моќта во општина Битола ќе биде опишана структурално, бидејќи таа постои во меѓусебние односи на поединците и групите. Во односите на поединците и групите постои меѓусебна конрола, односно некои се контролирани, а некои контролираат, што заедно со организацијата или институцијата во која тоа се остварува, претставува општествена структура во рамките на локалната заедница. Дел од структурите се институционално поврзани и делуваат за остварување на функциите на централната власт, а дел од другите структури, се поврзани со локалната власт. Дел од услужните и другите стопански претпријатија, опстојуваат заради остварувањето на основните потреби на граѓаните и населението на една, и заради остварување на добивка, односно профит за сопствениците, на друга страна.

Во современите речници, под поимот „структура на моќта на заедницата", се наведуваат следните дефиниции: таа е „структурата на дистрибуција на моќта и авторитетот во една заедница" заедно „со луѓето и групите кои се дел од една таква структура". Како дополнителна, или алтернативна дефиниција, се наведува дека под структура на моќта во заедницата треба да се подразбира една „елитна

група составена од луѓе кои завземаат/држат, влијателни позиции во рамките на владата/власта, општеството или некоја организација", односно „хиерархија на управувачки авторитет: согледан како предност во структурата на моќта во претпријатијата".[17] Или, според дефиницијата на Ешли Кросман: „Структура на моќта е дистрибуцијата на моќта меѓу поединците, или меѓу социјалните категории или меѓу општествените системи, како што се групи, организациите, заедниците и општествата".[18]

Во нашиот обид да се осознаат релациите и структурите на моќта во општина Битолка како заедницата, ќе бидат направени напори да се осознаат двете компоненти на структурите на моќта: формалните и неформалните. Според Роберт В. Шивли „формалните структури на моќта се препознатливи и ги вклучуваат избраните и именуваните функционери и лидерите на граѓанските организации (пример: стопанските комори)... додека неформалните структури постојат паралелно со формалните и можат да имаат поголемо влијание врз развојот на заедницата" (Shively, 1996:34). За идентификување на неформалните структури на моќта, покрај позицискиот метод, кој најчесто ги идентификува формалните структури, се користи и репутацискиот метод, кој ќе биде применет во нашето истражување.

Пред да преминеме на методолошките прашања, би сакале да ја посочиме генеричката дефиниција за „структурата на моќта" која ја дава Вилијам Г. Домов. Таа, според него би можела да биде корисен вовед во било кое истражување, а гласи: „Структурата на моќта е мрежа на луѓе и институции во градот или државата кој/а се проучува, кои се наоѓаат на врвот на индикаторите на моќта, кои можат да се употребат во проучувањето".[19]

Овде ја посочуваме нашата операционална дефиниција, според која Структурата на моќта во заедницата е **комплексната мрежа на односи во и помеѓу, институциите (организациите, претпријатијата, здруженијата на граѓани), помеѓу институциите и препознатливите поединци - носители на**

---

[17] http://www.thefreedictionary.com/power+structure (Ashley Crossman: „Социолозите се најмногу преокупирани со тоа колку структури на моќта се разликуваат според степенот на нееднаквост во распределбата на моќта").
[18] http://sociology.about.com/od/P_Index/g/Power-Structure.htm
[19] Domhoff, G. William, How to Do Power Structure Research, Analyzing Power structure, (2015) http://www2.ucsc.edu/whorulesamerica/methods/how_to_do_power_structure_research.html

**моќта[20] во нив, како и помеѓу самите поединци, која мрежа ги опфаќа сите форми на одлучување, кои овозможуваат остварување на организациските, групните, или индивидуалните интереси, цели и влијанија, во општина Битола**

### 2.3. Формирање на листата на моќни поединци во Битола

Во *Ригионален град* на Флојд Хантер луѓето со моќ се лоцирани со наоѓање на лица на истакнати позиции во четири структурни групи кои Хантер ги идентификуваше со бизнисот, управата, здруженијата на граѓани, и "општествените" (хуманитарни) дејности. Според него, „листите на лицата за кои се претпоставува дека имаат моќ во работите на заедницата се добиени од признаените, или номиналните, споменати лидери овие групи. Преку процес на селекција, користејќи пресек на "просудувачите" - (можеби најсоодветен превод за „информантите" – н.з.) во одредувањето на лидерскиот ранг, и конечно преку натамошниот процес на само-селекција, прилично долгата листа на кандидати за можното лидерство на моќта, ја сведува на податлива големина за конкретната намена на студијата. Четириесет лица во највисоките нивоа на моќта во *Ригионален град* беа избрани од повеќе од 175 имиња" (Hunter, 1953:11).

Хантеровото истражување започнува испрашување на една група од 14 луѓе за кои тој знаел дека добро го познавааат живото во градот. Тоа биле професионалци во високата средна класа, и од нив побарал да одберат по десет најврвни луѓе од четирите листи на организациските лидери. Истите тој ги собрал преку Стопанската комора (бизнис лидерите), Лигата на жени гласачи (владини службеници), Градскиот совет („политички избрани личности" – н.з.) и новинските известувачи и лидери на граѓанските здруженија ("општестевни" лидери). Од таа општа листа која содржела 175 имиња, тој селектира оние 40 кои добија најмногу гласови, и потоа со нив спроведе интервју, со оние со кои

[20] Kuponiyi A. F., Community Power Structure: The Role of Local Leaders in Community Development Decision Making in Ajaawa, Oyo State, Nigeria, Anthropologist, 10(4): 239-243 (2008), p. 239: „Стуктурата на моќта е комплексна мрежа на односи меѓу препознатливите поседници на моќта и на нивната меѓусебната игра на улоги во една заедница. Овие поседници на моќ, поинаку познати како лидери, ги водат работите во општеството кон остварување на определени цели."

можеше да го направи тоа.[21] При тоа Хантер од конечната првична листа од 40 лидери успеал да интервјуира 27 личности.

Укажувајќи на патот како Хантер дошол до листата од 40 лидери, сакаме да појасниме дека во нашиот случај, ние им дадовме позначајна улога на 14-те информанти, да постапат обратно. Наместо да им дадеме 4 листи со наведени имиња од групите кои биле карактеристични за Атланта, во нашите услови ние побаравме од информантите, самите, според свое согледување да наведат листа со најмалку 10 личности, за кои тие сметат дека се најмоќни во Битола. Ние се водевме од мислата дека доколку им понудиме листи, самата листа и имињата можат да делуваат сугестивно и да влијаат врз изборот, што нема да биде изворно мислење на информантот, туку повлијаено мислење.

На овој чекор се определивме поаѓајќи од сознанијата, од повеќе други студии направени според ваков репутациски модел. Во него информантите се тие кои автохтоно ја генерираат листата[22] на моќни личности, кои потоа ќе бидат интервјуирани. Овие сознанија, не охрабрија на нашите информанти да им дадеме примарна улога во креирањето на листата на најмоќни (Walton, 1966:434).

Како сознание сакаме да наведеме дека од наша страна беа комплетирани неколку листи, по принципот кој ги собираше Флојд Хантер, и тие ги прилагаме, заради комплетирање на увидот во пристапот кој ќе беше актуелен, ако дословно го применевме селектирањето на моќните лидери, како што во два-чекори беше правено кај Хантер. Од наша страна беше утврдена листа со членови на двете стопански комори (претставници на бизнисот, или „бизнис лидерите“ кај Хантер) -

---

[21] Domhoff, William G., Atlanta: Floyd Hunter Was Right, 2005, http://sociology.ucsc.edu/whorulesamerica/power/atlanta.html (retrieved December 28, 2008)

[22] Овде би сакале да посочиме дека во анализата на 33 студии за моќта во локалната заедница спроведени во 52 локални заендици во САД, Валтон утврдил различни варијанти на примена на репутацискиот модел во вкупно 25 студии, при што заклучува дека биле користени пристап на еден-чекор и два-чекори на овој метод:
„а) репутациски – од информаторите се бара да ги идентификуваат највлијателните луѓе во заедницата кога станува збор за реализирање на некои работи. Овде лидерите се номинирани директно во процедура со еден-чекор.
б) репутациски, во два – чекори – на информаторите им се дадени листи, собрани на разни начини, со наводно влијателен лидери и од нив е побарано да ги оценат тие лидери, во смисла на влијание (обично со стеснување на листата или со рангирање на нејзините членови).“ Притоа, Валтон наведува дека биле анализирани вкупно 10 студии со репутациски во еден-чекор и 15 студии со репутациски метод во два-чекори (Walton, 1966:434,436).

кои делуваат во Битола едната на Стопанска комора на Македонија - Регионална комора со седиште во Битола (ПРИЛОГ – 1)[23] претставена со 30 членови, и другата, Сојуз на стопански комори (ПРИЛОГ – 2) со 17 членови во својот состав. Прибавена беше и листата со членови на Советот на општина Битола (ПРИЛОГ – 3), аналогно на лицата кои Хантер ги наведува во листата на Градскиот совет во *Ригионален град*. Како и „општествените лидери" кај Хантер, од наша страна беа обезбедени листите на две организации на Ротари клубови во Битола: Ротари клуб Битола (ПРИЛОГ – 4) и Ротари клуб Широк Сокак (ПРИЛОГ – 5), како и два Лајонс клубови од Битола: Лајонс клубот – Битола (ПРИЛОГ – 6) и Лајонс Клубот Кабадаја (ПРИЛОГ - 7). Не беше обезбеден пандан само за една листа која фигурираше кај Хантер, Лигата на жени гласачи (владини службеници), бидејќи не постои таков еквивалент во локалната заедница во Битола, а сметавме дека за тоа не може да биде еквивалент ако се направи листа со носители на функции во подрачните единици на министерствата и другите органи и тела кои ја претставуваат централната власт во Битола.

### 2.4. Улогата на информантите во создавањето на листата со моќни поединци

Процесот на формирање на репутациската листа, се потпираше на структурирано интервју со 14 личности од јавниот живот – информанти, за кои се сметавме дека добро ги познаваат јавните личности во градот, но исто така добро ги познаваат и успешните личности во сферите, од каде информантите произлегуваат, или каде, низ своите деловни активности имаат поширока мрежа на контакти, а преку нив и сознанија за јавниот живот и деловниот живот во градот.

Структура на информантите (две од 14 беа од женски пол), по дејности и улоги беше следната:

---

[23] http://www.mchamber.org.mk/(S(1r4htdaeox5usj55rg2dh0ya))/default.aspx?mId=64&lId=1&smId=3

1. Урбанист – архитект со над 25 години работно искуство и сознанија за урбанистичките состојби и развој на градот, со искуство од работење во јавен, претходно, а сега во приватен сектор.
2. Приватен стопанственик кој над 15 години се занимава со стопански активности и соработува со јавни и приватни претпријатија
3. Сопственик и директор на локална јавна телевизија кој над 20 години е активен во деловниот сектор и има сознанија за состојбите во деловниот свет, локалната и централната политика
4. Поранешен адвокат и во моментот на интервјуирањето раководител на подрачна единица на државен фонд со 30 години искуство во правниот сектор
5. Инспектор во подрачна единица на едно министерство – шумарски инженер - со 20 години искуство во службата
6. Висок раководител во една од банките во градот, - дипломиран економист - со над 25 години искуство во кредитирање на стопанството, приватниот сектор и граѓани поединци
7. Приватен стопанственик – градежник - со над 20 години искуство, активен во градежната сфера и во моментот на анкетирање директор на јавна установа која функционира со самофинансирање
8. Доктор на менаџмент и професор на приватен факултет, долги години новинар и дописник, секретар и член во раководството на опозициона партија, со над 25 години работно искуство
9. Приватен стопанственик – архитект – урбанист со 15 години работно искуство, кој во моментот на анкетирање работеше во подрачна единица на државна агенција
10. Приватен стопанственик – градежник – со над 20 години искуство, од кои половината во подрачно јавно претпријатие, во моментот на анкетирање, како приватен стопанственик, со спроведени повеќе надзори над градежни работи во градот и околните општини
11. Дипломиран економист – раководител на една невладина организација и претседател на една од хуманитарните организаии во градот – со над 20 години искуство во дејностите во НВО секторот и цивилното општество

12. Висок раководител во локалната јавна администрација – со над 30 години искуство во сферата на фискалната политика и последните 10 во деловната политика на Општината
13. Адвокат со над 25 години искуство во адвокатура и активен член на Адвокатската комора на Македонија
14. Раководител на регионална експозитура на странска компанија која извршува услуги на дел од јавниот сервис во градот, со над 25 години менаџерско искуство

Заради отстранување на можни недоразбирања или нелогичности во толкувањето што означува поимот моќ и што информантите подразбираат под тоа, интервјуто струтурирано околу шест карактеристики кои најчесто го определуваат значењето на поимот моќ: богатство, врски, влијание, авторитет, политика и способност. Доколку некој од нив поставеше прашање, во која смисла е поимот, ние како појаснување, или некаква насока ги упатувавме на следното значење:

- богатство, како материјален ресурс кој асоцира на економската моќ на посочените моќни личности;
- врски – како општествен однос во кој тие моќните личности имаат комуникација со околината;
- влијание – како поим кој подразбира дека моќните личности се во можност да делуваат врз и кон други личности во градот;
- авторитет – кој упатува на тоа дека моќните личности „во очите“ на другите се почитувани и респектирани како угледни луѓе;
- политика – дека тие личности се или не се инволвирани во актуелните политички случувања, односно имаат воспоставени релации со политиката на локално и/или централно ниво, и
- способност – дека таа личност е ценета според неговите лични квалитети.

Од Информантите беше побарано да наведат најмалку по 10 личности во анкетниот прашалник, и покрај името на личноста, под секоја од карактеристиките за моќта, да ја оценат личноста која ја предлагаат со оценка од

1 до 5, со значење 1 – најмала оцења, 5 - најголема оценка. Од сите информанти шестмина предложија по 10 личности, 3 информанти предложија по 15 личности, 3 информанти по 11 предлози, едне информант предложи 9 предлози и еден - 12 предлози, што вкупно претставува **159 предложени имиња од страна на информантите во првичното предлагање** кога беше спроведено интервјуирањето со инфомантите.

Добиените листи потоа беа сумирани, споредени и беше утврдена просечната оценка за секоја личност. Потоа, според бројот на повторувањата на предлозите на личностите и според просечната оценка, произлезе листа од 55 предложени моќни поединци. Потоа, со рангирање според бројот на најчестите споменувања од страна на информантите беше изготвена листата на 40 најмоќни личности во Битола.

Покрај тоа редуцирање, беше сумирана и просечната оценка која ја добија предложените лица од страна на информантите, преку просечната оценка за 6-те карактеристики на моќта: богатство, врски, влијание, авторитет, политика и способност. **Впечатливо беше совпаѓањето на просечната оценка на прворангираните по број на споменувања од страна на информантите, со висината на просечната оценка од шесте карактеристики на моќта.** Така, од информантите две личности беа споменати по 13 пати, но тие имаа различна просечна оценка за карактеристиките на моќта, па тој со повисоката оценка беше прворангиран. Врз основа на висината на просечните оценки беа рангирани и другите личности, при што оние кои имаа ист број на споменувања, беа рангирани погоре на листата, ако имаа повисока просечна оцена.

### 2.4.1. Рангирања според информантите врз основа на карактеристиките на моќта

Овде ќе ги посочиме и рангирањата врз основа на карактеристиките на моќта, според кои информантите го искажуваа своето мислење за личностите за кои тие сметаа дека се најмоќни во Битола. Така во рангирањето според карактеристиката богатство информантите ги рангираа личностите на следниот начин:

Табела 6. *Рангирање на најмоќните во Битола според мислењето на информантите за карактеристиката – богатство*

| Ранг листа на Информантите за најмоќни битолчани според: | | Богатство | |
|---|---|---|---|
| Рејтинг | Личност | Број на споменувања | Просечна оценка |
| 1 | СМ-34 | 13 | 4,6 |
| 2 | ЖР | 11 | 3,7 |
| 3 | ВГ | 8 | 2,1 |
| 4 | ДМ-14 | 7 | 2,1 |
| 5 | (ВТ-10) | 13 | 2,0 |
| 6 | ЗК-18 | 9 | 1,9 |
| 7 | БС | 8 | 1,7 |
| 8 | РП-32 | 5 | 1,6 |
| 9 | Сп. М-36 | 5 | 1,6 |
| 10 | ЗР-20 | 5 | 1,4 |
| 11 | ТМ-39 | 4 | 1,2 |
| 12 | ТТ-37 | 4 | 1,1 |
| 13 | СП-35 | 4 | 1,1 |
| 14 | ЈИ-22 | 3 | 1,0 |
| 15 | ДГ-13 | 3 | 0,9 |
| 16 | БТ-6 | 3 | 0,7 |

Според карактеристиката – врски, информантите ја посочија следната ранг листа меѓу своите предлози за најмоќни битолчани.

Табела 7. *Рангирање на најмоќните во Битола според мислењето на информантите за карактеристиката – врски*

| Ранг листа на Информантите за најмоќни битолчани според: | | Врски | |
|---|---|---|---|
| *Рејтинг* | Личност | Број на споменување | Просечна оценка |
| *1* | (СМ-34) | 13 | 4,6 |
| *2* | (ВТ-10) | 13 | 3,6 |
| *3* | ЖР | 11 | 2,4 |
| *4* | ЗК-18 | 9 | 2,4 |
| *5* | ВГ | 8 | 2,1 |
| *6* | БС | 8 | 1,9 |
| *7* | ДМ-14 | 7 | 1,6 |
| *8* | РП-32 | 5 | 1,4 |
| *9* | ЗР-20 | 5 | 1,1 |
| *10* | Сп.М-36 | 5 | 1,1 |
| *11* | БТ-6 | 3 | 0,9 |
| *12* | ДГ-13 | 3 | 0,9 |
| *13* | СП-35 | 4 | 0,9 |
| *14* | ТМ-39 | 4 | 1,0 |
| *15* | ЈИ-22 | 3 | 0,6 |
| *16* | ТТ-37 | 4 | 0,6 |

Според карактеристиката на моќ – влијание, информантите го искажуваат своето милење во форма на следниот редослед.

**Табела 8.** ***Рангирање на најмоќните во Битола според мислењето на информантите за карактеристиката – влијание***

| Ранг листа на Информантите за најмоќни битолчани според: | | Влијание | |
|---|---|---|---|
| Рејтинг | Личност | Број на споменување | Просечна оценка |
| 1 | (ВТ-10) | 13 | 3,9 |
| 2 | (СМ-34) | 13 | 3,9 |
| 3 | ЗК-18 | 9 | 2,8 |
| 4 | ЖР | 11 | 2,4 |
| 5 | ВГ | 8 | 1,8 |
| 6 | БС | 8 | 1,7 |
| 7 | ДМ-14 | 7 | 1,5 |
| 8 | РП-32 | 5 | 1,1 |
| 9 | ЗР-20 | 5 | 1,0 |
| 10 | ЈИ-22 | 3 | 0,9 |
| 11 | ДГ-13 | 3 | 0,8 |
| 12 | Сп.М-36 | 5 | 0,8 |
| 13 | БТ-6 | 3 | 0,7 |
| 14 | ТТ-37 | 4 | 0,7 |
| 15 | ТМ-39 | 4 | 0,6 |
| 16 | СП-35 | 4 | 0,4 |

Според мислењето на информантите редоследот на личностите кај кои е најприсутна карактеристиката авторитет е следната.

**Табела 9.** ***Рангирање на најмоќните во Битола според мислењето на информантите за карактеристиката – авторитет***

| *Ранг листа на Информантите за најмоќни битолчани според:* | | *Авторитет* | |
|---|---|---|---|
| *Рејтинг* | Личност | Број на споменување | Просечна оценка |
| *1* | (ВТ-10) | 13 | 3,3 |
| *2* | (СМ-34) | 13 | 2,8 |
| *3* | | 11 | 2,1 |
| *4* | ЗК-18 | 9 | 1,7 |
| *5* | | 8 | 1,6 |
| *6* | ДМ-14 | 7 | 1,6 |
| *7* | | 8 | 1,4 |
| *8* | ТТ-37 | 4 | 1,1 |
| *9* | Сп.М-36 | 5 | 1,0 |
| *10* | РП-32 | 5 | 0,9 |
| *11* | БТ-6 | 3 | 0,6 |
| *12* | ЗР-20 | 5 | 0,6 |
| *13* | ЈИ-22 | 3 | 0,6 |
| *14* | ДГ-13 | 3 | 0,6 |
| *15* | ТМ-39 | 4 | 0,5 |
| *16* | СП-35 | 4 | 0,4 |

Според мислењето на информантите редоследот на личностите кај кои е најприсутна карактеристиката политика е следната.

**Табела 10.** ***Рангирање на најмоќните во Битола според мислењето на информантите за карактеристиката – политика***

| Ранг листа на Информантите за најмоќни битолчани според: | | Политика | |
|---|---|---|---|
| Рејтинг | Личност | Број на споменување | Просечна оценка |
| 1 | (ВТ-10) | 13 | 4,6 |
| 2 | ЗК-18 | 9 | 3,0 |
| 3 | (СМ-34) | 13 | 2,9 |
| 4 | ЖР | 11 | 1,4 |
| 5 | ВГ | 8 | 1,4 |
| 6 | БС | 8 | 1,4 |
| 7 | РП-32 | 5 | 1,1 |
| 8 | ДМ-14 | 7 | 1,0 |
| 9 | ЗР-20 | 5 | 0,9 |
| 10 | ТМ-39 | 4 | 0,9 |
| 11 | БТ-6 | 3 | 0,9 |
| 12 | Сп.М-36 | 5 | 0,5 |
| 13 | СП-35 | 4 | 0,4 |
| 14 | ТТ-37 | 4 | 0,4 |
| 15 | ДГ-13 | 3 | 0,4 |
| 16 | ЈИ-22 | 3 | 0,4 |

Според мислењето на информантите редоследот на личностите кај кои е најприсутна карактеристиката способност е следната.

**Табела 11.** ***Рангирање на најмоќните во Битола според мислењето на информантите за карактеристиката – способност***

| Ранг листа на Информантите за најмоќни битолчани според: | | Способност | |
|---|---|---|---|
| Рејтинг | Личност | Број на споменување | Просечна оценка |
| 1 | (СМ-34) | 13 | 3,7 |
| 2 | (ВТ-10) | 13 | 2,7 |
| 3 | ЖР | 11 | 2,7 |
| 4 | БС | 8 | 1,9 |
| 5 | ДМ-14 | 7 | 1,9 |
| 6 | ЗК-18 | 9 | 1,6 |
| 7 | ВГ | 8 | 1,6 |
| 8 | ТТ-37 | 4 | 1,3 |
| 9 | РП-32 | 5 | 1,2 |
| 10 | Сп.М-36 | 5 | 1,1 |
| 11 | СП-35 | 4 | 1,1 |
| 12 | ЗР-20 | 5 | 1,0 |
| 13 | ЈИ-22 | 3 | 0,9 |
| 14 | ТМ-39 | 4 | 0,7 |
| 15 | БТ-6 | 3 | 0,7 |
| 16 | ДГ-13 | 3 | 0,7 |

Карактеристично за репутциското рангирање кое го направија информантите е тоа што во првите 6 највисоко рангирани, според сите карактеристики се појавуваат личностите (СМ-34) и (ВТ-10), кои се споменуваат по 3 пати како најмоќни, односно први на листата, а по два пати како втори, што укажува на постоење на ривалитет во смисол на моќта со која располагаат, или ја спроведуваат. (СМ-34) успешно опстојува како приватен стопанственик, а (ВТ-10) успеа да обезбеди и трет градоначалнички мандат токму во периодот на спроведувањето на ова истражување. Интересно е исто така што личностите Ж.Р. и В.Г. се наоѓаат при врвот од 1 – 6 место во сите споменати карактеристики. Доколку тие не се повлечеа од јавниот живот со сопственото пензионирање, веројатно ќе го задржеа видното место и во самото истражување, во кое не беа ставени на листата за интервјуирање, заради сопственото комплетно повлекување од јавниот живот. За личноста (ЗК-18) е карактеристично што во тој период беше министер, а потоа заменик министер, и што беше сметан за моќна личност во размислувањата на скоро сите информанти.

### 2.4.2. Измени во првичната листа предизвикани од објективни околности

Поради одредени објективни причини првично добиената репутациска листа најмоќни лица во Битола претрпе одредени корекции. Врз основа на добиени дополнителни сознанија за промени во општествениот статус на посочените моќници дел од нив мораше да бидат изоставени, или заменети со други личности, во периодот од 3 години, кои помина од првичното, до конечното формирање на листата. Така лицата Ж.Р. (реден број – 3 на ранг листата) и В.Г. (реден број – 5 на ранг листата) беа заменети заради пензионирање и целосно повлекување од јавниот живот, и Б.С. (реден број – 6 на ранг листата) заради стечеј на компанијата и целосно повлекување од јавниот живот. Личноста Д.К. (реден број – 21 на ранг листата) беше заменета затоа што во меѓувреме настана измена во неговата општествената позиција на која се наоѓаше како директор на Клиничката болница, што според информантите кои претходно го беа предложиле беше голема промена во неговата моќна позиција. Истото, според

консултираните информанти кои го беа претходно предложиле се однесуваше и на личноста Б.С. (реден број – 24 на ранг листата), кој претходно беше моќна личност како министер за култура, но подоцна неговата моќна позиција беше драстилно намалена.

Кај личноста Љ.А. (реден број – 27 на ранг листата) по консултација на информантите кои ја беа предложиле, беше констатирано дека како носител на карактеристиките на моќта со кои располага, дел од таа моќ е придобивка по нејзиното стапување во брак со личноста (ЗМ-19), па наместо Љ.А., на листата, беше оставена личноста (ЗМ-19).

Кај личностите на ранг листата, под редните броевите 22, 28 и 29 (С.Т., Н.С., П.И., во тек беа судски постапки со различни обвиненија, со кои, С.Т. беше обвинет за организиран криминал, а лицата Н.С. и П.И. за стопански криминал, при што П.И. беше и осуден на затворска казна). Во случајот на личностите под реден број 30 и 31, и двете личности починаа, па нивните места на ранг листата мораа да бидат пополнети со други личности).

Личностите под реден број 34, 35, 37 и 48 (И.Т., К.С., А.Ч. и М.Б.) во меѓувреме се пензионираа и се повлекоја од јавниот живот.

Дел од личностите кои имаа само по една номинација на репутациската листа, секако дека се јавно познати, но еден дел од нив само со моќта за познатост, но во другите елементи на карактеристиките на моќта, кои им беа понудени на информантите, не се совпаѓаа многу, а од друга страна, за голем дел од нив, но и за други личности, постоеше само по една номинација, па тие личности беа сметани за помалку моќни од оние со повеќе номинации. Кај овие личности и општата просечна оценка беше многу мала, околу 0,2 %.

Листата од страна на информантите првично беше предложена, а од наша страна сумирана, на крајот на 2011 г. Во меѓувреме, односно во 2014 г. кога се започна со спроведување на интервјуата, некои од личностите кои првично беа предложени, требаше да бидат преиспитани дали се уште ја имаат истата улога и моќ, како и порано. Во тоа преиспитување, за еден дел од нив, повторно беа консултирани информантите, кои имаа увид и сознанија за сферата на делување на определени личности, по што некои од личностите беа симнати од првичната листа и заменети со други.

Во поголемите промени кои се случија во првичната листа понудена од информантите, се однесуваа на следново: во меѓувреме починаа 3 личности од

поширoката листа. Личноста С.П. (реден број – 12 на ранг листата), беше заменета со неговиот син С.П., кој случајно има исти иницијали. Тој го продолжи водењето на семејното претпријатие, кое и понатаму е успешно на пазарот.

Втората личност која почина беше претстедател на Сојузот на организацијата на борци учесници во НОБ, а третата личност која почина, беше поранешен државен јавен обвинител.

Инаку, при формирањето на ранг листата од 40 најмоќни личности во Битола според мислењето на информантите, првичното рангирањето беше по следниот редослед.

**Табела 12.** ***Широката листа составена од сите предлози на информантите***[24]

| Ренг листата на личности кои информантите ги сметаат за најмоќни во Битола | | | |
|---|---|---|---|
| Рејтинг | Личност | Број на споменувања | Просечна оценка |
| 1 | (СМ-34) | 13 | 3,6 |
| 2 | (ВТ-10) | 13 | 3,4 |
| 3 | ЖР | 11 | 2,5 |
| 4 | ЗК-18 | 9 | 2,4 |
| 5 | ВГ | 8 | 1,9 |
| 6 | БС | 8 | 1,8 |
| 7 | ДМ-14 | 7 | 1,6 |
| 8 | РП-32 | 5 | 1,2 |
| 9 | Сп.М-36 | 5 | 1,1 |
| 10 | ЗР-20 | 5 | 1,0 |
| 11 | ТТ-37 | 4 | 0,9 |
| 12 | СП | 4 | 0,8 |
| 13 | ТМ-39 | 4 | 0,8 |
| 14 | БТ-6 | 3 | 0,7 |
| 15 | ДГ-13 | 3 | 0,7 |
| 16 | ЈИ-22 | 3 | 0,7 |
| 17 | ВВ-7 | 2 | 0,6 |
| 18 | ЈШ-24 | 2 | 0,6 |
| 19 | ВЃ-8 | 2 | 0,5 |
| 20 | ДР-11 | 2 | 0,5 |
| 21 | ДК | 2 | 0,5 |
| 22 | СТ | 2 | 0,5 |
| 23 | БЅ-4 | 2 | 0,4 |
| 24 | БС | 2 | 0,4 |
| 25 | ЗЖ-16 | 2 | 0,4 |
| 26 | ЈК-44 | 2 | 0,4 |
| 27 | ЉА | 2 | 0,4 |
| 28 | НС | 2 | 0,4 |
| 29 | ПИ | 2 | 0,4 |
| 30 | АП | 1 | 0,3 |
| 31 | ГП | 1 | 0,3 |
| 32 | ЗИ-17 | 1 | 0,3 |
| 33 | (ЗМ-19) | 1 | 0,3 |

[24] Табела 1. Широката листа на предлози на информантите со вкупен број гласови дадени од страна информантите за секоја од предложените личности – коден број е наведен само покрај иницијалите на личностите кои влегоја на конечната листа на информантите, додека оние личности кои не влегоја на конечната листа се означени само со иницијали.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 34 | ИТ | 1 | 0,3 |
| 35 | КС | 1 | 0,3 |
| 36 | КХ- б | 1 | 0,3 |
| 37 | АЧ | 1 | 0,2 |
| 38 | ВМ-9 | 1 | 0,2 |
| 39 | ДК- б | 1 | 0,2 |
| 40 | Д Г | 1 | 0,2 |
| 41 | ДС-12 | 1 | 0,2 |
| 42 | ДП | 1 | 0,2 |
| 43 | ЖМ-15 | 1 | 0,2 |
| 44 | ЗБ | 1 | 0,2 |
| 45 | ЗП | 1 | 0,2 |
| 46 | ЈП | 1 | 0,2 |
| 47 | ККС | 1 | 0,2 |
| 48 | МБ | 1 | 0,2 |
| 49 | ПМ | 1 | 0,2 |
| 50 | ПС | 1 | 0,2 |
| 51 | (ЦП-40) | 1 | 0,2 |
| 52 | ТТ-38 | 1 | 0,2 |
| 53 | ТК | 1 | 0,2 |
| 54 | ДШ | 1 | 0,2 |
| 55 | ТН | 1 | 0,2 |

Откако беше оформена последната листа на најмоќни лица во Битола, истата беше подредена по азбучен ред, според почетната буква на името на личноста, беше конечно, заклучена во јануари 2014 година. Заради анонимноста и заради практичната можност за анализа, за секој поединец, покрај иницијалите на личноста стои и коден број, па иницијалите со кодниот број го сочинуваат псевдонимот под кој личноста ќе биде именувана понатаму во текстот.

### 2.4.3. Конечната листа на предложени моќни поединци според која беше спроведено истражувањето

Според рангирањето направено од страна на информантите и интервентните измени направени од наша страна, заради промената на околностите кај некои од личностите, репутациската листа, врз која беа спроведувани интервјуата ја доби својата конечна форма.

**Табела 13.** ***Конечната листа според која се вршеше истражувањето***

| Коден број | Псевдоним |
|---|---|
| Личност бр. 1 | АПР-1 |
| Личност бр. 2 | ВК-2 |
| Личност бр. 3 | БК-3 |
| Личност бр. 4 | БЅ-4 |
| Личност бр. 5 | БН-5 |
| Личност бр. 6 | БТ-6 |
| Личност бр. 7 | ВВ-7 |
| Личност бр. 8 | ВЃ-8 |
| Личност бр. 9 | ВМ-9 |
| Личност бр. 10 | ВТ-10 |
| Личност бр. 11 | ДР-11 |
| Личност бр. 12 | ДС-12 |
| Личност бр. 13 | ДГ-13 |
| Личност бр. 14 | ДМ-14 |
| Личност бр. 15 | ЖМ-15 |
| Личност бр. 16 | ЗЖ-16 |
| Личност бр. 17 | ЗИ-17 |
| Личност бр. 18 | ЗК-18 |
| Личност бр. 19 | ЗМ-19 |
| Личност бр. 20 | ЗР-20 |
| Личност бр. 21 | ИБ-21 |
| Личност бр. 22 | ЛИ-22 |
| Личност бр. 23 | ЈЈ-23 |
| Личност бр. 24 | ЛШ-24 |
| Личност бр. 25 | ЈВ-25 |
| Личност бр. 26 | РХ-26 |
| Личност бр. 27 | ЉП-27 |
| Личност бр. 28 | ДГ-28 |
| Личност бр. 29 | ЕФ-29 |
| Личност бр. 30 | ЈА-30 |
| Личност бр. 31 | ОК-31 |
| Личност бр. 32 | РП-32 |
| Личност бр. 33 | СЈ-33 |
| Личност бр. 34 | СМ-34 |
| Личност бр. 35 | СП-35 |
| Личност бр. 36 | Сп.М-36 |
| Личност бр. 37 | ТТ-37 |
| Личност бр. 38 | ТоТ-38 |
| Личност бр. 39 | ТМ-39 |
| Личност бр. 40 | ЦП-40 |

За формирањето на конечната листа би требало да се спомене дека во неа во последен момент беа внесени 5 моќни личности кои во меѓувреме (2011 г. - 2013 г.) станаа сопственици на две големи акционерски друштва во Битола (АД Стопанска банка – Битола и АД ЗК Пелагонија - Битола), од кои едната личност, (ЦП-40) беше споменувана претходно, но беше рангирана само во поширокатa листа на информантите, додека другата личност, (ОК-31), за прв пат се појави и

почна да фигурира само на конечната листа. Исто така беа внесени и три личности, кои според мислење на некои од информантите покажуваат истакната улога во стопанскиот живот и новостворената вредност како претпријатија. личноста (АПР-1), сосопственик во една многу успешна IT – компанија; личноста (ВК-2), сопственик на ланец на супермаркети кои се отворени од 2011 година наваму и Личноста (БК – 3), која заедно со личноста П.С., под реден број 50 од првичната листа на информантите, направија заедничка компанија, во која (БК-3) е главен сосопственик и управител.

Во рамките на конечната листа од 40 личности, од првичната поширока листа која ја креираа информантите, влегоа 27 личности, додека другите 13 влегоа по основ на неопходни измени, кои ги образложивме подетално погоре.

Откако завршија сите подготовки, се прејде на спроведување на структурирани интервјуа со секоја од личностите на листата од 40, која беше утврдена како листа на најмоќни поединци во Битола. Притоа, од самиот процес на истражување произлезе дека листата ќе треба да биде дополнета и со 4 лица, кои исто така беа интервјуирани, а ги покриваат советот на Општината, преку претседавачот на Советот, (СА-41) и двајца раководители на две значајни служби во општинската администрација (ЃИ-42) и (ЈГ-43). Четвртото лице со кое беше надополнета листата од 40 моќни личности, беше (ЈК-44), директор на единственото државно претпријатие во Битола, ЕЛЕМ РЕК Битола.

Конечната бројка со која се пристапи во процесот на спроведување на истражувањето на структурата на моќта во Битола беше листа од 44 личности, со кои се направи обид да се реализира истражувањето преку спроведување на отворени интервјуа.

## 3. Спроведување на интервјуто со битолските моќници

Заради реализирање на истражувањето со кое требаше да се утврдат ставовите и мислењата на носителите на моќта во општина Битола, беше подготвена посебна рамка за струтктуриано интервју– интервју, лице в лице. Првичната замисла на истражувачот беше да разговара со секој од номинираните 40 лица на репутациската листа. Како и со уште 4, за кои сметаше дека се битни за да се оформи реалната слика за ставовите на моќните поединци во Битола.

Рамката за разговор, односно за отвореното структурриано интервју, се базираше на следните теми:

- Прашања кои се однесуваа на утврдувањето на релацијата на интервјуираните моќни поединци, во однос на делувањето на институциите и установите на локалната власт;

- Прашања кои се однесуваа на начинот на кој моќните поединци во Битола се обидуваат и успеваат, односно не успеваат, да ги реализираат нивните деловни или други интереси во однос на централната власт;

- Прашања кои се однесуваа на мислењето и ставовите на моќните поединци од Битола во однос на улогата која во животот на општината ја имаат хуманитарните и општествени организации, од видот на Ротари, Лајонс и сл., заедно со прашањата, дали членуваат во истите, што значат за нив тие организации, и дали таквите организации, според нивното мислење, можат да се сметаат за неформални моќни групи;

- Прашања кои се однесуваа на политичкиот ангажман на моќните поединци од Битола, во смисол на нивно членување или нечленување во политичка партија, и кои се причините за нивниот политички ангажман, ако членуваат, или за неагажираност, ако не членуваат;

- Од интервјуираните се бараше да посочат 10 лица кои тие ги сметаат за најмоќни во Битола, од листата на 40, која претходно беше изработена од предлозите на информантите и самиот истражувач, со тоа што имаа можност, доколку на листата не се опфатени некои лица, за кои тие сметаат се моќни, да ги допишат во понудената празна графа, а исто така да дадат и оценка за нив, за тоа колку, за посочената/ите личност/и се карактеристични истражуваните обележја

на моќта: богатството, врските, влијанието, авторитетот, вклученоста во политика и способноста (да одберат една бројка во скалата, од 5 (најмногу) до 1 (најмалку), ПРИЛОГ – 8

- Интервјуираните моќни поединци исто така беа прашувани за нивните меѓусебни релции со лицата од листата на рангирани 40 најмоќни битолчани (дали и колку добро меѓусебно се познаваат), каква им е меѓусебната комуникација и соработка, за искуството од претходната нивна меѓусебна соработка, ако ја имале, и дали и со кого од листата би сакале да соработуваат во иднина;

- Тие исто така беа прашувани на кој начин би сакале да се вклучат, или во која ситуација би се вклучиле, доколку се иницира реализација на некој позначаен проект за Битола и на кој начин тие би се обиделе или би сакале да се вклучат во таа релизација, од аспект на начинот на комуникација, деловно сорботување и контактирање;

- Од нив исто така се бараше да посочат од која стопанска дејност претежно ги остваруваат средствата за егзистенција и колкав е бројот на вработените со кои раководат во остварувањето на нивната стопанска дејност;

- Од интервјуираните исто така се бараше да наведат што според нивно мислење се подразбира поимот - елита? Потоа, да изберат од листа со 40 најмоќни, 10 лица за кои сметаат дека припаѓаат на некој вид елита и да одговорат дали себе си се сметаат дека сте дел од елитата во градот;

- Интервјуираните требаше да одговорат и дали сметаат дека постои некоја неформална, ама моќна група, која влијае врз најважните одлуки за животот на градот, и ако сметаат дека таква постои, да наведат која личност мислат дека во таа неформална група има клучна улога;

- Интервјуто, завршуваше со прашањето во кое интервјуираните требаше да наведат кој, според нивно мислење, е најмоќен човек во Битола?

Така, конципирани, интервјуата беа спроведувани со претходна достава на краток опис на темите за кои ќе се разговара, со доставување на пропратно писмо од кое можеше да се види дека Филозофскиот факултет – Скопје, потврдува дека интервјуто е за научни цели и ја потврдуваше автентичноста на личноста на истражувачот.

Од страна на стражувачот, интервјуата беа спроведувани согласно строгите критериуми за реализација на отворено интервју, водејќи сметка за моралниот аспект и доверливоста на разговорот, со претходен договор и согласност за разговор од страна на интервјуираните, со избор на соответен простор за разговорот, договор за употреба, или неупотреба на касетофон. Покрај тоа се водеше сметка за текот на разговорот, тој да се одвива според претходно подготвениот потсетник, со бележење и на визуелните реакции на испитаникот (ако имаше такви), како и со внимателно набљудување на на објектот, или просторот во кој работи испитаникот.

Мора да се каже дека покрај проблемот со повеќекратните обиди за договарање за остварување на разговор, најголем проблем беше испитаниците да се решат прифатат интервју, а исто така да одделат доволно време, од околу еден час, за спроведување на разговорот.

Само една личност, од интервјуираните 29, прифати да се води разговорот со смимање, додека другите личности, не беа разсположени за снимање на разговорот, така што, сите податоци беа рачно запишувани од страна на истражувачот. Покрај 29 интервјуирани личности од листата, беа спроведени уште 4 интервјуа, со следните личности: претседавачот на Советот на општина Битола, директорот на државното претпријатие ЕЛЕМ - РЕК Битола, и двајца раководители на различни сектори во општинската администрација.

# I I I Дел

## МОЌТА НА МОЌНИТЕ ВО БИТОЛА:

### 1. Основни сознанија за битолските моќници: области на дејствување

Конструираната репутациска листа на 40 најмоќни битолчани, според која беа спроведени интервјуата на 27 личности од листата и 4 личности вон листата, ја сочинуваат во најголем дел стопанственици, од приватниот сектор. Од јавниот и државниот сектор на листата се наоѓаат вкупно 6 личности: градоначалникот (ВТ-10), еден специјалист-кардиолог (ВВ-7), кој работи во Клиничката болница - Битола, но истовремено е сопственик на приватна специјалистичка ординација и аптека и сопстевник на претпријатие кое располага со транспортни и рударски машини и една мала хидро централа во градба, на реката Шемница. На таа група може да се смета дека припаѓа и лицето (ЗИ-17), кое за време на истражувањето беше директор на ЈКП „Водовод" (општинско претпријатие), а сега е пратеник во Собранието на РМ, како и лицето (ЗК-18), кое во време на истражувањето беше заменик министер за ЗШВ, претходно министер за одбрана и за локална самоуправа, а сега е советник на директорот во ЕЛЕМ (пред да стане министер, беше директор на РЕК – Битола). Од областа на судството, на листата се наоѓаат претседателот на Апелациониот суд - Битола (ДР-11) и претседателот на Основниот суд - Битола (ЈВ-25).

Во поглед на бројот на вработени со кои управуваат погоренаведените личности може да се каже следното: (ВТ-10) управува директно со 120 лица од општинската администрација, и индиректно, преку просветата, градинките и други дејности кои ги покрива Општината, со уште 1.500 вработени од тие сектори. Тој ги именува раководителите и ги распоредува средствата за плата и материјални трошоци на тие институции.

Претседателот на Апелациониот суд во Битола, (ДР-11), под своја надлежност има 87 вработени, од кои 29 судии и 26 судски стручни соработници, додека Престедателот на Основниот суд во Битола, (ЈВ-25), управува со 145

вработени, од кои 28 судии и 16 стручни соработници. Како директор на ЈКП „Водовод“, лицето (ЗИ-17), управуваше со 212 вработени. Во периодот кога лицето (ЗК-18) беше заменик министер во МЗШВ, тоа министерство броеше 366 лица. Во јавниот сектор спаѓа и лицето (ЗЖ-16), кое во периодот на спроведувањето на истражувањето, беше ректор на битолскиот универзитет, а со таа позиција покриваше околу 200 редовно вработени во универзитетот и факултетите и околу 400 хонорарни вработувања во високото образование.

Овде ќе ги спомнеме и личностите кои беа дополнително интервјуирани, како значајни за истражувањето, а поврзани со јавниот сектор. Личноста на Претседадавачот на Советот на општината, (СА-41) е лице кое е универзитетски професор и кое покрај 30 други личности во Советот, има и професионална комуникација со голем број студенти на Техничкиот факултет во Битола. Двајцата раководители во службите на општината, кои беа дополнително интервјуирани, а се вон листата на 40 најмоќни, исто така, имаат значајна улога во работата на Општината и покриваат поголем број вработени, лицето (ЃИ-42) бројка од 50 вработени во административниот сектор и лицето (ЈГ-43), 15 вработени во секторот за правни прашања. Лицето (ЈК-44), кое е директор на РЕК - Битола, деловна единица на претпријатието ЕЛЕМ во државна сопственост, управува со бројка од 3.000 работници.

Од преостанатите 33 личности кои се наоѓаат на листата на најмоќни битолчани, треба да се спомене дека има една личност, која е синдикален лидер во ССМ, најголемиот и најбројниот синдикат во државата, со членство кое претставува 20 % од целокупната бројка на вработени лица во државата (околу 700.000 работници). За ова лице (ЖМ-15), може да се каже дека има влијание и ги артикулира интересите на околу 140.000 работници во земјата. Овде ќе ги споменеме уште две личности кои се на листата на најмоќни 40 во Битола, а кои се занимаваат со адвокатура. Тоа се: лицето (ВЃ-8) кој има адвокатско биро со 4 вработени правници и адвокати и лицето (ВМ-9), кое адвокатската работа ја обавува сам. Заради потребата на групирање, овде ќе ја сместиме и личноста (ЈИ-22), која е единствениот пензионер на листата на најамоќни, поранешен директор на Стопанска банка ад Битола, за кого нашите информанти сметаа дека сеуште има врски и влијанија, и има значителна бројка на свои акции во банката.

Сите други 29 личности на листата се стопанственици, а само двајца од нив се истовремено и лекари - специјалисти. Едниот веќе го споменавме погоре,

дека формално е во работен однос во Клиничката болница во Битола (ВВ-7), но овде ќе посочиме дека како сопственик на приватно претпријатие, покрива 40 вработени, во дејностите градежништво, рударски услуги, транспорт и производство на електрична енергија (МХЕЦ). Другата личност (ТТ-37), која е специјалист - гинеколог е сопственик на приватната болница Плодност, за ин-витро оплодување и други медицински услуги, каде управува со 76 вработени лица.

Другите стопанственици кои се наведени на листата на 40 најмоќни битолчани би можеле да се групираат според дејности. Најбројни и најдоминатни се оние личности кои управуваа со градежна дејност, па во таа група спаѓаат: личноста (БК-3) која управува со претпријатието Стентон-градба ДОО, Градски паркинзи и БК-кабловска телевизија (косопственик со друго лице во првото и третото претпријатие) и покрива бројка од 200 вработени во градежниот дел и 70 во другите дејности (вкупно 270), личноста (БЅ-4) со претпријатието Пелагонија Комерц, кое се занимава со градежништво и во кое има 30 вработени и 200 како подизведувачи, и е сосопственик во претпријатието Лапор, со лицето (ЈШ-24 и уште три други сопственици), а има сопствен објект за сместување на студенти.

Во оваа група спаѓа и лицето (БН-5) кое има градежно претпријатие БВ Инженеринг ДООЕЛ и управува со 50 вработени. Со градежништво и машински работи се занимава и претпријатието „Мак-строј Инжинеринг“ сопственост на лицето (БТ-6) во кое се вработени 53 работници. Во оваа група спаѓа и веќе споменатата личност (ЈШ-24) која е сопственик на претпријатието Форми, за урбанизам и архитектура, но која има и акционерски дел во градежното претпријатие Лапор, со уште 4 лица (едно е од тие 4 лица е и лицето БЅ-4, споменато погоре), кој управува со 120 вработени.

Најзначајното градежно претпријатие, ГП Пелистер ДОО, е управувано и во доминантна сопственост на лицето (СМ-34), кое раководи со 650 работници (овде треба да се спомене дека тој, како семејно претпријатие има влијание и врз претпријатието Еуро-фарм, кое е веледрогерија со голем број на сопствени аптеки низ државата, кое претпријатие брои 52 вработени), а го водат неговаата ќерка и зет.

Во оваа група на претпријатија ќе споменеме уште две, односно уште две личности од листата на најмоќни во Битола. Првата личност е (ТоТ-38) која е директор на претпријатието Метеорит, со 70 вработени, које изведува градежни

работи и произведува и монтира метални контрукции, а втората личност е (СпМ-36), која стопанисува со Хотел Треф-бистро, кое претпријатие, покрај хотелиерство и услуги се занимава и со градба и продажба на недвижнини. Инаку ова лице беше поранешен сопственик на млекарницата Идеал Шипка, која е продадена на хрватското претпријатие Дукат.

Во следната група на листата на 40 најмоќни лица во Битола преовладуваат личности кои поседуваат претпријатија кои се занимаваат со трговски и угостителски дејности, со една банка, но и неколку производни претпријатија. Така, лицето (АПР-1), е сосопственик на претпријатието за програмирање и софтвер (IT услуги) ИнтерВоркс, кое работи со развој и извоз на софтвер за странски пазари, управува со 60 вработени. Лицето (ВК-2) сопственик на ланец на маркети во Битола, Демир Хисар и другите околни градови, се занимава со трговија на големо и мало и со производство, управува со 110 вработени. Лицето (ДС-12) кое е исто така на листата на најмоќни битолчани, е доминантен акционер во поранешното општествено претпријатие Трикотажа Пелистер, а со својот син имаат приватно претпријатие за полнење на минерална вода, Пела – Роса, и управува со 300 вработени. На листата е и лицето (ДГ-13) сопственик на претпријатието за трговија со горива и плин, кој поседуваше сопствен авто-сервис и бензиската пумпа - Торпедо, сега располага со соларна централа за производство на електрична енергија и покрива околу 10 вработени лица.

На листата на најамоќни лица во Битола се наоѓа и лицето (ДМ-14) долгогодишен директор на една од најголемите и најуспешни печатници во државата, АД Киро Дандаро, а сега еден од доминантните акционери во неа, во која се вработени 185 лица. Тука ќе ја споменеме и личноста (ЗМ-19) која е сопственик на регионалната телевизиска куќа ТВ Тера, во која се вработени 14 лица во редовен работен однос. На листата на најмоќни се наоѓа и лицето (ИБ-21), сопственик на претпријатието Божиновски, кое располага со 15 продажни места - јувелирници и најпознати марки на часовнници, а вработува 27 лица.

На листата од 40 најмоќни се наоѓа и лицето (ЗР-20) сосопственик на Цермат ДОО, производител на сладолед, замрзната храна и други кондиторски производи, во чија фабрика и трговска мрежа се вработени 110 лица. На листата се наоѓаат и двајца сопственици на хотелски објекти со најголем капацитет, првата личност е (ЈЈ-23) кој е сопственик на хотел Премиер и Премиер Центар,

како и Гранд Премиер,со најголема банкет сала за свадби и свечености во градот, и управува со 60 вработени, а втората личност е (РП-32) сопственик на најголемиот хотелски објект од периодот на општествената сопственост, хотелот Епинал, со 66 соби и 2 претседателски апартмани, со казино, сала за свадби и свечености, конференциски сали и базен, кој управува со 56 вработени (Како доминатен акционер фигурира неговото претпријатие КАК ДОО-Скопје (со 92 % од акциите), а другите акции ги поседуваат дел од поранешните вработени на АД УТТ Македонија).

Личноста (РХ-26) од листата на најмоќни битолчани е сосопственик на трговското претпријатие Кандико, за трговија на големо и мало, кој управува со 45 вработени. Личноста (ДГл-28) е сопственик на трговското претпријатие Меркур – трејд, за трговија со козметика и управува со 50 вработени. Во претпријатието за производство на картонажа и амбалажа Фустеларко – Борец, доминантен сопственик е лицето (ЉП-27) кое управува со 175 вработени. Во оваа група ќе го споменеме и лицето (ЕФ-29), чие претпријатие се занимава со откуп на пченица, производство и трговија со брашно, кој управува со 24 работници.

Во листата на најмоќни битолчани спаѓа и лицето (ЈА-30) сопственик на претпријатието Европа транс, кое се занимава со превознички и транспортни услуги, во кое во моментот работаат 10 лица. Лицето (СЈ-33) е сопственик на претпријатието Еко-Клуб ДООЕЛ, кое се занимава со комунални и погребални услуги, и управува со 93 вработени. Лицето (ОК-31) со своето претпријатие Орка Холдинг АД е доминантен сопственик во Стопанска банка ад - Битола (управува со 166 вработени) и во ЗК Пелагонија - Битола (управува со 731 вработен).

Лицето (СП-35) е сосопственик во претпријатието Симпекс ДОО, кое е едно од најстарите приватни претпријатија во Битола (25 години – пред промената на општетсвениот систем), кое се занимава со продажба на земјоделски машини, опрема и механизација, и управува со 45 вработени. Лицето (ТМ-39) е сопственик на претпријатието Пелагонија-петрол и е еден од поголемите акционери во Стопанска банка ад – Битола, а располага и со деловен простор на локацијата на поранешниот хотел Македонија на Широк Сокак. И последната личност на листата (ЦП-40) е еден од членовите управниот одбор на ЗК Пелагонија, каде индиректно има влијание врз 731 вработен во земјоделскиот комбинат и е сосопственик во АД Лозар-Пелистерка. (ПРИЛОГ – 9)

Овде би сакале да наведеме и некои податоци и сознанија за дел од претпријатијата на личностите кои се наоѓаат на нашата листа, кои се управувани или во сопственост на најмоќните 40 личности во Битола, а се појавуваат во некои рангирања и сознанија за најуспешни претпријатија во државата, или во Битола. Секако дека она што претходно е наведено како број на вработени лица со кои управуваат во рамките на претпријатијата и установите/институциите со кои раководат, не ја отсликува нивната реална моќ во однос на други параметри. Затоа ќе бидат наведени и дополнителни податоци кои укажуваат на нивата моќ и моќта на претпријатијата со кои тие управуваат.

Така, според годишната едиција: „200 најголеми претпријатија во Македонија" која ја подготвува и објавува повеќе години наназад Еуро Бизнис Центар – Скопје (овде е даден периодот 2011-2013 г.), меѓу 200-те најголеми претпријатија во Македонија се наоѓаат дел од битолските претпријатија, кои се управувани или се сопственост на некои од личностите од листата на 40 најмоќни: ГП Пелистер ДОО, ЗК Пелагонија АД, Еуро-фарм ДООЕЛ и АД Киро Дандаро.

**Табела 11.** ***Најголеми претпријатија од Битола меѓу 200 најголеми во Македонија***

| Година и место на ранг листата | | | | Вкупен приход во денари | Вкупен приход во ЕВРА |
|---|---|---|---|---|---|
| 2011 | 2012 | 2013 | | 2013 | 2013 |
| 48 | 45 | 47 | МЛЕКАРА АД - Битола | 2.271.465.810,00 | 36.934.403 |
| 75 | 100 | 81 | ПЕЛИСТЕР ДОО - Битола | 1.359.073.823,00 | 22.098.761 |
| 93 | 103 | 76 | ЗК ПЕЛАГОНИЈА АД - Битола | 1.427.050.142,00 | 23.204.067 |
| 103 | 110 | 149 | ВЕСТ ДООЕЛ - Битола | 798.051.214,00 | 12.976.442 |
| 90 | 129 | 176 | 4-ТИ НОЕМВРИ АД - Битола | 687.027.966,00 | 11.171.186 |
| 159 | 149 | 119 | ЕУРО - ФАРМ ДООЕЛ - Битола | 1.022.467.870,00 | 16.625.493 |
| 141 | 161 | 198 | ИДЕАЛ ШИПКА ДООЕЛ - Битола | 620.587.290,00 | 10.090.850 |
| - | - | 99 | КРОМБЕР И ШУБЕРТ ДООЕЛ | 1.193.073.403,00 | 19.399.567 |
| - | 184 | 160 | АД КИРО ДАНДАРО | 747.749.491,00 | 12.158.528 |
| - | - | 171 | МАРКОВСКИ КОМПАНИ ДООЕЛ | 702.457.252,00 | 11.422.069 |
| Извор: http://www.eurobc.mk/utd_200_mk.html<br>Годишната едиција 200 НАЈГОЛЕМИ ФИРМИ ВО МАКЕДОНИЈА е подготвена и издадена од Еуро Бизнис Центар – Скопје | | | | | |

Дека и другите претпријатија од листата на 10 најголеми меѓу **200 најголеми** се водени или сопственост на моќни личности од Битола може да се осознае од одговорите кои некои од интервјуираните ги даваа на дадената

можност да допишат некоја личност, за која сметаат дека не е на листата, а според нивно мислење би требала да биде. По тој основ беа споменати, **но само со по еден предлог**, и лицата кои управуваат со: Млекара АД, Вест Дооел, Марковски компани ДООЕЛ и 4-ти Ноември АД.

Ако се погледне рангирањето за **„200 најуспешни претпријатија во Македонија“** (Еуро Бизнис Центар – Скопје, за истиот период: 2011-2013 г.), можат да се забележат исто така десетина битолски претпријатија, кои се управувани или во сопственост на некои од лицата на листата на 40 најмоќни во Битола. На оваа листа на јуспешни се наоѓаат: ГП Пелистер ДОО, Марковски компани ДООЕЛ, ОРКА Холдинг АД (која во Битола е доминантен сопственик на Стопанска банка АД – Битола и ЗК Пелагонија АД), ЗК Пелагонија АД (не е на листата во 2013, но е присутна во претходните години), Млекара АД, Лапор ДОО, Цермат ДОО, Еуро-фарм ДООЕЛ и Интерворкс ДООЕЛ (меѓу најуспешните во 2011 г.).

**Табела 12.** ***Најуспешни претпријатија од Битола во 200 науспешни претпријатија во Македонија***

| Година и место на ранг листата | | | |
|---|---|---|---|
| **2011** | **2012** | **2013** | **Претпријатие** |
| 22 | 44 | - | ЗК Пелагонија ад |
| 125 | 84 | 23 | Марковски Компани дооел |
| 16 | 22 | 15 | Пелистер доо |
| 130 | 197 | 139 | Еуро-фарм дооел |
| - | 89 | 83 | Лапор доо |
| 105 | 82 | 105 | Цермат доо |
| 53 | 58 | - | ФОД дооел ад ЕЛЕМ |
| - | 79 | - | ГРИНФРУТ дооел |
| - | 99 | - | ДИГЕР дооел |
| - | 136 | - | СИМБОЛ-КАРТОНАЖА дооел |
| - | 150 | - | ИНТЕРВОРКС дооел |
| - | - | 47 | МЛЕКАРА АД Битола |
| 8 | 50 | 24 | ОРКА ХОЛДИНГ АД - Скопје |
| Извор: http://www.eurobc.mk/utd_200_mk.html Годишната едиција 200 НАЈГОЛЕМИ ФИРМИ ВО МАКЕДОНИЈА е подготвена и издадена од Еуро Бизнис Центар – Скопје | | | |

Во следната табела може да се видат дел од поголемите претпријатија во Битола во 2015 г., со годишен вкупен пригод или вкупна актива од 10 милиони евра, кои се најголеми клиенти на АД МЕПСО, државна компанија за пренос на

електрична енергија. И од оваа табела е видливо дека дел од личностите кои се наоѓаат на листата од 40 најмоќни од Битола, се лица кои управуваат или се сопственици на дел од наведените претпријатија: ЈКП Водовод, ГП Пелистер ДОО, АД Киро Дандаро, ЗК Пелагонија, Стопанска банка ад – Битола, Марковски компани ДООЕЛ, Цермат ДОО, Еуро-фарм ДООЕЛ (и другото претпријатие на Еуро-фарм, кое ги стопанисува аптеките). Како и кај најголемите или најуспешните 200, и овде е наведена Млекара АД, и Кромберг и Шуберт ДООЕЛ.

**Табела 13.** ***Претпријатија во Битола кои имаат повеќе од 50 вработени и вкупен годишен приход или вкупна актива од 10 милиони евра во денарска противвредност – за 2015 г.***

| |
|---|
| 1. Јавно комунално претпријатие ВОДОВОД Битола |
| 2. Друштво за градежништво и услуги ПЕЛИСТЕР Битола ДОО |
| 3. Акционерско друштво Печатница КИРО Д. ДАНДАРО заштитно друштво Битола |
| 4. МЛЕКАРА Акционерско друштво Битола |
| 5. Земјоделски комбинат ПЕЛАГОНИЈА Акционерско друштво Битола |
| 6. ФАБРИКА ЗА КВАСЕЦ ИАЛКОХОЛ АД Битола |
| 7. СТОПАНСКА БАНКАА.Д.Битола |
| 8. Јавно претпријатие СТРЕЖЕВО Битола |
| 9. МАРКОВСКИКОМПАНИ Борче ДООЕЛ увоз-извоз Битола |
| 10. КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈАДООЕЛ Битола |
| 11. Мешовито друштво за производство на сладолед ЦЕРМАТ увоз- извоз ДООБитола |
| 12. Друштво за трговија и услуги ЕУРО - ФАРМ увоз-извоз ДООЕЛ Битола |
| 13. Приватна здравствена установа- аптека ЕУРОФАРМ Битола |
| **Извор: http://mepso.com.mk/CMS99/Content_Data/Dokumenti/%D0%9E%D0%9F%D0%95%D0%95/Objava%20na%20lista%20na%20kvalifikuvani%20potrosuvaci%2025_06.pdf** |

Инаку, доколку се направи анализа на содржината на македонските пишани и електронски медиуми, во разните рангирања кои се правени од 2011 година наваму, можат да се најдат оскудни податоци за најмоќните луѓе во државата, секако поскудни за Битола. Така, „Утрински весник“[25], на 22.07.2011 г., под наслов „Топ-листа 25 на локални богаташи“ ги наведува нив според градовите во Македонија, па во Битола ги споменува и некои од лицата кои се

[25] http://www.utrinski.mk/?ItemID=E7E0CA68FC17F84594089F5AF843A517

присутни во нашето истражување, а некои беа прикажани во првичната наша листа која ја составија информантите со свои предлози. Тоа се лицата СМ-41[26], ЖР[27], ВГ[28], ТМ-39[29], СпМ-36[30] и ЈШ-24[31]

Две години подоцна, на 06.01.2013 г., електронскиот портал „Макборба" (Македонска борба)[32] објавува листа на 20 најбогати фамилии во Македонија[33]. Во таа листа има две личности кои се наоѓаат и на нашата листа на 40 најмоќни во Битола: на таа листа под реден број 2 е наведено лицето ОК-31[34], а под реден број 20, лицето СМ-34[35].

---

[26] Цитирано според „Утрински весник": **„Силјан Мицевски:** Првата асоцијација на битолчани за богатство, раскош и моќ се поврзува со името на ексградоначалникот на Битола, Силјан Мицевски-Циле. Циле, според познавачите на состојбите, е најкрупната риба во Битола, но и човек што може да го мери својот капитал со најбогатите бизнисмени во државата. Мицевски е првиот човек на градежното претпријатие „Пелистер", неговото семејство поседува близу 50 аптеки „Еуро фарм" низ цела Македонија. Поседува капитал и во повеќе компании низ Македонија што се занимаваат со градежништво... Инаку, важи за човек што со години помага во битолскиот спорт, културата, а им помогнал и на голем број битолчани".

[27] Цитирано според „Утрински весник": **„Живко Радевски:** Поранешните менаџери на битолската млекарница ИМБ по продажбата на фабриката станаа милионери. Еден од нив е и бившиот прв човек на млекарницата, Живко Радевски. Од продажбата на акции во ИМБ, Радевски се офајди со над 5 милиони евра. Сега се обидува да отвори друга млекарница и повторно да се зафати со работа во млечниот бизнис, но засега неуспешно."

[28] Цитирано според „Утрински весник": **„Вангел Гагачев:** Ретко некој од имотните битолчани ја посакуваат славата на богатите. Пример за тоа е Вангел Гагачев, поранешен генерален директор на ЗК „Пелагонија". Битолчани за Гагачев велат дека е еден од најбогатите пензионери, но во исто време и најскромен. Тој поседува голем дел од акциите, не само во ЗК „Пелегонија", туку и на Стопанска банка - Битола."

[29] Цитирано според „Утрински весник": **„Трајче Масалковски:** Сопственикот на бензинската пумпа „Пелагонија петрол" е исто така на списокот на најбогати битолчани. Тој поседува акции во Стопанска банка - Битола, а располага и со голем недвижен имот во градот. Во негова сопственост е и зградата на поранешниот хотел „Македонија" на Широк Сокак."

[30] Цитирано според „Утрински весник": **„Спире Момирчевски:** Поранешниот сопственик на битолската млекарница „Идеал шипка", Спире Момирчевки, котира високо на списокот на богати битолчани. Од продажбата на млекарницата инкасираше неколку милиони евра. Сега е дел од бизнисот со градење станбени објекти низ Битола. Голем дел од објектите во центарот на градот се во негова сопственост, а работи и со фабрика за сувомесни производи."

[31] Цитирано според „Утрински весник": **„Јорго Шундовски:** За битолчани прв на списокот за најбогат политичар без конкуренција е поранешниот министер за транспорт и врски, Јорго Шундовски . Тој има проектантско биро и е главен кројач на урбанистичките планови во Битола без оглед која власт е во опција."

[32]http://makborba.mk/index.php/%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D1%98%D0%B0/item/228-%D0%BD%D0%B0%D1%98%D0%B1%D0%BE%D0%B3%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%B5-20-%D1%84%D0%B0%D0%BC%D0%B8%D0%BB%D0%B8%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0.

[33] „Официјални информации не можете да добиете. Од оние податоци кои и се достапни на јавноста редакцијата на Македонска борба ја направи следната ранг листа, за која сепак не тврди дека е прецизна и точна".

[34] „Цитирано според „Макборба": „Орце Камчев и фамилијата: Неговото богатење почна во времето на приватизацијата на Македонија спорт од неговиот татко. Се занимаваше долго со лон и извоз на текстил. Од 2006 година наваму стануваат сопственици на многу компании во Македонија. Работат со широк дијапазон од здравство до текстил и градба. Косопственик во болницата Систина, сопственик на Стопанска Банка Битола, ЗИК Пелагонија Битола,

Овде би го спомenале и еден постар напис на новинарот Небојша Јаконов од 23.09.2008 година во неделниот весник „Глобус“[36] под наслов „Стоте највлијателни луѓе во Македонија“, каде прави анализа на една листа на поединци надвор од сферата на политиката, и опфаќа повеќе различни дејности во општеството. Листата не е подредена по редни броеви на рангирана моќ, туку на личности по општествени дејности и области. Од личностите кои се спомeнуваат за Битола, во листата може да се сретне лицето, кое кај нас е означено со кодот (ОК-31)[37], и една личност која е означена со иницијалите БС[38], која беше спомeнувана во првичната листа на личности, која ја беа формирале нашите информанти. „Глобус“ спомeнува и една личност која има реално големо влијание во животот на Битола, иако никој од информантите посебно не ја спомена, па ја немаше ниту во дополнителните спомeнувања на интервјуираните лица од листата на најмоќни 40 битолчани, тоа е личноста на Митрополит Преспанско-пелагониски и администратор Австралиско-новозеландски[39].

Сметаме дека досега наведените дополнителни податоци даваат поопширна слика за личностите наведени во литата на 40 најмоќни, од кои во самото истражување успеавме да интервјуираме 27, за кои сознанијата ќе бидат

---

косопственик во Лозар-Пелистерка и многу други компании. Преку ЗИК Пелагонија се здоби со управување на 10.000 хектари земја. Не мал е и уделот во медиумскиот сектор, но од таму влечи мали профити. Експанзијата продолжува со несмалено темпо па во следните 2 години“.

[35] „Цитирано според „Макборба“: „Силјан Мицевски и фамилијата: Силјан Мицевски е почесен конзул на Србија, кој ја приватизираше градежната компанија Пелистер. Тој и неговата ќерка имаат низа компании на свое име, а во многу компании се и акционери. Поседува голема градежна компанија која работи во Битолскиот регион, а фирмите во Скопје на неговата ќерка се во сосема други области. Денес е еден од најмоќните бизнисмени во Југозападниот дел и најбогат во тој регион во бизнисот со ископ и градежништво. Поседува десетици некретнини во Битола, Охрид, Скопје и цела Македонија“.

[36] http://www.globusmagazin.com.mk/?ItemID=169A939AD8E5304083A41C75BE6FA823

[37] „Орце Камчев: Сопственик и менаџер на „Орка спорт“. Како изданок на познато бизнис семејство, едно од првите што влезе во приватниот бизнис, Орце Камчев во себе ги обединува сцојствата и на старата и на новата македонска бизнис елита. Човек е кој несомено знае да се снајде во општествениот лавиринт и да ги ползува тие свои релации во динамичкото ширење на своите бизнис интереси. Што се однесува до јавниот профил, Камчев настојува да остане во сенка, но тоа се' чини и го прави „интересен“ за поширокатa јавност.“

[38] „Благоја Стефановски, театарски работник и менаџер во културата“.

[39] „Г. Г. Петар: Митрополит Преспанско-пелагониски и администратор Австралиско-новозеландски г. Петар - Еден од најекспонираните членови на Светиот синод на МПЦ. Меѓу останатото, г. Петар е познат и по неговата претензија за архиепископскиот трон, поради што му се припишуваа обиди за „лобирање“ во круговите на политичките елити. Тоа, велат, и го наредува меѓу црковници со добри врски, за што, според некои, потврда е и неговото опстојување и покрај приличниот број контроверзи сврзани со него. Иако е често преку океанот во епархијата која ја администрира, и денес важи за еден од најмоќните митрополити.“

образложени во анализата која следува. Овде ќе ги наведеме уште податоците за нивната возраст и нивната стручна квалификација, врз основа на сознанијата до кои дојдовме за видот и степенот на образование со кои личностите располагаат.

**Табела 14.** ***Возраста на битолските моќници***

| **Возраст** | **Битолските моќници споре кодните броев** | **Број** | **%** |
|---|---|---|---|
| **45-49** | **ЗК-18, ЗР-20, ИБ-21, ДГл-28, ОК-31, СЈ-33** | **6** | **15,0** |
| **50-55** | **ВК-2, ЖМ-15,ЗИ-18, ЗМ-19, ЉП-27, ЈА-30, СП-35, ТоТ-38** | **8** | **20,0** |
| **56-60** | **АПР-1, БЅ-4, БН-5, ВТ-10, ДГ-13, ЗЖ-16, ЈЈ-23, ЈШ-24, РХ-26, СпМ-36, ТТ-37** | **11** | **27,5** |
| **61-65** | **БК-2, БТ-6, ВВ-7, ДР-11, ДМ-14, ЈВ-25, ТМ-39, ЦП-40** | **8** | **20,0** |
| **66-70** | **ВЃ-8, ВМ-9, ДС-12, ЕФ-29, СМ-34** | **5** | **12,5** |
| **над 70** | **ЈИ-22, РП-32** | **2** | **5,0** |
| | **ВКУПНО** | **40** | **100,0** |

Доколу се погледне листата од аспект на возраста на најмоќните 40 битолчани, може да се забележи дека во неа се доминантни три возрасни групи.

Најбројна е групата на возраст од 56-60 години, каде припаѓаат 11 личности, или 27,5 % од личностите на листата. Оние кои се помлади од нив и се од 50-55 години возраст, како и оние кои се пет години постари, и се од 61-65 години, се по 8 личности во група, и претставуваат секоја груп по 20 %. Ако се земат заедно трите групи, тогаш најглемиот дел од листата на најмоќни се лица на возраст од 50 до 65 години, или такви се 67,5 % од листата.

Најмладата група од 45-49 години, брои 6 личности и претставува 15 % од листата. Групата која е помеѓу 66-тата и 70-тата година се состои од 5 лица, и претставува 12,5 %, а само 2 лица или само 5 % се над 70 години возраст.

Покрај возраста на личностите на листата на 40 најмоќни во Битола, во делот за социо-економските податоци ќе ја посочиме и нивната образовна структура.

Табела 15. *Степен на образование на битолските моќници*

| Бројка | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **струка** | **докторат** | **специја-листи** | **магистра-тура** | **факултет** | **средно** | **пенз.** |
| **економска** | | | **1** | **8** | **1** | **1** |
| **правна** | **1** | | **1** | **7** | | |
| **медицина** | | **2** | | | | |
| **информатика** | | | | **1** | | |
| **архитектура** | | | | **2** | | |
| **драматургија** | **1** | | | | | |
| **социологија** | **1** | | | | | |
| **градежна** | | | | **1** | | |
| **техничка** | | | | **1** | **6** | |
| **машинска** | | | | **3** | **1** | |
| **електро** | | | | **1** | | |
| **ВКУПНО: 40** | **3** | **2** | **2** | **24** | **8** | **1** |

Што се однесува до образовната структура на најмоќните личности во Битола, треба да се каже дека дел од нив во изминатиот период настојуваа да го докомплетираат своето образование, а некои и да се стекнат и со научни титули, но бидејќи освен поранешниот ректор на битолскиот универзитет, само уште градоначалникот делумно се занимава и со академка дејност, сметаме дека нема потреба да ги образлагаме подетално титулите на другите личности,

Така, на листата има 3 доктори на науки, од кои академски ангажман имаат ЗЖ-16 (социологија) и ВТ-10 (драматургија). Меѓу другите личности има 2 се лекари со специјализација, 2 со магистратура, 24 имаат факултетско образование, 8 имаат средно образование и 1 е пензионер, кој исто така има титула магистар.

## 2. Релациите на битолските моќници со политичките инситутции и граѓанските здруженија

### 2.1. Релации со локалната власт

Оваа група на одговори и добиени сознанија се однесуваа на релацијата на интервјуираните моќни поединци од Битола, во однос на институциите и установите на локалната власт. Интервјуираните беа прашувани, да го искажат своето мислење за улогата која во секојдневниот живот на Битола ја имаат институциите на локалната власт; на кој начин тие успеваат да ги реализираат своите деловни интереси во однос на локалната власт. Беа прашувани дали некој нивни проект, или барање биле поставени на дневен ред во Советот на Општина Битола, или пред Управен одбор на некоја локална институција во Битола и како во врска со тоа било постапувано од страна на локалната власт: дали проектот бил прифатен, или одбиен од Советот на Општината или од Управен одбор на некоја локална институција, ако бил поставен на дневен ред. Доколку имало таков случај, интервјуираните беа замолувани да го искажат сопственото милење - зошто тоа се случило и токму така се постапило. Во случај да бил прифатен проектот, беа замолувани да појаснат за која проблематика станувало збор.

За да се истражи дали моќните поединци имале некакво влијание на кадровската политика во локалната самоуправа, во разговорот беа замолувани да одговорат дали некој од нивните блиски, пријатели и/или соработници, е член во Советот на Општината, или членува во некој управен одбор, со замолница да кажат , во која институција, ако имало некој таков?

После спроведената анализа на одговорите произлегоја следните сознанија:

Прашање:

**- На кој начин успевате да ги реализирате вашите деловни интереси во однос на локалната власт? Дали некој ваш проект, или барање бил/о поставен/о на дневен ред во Советот на Општина Битола, или пред Управен одбор на некоја институција во Битола?**

Според одговорите произлезе дека само 12 од интервјуираните 29 лица, имале доставено некакво барање, или по нивно барање биле поставени точки на

дневен ред пред Советот, на општината, на кои се расправало за нивните проблеми или потреби. Ниту еден од интервјуираните не посочи дека за некој нивни проблем или барање е расправано пред некој Управен одбор на локална институција. Барањата за кои Советот дискутирал, можат да се групираат на оние од урбанистичката проблематика, изработка на Детален урбанистички план (ДУП), измени на ДУП, легализација на објекти, ослободување од данок на имот за заштитни организации, организирање определени форми на специјализација на работници, формирање на Локален економски-социјален совет, формирање на радиодифузно друштво – УКЛО радио, предлог за оформување на цена за земјиштето во Зоната Жабени за 1 евро/м2. Тие се обраќале до Советот и Градоначалникот и за понезначајни работи, како ослободување од наплата на паркинг пред Апелациониот суд за потребите на судот, изградба на тротоар пред Болницата Плодност и поставување на рекламни паноа во околината на истата болница.

За разлика од овие личности кои, имале доставени барања, 11 интервјуирани изјавија дека немале доставено никакво барање до локалната власт, односно, дека во изминатиот период кај нив не се појавила таква потреба.

**Табела 16.** ***Барање до Советот на Општина или пред Управен одбор на некоја институција во Битола***

| **Дали некој ваш проект, или барање бил/о поставен/о на дневен ред** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно интерјуирани** | **Број на доставени барања** | **Расправано пред Совет** | **Расправано пред Управен одбор** | **Немале доставени барања** |
| 29 | 12 | 12 | 0 | 11 |
| - Теми за кои се обраќале:ДУП<br>- Легализација на објекти<br>- Заштитни организации – ослободување од данок на имот<br>- Форлирање локален економско-социјален совет<br>- Организирање специјализација на работници<br>- Формирање на радиодифузно друштво – УКЛО Радио<br>- Предлог за оформување на цена за м2 во Зона Жабени<br>- Барање за ослободување од наплата на паркинг простор<br>- Барање за изградба на тротор пред приватна болница<br>- Барање за поставување на рекламни паноа | | | | |

Заклучокот кој произлегува од овие сознанија е дека доколку интервјуираните, имале потреби, тие се обраќале до надлежните органи на локалната власт. Најактуелни за нив и најчесто поставувани биле прашањата од областа на урбанизмот. И од анализата на седниците на Советот на општина Битола, може да се види и лесно да се согледа, дека на тие седници прашањата од урбанистичката проблематика се најчесто поставувани и разгледувани (спроведена беше анализа на содржината на заклучоците и одлуките на седниците на Советот на општината за 2013 г.). Тоа, исто така, покажува дека локалната самоуправа навистина има голема надлежност во процесот на издавање на урбанистичката документација. Реализацијата на урбанистичките постапки зависи од одлуките на Советот, од делувањето на Секторот за урбанизам на Општината, и во крајна инстанца, или пред се, зависат од потписот на Градоначалникот, без кој потпис не може да се добие потребната градежна дозвола.

Тоа може да се смета за аргумент дека улогата на локалната власт во оваа област е многу значајна, или може да се рече и - пресудна. Тоа е исто така ја покажува конкретната позициона моќ, или моќта на функцијата, која ја имаат личностите кои се членови на Советот, и пред се, функцијата Градоначалник.

Следниот аспект на ова прашање беше **дали предложениот ваш проект или поставеното барање бил прифатен, или одбиен од Советот или УО? Ако бил одбиен, дали добиле образложение, а ако бил прифатен, за која проблематика станувало збор?**

На ова прашање, во одговорите на 11-те личности кои наведуваат дека нивните барања биле прифатени, имаше и одговори дека некои барања не биле целосно реализирани. Имено, еден ДУП и едно урбанистичко решене по тој ДУП биле прифатени дури после 3 години меѓусебно убедување и доставување дополнителни барања.

Друга личност од интервјуираните, која во доменот на својата работа најчесто изработува урбанистички планови, потенцираше дека, дури половината од 70-те ДУП и Локални урбанистички документации кои ги изработил биле видоизменети од Комисијата за урбанизам на Советот на Општината.

Некои од одговорите укажуваа на сеуште незавршен процес на одлучување по нивните барања, а само 6 одговори, покажуваат дека одлуките се донесени на задоволувачки начин за барателот.

Ова може да се земе како сознание дека дејството на полугите на моќта Совет - Комисии на Советот – Градоначалник - администрацијата со која раководи Градоначалникот, се, или можат да бидат, значаен фактор на моќ кон граѓаните, или поединци, независно дали тие поединци некој ги смета за моќни. Таа моќ може да се спроведува било преку формалното донесување на одлуки од страна на Советот или Градоначалникот (Првото лице на моќта - варијантата на Роберт Дал), било преку недонесување на одлуки (Второто лице на моќта – варијантата на Бакрач и Барац).

Третиот аспект на релациите со локалната власт го истражувавме со прашањето: **Дали некој од вашите блиски, пријатели или соработници е член во Советот на Општината, или во некој управен одбор? Ако има таков, ве молиме да ни кажете во која институција е/бил член?**

Од добиените одговорите на овие прашање - кои беа обид да се истражи дали некои од интервјуираните личности може индиректно да се инволвирани во полугите на одлучувањето на Советот на Општината, или во некој од Управните одбори на локалните претпријатија и институции - не покажаа некое позначително влијание, бидејќи многу мал и безбачааен дел од интервјуираните одговорија позитивно на ова прашање.

Имено, 16 личности дадоа негативен одговор, еден спомена дека неговата сопруга со договор за дело е вработена во администрацијата на Општината, 4 (четворица) изјавија дека имаат пријател/роднина во Советот, а 3 (тројца) имаат пријател/роднина во некој од управните одбори на локалните институции.

**Табела 17.** ***Блиски луѓе во општинските институции***

| **Има блиски пријатели, роднини, соработници во Советот на општината, или во Управните одбори на локалните институции** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | **Не** | **Пријател / роднина да** | **Соработник да** | **Во Советот да** | **Во УО да** |
| **8** | **16** | **7** | **-** | **4** | **3** |

Бидејќи мнозинството членови во Советот и Управните одбори, ги определува и поставува политичката партијата/коалиција која е на власт, минорното присуство на блиски личности, на само неколку од интервјуираните, во овие институции, може да се смета за недоволна можност интервјуираните да се обидат да реализираат сопствени интереси по тој основ.

Овде би можела да се проанализира релацијата која постои помеѓу Општинскиот комитет на партијата (нема големи разлики и кај коалиционите партнери), која има мнозинство во Советот, и која го има и Градоначалникот од своите редови. Имено, поголемиот дел од членовите на Советот во најчест случај се и членови на раководното тело на партијата – Општинскиот комитет.[40] Заради политичкиот ангажман, како награда, политичката партија значаен дел од општинското партиско раководство го номинира на партиската листа, од која на локалните избори тие добиваат мандати и влегуваат во Советот, согласно добиените гласови на партиската листа со која партијата учествува на избори.

Од друга страна, практиката покажува дека пред секоја седница на Советот, Општинскиот комитет на партијата ги усогласува и дефинира ставовите по одлуките за кои ќе гласа на седницата на Советот. Посебно пред седниците, советниците од партијата/коалицијата на власт, но и од опозицијата, одржуваат координативни состаноци за усогласување на ставовите и за определување тактика за самата седница, како најефикасно би ги бранеле или елаборирале своите залагања за донесување на секоја од одлуките.

За определени одлуки за кои има извесно внатрешно партиско разногласие (веројатно заради некаков личен интерес, или спротивставено мислење на поединци, ако такво воопшто има), Претседавачот на советот се консултира и со повисоката партиска инстанца, односно со Генералниот секретар на Партијата. Во таквите случаи, не постои друга можност освен застапување на партискиот /коалициониот став на самата седница.

Кога се во прашање и позициите и улогата на градоначалникот на општина Битола важи истото што важи и за градоначалниците на другите општини во Републиката кои се од редовите на владејачката партија (ВМРО-ДПМНЕ). Тој, како и сите други градоначалници на секои 2 месеци, на координативен состанок

[40] Во истражуваниот случај, Потпретседателот на Општинскиот комитет на владејачката партија истовремено и е претседавач на Советот на општината, а Секретарот на Комитетот – истовремено советник и актуелен координатор на советничката група, и тн.

пред лидерот на паријата реферира како се спроведуваат зацртаните активности од Партиската програма, односно, што и како сработиле. Оттаму, тие не можат да застапуваат друга политика, освен политиката на партијата. Секако, дел од поневажните, но можеби и некои поважни прашања, за кои се одлучува во општината, можат да бидат и под влијание на личноста на Градоначалникот, доколку тој се обидува да оствари и на некој негов сопствен интерес, или влијание.

Практиката многу ретко може да отстапува од она што предвидува Статутот на самата парија, кој во Членот 38 потенцира дека „Советниците на ВМРО-ДПМНЕ во Советите на општините и на град Скопје, претставуваат советнички групи на ВМРО-ДПМНЕ. Советничките групи се должни своето дејствување во советите да го вршат во согласност со Програмата и Статутот на партијата и за таа цел да вршат косултации со органите на партијата“[41].

Ништо поразлично не се случува ниту во настапите на опозицијата во Советот на општината, бидејќи тие, (било само опозиционата партија, било опозиционата коалицијата) во своите гласања против одлуките на власта се едногласни.

## 2.2. Релации кон централната власт

Релациите на интервјуираните со централната власт и остварувањето на нивните потреби и интереси, беше анализирано преку бројноста на контактите на интервјуираните со пратениците од власта (и/или опозицијата); преку контактите со министрите или други функционери од владата, кои се по потекло од Битола; преку контактите со министрите или други функционери од владата кои **не се** по потекло од Битола; и од одговорите на прашањата, дали комуникацијата била правена преку личен контакт со некој функционер, преку некоја личност од посоченатаа листа на 40 најмоќни, како и дали се обидувале да извршат влијание за остварување на некоја своја потреба, преку иницирање на амандман или законска измена.

---

[41] Стаутот на ВМРО-ДПМНЕ

На прашањето:**Дали и колку често контактирате со пратениците од Битола (од власта и опозицијата)?** од интервјуираните 29, со ДА одговорија10 личности, а од нив дека РЕТКО контактирале со пратениците од Битола одговорија 6 лица. Дека ЧЕСТО контактирале, одговорија 4 лица. (ПРИЛОГ – 10)

Од тие што контактирале ЧЕСТО, личноста БТ-6 наведува дека контактирал двојно почесто со пратениците од позицијата, отколку со тие од опозицијата, додека пак личноста ЗИ-17 контактот ЧЕСТО го обавувал само со пратениците од власта.

Лицето БТ-6 е приватен стопанственик, па затоа некоговиот контакт е подиференциран, додека лицето ЗИ-17, покрај пратеничката функција, ја обавуваше и функцијата координатор на ВМРО-ДПМЕ за Битола, па логично неговите конакти беа чести со пратениците од власта (ВМРО-ДПМНЕ) од Битола.

Структурата на оние кои одговорија со ДА - ЧЕСТО, покрај координаторот на ВМРО-ДПМНЕ, ја сочинуваат и Градоначалникот, Ректорот на Битолскиот универзитет и веќе споменатиот стопанственик БТ-6.

Структурата на оние кои одговорија со ДА - РЕТКО, ја сочинуваат шест личности, од кои едниот е директор на државно претпријатие, другиот е синдикален лидер, а четирите други се приватни стопанственици, од кои едниот, ЈШ-24 нагласуваше дека контактирал со сите пратеници, од сите политички партии, посебно кога укажувал на некои работи за кои требало да се дејствува во Општината.

Во овој дел каде одговорот е ДА, можат да се споменат и одговорите на двајцата раководители од општинските служби, од кои едниот ЈГ-43, споменува дека има контакт со пратениците и од власта и од опозицијата, затоа што сите тие редовно се поканувaат да присуствуваат на седниците на Советот на Општината, а вториот службеник, ЃИ-42 нагласува дека контактите се од случај до случај, зависно од потребата на делокругот на неговата работа.

Дека, НЕ контактирале со пратениците од Битола одговорија 15 интервјуирани, а од нив само двајца одговорија дека НИКОГАШ не контактирале, од кои едниот, ДР-11 е од судската власт, а другиот, ТТ-37 е сопственик на приватна болница. Структурата на оние кои одговориле дека не контактирале, претежно ја сочинуваат: стопанственици – 12 личности, адвокати – 2 и претходно споменатите личности кои одговорија со – никогаш.

На прашањето: **Дали и колку често контактирате со министрите и други функционери во владата, кои се по потекло од Битола?,** лепезата на одговори се движеше од: да (ретко/често), не (никогаш), министри и/или заменици министри и други службеници. (ПРИЛОГ – 11)

Со позитивен одговор, односно со ДА - РЕТКО, одговорија 10 личности од листата, една личност од раководителите на општинските служби и една личност - директор на државно претпријатие. Од преостанатите осум, седуммина се приватни стопанственици, и еднен е од судската власт. Личностите со кои тие контактирале, иако ретко, се следните: министерот за информатичко општетсво, Иво Ивановски и заменикот министер во МЗШВ, Зоран Коњановски. Меѓу оние кои одговорија со ДА - РЕТКО, четворица (ДР-11, ЛШ-24, СЈ-33 и ЈК-44 ) го посочуваат Зоран Коњановски, а само ЈШ-24 и ЈК-44 го спомenуваат и Иво Ивановски.

Од оние кои контактирале ЧЕСТО, а такви се четири личности, структурата е: Градоначалникот, ВТ-10, синдикалниот лидер, ЖМ-15, Ректорот, ЗЖ-16и ЗИ-17, Координаторот на ВМРО-ДПМНЕ. За често контактирање со министерот за информатичко општетсво, Иво Ивановски и заменикот министер во МЗШВ, Зоран Коњановски, се искажа само синдикалниот лидер, ЖМ-15.

Побројни беа одговорите дека НЕ контактирале, а такви одговори беа дадени од 13 личности.

Еден интервјуиран, не спомена ниту да ниту не, туку го даде следниот одговор, кој посредно упатува на контакт со заменикот министер Зоран Коњановски: контактирал процедурално, зависно од проектот за кој станува збор, бидејќи постојат субвенции за земјоделски машини, а такви на пазарот пласира неговата претпријатие. Тие имале контакти и со МЗШВ и со Агенцијата за развој на земјоделието.

На прашањето: **Дали и колку често контактирате со министрите и други функционери во владата, кои не се по потекло од Битола?** со ДА – РЕТКО одговорија вкупно 6 лица, од кои одговорите на 2 лица го опфаќаат контактот со личности од министерствата за: економија и животна средина и просторно планирање, одговорот на едно лице го посочува министерот за здравство и 2 лица го посочуваат Заменик претседателот на Владата за економски прашања, Владимир Пешевски. (ПРИЛОГ – 12)

Во категоријата на одговори ДА – ЧЕСТО, бројот на лицата кои одговориле така е 8, и во нивните одговори се споменуваат контактите со министерствата за: правада, труд и социјална заштита, економија, образование, ЗШВ, а од личностите на министрите се споменуваат Заменик претседателот на Владата и министер за финансии, Зоран Ставревски, Заменик претседателот на Владата за економски прашања, Владимир Пешевски и Министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески. Во одговорите со ДА – ЧЕСТО, Градоначалникот, ВТ-10 не посочува имиња со кои контактирал често, лицето ВК-2 споменува дека често контактирал со еден пратеник од Струга, а лицето Сп.М-36, дека со Владимир Пешевски контактирал често пред истиот да стане функционер во Владата.

Со одговор НЕ - се изјаснија 15 личности, а ниту еден не се изјасни со одговорот НИКОГАШ.

Еден од начините за влијание врз определени подинци, а преку нив и врз институциите, е користењето на лоби групи. За таа цел битолските моќници ги прашавме **Дали за остварување на некоја деловна цел користите или сте користеле услуги од некоја лоби група во Скопје?**

Само 2 интервјуирани се изјаснија дека користеле услуги на специјализирана претпријатие за лобирање, што укажува на сеуште застарениот модел на комуникација и непроменета навика за остварување на сопствените цели преку системот на врски и пријателства, или со индивидуални настојувања. Едниот од интервјуираните посочи дека ги користеле услугите на претпријатието Лобисти од Скопје, а другиот ја наведе причината за ангажирање на лоби групата – за побрза наплата на побарувања. Преостанатите 28 интервјуирани се изјаснија со НЕ.

**Табела 18. Лобирање**

| Да | Не | Лоби група | Намена |
|---|---|---|---|
| 1 | 28 | Лобисти од Скопје | - |
| 1 | | Не сакаше да наведе име | Побрза наплата на побарувања |

**Интересирајќи за регулативната моќ на битолските моќници им го поставивме прашањето Дали некоја ваша потреба била реализирана како амандман или дел од некоја законска измена?** Со ДА одговорија само 3 интервјуирани лица.

Амандманите за кои биле ангажирани да ги вметнат во законските решенија кои им биле битни, се однесуваат на следните проблеми и теми: Амандман во Законот за води и водостопански претпријатија и Законот за минерални суровини - половично успешно (според личноста БК-3); Личноста СП-35 изјави дека имавле 2 образлагања пред комисите на Владата околу Законот за сообраќај - не биле прифатени - се барале измени за воведување на правила и казнувања, доколку тракторите и земјоделските машини не се технички исправни, а се вклучени во сообраќај. „Сум предлагал доста амандмани – изјави личноста ЈШ-24 - можеби преку 100, мислам на периодот кога бев заменик министер. И во претходните власти и кај сегашната власт. Сега и наназад земено, околу 10 % од тие амандмани биле усвоени, но не знам дали биле вметнати во законските решенија".

Другите 27 интервјуирани се изјаснија дека не користеле пристапот со амандмани за влијаење врз централната власт.

На делот од прашањето, дали своите барања и интереси се обидувале да ги остварат преку измени на законски решенија, бројката на оние интервјуирани кои тоа го правеле е значителна, односно 13 личности се изјаснија дека користеле таква форма за остарување на своите потреби. Преостанатите 17 интервјуирани одговорија со НЕ. (ПРИЛОГ – 13).

**Со цел да го дознаеме начинот на кој битолските моќници остварувале одредена законска иницијатива им го поставивме прашањето: Дали тоа сте го направиле преку личен контакт со некој функционер, или во тоа ви помогнала некоја личност од листата која е пред вас?**

Бројката на оние кои кои одговорија со ДА е 7 интервјуирани, од кои, 1 интервјуиран го спомена името на Министерот за информатичко општетсво Иво Ивановски и 2 интервјуирани го споменаа името на заменикот министер за ЗШВ, Зоран Коњановски, 2 интервјуирани одговорија дека контактот и барањето го правеле преку Сојузот на стопански комори. Во делот на контакти преку лица од

листата на 40 најмоќни личности во Битола, само 2 службеници на Општината дадоја обопштени одговори, дека комуникацијата со лицата од листата била со лични контакти, а другиот дека контактите биле претежно преку пратениците од Битола. Другите 23 интервјуирани одговорија со НЕ, односно дека не покренување барања преку личен контакт со функционерите од централната власт, ниту преку листата на 40 најмоќни во Битола.

### 2.3.. Релации со НВО и други организации

Ако се погледне аспектот на членување на интервјуираните најмоќни битолчани во хуманитарни организации и граѓански здруженија, произлегува дека од 30 интервјуирани лица од листата на 40 најмоќни, **само 10, или 1/3 членуваат во хуманитарни организации**. Меѓу тие 10 личности, најбројни се оние кои се членови на Ротари Клубовите (има 2 клуба во Битола), 4 (четири) лица се сегашни членови, а 1 бил порано член на Ротари Клубот Битола.

Другите 3 (три) интервјуирани изјавиле дека се членови на Лајонс Клубовите од Битола (такви клубови има 4 во Битола), а преостанатите 2 (две) интервјуирани лица се членови, секој поединечно на: Црвениот Крст и Здружение за Руско-Македонско пријателство. Само 1 (едно лице) не сакаше да го наведе името на организација чиј член е, што не наведе на размислување дека е можеби член на масонска ложа, додека 1 (еден) од интервјуираните изјави дека имал понуда за членство во масонска ложа, но дека истата ја одбил.

Согласно изјавата на оној кој што порано членувал во Ротари Клубот, а сега веќе не, произлегува дека се откажал од активноста затоа што не констатирал напредок во работата на клубот – коментирајќи дека имал чувство „како да не биле дораснати за таква дејност“.

За разлика од овие 10 личности кои изјавија дека се членови на некоја хуманитарна организација или здружение, другите 19 интервјуирани дадоја негативен одговор, односно дека не се членови на таква организација. Кај негативните одговори, 13 личности се категорични дека овие хуманитарни организации немаат важна улога за животот на градот. Другите 6 (шест) одговориле со поблага варијанта, дека сепак, сметаат дека хуманитарните организации и здруженија во Битола имаат некаква улога во животот на градот. Едни сметаат дека таа улога е прескромна, дека немаат директно влијание, дека

имаат инцидентна улога, мало влијание, без големо значење за околината, додека 6 (шестмина) веруваат дека иако не е големо нивното влијание, дека тие преземаат иницијативи и активности и дека донекаде влијаат на животот во градот. Само една личност е категорична дека улогата на овие органзации е многу важна, а друга личност смета дека нивнатра важност може да произлезе само од нивните ангажмани и постигнатите резултати, па колку се поактивни, толку е подобро за градот.

Интересни се коментарите на 5 (петмина) интервјуирани за причините зошто некој членува во тие хуманитарни организации и здруженија. „Формирани се од луѓе кои се моќни со пари или имаат познато име, но не го гледам хуманитарното во овие организации - истакнува (АРЈ-1), - нема аспекти на хуманитарност, јас тоа не сум го видел овде... мислам дека некои од нив сакаат да бидат видени дека се таму... им годи“. Слично размислува и ВТ-10, кој споменува дека „она што досега го остварувале е без големо значење“, и дека „тоа го прават во суштина за компензирање на некој статус кој не го стекнале во животот“... Како мотив за членство во овие организации ЈШ-24 ја смета „желбата за снобистичко себепокажување“ на членовите на овие организации, а ЈК-44 смета дека „членуваат само заради нивен личен интерес“. Интересно е искажувањето на личноста ДР-11, која тврди дека нејзе тие не и се многу омилени, гледано од аспект на нејзините верски убедувања.

Покрај прашањето за членување и за улогата на хуманитарните и други организации во кои интервјуираните членуваат, беше поставено и прашањето дали во тие организации постои тенденција за делување како неформална моќна група. Само 4 личност одговорија дека во тие организации има такви тенденции, додека 23 личности дадоја негативен одговор, односно дека хуманитарните и општетсвените организации во Битола гледани одвнатре не можат да се сметаат за неформална моќна група.

Оние кои сметаат дека немаат таква тенденција дале најчесто одсечен одговор – НЕ, а само две личности коментираат дека „не се влијателни“, дека, според БТ-6, кај членовите во тие организации „можеби постои желба, но тие не работат на тоа“, дека „можеби имаат таква намера, но ДР-11 не знае дали имаат таква моќ“. Има и еден одговор од Сп.М-36, кој посочува дека „можеби порано имаше таква тенденција во Ротари клубот – Битола, додека беше претходната

власт“. Овде се наведува таквата релација, затоа што во периодот кога СДСМ беше на власт на државно и на локално ниво, овој клуб беше формиран претежно од личности кои беа директори на установи и претпријатија кои беа во општествена сопственост, а приватниот капитал беше во фаза на издигнување.

Кај оние 4 личности кои сметаат дека во хуманитарните и општетсвените организации во Битола имало тенденции за делување како неформална моќна група, ВТ-10 наведува дека смета оти тенденција постоела: „да, се обидувале“, а РХ-26 наведува дека „има обиди за неформално групирање и во самите организации и кон надвор“. ЈА-30 пак, истакнува дека „поединци внатре се моќни, но не знам дали делуваат како неформална моќна група“. Личноста, СА-41 смета дека тоа е можно „зошто таму членуваат видни луѓе“.

### 2.4. Релации со политички партии

Анализата на политичката припадност и политичкиот ангажман на личностите кои беа интервјуирани, покажа дека само 1/5 од нив, или 6 лица се директно вклучени во политика, или ја наведуваат својата политичка припадност. Сите 6 интевјуирани лица кои ја потврдија својата политичка припадност се членови на ВМРО - ДПМНЕ, односно на владејачката партија, од кои едниот, ЗИ-17, во времето на спроведувањето на интервјуто (почетокот на 2014 г.) беше Општински координатор на ВМРО-ДПМНЕ, додека другата личност ЈК-44, која беше интервјуирана во дополнителните четири личности вон листата, беше координатор, пред него.

Наведувајќи ја причината за својот политички ангажман, одговорите варираат од тоа дека БК-3 е „еден од основачите на партијата ВМРО-ДПМНЕ“, БТ-6, кој е успешен стопанственик и долгогодишен член на ВМРО-ДПМНЕ смета дека преку политичката партија има „можност да се влијае врз работите во градот“. Градоначалникот, ВТ-10, кој исто така е член на владејачката партија смета дека е „чест да се биде во врвот на партијата ВМРО-ДПМНЕ“ и дека

неговата „партија го прави најдобро она што една политичка партија треба да го прави, со своите критериуми, методи и почитување на поединецот“.

Координаторот на Општинскиот комитет, ЗИ-17 на ВМРО-ДПМНЕ даде лаконски одговор дека членувал во партијата „заради неговите убедувања“, додека Претседавачот на Советот на Општината, СА-41 изјави дека е член на владејачката партија затоа што „сака да даде придонес во политичкиот живот“. Според претходниот координатор на Општинскиот комитет, ЈК-44 „партискиот живот е неразделно поврзан со општествениот живот, па единствено за државата може да се придонесе, ако се биде вклучен во политичките активности“.

Овие искажувања индиректно упатуваат на значењето на политичката вклученост и нејзиното доминантно влијание во општетствениот живот, бидејќи укажуваат на евидентната можност да се влијае врз живото на локалната заедница и пошироко, преку вклученост и делување на политички план. Ако се навратиме на сознанието дека одлуките во општетсвеното живеење на локално ниво претежно се донесуваат во Советот на Општината и дека тие одлуки ги тангираат сите жители на локалната заедница, повеќе од јасно е дека политичкиот ангажман е предусловот за моќ, влијание и остварување на партиските, а преку нив и личните интереси. (ПРИЛОГ – 14)

За разлика од овие 6 личности кои ја назначија и образложија својата политичка припадност, преостанатите 24 интервјуирани наведуваат дека не се политички активни. Во оваа група има и една мала подгрупа, во која би можеле да се вбројат 5 (пет) личности кои претходно биле политички ангажирани, но од тој ангажман сега се откажале. Тоа се воглавно поранешни припадници и активни членови и функционери на СДСМ, кои сега се дистанцирани од политиката и се посветиле исклучиво на својот деловен ангажман. Така, двајца од нив, БН-5 и РХ-26 покрај тоа што наведуваат дека порано биле, а сега не се активни, наведуваат дека чувствуваат „замор“ од политички ангажман, БЅ-4 само наведува дека веќе 8 години не е активен, но ТоТ-38 (поранешен министер во Владата на СДСМ) е категоричен и тврди „расчистив со политиката“. За разлика од нив интересен е исказот на ЈШ-24, поранешен заменик министер од редовите на СДСМ, кој нагласува „Порано се занимавав, но не знам колку тоа беше добро, бидејќи влегов во политиката како чесен човек, а ми накалемија дека сум ’мафијаш‘. Кој се гори од млекото ќе дува и на матеницата“.

Кај сите петмина може да се забележи повлеченост од политиката, односно дека пред неа, како приоритет си поставиле да се занимаваат со својата работа и професија од која егзистираат, и може да се каже, егизстираат добро.

Во групата на оние кои својот политички неангажман го објаснуваат со некомпатибилност на политиката со нивната актуелна професија, односно законската забрана за политички ангажман се вкупно четворица, од кои две личности беа интервјуираи од листата на 40 најмоќни и 2 личности од дополнителната листа. Претседателот на Апелациониот суд во Битола ДР-11 и Претседателот на ССМ, ЖМ-15 ја потенцираа својата политичка неутралност, а двајцата други, кои се раководители во општинските служби ЃИ-42 и ЈГ-43, беа интерјуирани од дополнителната листа, ја потенцираат својата законска обврска за деполитизираност, односно професионалната некомпатибилност со политички ангажман.

Мотивите за политичка неактивност на преостанатите 15 интервјуирани личности можат да се групираат според бројноста на изјавите во следниве категории:

а) Мислат дека не треба да се меша политиката со бизнисот

Седуммина од преостанатите 15 интервјуирани изјавија дека не сакаат да го мешаат бизнисот со политика, дека им е најважна нивната работа, дека приватниот бизнис и политиката не одат заедно, па дека мешањето на тие две работи може да има и негативни ефекти во работењето, а еден е категоричен: „Не сакам да се мешам, ниту да ми се мешаат во работењето“.

б) Индивидуален страв од последици од вклучување политиката

Тројца интервјуирани имаат сличен став дека преку политичка партија и успехот и пропаѓањето се молскавични, па оттука и многу ризични: „Паријата кога е на власт, или во првите 4 години те прави ‘цар’, ама потоа те претвора во ‘измеќар’... каде и да се наклониш, премногу брзо се расипува ‘љубовта’ “... Ако си член на партија можеш да ја доживееш судбината на квасецот - да експандира и брзо да порасне, ама и да се истроши набрзо потоа. Според четвртиот, „не се зрели условите човек да се вклучи во политика и да помага – само може да си стекне непријатели“. Петтиот истакна  дека „се плаши од можни последици“. Иако звучи семантички различно со последниот случај, може да се додаде и

следнава изјава на ВВ-7: „Дедо ми, во времето на Уриетот беше во затвор заради политика и тој не учеше - во животот комар и политика - не... сега и дрога - не". Последниов беше единствениот од оние кои не се активни во политика, што ја истакна својата наклонетост како симпатизер „на ВМРО-ДПМНЕ".

в) Во партиите нема демократска атмосфера

Другите одговри кои звучат негативно за партискиот ангажман се потпираат на малку поразлични образложенија од кои може да се почувствува и критика кон недемократичноста во внатрепартискиот живот и можностите за демократски дијалог.

Шестиот интервјуиран кој нагласи дека не е партиски ангажиран изјави дека е веќе стар за таква активност и дека „во партиите малку сакаат да слушаат критика", седмиот изјави дека немам желба да се занимава со политика, осмиот дека во овој момент не чувствува потреба, а помага со идеи на оние кои ќе побараат негово мислење. Деветтиот, дека не се наоѓа во таа област, и дека за тоа треба слободно време. Интересна е изјавата на последниов, ЉП-27, дека тој нема слободно време, но дека „можеби би посакал да се ангажира во политика, „ако советничките и пратеничките функции не бидат платени, туку да се извршуваат без финансиски надомест".На крајот во оваа група би ја навел и изјавата на десеттиот, кој нагласи дека тој „припаѓа" на „партијата - Промени за секогаш - Подобра Македонија", тврдејќи дека во политиката кај нас „Идеологии нема" (АПР-1).

## 3. Меѓусебните односи на битолските моќници

### 3.1. Меѓусебното познанство на личностите од листата на најмоќни

Со намера да се утврди социјалната кохезија на лицата од листата на најмоќни битолчани и дали тие се препознаваат како една група или не, од нив беше побарано да одберат еден или повеќе одговори, за тоа дали и колку се познаваат. Во рамките на одговорите беа понудени варијантите: „имам контакт", „го познавам од јавниот живот", „добро го познавам", „слабо го познавам" и „не го познавам", при што одговараа за секоје лице на листата.

Од добиените одговори може да се констатира дека ранг листата на личности кои најмногу ги познаваат лицата од листата се следните:

А) Во одговорот **имам контакт** најмногу контакти со лицата од листата имаат: (ЈЈ-23), стопанственик кој се занимава со хотелиерство и располага со 3 хотели, а нивниот простор и две сали за организирање на свадби и масовни свечености. Во петте личности кои имаат бројка со најмногу наведени контакти се и ЗЖ-16, ректорот на битолскиот универзитет, ЗИ-17 координаторот до 2014 г. на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ и директор на ЈКП Водовод од Битола, а потоа пратеник во собранието на РМ. Тука со своите одговори е и лекарот специјалист и сопственик на приватната болниица Плодност, ТТ-37, а оваа група која речиси повеќе од двојно посочува дека има контакти со дел од личностите од листата, е и стопанственикот кој има градежно и транспортерско претпријатие, ги стопанисува приватните паркинзи низ градот и има приватна кабловска телевизија, БК-3. Интересно е што добар дел од интервјуираните сметаа дека ова прашање не е доволно важно, па не го одговараа.

**Табела 19.** ***Контакти со лица од листата***

| „Има контакт“ со лица од листата на најмоќни | Број на лица од листата со кои „има контакт“ |
|---|---|
| ЈЈ-23 | 28 |
| ЗЖ-16 | 26 |
| ЗИ-17 | 26 |
| ТТ-37 | 24 |
| БК-3 | 20 |
| ВМ-9 | 12 |
| ДР-11 | 9 |
| ЖМ-15 | 8 |
| ВТ-10 | 7 |
| ЈШ-24 | 7 |
| СА-41 | 7 |
| ВК-2 | 6 |
| БТ-6 | 1 |
| ДМ-14 | 1 |
| АПР-1 | - |
| БЅ-4 | - |
| БН-5 | - |

| | |
|---|---|
| ВВ-7 | - |
| ВЃ-8 | - |
| ДС-12 | - |
| РХ-26 | - |
| ЉП-27 | - |
| ДГл-28 | - |
| ЈА-30 | - |
| СЈ-33 | - |
| СП-35 | - |
| СпМ-36 | - |
| ЃИ-42 | - |
| ЈГ-43 | - |
| ЈК-44 | - |

На прашањето кого го познаваат **од јавниот живот**, што асоцира на тоа дека немаат личен контакт, или го познаваат помалку од првиот случај, каде барем некако контактирале, ја дава следната слика за меѓусебното познавање, односно непознавање лично со дел од личностите од листата. За тоа кого го познаваат само од јавниот живот може да се смета дека тие кои наведуваат најголем број на лица дека ги познаваат од јавниот живот, всушност најмалку ги познаваат лично, или со најмал број имаат некакви релации. Личноста која наведува дека најголемиот дел од лицата на листата на најмоќни ги познава од јавниот живот е СпМ-3, со познавање на 21 лице само од јавниот живот.

Тој е стопанственик кој порано ја поседуваше млекарата Идеал Шипка, и веројатно презафатеноста со водењето ан таа дејност влијаеше да се наоѓа прв на листата на лица кои најмалку другите личности ги познаваат лично.

Веднаш по него е лицето ЈГ-43, кој дури со 19 лица немал контакт или не ги познава лично. Со оглед на тоа што таа личност е раководител на правната служба во општинската администрација, логично е дека делокругот на лично познавање на личностите од листата е помал. Во оваа ранг листа трета личност во рангот, која најмалку познава лично лица од листата е лицето ЈК-44, кој од јавниот живот познава 17 лица. Тој е моментално генерален директор на РЕК Битола, а пред тоа беше директор на ЈП Комуналец од Битола, а дел од својот живот живеел и во Австралија, па е можно дел од личностите на листата помалку да ги познава лично. Во оваа група при врвот на лицата кои само од јавниот живот ги познаваат дел од лицата на листата спаѓа и ВТ-10, градоначалникот на Битола, кој 16 лица од листата ги познава само по тој основ – од јавниот живот.

Со оглед на тоа што на листата се претежно стопанственици, можно е претходно да имал со дел од нив помалку контакти, затоа што тој беше познат актер, а дел од стопанствениците веројатно имале помалку време за посетување културни настани. Во горниот дел на групата, односно лицата кои еден дел од другите лица од листата ги познаваат само преку јавниот живот, спаѓа и лицето ВМ-9 познат адвокат, а претходно судија во судот во Битола, кој познава од јавниот живот 13 лица, како и лицето ЉП-27, со познавање 12 лица преку јавниот живот, кој се занимава со трговија на олемо, а сега е и сопственик на фабриката за картонажа Фустеларко.

Другите личности кои преку јавниот живот познаваат од 10 лица од листата, па надолу се: БК-3, ЖМ-15, СА-41, претседавачот на Советот на Општината, ВЃ-8, познат адвокат, АПР-1, стопанственик во IT технологија, сосоптвеник на претпријатие и ЗЖ-16, ректорот на битолскиот универзитет.

**Табела 20.** ***Познавање на лица на листата преку јавниот живот***

| **Ги познаваат само преку јавниот живот** | **Број на лица кои ги познаваат по таа основа** |
|---|---|
| СпМ-36 | 21 |
| ЈГ-43 | 19 |
| ЈК-44 | 17 |
| ВТ-10 | 16 |
| ВМ-9 | 13 |
| ЉП-27 | 12 |
| БК-3 | 10 |
| ЖМ-15 | 10 |
| ВЃ-8 | 8 |
| АПР-1 | 7 |
| ЗЖ-16 | 7 |
| СА-41 | 7 |
| ВК-2 | 6 |
| БН-5 | 6 |
| БТ-6 | 6 |
| ЗИ-17 | 6 |
| РХ-26 | 6 |
| ВВ-7 | 4 |
| ДР-11 | 3 |
| ДГл-28 | 3 |
| ЈА-30 | 2 |
| ТТ-37 | 2 |

| | |
|---|---|
| БS-4 | - |
| ДС-12 | - |
| ДМ-14 | - |
| JJ-23 | - |
| ЛШ-24 | - |
| СЈ-33 | - |
| СП-35 | - |
| ЃИ-42 | - |

Во третото прашање за тоа, колку **„добро“**, ги познаваат лицата од листата на најмоќни покажа поинаков редослед од претходните два одговори. Во ова рангирање од интервјуираните лица, најголем број на личности од листата познава „добро“ лицето ДМ-14, директор на Печатницата Киро Дандаро, дури 34 лица од листата. Исто толку, 34 лица од листата “добро“ ги познава и личноста ЈА-30, која е приавтен стопанственик, кој долги години работи со транспорт. Во оваа група при врвот е и ДС-12, кој познава “добро“ 32 лица од листата, доминатен акционер во Трикотажата Пелистер и сопственик на Пела-Роса. Во групата кои “добро“ познаваат 30 и над 30 лица од листата, со познавање 30 лица, спаѓа и БS-4, кој е поранешен општетсвен стопанственик на Пелагоја Комерц.

**Табела 21. „Добро“ познавање на лице од листата**

| “Добро“ познаваат дел од лицата на листата на најмоќни | Број на лица од листата на најмоќни |
|---|---|
| ДМ-14 | 34 |
| ЈА-30 | 34 |
| ДС-12 | 32 |
| БS-4 | 30 |
| СЈ-33 | 24 |
| ЛШ-24 | 23 |
| СП-35 | 23 |
| РХ-26 | 22 |
| БТ-6 | 21 |
| ЉП-27 | 19 |
| СпМ-36 | 16 |
| ВЃ-8 | 16 |
| БН-5 | 15 |
| ЖМ-15 | 14 |
| ДГл-28 | 14 |
| СА-41 | 11 |
| ЈК-44 | 11 |

| | |
|---|---|
| ВК-2 | 10 |
| ДР-11 | 10 |
| ВМ-9 | 7 |
| ВТ-10 | 7 |
| ЗИ-17 | 7 |
| АПР-1 | 6 |
| ВВ-7 | 6 |
| JJ-23 | 6 |
| ЛГ-43 | 6 |
| ЗЖ-16 | 0 - не даде дговор |

Во групата на лица кои “добро“ познаваат од 20-30 личности од листата на најмоќни се лицата: CJ-33, приватен стопанственик на комунално претпријатие ЕКО-Клуб, кој познава 24 лица, СП-35 приватен стопанственик, сопственик на Симпекс, како и ЈШ-24, приватен стопанственик, сопственик на урбанистичко-архитектонско претпријатие и сосопственик на градежно претпријатие, кои и двајцата познаваат по 23 лица од листата, РХ-26, приватен стопанственик и сосопственик на трговското претпријатие Кандико, кој “добро“ познава 22 личности од листата, БТ-6 приватен стопанственик и сопственик на градежното и амшинско претпријатие Мак-строј, кој познава “добро“ 21 лице од листата. Во групата која “добро“ познава помеѓу 10 и 20 личности од листата има 9 лица, а во групата која “добро“ познава од 0-9 лица од листата има 8 личности.

Во групата на лица која тврди дека **„слабо“** ги познава лицата од листата на најмоќни, оние кои се при врвот, се следните лица: ВВ-7, кој работи како лекар специјалист во Клиничката болница во Битола, а подолго време има приватни претпријатја, кој тврди дека слабо познава 30 лица од листата. АПР-1 сосоптвеник на претпријатие за IT технологија, за 27 лица од листата тврди дека слабо ги познава. Лицето ДГл-28 тврди дека слабо познава 12 лица од листата, CJ-33 и ТТ-37 дека слабо познава по 11 лица од листата, ВТ-10, градоначалникот дека 9 лица од листата слабо ги познава, СП-35, 8 лица од листата слабо ги познава, БТ-6 и ЗЖ-16 слабо ги познаваат по 7 лица од листата, БЅ-4 слабо познава 6 лица од листата.

**Табела 22. "Слабо" познавање на лица од листата**

| „Слабо" ги познаваат дел од лицата на листата на најмоќни | Броој на лица кои „слабо" ги познаваат |
|---|---|
| ВВ-7 | 30 |
| АПР-1 | 27 |
| ДГл-28 | 12 |
| СЈ-33 | 11 |
| ТТ-37 | 11 |
| ВТ-10 | 9 |
| СП-35 | 8 |
| БТ-6 | 7 |
| ЗЖ-16 | 7 |
| БЅ-4 | 6 |
| ДР-11 | 5 |
| ЖМ-15 | 5 |
| РХ-26 | 5 |
| СА-41 | 4 |
| ЈК-44 | 4 |
| ДМ-14 | 2 |
| ЉП-27 | 2 |
| БК-3 | 1 |
| ЈА-30 | 1 |
| ВК-2 | - |
| ВЃ-8 | - |
| ВМ-9 | - |
| ДС-12 | - |
| ЗИ-17 | - |
| ЈЈ-23 | - |
| ЈШ-24 | - |
| СпМ-36 | - |
| ЃИ-42 | - |

Кај групата на лица кои „**не ги познаваат**" дел од личностите на листата на најмоќни во Битола, на чело на ранг листата или оној кој најмалку познава од лицата од листата е ВК-2 кој не ги познава воопшто 16 личности. Со оглед на тоа што лицето ВК-2 е стопанственик кој живеел во Демир Хисар, а од скоро отвори повеќе маркети во Битола, можно е заради делокругот на движење и да не познава добар дел од личностите на листата. По него втор на листата како личност која не ги познава дел од лицата на листата на моќни е адвокатот, ВЃ-8, кој не познава 13 личности од листата.

Адвокатот ВМ-9 и приватниот стопанственик ЉП-27 не познаваат по 10 личности од листата. Приватните стопанственици ДГл-28 и СП-35, како и претседавачот на Советот на општината СА-41, не познаваат по 9 личности од листата, Урбанистот и архитект ЈШ-24 и приватниот стопанственик ДС-12 не познаваат по 8 личности од листата. Приватниот стопанственик РХ-26 не познава 7 личности од листата, а директорот на РЕК – Битола не познава 6 личности од листата.

**Табела 23.** ***Непознавање на лица од листата***

| **„Не познаваат" дел од личностите на листата на најмоќни** | **Број на лица кои „не ги познаваат" лично** |
|---|---|
| ВК-2 | 16 |
| ВЃ-8 | 13 |
| ВМ-9 | 10 |
| ЉП-27 | 10 |
| ДГл-28 | 9 |
| СП-35 | 9 |
| СА-41 | 9 |
| ЈШ-24 | 8 |
| ДС-12 | 8 |
| РХ-26 | 7 |
| ЈК-44 | 6 |
| БТ-6 | 5 |
| ЃИ-42 | 5 |
| ЈЈ-23 | 4 |
| БК-3 | 3 |
| БЅ-4 | 3 |
| БН-5 | 3 |
| ДР-11 | 3 |
| ДМ-14 | 3 |
| СЈ-33 | 3 |
| СпМ-36 | 3 |
| ТТ-37 | 3 |
| ЖМ-15 | 2 |
| ЗИ-17 | 1 |
| АПР-1 | - |
| ВВ-7 | - |
| ВТ-10 | - |
| ЗЖ-16 | - |
| ЈА-30 | - |
| ЈГ-43 | - |

### 3.2. Начини и форми на меѓусебна соработка меѓу најмоќните

Од анализата на меѓусебната соработка на личностите наведени во репутациската листа произлезе дека од интервјуираните 27 лица најмногу соработка во изминатите 5 години имале 11 лица од листата и едно лице од дополнителните 4 интервјуирани лица. Во оваа група на лица со најголема соработка според искажувањата на самите интервјуирани најмногу, или 26 релации на соработка искажува лицето ЈЈ-23, кој е сопственик на 3 хотелски објекти. Веднаш по него со најмногу соработка е координаторот на ВМРО-ДПМНЕ, ЗИ-17 со 25 релации.

Приватниот стопанственик СП-35, сопственик на претпријатието за земјоделски машини и механизција имал остварено 23 релации со разни личности од листата на најмоќни во изминатите 5 години. Со 22 релации е лицето СЈ-33 сопственик на привтно комунално претпријатие Еко – Клуб, а со по остварени 20 релации за соработува со личности од листата се приватните стопанственици, БК-3 и БТ-6 градоначалникот, ВТ-10. Со по 19 остварени релации се ливцата ЈА-30 сопственик на транспортно претпријатие и СпМ-36 поранешниот сопственик на млекарата Идеал шипка.

Во оваа горна група на лица со најмногу остварени релации во последните пет години со лица од листата се и ДС-12, сопственик на Трикотажа Пелистер и Пела – Роса и ЈШ-24, сопственик на урбанистичко архитектонското претпријатие Форми и сосопственик на Лапор.

**Табела 24.** ***Соработка со лица од листата***

| Псевдоним | Со колку лица од листата Соработувал 5 години наназад |
|---|---|
| ЈЈ-23 | 26 |
| ЗИ-17 | 25 |
| СП-35 | 23 |
| СЈ-33 | 22 |
| БК-3 | 20 |
| БТ-6 | 20 |
| ВТ-10 | 20 |
| ЈА-30 | 19 |
| СпМ-36 | 19 |
| ДС-12 | 18 |
| ЈШ-24 | 18 |
| ЗЖ-16 | 17 |

| | |
|---|---|
| СМ-34 | 17 |
| ДМ-14 | 16 |
| ДГ-13 | 15 |
| РХ-26 | 15 |
| ВК-2 | 14 |
| ТТ-37 | 14 |
| БН-5 | 13 |
| ЗК-18 | 13 |
| ЈК-44 | 13 |
| БЅ-4 | 12 |
| ЗМ-19 | 11 |
| ЗР-20 | 11 |
| ЖМ-15 | 10 |
| ЈВ-25 | 10 |
| ЉП-27 | 10 |
| РП-32 | 10 |
| ТМ-39 | 10 |
| ЦП-40 | 10 |
| ТоТ-38 | 9 |
| СА-41 | 9 |
| ДР-11 | 8 |
| ИБ-21 | 8 |
| ОК-31 | 6 |
| ВВ-7 | 5 |
| ЈИ-22 | 5 |
| ВЃ-8 | 4 |
| ВМ-9 | 4 |
| ДГл-28 | 4 |
| ЕФ-29 | 4 |
| ЈГ-43 | 3 |
| АПР-1 | 1 |

### 3.3. Партнери со кои би сакале да соработуваат на иден проект

Прашањето со кои 10 личности од листата би сакале да соработувате на некој значаен проект во општината во иднина, беше наменето да покаже кон кои личности лицата од листата со најмоќни ќе покажат најголема доверба и афинитет за соработка во иднина, па интерјуираните во своите искажувања ги посочија како најповолни потенцијални партнери следните личности, подредени според ранг на најмногу гласови.

**Табела 25.** ***Посакувана соработка со лица од листата***

| Псевдоним | Би сакал да соработува во иден проект со |
|---|---|
| ВТ-10 | 14 |
| ДМ-14 | 14 |
| ЗИ-17 | 13 |
| ОК-31 | 12 |
| СМ-34 | 12 |
| ЛШ-24 | 11 |
| ЗР-20 | 10 |
| ЗК-18 | 9 |
| ИБ-21 | 9 |
| СП-35 | 9 |
| ВЃ-8 | 9 |
| ЦП-40 | 9 |
| ДГ-13 | 8 |
| ЈЈ-23 | 7 |
| БК-3 | 6 |
| БТ-6 | 6 |
| ЗЖ-16 | 6 |
| БН-5 | 5 |
| СЈ-33 | 5 |
| ЗМ-19 | 5 |
| ВВ-7 | 4 |
| ДР-11 | 4 |
| ДС-12 | 4 |
| ЖМ-15 | 4 |
| ВК-2 | 3 |
| БЅ-4 | 3 |
| ЈИ-22 | 3 |
| ЈВ-25 | 3 |
| РХ-26 | 3 |
| ДГл-28 | 3 |
| ЕФ-29 | 3 |
| ЈА-30 | 3 |
| РП-32 | 3 |
| ТТ-37 | 3 |
| ВМ-9 | 2 |
| АПР-1 | 2 |
| Сп.М-36 | 2 |
| ТоТ-38 | 2 |
| ЉП-27 | 1 |
| ТМ-39 | 1 |
| СА-41 | - |
| ЃИ-42 | - |
| ЈГ-43 | - |
| ЈК-44 | - |

Според искажувањата на интервјуираните, добиените сознанија на прашањето: **„Со кого би сакале во иднина да соработувате на некој значаен проект во општината“**, при што беа замолени од листата од 40 да издвојат по 10 личности за таа цел, резултатите покажаа дека најмногу гласови доби лицето ВТ-10, градоначалник на општината, со кого сакаат да соработуваат 14 личности од вкупно интервјуирани 27 личности од листата и 4 личности дополнително. Исто толкав број на гласови за посакуван соработник во иден проект доби и ДМ-14, директорот на печатницата Киро Дандаро.

Сосема блиску до нив со 13 гласови, интервјуираните го посочија за пожелен партнер за соработка во иднина ЗИ-17, координаторот на ВМРО-ДПМНЕ, а по 12 гласови како пожелни соработници добија ОК-31, сопственикот на стопанска банка Битола и сопственин (Окра Холдинг и други), и СМ-34, главниот акционер на ГП Пелистер и сосопственик на Еури-Фарм. Шестата личност која доби најмногу гласови за пожелен иден партнер во заеднички проект е ЛШ-24, со 11 споменувања, , а 10 споменувања доби ЗР-20, сопственикот на фабриката за сладолед и замрзнати производи - Цермат.

Осмата личност која би сакале да ја имаат за партнер во иден проект споре интервјуираните е ЗК-18, во времето ан спроведувањето на ова истражување, заменик минситер за ЗШВ. Девета е личноста ИБ-21, со 9 споменувања, сопственик на фирмата за сатови, бижутерија и производи со скапоцени камења, Божиновски. Десеттото, единаесетоот и дванаесеттото место заедно со ИБ-21, го делат СП-35, сопственикот на Симпекс, ВЃ-8, адвокат и ЦП-40, акционер на ЗК Пелагонија, бидејќи сите имаат добиено исто така по 9 споменувања,.

### 3.4. Начин на вклучување во иден значаен проект во општината

Во рамките на спроведеното интервју, беше предвидено интервјуираните да го искажат својот став по прашањето: ***Кога би се иницирала реализација на некој позначаен проект за Битола, на кој начин би се обиделе да се вклучите во него?*** Прашањето се однесуваше на видот на самата комуниција, при што замислата беше да се утврди колку тие преферираат комуникација со електронски средства, а колку со личен контакт. Затоа како потпрашања, требаше да уследат, прашањата дали би оделе на ручек/вечера со клучни луѓе од локалната или

централната власт, дали контактот би го направиле со телефинирање на некоја од влијателните личности од локалната и централната власт, или би контактирале со некои од лицата кои се наоѓаат на листата на најмоќни, за да добијат некакви подетални информации.

За да иницираме разговор по ова прашање, ние дополнително го поставувавме и прашањето: ***како би реагирале доколку бидете, а како доколку не бидете повикани да се вклучите.*** При што произлезе дека вториот, провокативниот дел беше поефикасен во обезбедување на одговор. (ПРИЛОГ – 15)

Добиените одговори се групирани во пет категории, прикажа во продолжение:

а) Петмина покажуваат одсечност и решеност за комуникација, ако е во прашање потребата од вклучување во значаен проект за Битола. БЅ-4, би се вклучил „директно“, ВВ-7 „е можно да побара да го вклучат“, ВЃ-8 потенцираше дека доколку не го вклучат, а смета дека е важно, ќе се обиде да се вклучи самиот. Четвртиот, ВМ-9 тврдеше дека ќе се вклучи „ако има потреба, зависно од можноста“, а, ЈЈ-23, потенцираше дека „би се вклучил на секој можен начин“.

б) Двајца други интервјуирани одговорија: БК-3 со „да,би презел некоја иницијатива, но не верува дека би била прифатена“, а вториот ЈШ-24 со „не“, бидејќи „ако сакам да се вклучам, јас ќе предложам нешто, но ако носителите на идејата/проектот не сакаат да ме вклучат, не би настојувал“.

в) Најголемиот дел од интервјуираните наведуваат дека би се вклучиле, но поставуваат неколку предуслови, односно споменуваат - „ако“ и наведуваат во кој случај би се вклучиле, или не би се вклучиле во таквиот проект.

Вкупно шестмина, тврдеа дека не би се вклучиле ако не бидат повикани, или не би барале самите да бидат вклучени. БТ-6, смета дека не би се натурал, ДС-12, би се вклучил ако го сакаат негово мислење и совет. Третиот, ДМ-14 е категориен, дека нема лично да се вклучи ако не биде повикан, затоа што нема за што и кому да се докажува. РХ-26 и ЉП-27 исто така не би контактирале ако не бидат повикани, а вториот нагласува дека не би барал да го вклучат ако екипата не му одговара. Шестиот и седмиот, ТТ-37 и ДГл-28 сметаат дека нивното вклучување зависи многу од тоа дали некој ќе ги повика, и за вториот предуслов е, и кој ќе го повика.

г) Изјавата на ВЃ-8: „Битола ја сакам и сакам да ја видам во вистински сјај“ е можеби интересен мотив, на кој може да се надоврзат изјавите на уште тројца интервјуирани: ДР-11, ако смета дека проектот е битен за Битола, СЈ-33, изјави дека штом е од интерес за градот би се вклучил по било кој основ, а ДМ-14 доколку биде повикан, би се вклучил, ако е во интерес на градот и би помогнал ако треба и финансиски.

д) Од преостанатите четворица интервјуирани, тројца, покрај интересот за Битола, како улов го споменуваат и сопствениот интерес ЗИ-17, а другите двајца тврдеа дека едниот ќе се обиде да се вклучи на секаков можен начин СП-35, ако во тој проект гледа можност за бизнис, а другиот, ако гледа интерес за себе и за градот СпМ-36. Четвртиот потенцираше дека нема да се вклучи во тој проект, иако би имал интерес, ако не го повикаат (ВК-2).

Еден од 24-цата кои се изјаснија за оваа тема, БН-5, го изјави следното: „Не гледам во што би можел да учествувам, не гледам ниво за заедничко делување, нема континуитет, нема клима. И како фирма немаме капитал за такво вклучување, ние сме мала фирма“.

Покрај него лицето АПР-1, даде изјава дека за него најдобриот начин да комуницира, е комуникацијата по е-маил, како наједноставен, цивилизиран начин, но во изјавата констатира дека „кај нас тој начин не се користи многу“.

Ако се земат во обзир позитивните и негативните одговори, тогаш 20 лица од интервјуираните се изјаснија со „ДА“, а 7 лица се изјаснија со „НЕ“.

## 4. Мислења и ставови за елита

Доколку се погледне листата на најмоќни битолчани, рангирана според прашањето: ***кое лице од листата го сметате за припадник на елитата во Битола***, на барањето да се заокружат 10 личности од листата, според добиените одговори, во горниот дел на листата, или во врвот, се наоѓаат оние личности чија моќ се темели најмногу на богатство и врски.

Првите двајца кои се извојуваат и имаат подеднаков број на споменување се: ОК-31, стопанственик кој не е од Битола, но последните години успеа да стане доминантен сопственик во стопанството на Битола. Вториот, СМ-34 е стопанственик, кој е втор заради наведувањето по азбучен ред на иницијалите, инаку има иста бројка на споменувања како и ОК-31.

За разлика од првите две личности, кои најчесто беа споменувани како елита, третата личност ЦП-40, со 11 споменувања е исто така во горната група на моќни личности. И оваа личност не живее во Битола. Во оваа група, која ја сочинуваат претежно стопанственици, според рангот, или бројот на споменувања како елита, се споменува и градоначалникот, ВТ-10, кој во овој момент го остварува својот трет градоначалнички мандат.

Првата група се заокружува со петтата личност, СП-35, кој е претставник на оној дел од битолските моќни личности кои произлегле и постојано занимавале со приватна стопанска дејност.

Од наведеното, а согласно бројот на споменување од интервјуираните, може да се заклучи дека првата елитна петка на моќни личности во Битола, се состои од 4 стопанственици со значителна економска моќ и една личност со значителна политичка моќ.

Интересно е сознанието дека од 27 интервјуирани битолски моќници,, само 6 личности се сметаат себеси за припадници на елитата во општина Битола, од кои 1 лице тоа го кажува со делумна резерва. Останатите 21 лице, се изјаснија дека не се сметаат себе си за припадници на елитата, а 2 (две) лица не дадоја одговор на тоа потпрашање.

Кога ќе се сублимираат бројот на споменувањата и видот на описните карактеристики за поимот елита, произлегува дека под припадник на елита моќните поединци во Битола подразбираат: образована личност (18 - споменувања), авторитативна личност со лидерски способности (15 - споменувања), личност која располага со богатство, или која е економски силна (11 - споменувања), личност која остава впечаток дека е културно издигна (8 - споменувања), личност која има влијание врз средината (6 - споменувања), која прави забележителни нешта (6 споменувања), која располага со моќ (5 - споменувања), а некоја од нив располага и со политичка моќ (3 - споменувања).

Интересно е што најголемиот дел од интервјуираните ја ставаат на прво место карактеристиката: образование, а дури потоа богатство, и што културно издигната личност ја сметаат за поелитна од таа која има само влијание во средината.

Бројката на оние кои ја разбираат моќта како поширок поим, е поголема од бројката на оние кои елитата ја сведуваат на поединци кои располагаат со политичка моќ. (ПРИЛОГ – 16) (ПРИЛОГ -17)

Втората група најспоменувани како елита ја сочинуваат 4 личности со 7 - споменувања и 5 личности со по 6 - споменувања. Во погорниот дел на оваа група се двајца стопанственици: ДМ-14, директор на печатницата АД Киро Дандаро и ЗМ-19, директор и сопственик на ТВ Тера, и двајца политичари: ЗИ-17 директор на ЈКП Водовод и координатор на владејачката партија и ЗК-18, заменик министер (двајцата на тие функции во време на спроведувањето на ова истражување), Во подгрупата со 6 - споменувања се четворица стопанственици: ЗР-20, сосопственик на цермат ДОО, ЈЈ-23 сопственик на хотелите Премиер, ТТ-37, специјалист лекар и сопственик на болницата Плодност, ЈШ-24, урбанист, сопственик на претпријатието Форми и ВЃ-8, адвокат.

Во долниот дел на листата или оние кои биле помалку пати споменувани како елита во Битола, се 23 лица. Од листата, 4 лица не биле посочени ниту еднаш како елита. Структурата на долниот дел од листата се состои претежно од стопанственици, и еден стопанственик, но истовремено и лекар-специјалист во Клиничката болница во Битола..

**Табела 26.** ***Елитна идентификација на битолските моќници***

| **Код на личности рангирани како елита од интервјуираните** | **Колку пати е споменат** |
|---|---|
| ОК-31 | 14 |
| СМ-34 | 14 |
| ЦП-40 | 11 |
| ВТ-10 | 10 |
| СП-35 | 9 |
| ДМ-14 | 7 |
| ЗИ-17 | 7 |
| ЗК-18 | 7 |
| ЗМ-19 | 7 |
| ВЃ-8 | 6 |
| ЗР-20 | 6 |
| ЈЈ-23 | 6 |
| ЈШ-24 | 6 |
| ТТ-37 | 6 |

| | |
|---|---|
| БК-3 | 5 |
| ЗЖ-16 | 5 |
| ИБ-21 | 5 |
| БТ-6 | 4 |
| ВВ-7 | 4 |
| РП-32 | 4 |
| БЅ-4 | 3 |
| ДГ-13 | 3 |
| ТоТ-38 | 3 |
| ТМ-39 | 3 |
| ДР-11 | 2 |
| ДГ-13 | 2 |
| ЖМ-15 | 2 |
| ЈИ-22 | 2 |
| СЈ-33 | 2 |
| СпМ- | 2 |
| БН-5 | 1 |
| ДС-12 | 1 |
| ЈВ-25 | 1 |
| РХ-26 | 1 |
| АФ-29 | 1 |
| ЈА-30 | 1 |
| АпР-1 | 0 |
| ВК-2 | 0 |
| ВМ-9 | 0 |
| ЉП-27 | 0 |
| ***По ова прашање не се изјаснија личностите: (АПР-1), (БК-3), (ВТ-10), (ДМ-14) и (ЈК-44)*** | |

### 5. Кој е најмоќен човек во Битола

Последното прашање во интервјуто, како формален крај на разговорот, го бараше од интервјуираното лице следното: **„ве молиме, според ваше мислење, да наведете кој е најмоќен човек во Битола“**. Поголемиот број на интервјуирани не се двоумеа и не размислуваа долго за давање на овој одговор. Некои сметаа дека треба да посочат повеќе од едно име, па од нив не се бараше да се определат за едно, туку беа евидентирани сите имиња што тие ги споменуваа.

Од вкупниот број на интервјуирани, 24 сметаат дека лицето СМ-34 е најмоќна личност во градот, иако последните неколку години формално живее во Скопје. Втора личност по број на добиени глесови, со 21 глас, за најмоќна личност во Битола е лицето ОК-31. Иако оваа личност не живеела и не живее во

Битола, но се стекна со неколку големи битолски претпријатија[42], што е основата за неговото високо рангирање на листата на најмоќни.

Веднаш по нив, на третата позиција на ранг листата е личноста на ВТ-10, Градоначалникот на Битола, за кого се изјаснија 19 лица од интервјуираните. Четврта личност на оваа ранг листа е личноста ЦП-40, со 16 споменувања, која исто така не живее во Битола, но интервјуираните сметаат дека е моќна личност на ниво на државата[43].

Петтата по ред најмоќна личност на ранг листата за најмоќен човек во Битола со 15 споменувања е личноста ЗИ-18, сега пратеник во Собранието на РМ. Со исто толку споменувања - 15, на шесто место (заради азбучен ред) е личноста ЈШ-24. Оваа група на личности во горниот дел на табелата, кои имаат над 10 споменувања, се состои и од: седмо рангираниот со 14 споменувања ЗК-18, во време на спроведувањето на истражувањето, заменик министер за ЗШВ, осмиот со 11 споменувања, ДМ-14 е директор на печатницата АД Киро Дандаро. Деветта, е претседателот на Апелациониот суд - Битола ДР-11 со десет споменувања и десетти, со исто така 10 споменувања е ТТ-37, специјалист-гинеколог и сопственик на приватната болница Плодност.

**Табела 27.** ***Најмоќниот човек во Битола***

| Најмоќен човек во Битола според ранг листата за која се изјаснија интервјуираните | Рангирани според број на споменувања |
|---|---|
| СМ-34 | 24 |
| ОК-31 | 21 |
| ВТ-10 | 19 |
| ЦП-40 | 16 |
| ЗИ-17 | 15 |
| ЈШ-24 | 15 |
| ЗК-18 | 14 |
| ДМ-14 | 11 |
| ДР-11 | 10 |
| ТТ-37 | 10 |
| ЗЖ-16 | 9 |
| ЈЈ-23 | 9 |
| РП-32 | 8 |
| БК-3 | 7 |

[42] ОРКА Холдинг АД - Скопје
[43] Познат на битолчани по приватизација на АД Лозар – Пелистерка, преку неа важен акционер во Стопанска банка ад – Битола и акционер во ЗК Пелагонија.

| | |
|---|---|
| ЖМ-15 | 7 |
| ЈВ-25 | 7 |
| ЗР-20 | 6 |
| БЅ-4 | 6 |
| СпМ-36 | 6 |
| ВВ-7 | 5 |
| СП-35 | 5 |
| БТ-6 | 4 |
| ВЃ-8 | 4 |
| ДГ-13 | 4 |
| ЗМ-19 | 4 |
| ДС-12 | 3 |
| ТМ-39 | 3 |
| БН-5 | 2 |
| ИБ-21 | 2 |
| СЈ-33 | 2 |
| ТоТ-38 | 2 |
| ВК-2 | 1 |
| ВМ-9 | 1 |
| РХ-26 | 1 |
| ДГл-28 | 1 |
| ЕФ-29 | 1 |
| ЈА-30 | 1 |
| АПР-1 | 0 |
| ЈИ-22 | 0 |
| ЉП-27 | 0 |
| ***По оваа листа не се изјаснија: ДР-11 и ЃИ-42*** | |

Втората група на рангирани личности според моќ од страна на интервјуираните, брои 11 личности и се состои од 2 лица кои се споменати по 9 пати ЗЖ-16, ректорот на битолскиот универзитет (во време на спроведувањето на истражувањето) и ЈЈ-23 сопственик на хотелите Премиер. Со осум споменувања е РП-32=, сопственик на хотел Епинал, со по 7 споменувања се 3 личности и тоа БК-3, сосопственик на Стентон-градба и Градски паркинзи, ЖМ-15 претседателот на Сојузот на синдикати ССМ и ЈВ-25, претседател на Основен суд – Битола.

Во подолниот дел на листата, со по 6 споменувања се три лица ЗР-20, сосопственикот на Цермат, БЅ-4 сопственикот на Пелагонија Комерц и СпМ-36, сопственикот на хотел Треф-бистро. Две личности се споменати пет пати и тоа, ВВ-7 специјалист-кардиолог и сопственик на претпријатие за транспорт и ископ, со своја МХЕЦ и СП-35 сосопственик на Симпекс ДОО.

Овде би ги споменале уште оние кои имаат по 4 споменувања, а тоа се 4 личности: БТ-6 сопственик на Мак-строј, ВЃ-8 - адвокат, ДГ-13, сега сопственик

соларна централа - Торпедо и ЗМ-19 сооственик на ТВ Тера. Другите 16 личности имаат помал број споменувања, од 0 до 3. (ПРИЛОГ – 18)

### 6. Дали постои скриена форма на моќ?

Иако е многу тешко да се препознаат делувањата во форма на моќ „зад сцената", во интервјуто сепак беа предвидени и некои прашања, односно потпрашања со таква намена. Кај прашањата за скриената форма на моќта се направи обид нештата да се откријат, или да се добијат индиции дали такви форми на моќ постојат. Така, на интервјуираните им беше поставено прашањето: ***дали според ваше мислење во Битола постои неформална моќна група, која влијае врз најважните одлуки за градот?***

Во одговорите на 20 личности, од вкупно 31 интервјуирано лице, стои дека ***тие не препознаваат или не знаат***, односно категорично тврдат дека не постои таква група. Самите одговори на овие 20 лица се движат од кратко: „не", до следните одговори: „не е дефинирана некаква група", „не верувам дека постои", "не постои групна моќ во Битола". Другите одговори со „не" гласеа: „не - освен политичкото (партиското) групирање", за да се затвори лепезата на одговори, со констатацијата – „сите работи се одвиваат преку партиското одлучување".

Оние интервјуирани кои во своите одговори навестуваат постоење на некаква неформална/и моќна/и група/и во Битола се вкупно 10 лица, а нивните одговори се движат во следниот распон: од „нешто веројатно постои - но немам сознанија", „мислам дека постои", „можно е да постои", „има и тука", преку – „постои", „тоа понекогаш е организирано настапување, но е нестабилно како структура", до квалификацијата дека „неа ја сочинуваат политичките и економските моќници, кои на незаконит начин се стекнале со економска моќ".

Компилирани, неколку од изјавите на интервјуираните можат да се замат како констатација за неформалното моќничко организирање во Битола: „Не постои групна моќ во Битола - таквата група не е целосно влијателна". „Постојат извесни групирања кои не се од траен карактер - се е од личен интерес, било преку партиска линија, или неколку личности кои создаваат извесен круг заради задоволување на бизнис интереси"... „Тоа е некогаш организирано настапување, но е нестабилно како структура".

Сосема конкретно, се појавуваат само неколку констатации, за тоа кои личности стојат, или ги водат тие неформални групи (ако такви групи воопшто постојат – н.з.): „покрај името на личноста СМ-34, кое се споменува два пати, по еднаш се споменуваат имињата на БК-3, ВТ-10, Т.К.[44] и Д.Ш.[45] – „кои го моделирале градоначалникот“ и имињата на уште две личности од нашата интервјуирана листа – ЛШ-24, БЅ-4, сопственичкиот партнер на БК-3[46], како и две лица кои беа на поширокaта листа креирана од нашите информанти: И.Д.[47] и Т.В.[48]. Кај преостанатите одговори може да се насети извесна доза на страв од отворен одговор, а тие одговори гласат: „не можам да ви кажам“ (2 интервјуирани) и „не би споменувал имиња“ (1 интервјуиран).

Споменатите имиња, земени како можни носители на неформална моќ, упатуваат на потребата од дополнително истражување, доколку се бараат сериозни сознанија за тоа дали постои неформална група на моќ во Битола, колку е таа моќна и евентуално, кој е нејзин лидер. Со самото тоа што повеќе од 1/3 од интервјуираните споменуваат постоење, може да се констатира дека паралелно со легалните и формални органи за одлучување: Совет и Градоначалник, некакви форми на влијание од аспект на неформалната моќ, сепак постојат. Бидејќи, еден од интервјуираните ја посочува улогата на „моделирање“ на градоначалникот, тоа упатува на размислување дека индиректно, некои личности од неформална/и група/и можат да влијаат, или влијаат, врз одлуките и ставовите на Градоначалникот, но веројатно не само врз него.

Ситуацијата, во која некои од интервјуираните имаат констатирано неформално дружење на другите посочени личности со градоначалникот, пред се на „групата на ЛШ-24“, може да асоцира на евентуално влијание, или обид за лобирање кај Градоначалникот, од страна на таа неформална група. Интересно е тоа што, помеѓу личноста која единствено е 2 пати посочена во неформалното групирање, СМ-34 и личноста на Градоначалникот, ВТ-10, не успеавме да дојдеме до сознанија, или барем индиции, за нивно меѓусебно неформално дружење.

---

[44] Трајан Котевски, советник на градоначалникот за економски прашања.
[45] Димче Шеровски, директор на Зоната Жабени.
[46] Пеце Стојановски, кој е сосопственик на претпријатието Стентон – градба и Градски паркинзи.
[47] Иле Дамчевски, еден од партнерите во претпријатието Лапор
[48] Трајан Вртковски, еден од партнерите во претпријатието Лапор, главен акционер во печатницата АД Киро Дандаро, сопственик на 2 банкет сали за свадби и свечености и радио-такси базата Пелиси.

Во овој дел, за можното постоење на неформална моќ, би можел да се вброи и одговорот, кој е врзан за улогата и постоењето на хуманитарните и други општествени организации. Во делот, кој го покренува прашањето дали во тие организации има тенденции тие да претставуваат неформална моќна група, од сите интервјуирани, 20 личности одговориле кратко и јасно: „НЕ“. Од нив, една личност тврди дека „не се влијателни, иако желба постои, но тие не работат да станат неформална моќна група“, а друга личност наведува дека, „можеби имаат таква намера, но јас не знам дали имаат таква моќ“.

Меѓу оние личности кои сметаат дека и во овие организации постои тенденција или обид, тие да делуваат како неформални моќни групи, две тврдења се следните: „да, се обидувале“, и „имало обиди за неформално групирање и внатре во организацијата, но и кон надвор“. Една личност споменува дека „имало таков обид во Ротари клубот - Битола, но порано“. Во одговорот на еден од интервјуираните, кој е член на Лајонс Клуб Битола се наведува дека „тенденции за неформално групирање како моќна група во клубот нема, затоа што не се влијателни, иако постои желба кај нив, но тие и не работеле на тоа“.

Врз основа на овие искази, може да се заклучи дека, тие како сознанија не се доволни за да можат да претставуваат некакво тврдење дека постои моќ „зад сцената“.

Од добиените сознанија може само да се констатира дека премногу кусиот период на заедничко делување, променливиот и непостојан состав на членството во хуманитарните и другите организации, и нивниот необврзувачки карактер за делување, се, можеби, главната причина што тие не се поставиле така, за да можат да делуваат како групирања со неформална моќ. (ПРИЛОГ – 19)

Ако се вкрстат членувањата во овие хуманитарни и други организации со имињата на личностите кои претходно се споменуваат како клучни личности меѓу интервјуираните, дека се носители на неформалната моќ во градот: СМ-34, ВТ-10, БК-3, ЈШ-24, ЦП-40 и ОК-31 ќе се добијат сознанија кои не упатуваат на постоење на посебна поврзаност меѓу едните и другите. Така Личностите БТ-6, РХ-26, СпМ-36, не се наоѓаат во споменатото групирање, а личноста ВТ-10, наведува одговор кој упатува на сознание дека некои од моќните личности во хуманитарните и општетсвените организации „се обидувале“, што значи дека всушност - не успеале да се изорганизираат.

Доколку пак се вкстат споменатите клучни личности за постоење на неформална моќна група, со партиската припадност на истите, кај дел од нив постои партиска припадност кон иста политичка опција: БК-3 и ВТ-10, како и двете личности Т.К. и Д.Ш., кои еден интервјуиран тврдеше дека го „моделираат" ВТ-10, припаѓаат на ВМРО-ДПМНЕ. Како клучна личност за неформалното групирање СМ-34 е спомената од лицаата БК-3, ЗК-19 и ЈШ-24, од кои првиот и вториот се партиски активни во ВМРО-ДПМНЕ, а другиот е поранешен функционер на СДСМ. Личноста СМ-34, која трипати е спомената како носител на неформална моќна група, во моментот нема директна партиска инволвираност. Од трите личности ЈШ-24, БЅ-4 и И.Д., двете личности кои ги интервјуиравме посочуваат дека порано биле политички активни, но дека сега не се. Овие личности беа порано активни актери во политиката на СДСМ, па за нив е интересно што како неформална моќна група, која делува сега кога на васт е друга политичка опција, за такво групирање ги посочува личноста, РХ-26, која исто така порано беше активен член и функционер на СДСМ, а сега е политички неактивен.

Оние кои сметаат дека сепак, има нефомални моќни групи, се две личности кои не се политички инволвирани. Првата личност ДГл-28, ги посочува како како клучни личности – во неформалната моќ, сосопственикот на БК-3, лицето П.С.[49] и лицето Т. В.[50], а втората личност ЈЈ-23 како клучна личност во неформална моќна група ја споменува личноста БК-3.

[49] Пеце Стојановски (Стентон – градба и Градски паркинзи)
[50] Трајан Вртковски (главен акционер во АД Киро Дандаро, сопственик на банкет салите Вавилон, радио-такси Пелси)

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУАЊА

Сосема свесни дека завлегуваме во една област на истражување, во која од домашни извори има оскудни истражувачки сознанија, но понесени од привлечноста на феноменот на моќта се одлучивме за предизвикот, или темата Структурата на моќта во Битола – Примена на Хантеровиот репутациски модел.

Предизвикот беше двоен, првиот, соочување со реалноста и правење обид да се остави скромен придонес во современата политичка историја на Битола, како град, со оставање еден опис и сведоштво на структурата на моќните личности, кои во даден историски пресек, 2011 – 2014 година делуваат во локалниот живот и сферата на политиката и економијата, и влијаат на секојдневните случувања во градот.

И вториот, дали е можно да се примени и да се провери дали функционира, нешто што е правено во друго време и на друг место, од страна на социологот Флојд Хантер, во сосема поинаков историски контекст (1950-1953 г.), во сосема поинаква средина (САД) во пет пати поголема градска населба - Атланта, во која еден истражувач се потрудил да утврди и да покаже дека е можно да се осознаат, и прикажат односите на моќ кои се присутни во таа заедницата, на еден реалтивно едноставен и научно издржан начин, за да не мора тој истражувачки проект да го остварува некоја поголема научна институција.

Така се „тргна на овој“ пат, во кој, методолошки, во најголем дел, беше направена реплика на репутацискиот метод на Флојд Хантер. Иако, за волја на вистината, споредувајќи ги двете стварности, Атланата (Регионалниот Град) и Битола, беше невозможно да се направи и примени се она што Хантер го направил во својата студија.

Во првата фаза беше спроведена селекција на можните ‘информанти’, или личности, кои со своето познавање на луѓето и средината во Битола, можеа да помогнат во утврдувањето на листата на моќни личности во Битола, и кои во сегашниот општествено-политички-економски момент ќе ги детектираат дел од личностите кои влечат одредени потези и влијаат на промените во животот на градот Битола.

Сметаме, дека нашите информанти успешно ја остварија својата работа, затоа што нивните предлози создадоја една листа која и обичниот познавач на животот на Битола, без многу дилеми и противење би ја прифатил, а која во најголем дел остана валидна и по спроведеното интервјуата, во кое самите моќни личности можеа да додадат и имиња по свое мислење и видување, и во многу нешта можеа да ја изменат сруктурата на првичната листа, што не се случи.

Дури 24 личности од листата на информантите од вкупно 55 понудени имиња од нивна страна беа потврдени како моќни личности во одговорите на 27-те интервјуирани моќници и 4-те дополнително интервјуирани личности. Најголемиот дел од првите 10 најмоќни, според искажувањата на интервјуираните, на прашањето: *Кој е најмоќен човек во Битола?*, ги наведоја оние личности кои се најмоќни и во листата на информантите.

Кај информантите недостасуваше само личноста ОК-31, која направи поинаков распоред меѓу првите 5 личности од листата на информантите. Голем скок и различна позиција доби како и личноста ЦП-40, која од 51 место, од вкупно 55 рангирани од информантите, заради сопственичките промени во стопанството на Битола се искачи дури на 4-тото место на најмоќни во листата која произлезе од интервјуираните моќници.

Информантите и интервјуираните, моќта на СМ-34 ја проценија исто - најмоќен. Може да се каже дека и моќта на ВТ-10 ќе беше оценета исто на двете листи, ако не го „претрчаше“ ОК-31 (по купувањето на контролните пакети на акции во Стопанска Банка ад Битола и ЗК Пелагонија). Само заради просечната оценка, на листата на информанти, СМ-34 (3,6) беше пред ВТ-10 (3,4), бидејќи бројот на номинации од информантите на двајцата им беше ист – по 13 за секого.

На листата за најмоќен човек во Битола, кај интервјуираните е петти ЗИ-17, а кај информантите трет е ЗК-18, што е логична разлика, бидејќи она што информантите го селектираа беше во 2011 г. а тогаш ЗК-18 беше на повисоки политички позиции и со поголемо влијание во владејачката партија од ЗИ-17, кој дури по 2013 г. сериозно напредна во својата позиција и влијание, откако стана пратеник, па кај интервјуираните моќници тој е рангиран пред ЗК-18, кој е слезе од третото место кај информантите, на седмо место кај интервјуираните.

Голема разлика меѓу рангирањето на шетопласираниот кај интервјуираните ЈШ-24, кој кај информантите беше на 18 место на листата. Сериозна разлика, но

позитивна за ДР-11 има кај листата на интервјуираните, каде таа е деветта, а на листата на информантите беше на 20 место.

Меѓу позицијата на ДМ-14 кај информантите (седми), а кај интервјуираните (осми) е навистина совпаѓање. Оваа проценка ќе ја завршиме со дессетопласираниот кај интервјуираните, ТТ-37, кој кај информантите беше единаесетти, што исто така е големо совпаѓање.

Сметаме дека дополнителни објаснувања и докажувања за позитивната и сериозна улога на информантите не е потребна, и дека согласно вербата што Хантер ја покажал кон своите информанти, и во нашиот случај, се покажа оправдана, значи со право и ние верувавме дека нашите информанти добро ја познаваат средината во која живеат.

Како и кај Хантер, и во наште интервјуа од моќниците беа посочени извесен број на личности, кои според ни се моќни и дека требале да бидат на листата, но за разлика од кај Хантер, каде некои имиња се повторуваа дури и од 5 интервјуирани, кај нас не се случи повеќекратно повторувања на тие имиња, за да мора да се ревидира листата.

Интервентните промени, кои од објективни и субјективни причини, дел од информантите ги посочија во листата, и беа направени заедно со истражувачот, се однесуваа на битните промени кои настанаа во позицијата на определени моќни личности во периодот 2011-2014 година, во животната ситуација на дел од личностите на првичната информантска листа, кои измени беа детално објаснети во вториот дел од нашето истражување.

Разлики во социјалното опкружување на моќните во Атланта и во Битола се резултат на различни историско - политички предиуслови. Во структурата на моќта локалните заедници на САД, а пред се во Атланта, која ја прикажува Хантер, доминира економкската моќ. За разлика од тоа во Република Македонија, и во Битола, според нашето сознание, во структурата на локалната заедница доминира политичката моќ.

Веројатно заради историскиот развој на САД и околностите на населување на таа држава во нејзината рана историска фаза од нејзиното конституирање, во структурата на моќните личности на Атланта, доминантна улога, а со тоа и во политиката и економијата на тој град, стекнале велепоседниците и сопствениците на земјиштето. Можеби ќе звучи премногу грубо, но не и невистинито, откако

насилно им беше одземена земјата на Индијанците, што беше своевидна акумулација на капиталот, по сто и педесет, до двеста години, заради големините на поседот, тој капитал создаде општествени слоеви кои доминираат со економијата, се длабоко навлезени во сите општествени пори и ја контролираат политиката, особено во локалната заедница.

По, Втората светска војна, сите државни напори на САД за инвестиции во развој, урбанизација и индустријализација, на сопствениците на земјиштата им донесоја дополнителни богатсва, заради цената на земјата, која стана атрактивна заради градежната експанзија и развој. Оттука, во обидот да се преслика или да се најде пандан на економските формални и неформални институции, здруженија и клубови („комитети“) кои постојат во градовите во САД, со слични институции или асоцијации кај нас, не беше можно, бидејќи и стопанската комора кај нас нема сериозно влијание врз социјалниот и политичкиот живот, како стопанските комори и здруженијата во градовите на САД.

Покрај велепоседниците или сопствениците на земјиштето, видна улога во Атланта во 1950-тите години имаа и сопствениците на индустријата, од локален или поширок карактер, финансиските моќници кои ги поседуваат локалните банки и претставништвата на банките со главни седишта вон Атланта, потоа постоеше и развиена филантропска култура кај определени богати семејства, кои наследно стекнатото богатство го користат и за одржување на сопствениот престиж.

Со други зборови, во Атланта живееше и делуваше една економски моќна групација, која неколку генерации наназад имаше суштинско влијание врз животот на градот. Независно кој колку е богат од нив, оние кои што биле на горниот дел од листата на најмоќни кај Хантер, според неговите сознанија, живеле во еден релативно компактен крај на градот, издвоен и изолиран, со сите погодности за лагоден живот, во еколошки зачувана, естетски и урбано добро уредена и станбено-конфорна периферија.

Хантер ги опишува и нивните деловни објекти, со детален опис на надворешниот и внатрешниот изглед, како и пристапот до самите личности, кој колку „филтер“ личности има како „препреки“, за да не може лесно да се стигне, или секој да стигне до моќната личност и да се оствари контакт, или разговор со неа. Значи, според описот на социјалното потекло, кај „неговата“ група на моќници, имаше еден горен слој, или повисок слој на моќничката листа.

Во својата студија Хантер наведува два интересни факти, дека во Атланта постојат два т.н. комитети, или асоцијации на најбогатите и најпрестижните личности, кои не се формални институции, но кои, според Хантер, целосно го контролираат креирањето на политиката, која потоа од неформална, преку институционалните форми, се претвора во формална моќ, речиси секогаш според волјата и интересот на економски најмоќните.

Да бидеме попрецизни, преку зборовите на Хантер: "Во општата општетсвена структура на животот во заедницата социолозите се склони да гледаат на институциите и формалните здруженија како на моќни сили, и лесно ќе се сложите со ваквото гледиште. Многу институции и здруженија се подредени, секако на интересите на креаторите на политиката, кои делуваат во економската сфера на животот на заедницата во Регионалниот Град (понатаму во текстот, РГ-н.з.). Институциите на семејството, црквата, државата, образованието, и слични, **немаат економско-институционални извори и затоа се подредени на оваа институција, повеќе од било кој** (подвлеченото е наше - н.з.). И двете категории, институциите и формалните здруженија играат витална улога во извршувањето на определена политика, но формулирањето на политиката често се одвива надвор од овие формални групирања. **Во групите кои ја формираат политиката, економските интереси се доминантни**" (Hunter, 1953:81-82).

„Не може некој, ниту во случајот на РГ, да гледа на организираните институции како креатори на политиката, ниту на формалните здруженија, кои се дел од тие институции. Но дозволете ни јасно да ја дефинираме улогата на организациите. Постојат поголем број на организирани групи во РГ: „Комората", „Чуварите на заедницата", „Ротари клубот", „Y.M.C.A.", „Советот на заедницата", „Здружението на Големата Порота", „Здружението на сопственици на барови" (Hunter, 1953:83).

**„Две формални организации** - (според интервјуираните личности кај Хантер – н.з.) - **беа спомнати, кои не се познати на пошироката заедница, но кои, од страна на луѓето со моќ, се сметаат за доста влијателни. Едната се вика „Клуб 49" а другата „Комитетот на 101.** Клубот 49 е многу селективна група организирана во РГ, на крајот од минатиот век. Тој е составен од група на мажи, кои се проминентни во животот на заедницата и кои во некоја инстанца имаат наследено место на списокот на членството. ***Клубот ги дискутира главните прашања на заедницата кои се дискутираат пред општите тела***

***кои се занимаваат со политика, за да се постигне договор за општите политички прашања.*** Неговите состаноци не се формални и често се одржуваат во домовите на членовите. Кога ќе умре некој член, неговото место не се пополнува еден временски период. Оној кој е одбран да ја пополни празнината е многу почестен. Неколку од врвните луѓе на нашата листа припаѓаат на овој клуб"

„'Комитетот на 101' е речиси ексклузивно посветен на дискусии за политички прашања. Тој дискутира за кандидати и определени прашања, но нема дејствување кон ниту едно прашање кое ќе дојде пред нив, ниту се прават формални записници за состаноците. Овие подоцнежни договорени предуслови исто така се изнесуваат пред Клубот 49. Членството во Клубот 101 се смета за привилегија, но не од таков ранг како во Клубот 49. И двата клуба имаат високи членарини, дел од кои се трошат за разонода на членовите" (Hunter, 1953:85).

„Ниту институционалните, ниту здруженијата, ниту економските групирања, не ја сочинуваат целината на моќната шема во РГ. Разликата помеѓу креирањето на политиката и извршувањето на политиката е нагласена и беше покажано, дека различни организации во заедницата можат да бидат многу важни, при спроведувањето на политичките одлуки. Сегментите на структурата која вклучува поединци и клики, особено оние кои се поврзани со повисоките групи кои донесуваат одлуки, се идентификувани. Уште една организациона компонента мора да биде анализирана пред да се поврзат заедно единиците на структурата на заедницата. Оваа компонента е онаа што може да се нарече флуидна структура на Комитетот. Комитетот е феномен кој е неизбежен во организираниот живот во заедницата во американските населби, села, мали градови, и големите градски центри. Речиси секоја активност од било какво значење во нашата култура мора да биде проследена и низ работата на комитетот, извршена од комитетот, и конечно потоа оценета од страна на комитетот. РГ не е исклучок од општото правило" (Hunter, 1953:88).

Донесените цитати погоре се повеќе од јасна слика дека во „светот на Атланта на Хантер", економски најмоќните личности ги контролирале сите канали на општествениот и политичкиот живот и влијаеле (било лично), било преку личности со кои имаат добри врски, или деловно влијание и контрола врз нив, на работата на Градскиот совет, каде формално се носат политичките одлуки во врска со урбаното живеење и организираниот живот во градот, *кои одлуки*

*всушност се пренесена волја на Комитетот 49*. Врвните моќници, кои го конролираат Клубот 49, ги имаат под влијание или во релации на меѓусебен респект, политичко-државните претставници во институциите, кои делуваат во Атланта, и имаат една култура на социјална комуникација и процес на размена на информации, и усогласување на ставовите и интересите, преку неколку места на јавно дружење, каде се вршат разјаснувањата и моделирањето на економско-политичката креација на интересите.

Идните потези на политички и економски моќната структура, преку статусните и наследени форми на доминација, се спроведуваат во локалното живеење. Политиката таму е присутна, но не е најважна карика, бидејќи таа всушност го реализира, со формално одлучување, она што претходно добило „јавно“ прифаќање низ „социјалните мрежи“ на моќните структури во Атланта. Со други зборови, државата (централната власт и политиката) и политката на локално ниво, го прават, во најголем дел, она, што доминантните економски чинители на Атланта го бараат.

Токму ова не може ниту да се види, ниту да се утврди во спроведеното истражување во Битола, пред се заради големата разлика во историските околности, развојот на политичкиот систем, кој е сосема различен со тој во САД и локалниот живот во Атланта. Токму на тие околности може да се базира констатацијата до која се дојде со истражувањето: Дека во Битола постојат економски моќни поединци, но не и моќни групи со стекната економска моќ, дека штом тоа не постои, не постои ниту влијание врз формите на политичката моч и владеење, кои во Битола (и Македонија) ги креираат интересите на заедницата и ги носат одлуките за нивно реализирање. Значи моќни поединци постојат, но не постојат ниту неформално организирани, ниту формално организирани, како тие кои делуваат во Атланта, со престиж, влијание и доминација врз креирањето на политиката.

Од истражувањето произлезе сознанието дека структурата на моќта во Битола, во околностите во кои се живее кај нас, и врз основа на реалните состојби и релации помеѓу политиката и економијата, поставеноста на улогите е сосема поинаква. Структурата на листата на најмоќни личности кај нас покажува поинаков социјален контекст, што е резултат на поинаква историска конструкција на акумулацијата на капиталот.

Листата на најмоќни битолчани, земена во целост, се состои од личности кои својот капитал го стекнале во најголем дел по Втората светска војна, или поточно во последните 30 години, кои немаат социјални корени кои покажуваат генерациски стекнат и пренесуван имот и богатство, ниту наследен престиж и култура на припадност на високи општествени слоеви, од типот на економските моќници на Атланта.

Во нашата поблиска историја (по Втората светска војна), се случува национално ослободување, но се случува и општествена преобразба, во која (народната, па потоа) социјалистичката државата го пресекува во корен недоразвиениот капитализам и насилно им ги одзема имотите (претежно на големите поседници на земја) и врши подржавување на приватната сопственост и имотите. Во Битола, во најголем дел од имоното население, покрај земјоделското земјиште и шумите, се одземаат и деловните простори во Чаршијата, или дуќаните, како што популарно се нарекуваа. За волја на вистината овде не се мисли на соработниците на окупаторот, кои ги казнуваше новата власт, туку на сите оние кои го надминуваа земјишниот максимум („кулаците“ – според сталиновата формулација).

Најголемиот дел од сопственоста станува општествена (државна), и таквата акумулација на капиталот во државни раце ја етаблира целата економска моќ како државната моќ, односно како политичка моќ, или политичка ‘семоќ’. И тоа, завиткано во идеолошката флоскула на социјалната правда и еднаквост, со претпоставена државна принуда, опстојува додека наеднаш после 50 години постоење „социјалистичките“ општества „не пукнат по шавовите“ и не се врати капитализмот.

Но, капитализмот кај нас се враќа со т.н. трансформација, која всушност е *нова првобитна акумулација на капиталот*, или „приватизација“ на општествениот капитал, креирана од политиката и реализирана од нејзина страна, за да биде најмногу во интерес на тогашниот актуелен менаџмент на претпријатијата, кого го контролираше последната структура на еднопартиската социјалистичка држава.

Исклучок во таа „првобитна акумулација на капиталот“ се вратените имоти на определен број граѓани преку процесот на денационализацијата - иако стварноста не беше праведна кон сите, па поединци уште водат процеси пред судовите за враќање на одземените имоти од социјалистичката држава.

И сето тоа, повторно го спроведува политиката, и повторно политиката е коренот и изворот на моќта, бидејќи тешко некој самиот може доброволно да се трансформира од доминантен контролор, во создавач на услови за нов економски и демократски амбиент на живеење. Политиката, до ден денес, задржува елементи на државно влијаење врз стопанството. Така, низ правен лавиринт на приватизацијата, почнува да настанува економска моќ на поединци во нашата средина, која мнозинскиот дел од населението, особено оние кои останаа без работа заради приватизацијата, ја сметаат за нечесна приватизација. Низ таква форма сега, настанува кај нас новата „првобитна акумулација на капиталот", секако многу поцивилизирана од таа која во САД се вршеше врз грбот на Индијанците и присвојувањето на нивната земја.

И бидејќи овој процес на приватизација последните години почна да ги покажува посериозните појавни форми на социјалното раслојување кај нас, а политиката сеуште со со својата доминација ги креира и спроведува законските измени и условите за стопанисување, таа може и ја крои судбината на стопанствениците, креирајќи или деградирајќи економски моќници, и покрај „идеалните" и целосно препишани закони од ЕУ и развиените капиталистички земји. Така, нашите новосоздадени економски моќници, се многу далеку социјалната позиција и моќ со која разполагаат економските моќници во Атланта која ја истражувал Хантер, за токму тие да ја креираат политиката и да влијаат на донесувањето одлуки, тука, како што можат да го прават моќниците таму.

Тоа е суштинската: историско-економско-политичката и социолошка разлика во која го спроведувавме истражување, кое формално може да се „пресади" како методолошка процедура, но не може да послужи како потврда, или негирање дека репутацискиот модел, по дефиниција, создава пирамидална структура на моќта, како што за моќта на Атланта тврдеа плуралистите. Но пред да се обидеме да ја „обликуваме" структурата на моќта во Битола, во некаква дефинирана рамка, да посочиме уште неколку важни разлики меѓу социјалното опкружување на Атланта и Битола.

Имено, дека кај нас не станува збор за долгогодишна, наследна и етаблирана економска моќ и нејзино групирање, покажува и ситуацијата што во Битола, не постојат посебни станбени квартови или локации, каде се сконцентрирани економски најбогатите семејства.

Уште во времето на социјализмот во Битола беа „компонирани" неколку нови станбени зони, покрај старото градско јадро. Најнапред во тоа јадро, во т.н. „Влашко маало" беа разрушени 50-тина куќи, за отворање на голем простор, за изградба на Дом на културата и во негова близина беа разурнати повеќе поголеми објекти на „Старата болница" за да се изгради еден станбен комплекс со 10-тина вискококатници, во кој се насели во тој момент еден поимашлив слој, но и инвестираа пари во станови првите разубедени „гастербајтери" дека ќе можат да се вратат и тука да започнат „бизнис" со парите кои ги спелачиле во странство. Но таа населба ниту оддалеку не може да се спореди со населбите на економските моќници во Атланта.

Втората станбена зона (60-70 години на минатиот век), каде имаше извесно групирање беше во населбата „Бактериолошка" и „Пејтон" (асоцијација на популарна американска тв-серија прикажувана на МРТВ во тоа време), локации каде изградија сопствени куќи 50-70 семејства, претежно тогашни директори, лекари и друг раководен кадар од поуспешните претпријатија. Тие имаа солиден станбен простор за наши услови, но тоа се објекти со мала дворна површина и „залепени" еден до друг. Неколку личности од денешната листа на моќници во Битола имаат свој станбен простор таму и од тоа време. Слична населба, во која се сместуваа оние кои беа во менаџерските тимови, но малку на пониско социјално ниво, како и други лица, од дијаспората, заинтересирани за наводно враќање во татковината, направија свои куќи во т.н. „Брусничка населба", каде моделот на градба беше ист, мала дворна квадратура, а куќата 200-300 м2 на 2 или 3 ката.

Тоа беше моќта, која можеше економски да се достигне, но тоа јасно покажува дека некои состојби на економската моќ во САД и овде, не можат да се споредуваат.

Затоа ние повеќе држиме до корисноста на примената на репутацискиот метод, во ова истражување како модел кој успева да издвои една група на личности како помоќни од самата средина која ги опкружува и да помогне тие да можат да се рангираат според основните елементи на моќта и сметаме дека во тоа беше успешна примената на моделот и тој, во основа може да биде применуван во секоја локална заедница, бидејќи репутацијата во основа се базира на ставовите и мислењата на луѓето (било, информанти, истражувачи или обични граѓани) за тоа дали некој е моќен во нивните согледувања за тоа каков е неговиот општествена

статус, секако врз основа на параметри, како богатство, влијание престиж, способност, врски и тн.

Поличичката и економската моќ во Битола можат да се сфатат како појави кои од фаза на апсолутна доминадијата на првата, преоѓаат во фаза на ривалитет на моќта, со тенденција во иднина да остварат адаптација преку меѓусебно респектирање и да опстојуваат со заедничка употреба на моќта преку интегрирање.

Овде ќе се навратиме на изворот на формалната политичка моќ кој беше споменат во почетокот на Вториот дел од нашиот труд, каде зборувавме дека главните полуги во општествениот живот на заедницата, односно во спроведувањето на надлежностите на општината, се реализираат преку двете одлучувачки тела во локалната власт - Советот и Градоначалникот. При тоа беше објаснето дека структурата на советот, па и самата личност на градоначалникот, барем кога е во прашање Битола, покажуваат голема политика зависност од политичките партии кои ги кандидирале и со организацијата на изборните кампањи, им овозможиле да бидат избрани на нивните функции.

Политичките партии во нашиот политички систем, барем досега, се централизирани и строго контролирани субјекти, од страна на лидерите и централните и извршните органи на партиите, чии седишта и административна структура, во најголем дел, се лоцирани и делуваат во главниот град на државата. Неприкосновената лидерска позиција на личностите кои ги водат политичките партии кај нас, и структурата на личностите кои ги опкружуваат нив, а на тој начин заедно со нив, ја контролираат партиската структура и моќ, е појава за која се вршени определени истражувања во нашата наука.

Структурата на локалната власт во Битола во периодот од 1995 година, од кога во Република Македонија стартува реформа на локалната самоуправа, со тенденција за нејзина поголема автономија во однос на централната власт, се состои од формалната моќ која според Законот за локална самоуправа ја имаат советниците и градоначалникот и тие одлучуваат согласно надлежностите што ги имаат.

Овде би можело да се постави како важно прашањето: Дали избраните советници (од граѓаните, но посредно, преку партиксите листи) и

градоначалникот (избран непосредно од граѓаните) одлучуваат според интересите и потребите на граѓаните, или според интересите и потребите на политичката партија која им овозможила да се стекнат со позиција, односно со политичка моќ. Моделот на избор на советници и градоначалник, без разлика што е пропорционален за советниците, и мнозински за градоначалникот, има една „котва“ со која партиската моќ, особено моќта на лидерот на партијата, ја прави неприкосновена, во поглед на поднесувањето на кандидатурите за советничката листа и за градоначалник. Тоа е моќта на потписот на лидерот на политичката партија, или (овластениот потписник во негово име), во момемнтот кога се поднесува кандидатурата, пред Изборната комисија, за кандидатите да можат да влезат во изборната трка.

Покрај таквото „укотвување“, има уште еден фактор кој мора да биде спомнат, а тоа е претпоставената и реалната поддршка на структурата на партијата/коалицијата, која стои зад изборната кампања на кандидатите на советничката листа и градоначалникот, од што произлегува „задолжувањето“ (техничко или морално) кое уследува во однос на релацијата: советник – партија/коалиција, која го кандидирала му ја реализира кампањата, и градоначалник - партија/коалиција која го кандидирала и му ја реализира кампањата.

Откако советниците и градоначалникот ќе ги добијат верифицираните мандати, односно ќе ја завземат формално-правно функцијата, од тој момент, произлегува следното прашање: според чиј интерес, избраниот советник, кој дошол во Советот преку партиската листа, ќе одлучува или ќе гласа за одлуките, за кои ќе расправа Советот? Односно според чиј интерес ќе управува градоначалникот, кој го избрале граѓаните непосредно, но кој го кандидирала и му ја донесла победата, партијата/коалицијата која го кандидирала?

Во најчест случај во досегашните искуства со локалните избори во Битола советниците, било на листата на позицијата или опозицијата, биле избрани преку поднесени изборни листи на политички партии.

***Структура на општинската власт во Битола во периодот 1995-2014 г. според добиените мандати на локалните избори***

| Год. | Градоначалник | Положба во власта | ПАРТИЈА – КОАЛИЦИЈА | Број на советници |
|---|---|---|---|---|
| 1996 | СИЛЈАН МИЦЕВСКИ | ПОЗИЦИЈА | СДСМ - коалиција со ВМРО-ДП | 12 |
| | | ОПОЗИЦИЈА | ВМРО-ДПМНЕ - коалиција со ЛП и ДП | 11 |
| | | | ВКУПНО | 23 |
| | | | | |
| 2000 | ЗЛАТКО ВРШКОВСКИ | ПОЗИЦИЈА | СДСМ - коалиција со ЛДП, ЛД и СПМ | 13 |
| | | ОПОЗИЦИЈА | ВМРО-ДПМНЕ – коалиција со ДА | 9 |
| | | | Независен - ЛПМ | 1 |
| | | | ВКУПНО | 23 |
| | | | | |
| 2005* | ВЛАДИМИР ТАЛЕСКИ | ПОЗИЦИЈА | ВМРО-ДПМНЕ – коалиција со ВМРО-НП | 18 |
| | | ОПОЗИЦИЈА | СДСМ – коалиција со ЛДП, ЛП И ДУИ | 13 |
| | | | ВКУПНО | 31 |
| | | | | |
| 2009 | ВЛАДИМИР ТАЛЕСКИ | ПОЗИЦИЈА | ВМРО - ДПМНЕ - коалиција со ДОМ, ДС, СПМ, Партија на Власите и ПОДЕМ | 18 |
| | | ОПОЗИЦИЈА | СДСМ - коалиција со ВМРО-НП | 13 |
| | | | ВКУПНО | 31 |
| | | | | |
| 2011 | ВЛАДИМИР ТАЛЕСКИ | ПОЗИЦИЈА | ВМРО - ДПМНЕ - коалиција, | 17 |
| | | ОПОЗИЦИЈА | СДСМ - коалиција | 14 |
| | | | ВКУПНО | 23 |
| **По 2004 година со новата територијална поделба на РМ бројот на советници во Општина Битола се зголемува од 23 на 31* | | | | |

Значи, и според табеарниот приказ даден погоре, може да се види дека во Битола, во периодот од 1995 г., до денес не се случило некој да добие советничко место, ниту пак да стане градоначалник, како личност која била кандидирана од

група на избирачи, или да била „непартиска“ личност. Штом е така, тогаш, е легитимно и прашањето кое го поставуваме: чии интереси застапуваат тие?

Бидеќи ова прашање отвора, спорен нас интересна тема, сметаме дека таа состојба и појава, би можела, во иднина да биде предмет на научни истражувања и да покаже колку и како моќта на локалните политички функционери може да биде ставена во функција на реално подобрување на условите за живот на граѓаните на Битола, и на кој начин, споната меѓу граѓаните и политиката, би можела да биде канализирана, за да биде во интерес на поефикасно остварување на потребите на граѓаните.

Но, да се навратиме повторно на нашата претпоставка, според која политичката и економската моќ во Битола, барем според добиените сознанија од нашето истражување за моќните личности во Битола, се два паралелни света, односно неконзистентна и недооформена структура на моќта.

Бидејќи сметаме, дека политичката моќ во Битола, во суштина е партиска моќ и дека во однос на неа, не се сосема јасни и видливи односите и релациите на носителите на економската моќ во нашата средина, би можеле да заклучиме дека во Битола нема структурално изградена и дефинирана локална економска моќ, која би можела фомално, преку општествено-политичкиот систем да ја загрози или ограничи политичката моќ, која системот ја создава преку механизмот на избори и другите закони кои им даваат надлежност и права на политичките институци: Совет и Градоначалник. Оттука сите одлуки кои тие ги носат, без разлика колку економска содржина имаат тие, можат да се сметаат за исклучиво политички, а преку „укотвеноста“ на тие институции за интересите и механизмите на контрола на владејачката партија која ги добила изборите, фактички за институционално покритие на политичката моќ.

Авторот на овој труд, работејќи како новинар, известувач за работата на Советот и Градоначалникот во локалните весници во Битола, „Битолски весник“ и „Его“, а потоа како претседател на огранокот на политичката партија ДОМ (која беше застапена со еден советник во владејачката коалиција во Советот во периодот 2009-2011 г.), редовно присуствуваше, и со *непосредно набљудување* на седниците на Советот, можеше, јасно да согледа дека сите гласања беа партиски инструирани, односно колективно партиски остварувани. Ако и се случеше некаква разлика (еден до два гласа помалку, било „за“ или „против“, тие беа

заради отсуство, или моментално отсуство од седницата на член на советот, независно дали стануваше збор за позиција или опозиција, или со гласање „воздржан", што деловнички беше дозволено и не повлекуваше обврска на советникот да образлага зошто е воздржан.

Евиденцијата за потврда на ова е проверлива и достапна, со едноставен увид во записниците од седниците на Советот, кои се чуваат во Општинската архива, но сметаме дека тоа треба да е основен предмет согледување на некој друг труд, кој ќе се занимава со примена на Методот на донесување на одлуки.

Инаку, во Гласникот на Општина Битола се објавуваат сите донесени одлуки од седниците на советот, но таму не се наведува со колку гласови „за, против или воздржани" тие се донесени, и кој советник од која партија/коалиција како гласал, што може да се види само од записниците, иако содржината на самата одлука, датумот и деловодниот бројот на седницата се наведени во објавите во Службенио гласник.

Со намера да се докаже дека е партиско-политички доминирана формалната моќ на советниците, и Градоначалникот, треба да се посочи уште еден механизам на врзување за партијата и партискиот интерес. При номинацијата на кандидатите за советници, постои можноста на т.н. „врзано кандидирање", кога партијата која го кандидира кандидатот за советник, бара тој да депонира и своерачно потпишана изјава во која наведува дека поднесува оставка на своето советничко место. Таквата изјава, партијата ја чува како гаранција за неговата кооперативност и може да ја активира во секој момент кога советникот нема да ги остварува интересите на партијата во Советот.

Согласно моделот на добивање мандати, штом лицето „х" поднесува оставка, Советот, по предлог на Комисијата за мандати и именувања, го верифицира мандатот на следниот кандидат за советник, кој бил на листата на партијата/коалицијата. Така, „врзаната кандидатура" го „цементира" интересот на партијата, па формалната моќ, иако е претставена преку личности - советници, фактички е партиска моќ, која ја ограничува слободата на мислење и делување на советникот во работата на Советот.

Сега да ја споредиме ситуацијата на Атланта со нашата реалност. Одлуките со политичка конотација таму ги креираше економската моќ, а ги формализираше како политичка моќ Градскиот совет. Кај нас, од изјавите на интервјуираните, особено за прашањата од урбанистичката сфера, можеше да се види дека и покрај

економската моќ со која тие како стопанственици располагаат, тие во суштина зависат и мораат да се повинуваат на политичката моќ на Советот и Градоначалникот.

Во оваа релација постои простор за посебно научно истражување, со кое ќе се утврдат начините и механизмите, како и дали економскиот интерес на стопанствениците влијаел, и дали може да влијае, врз креирањето на политичките одлуки, кои ги донесува Советот на Општината. На пример, едно такво истражување веројатно ќе може да покаже дали идејата и реализацијата на станбената развојна зона „Касарна" беше покрената како резултат на политичката платформа на партијата/коалицијата на власт со иницијатива само на локалната власт во Битола, дали беше идеја на централна власт, или пак, зад неа стојат и успеале да ги валоризираат бизнис интересите некои економски моќници од градежната сфера од Битола, или пошироко, заради остварување на профит од тој проект.

Во Битола не постојат клубови од типот на Клубот 49 или Клубот на 101 како во Атланта, за преку дебата на економските моќници да може да се профилираа потребата за изградба на таква станбена зона, кога во градот постои вишок на празни станови и кога добар дел од тие празни станови нема да се „пополнат", затоа што се сопственост на лица од дијаспората, кои со починување на првата генерација иселеници во тие земји, нивните поколенија се помалку планираат враќање во Битола. Секако, и оваа тема може да биде интересна за некое друго истражување.

Од добиените сознанија со истражувањето, кај истражувачот постои силен впечаток дека одлучувањата на Советот и Градоначалникот на една страна, и потребите и стопанските активности на поголемиот дел од личностите на листата на најмоќни битолчани се две паралелни „пруги", кои само понекаде се вкрстуваат, и ако се вкрстат, тоа се прави само за да се смени пругата, а потоа повторно возењето е паралелно, а не заедничко?

Можеби овие податоци кои ги наведуваме подолу можат тоа да го посведочат, бидејќи ќе ги посочиме меѓусебното познанство - досегашната соработка и идна можна соработка на личностите кои беа интервјуирани, особено на првите 10 најмоќни на листата од 40 мочни битолчани.

Во обидот да се утврдат извесни релации или можни врски помеѓу најмоќните личности во Битола, согласно добиените одговори од интервјуата, настојувавме од поинаков агол да ги согледаме одговорите, за тоа кого тие добро го познаваат, со кого соработувале во изминатите пет години и со кого би сакале да соработуваат во некој нареден значаен проект за градот. Иако овие елементи на анализата беа претставени во Третиот дел на дисертацијата, сметаме дека можеби можат да произлезат поинакви видувања и релаццин ако уште еднаш, од друг агол ги споредиме нивните искажувања.

Од листата на најмоќни, од интервјуираните личности произлезе дека **личноста ДМ-14** е личност која „добро" познава вкупно 34 лица и која ги познава сите 10 најмоќни, а „добро" ја познава и 11-тата личност по ред, а самиот тој спаѓа во најмоќните 10 (***7-ми по ранг во најмоќните***). Во изминатите 5 години ДМ-14 соработувал со ЗЖ-16, ЗИ-17, ЗК-18 и СМ-34, од листата на првите 11 најмоќни, а во иден проект би сакал да соработува со следните личности од најмоќни: ЗИ-17, ЈШ-24 и СМ-34. Тој исто така е и личност од листата на најмоќни кој доби најмногу гласови дека 14 личности, од 27-те интервјуирани, сакаат во иднина да соработуваат со него, меѓу кои најголем дел се стопанственици, но има и двајца политичари ЗИ-17 и ЗК-18, еден е синдикален лидер ЖМ-15 и еден беше ректор набитолскиот универзитет – ЗЖ-16. Од листата, од 10-те најмоќни, со него сакаат да соработуваат ЗИ-17, ЗК-18, значи двајцата политичари и урбанистот ЈШ-24. Инаку ДМ-14 е член на Ротари клубот од Битола, во поглед на влијанието на хуманитарните организации смета дека „или немаат, влијание, или немаат битно влијание", а во Ротари клубот е член, заедно со личностите БТ-6 и РХ-26, додека во поглед на постоење на неформална моќна група во Битола смета дека „постојат извесни групирања кои не се од траен карактер - се од личен интерес, било преку партиска линија, или неколку личности кои создаваат извесен круг, заради задоволување на бизнис интереси", при што не споменуваше имиња. Инаку, ДМ-14 не е член на политичка партија.

Покрај личноста ДМ-14, која „добро" познава најмногу од личностите на листата, други личности кои „добри"познаваат најмногу линости од најмоќните се: ДС-12, ЈА-30, БЅ-4, СЈ-33, ЈШ-24, СП-35, РХ-26 и БТ-6.

**Личноста ВТ-10**, или градоначалникот на Битола е ***трето рангирана личност на листата на најмоќни***. Според неговите искажувања од вкупно 40 личностии на листата на најмоќни, тој добро познава само 7 личности. Од првите 11 најмоќни тој тврди дека **„добро“ не познава ниту една од личностите**, и дека има „контакт“ со 4 личности од 11-те најмоќни и тоа со: ДР-11, ЗЖ-16, ЗИ-17, ЗК-18, додека 6 личности познава преку „јавниот живот“ и тоа: ДМ-14, ЈШ-24, ОК-31, СМ-34, ТТ-37 и ЦП-40.

На прашањето со кои личности од 11-те најмоќни тој соработувал во изминатите 5 години, тој изјави дека соработувал со: ДР-11, ДМ-14, ЗЖ-16, ЗИ-17, ЗК-18, ЈШ-24, и СМ-34, а на прашањето со кого од 10-те најмоќни би сакал да соработува на иден проект, тој ја посочи само личноста ЦП-40.

Интересно беше да се види кои личности ВТ-10 ги познава „добро“, бидејќи ниту една од нив не е на листата на 10 најмоќни, тие се: БК-3, БЅ-4, БН-5, БТ-6, ВЃ-8, ВМ-9 и ИБ-21. Од нив, тој во листата, каде кажува дека имал добра соработка во изминатите 5 години, ги споменува само лицата БК-3, БН-5 и БТ-6. Во оваа група на личности кои градоначалникот ги познава „добро“, првите 4 личности се занимаваат со градежни работи, 2 личности (ВЃ-8 и ВМ-9) се адвокати, додека личноста ИБ-21 е сопственик на претпријатие за скапоцености, часовници и накит. Личноста, БК-3, со Општината има договор за јавно приватно партнерство за стопанисување со паркинзитете во градот, а БН-5 изведуваше градежни работи за Општината: кружниот тек и мостот на Реката Драгор кај и градбата на Киното Манаки (во спомен на Браќата Манаќи) на Широк Сокак. Личноста БТ-6, има изведувано дел од работите за изградба на тротоарите во градот.

Доколку се погледне релацијата на политичката активност или припадност на личноста ВТ-10 и личностите кои тој ги познава „добро“ може да се констатира дека со дел од нив, партиската припадност и дружењето на основа на тоа, можеби имале влијание на взаемното развивање на добри односи. ВТ-10, БК-3 и БТ-6, ја посочуваат сопствената партиска припадност кон ВМРО-ДПМНЕ и се гордеат со припадноста кон таа партија, а БК-3 потенцира и дека е еден од основачите на таа партија. Од друга страна пак, личностите БЅ-4 и БН-5, кои ВТ-10 тврди дека ги познава „добро“ сега не се активни политички, но кога беа, беа активни во СДСМ.

ВТ-10 не се изјасни по прашањето дали во Битола постои неформална моќна група, а за хуманитарните организации смета дека немаат некоја улога во животот наградот бидејќи „она што досега го оствариле не е од големо значење - тоа го прават во суштина за компензирање на некој статус кој не го стекнале“. Во поглед на соработка за некаков иден проект ВТ-10 е најмногу посочуваната личност (14 пати), заедно со ДМ-14, за парнер со кој би соработувале во иднина, а од првите 11 на јмоќни со него би сакале да соработуваат личностите: ВК-2, БК-3, БЅ-4, ВВ-7, ВМ-9, ЖМ-15, ЗЖ-16, ЗИ-17, ЈЈ-23, ЈА-30, ТоТ-38, и секако претседателот на Советот, СА-41, ЃИ-42 и директорот на РЕК, ЈК-44, кои се и партиски соработници со него, а исто така би сакал да соработува и шефот на правната служба на Општината, ЈГ-43.

**Меѓу** 10-те најмоќни личност **е и личноста ЈШ-24**, кој е ***рангиран на 6-тото место на листата***. Тој посочи дека „добро“ познава само 7 личности од првите 11 личности од листата, додека со личностите ДР-11 и ЗИ-17 има „контакт“, а личноста ТТ-37 ја познава „слабо“, додека од целата листа со 40 најмоќни потврди дека „добро“ познава 23 личности. ЈШ-24, изјави дека во изминатите 5 години добра соработка, со оние кои се меѓу 11-те најмоќни, имал со лицата: ВТ-10, ДМ-14, ЗЖ-16, СМ-34 и ЦП-40, а во некој иден проект, од тие 11 најмоќни, би сакал да соработува само со ДМ-14. Инаку ЈШ-24 за иден партнер во некаков проект во општината го посочија 12 личности, од кои од листата на првите 11 најмоќни, се личностите: ДМ-14, ЗЖ-16 и ЗК-18.

Оваа личност не е член на хуманитарна организација и смета дека тие што членуваат во тие организации го прават тоа заради „снобистичко себепокажување“ и смета дека немаат битна улога во животот на градот. Тој изјавува дека во Битола нема неформална моќна група, но како водечки личности кои би можеле да имаат улога во евентуална таква група/и ги споменува Силјан Мицевски (СМ-34) и (градоналаникот Владимир Талески (ВТ-10). Интересно е што и личноста Јорго Шундовски (ЈШ-24) е спомената од лицето Раде Христовски (РХ-26) во исказот дека во Битола е постои неформална моќна група, а дека меѓу петте личности кои ги споменува, лицето ЈШ-24 го посочува како водечка личност во неговата група, каде споменува уште две личности: Ице Дамчевски (И.Д.) и Благој Ѕалев (БЅ-4), а дугите двајца ги поврзува со

градоначалникот ВТ-10, кои наводно „го моделираат", а тоа се Трајче Котевски (Т.К.) и Димче Шеровски (Д.Ш.).

Од листата на најмоќни, од првите 10 личности, ние не успеавме да ги интервјуираме личностите **ОК-31 и ЦП-40**, од кои ***ОК-31 е второ рангирана личност*** на листата на најмоќни, а ***ЦП-40 е четврто рангирана***.

Од одговорите на интервјуираните личности, произлегува дека **личноста ОК-31**, само 3 личности: ДМ-14, ЛШ-24 и СЈ-33 ја познаваат „добро", при што личноста ДМ-14 и ЛШ-24 се наоѓаат во првите десет на ранг листата на најмоќни личности. Дека личноста ОК-31 ја познаваат од „јавниот живот", потврдија вкупно 12 интервјуирани, од кои само ЗИ-17, кој е на петтото место, меѓу првите 10 најмоќни (а 2 личности не се од листата на најмоќни, туку од дополнително интервјуираните 4 личности).

Дека има „контакт" со ОК-31 наведува само личноста ТТ-37, која е на листата на најмоќни рангирана на 10-тото место. Дека слабо го познаваат се изјасниле 2 личности (БТ-6 и СП-35), а дека „не го познаваат" наведуваат 7 личности од листата на најмоќни: БЅ-4, ВЃ-8, ВМ-9, ДС-12, ЈЈ-23, РХ-26, ДГл-28 и едно лице, ЌИ-42 од дополнително интервјуираните.

Во одговорот на прашањето со кого соработувале добро во изминатите 5 години, личноста ОК-31 ја споменуваат само лицата: ВК-2, ЗИ-17, РХ-26, СЈ-33, СП-35, ТТ-37, како и личноста ЈК-44 од дополнителната листа. Дека во иднина би сакале да соработуваат во некаков проект со ОК-31, се изјаснија: ВК-2, БЅ-4, БТ-6, ВВ-7, ВМ-9, ЈА-30, СЈ-33, СП-35, ТТ-37, ТоТ-38 и од дополнително интервјуираните, лицата СА-41 и ЈК-44.

**Личноста ЦП-40**, која е четврто рангирана меѓу десетте најмоќни, тврдат дека „добро" ја познаваат 13 личности, од кои од 10-те најмоќни ЦП-40 „добро" е познаван само од ДМ-14. Од „јавниот живот" ЦП-40 го познаваат вкупно 7 лица, а од нив меѓу 10-те најмоќни се личностите ВТ-10 и ЗИ-17, додека 1 лице од 4 дополнително интервјуирани, исто така тврди дека ја познава од „јавниот живот". Пет лица тврдат оти „слабо" ја познаваат личноста ЦП-40, од кои две лица: ДР-11 и ТТ-37 се на потесната листа од 10 најмоќни. Личноста ЦП-40 изјавија дека „не ја познаваат" само лицата ВМ-9 од листата на 40 најмоќни и личноста ЌИ-42, од дополнителната листа. Дека со ЦП-40 во изминатите 5 години добро

соработувале, наведуваат следните личности: ВК-2, БК-3, ЅЅ-4, ВМ-9, ЖМ-15, ЗИ-17, ЈЈ-23, ЛШ-24, ЈА-30, СП-35 и од дополнително интервјуираните ЃИ-42. За пожелна идна соработка на некаков проект со ЦП-40 се изјаснија: ВК-2, ЅЅ-4, ВВ-7, ВМ-9, ВТ-10, ЈА-30, СП-35, ТоТ-38, што значи од литата на десетте најмоќни, само ВТ-10, а ЈК-44 е од дополнително интервјуираните.

**Личноста ЗИ-17,** која е ***петто рангирана*** на листата на најмоќни личности, за која изјавиле дека „добро" ја познаваат 13 личности, од кои меѓу 10 најмоќни се само личностите ДР-11, ДМ-14 и ТТ-37, дека ја познаваат од „јавниот живот" се изјасниле 3 личности, од кои една од дополнителната листа, дека имаат „контакт" се изјасниле шест личности, од кои една од дополнителната листа, а две личности ВТ-10 и ЛШ-24 од листата на 10 најмоќни. Дека „слабо" ја познаваат се изјасниле само 4 личности, а ниту една личност од интервјуираните на навела дека „не ја познава". За успешна соработка во изминатите 5 години со првите 11 личности од литата на најмоќни ЗИ-17 се изјасни за следните лица: ВТ-10, ДМ-14, ЗЖ-16, ЗК-18, ЛШ-24, СМ-34, и ЦП-40. Кога е во прашање соработка на иден проект, тој би сакал да соработува со следните лица од првите 10 најмоќни: ВТ-10, ДМ-14, ЗК-18 и ТТ-37.

За иден партнер во можен проект за Битола ЗИ-17 сакаат да ги имаат: 11 личности од кои на листата меѓу првите 11 најмоќни се: ДМ-14, ЗЖ-16, ЗК-18 и ТТ-37, а од дополнителната листа СА-41 и ЈК-44. Во оваа варијанта меѓу оние кои „добро" ги познава и „добро" го познаваат, како и оние кои сакаат да соработуваат со него во иднина, а се од партиско политички аспект присутни исказите на следните личности: ЗК-18, БК-3, СА-41 и ЈК-44, кои би сакале да соработуваат со него, а тој би сакал да соработува со ВТ-10 и ЗК-18.

Личноста ЗИ-17, смета дека во Битола не постои неформална моќна група и дека хуманитарните организации немаат некоја улога во животот на градот.

**Личноста ЗК-18**, која е ***седмо рангирана*** меѓу првите 10 најмоќни битолчани, неа, дека „добро" ја познаваат, се изјаснија 13 личности, од кои на потесната листа од 10 најмоќни се ДР-11, ДМ-14, ЗИ-17, ЛШ-24, ТТ-37, од 10 најмоќни, само личноста ВТ-10 изјави дека „има контакт", и од дополнителната листа, личноста СА-41. Дека ја познаваат личноста ЗК-18 од „јавниот живот"

изјавија 6 лица од листата и 1 лице од дополнителната листа, а дека „слабо“ ја познава, изјави само едно лице, и едно лице дека „не ја познава“.

На прашањето со кои личности најдобро соработувал во изминатите 5 години, ЗК-18 од првите 11 најмоќни, ги посочи следните личности: ВТ-10, ДМ-14, ЗЖ-16, ЗИ-17, ЛШ- 24, СМ-34, ТТ- 37 и ЦП-40, додека идна соработка меѓу првите 10 би сакал да има со: ДМ-14, ЗИ-17, ЛШ-24 и СМ-34. Како личности, кои со ЗК-18 би сакале да соработуваат во иднина се изјаснија: 8 личности од листата на 40 и 2 од дополнителната листа, при што од оние кои се со него со иста политика припадност, за идна соработка се изјаснија: БТ-6 и ЗИ-17, како и личноста од дополнителната листа ЈК-44.

Интересно е искажувањето на личноста ЗК-18, која не е членн на некоја хуманитарна организација и смета дека тие организации имаат сосема мало влијанире во животот на градот, одобрно на прашањето: Дали според негово мислење во Битола постои и некоја неформална, но моќна група, која влијае врз најважните одлуки во градот? Тој како личности кои имаат клучна улога во таквото групирање ги наведе следните: градоначалникот (ВТ-10), како и Цветан Панделевски (ЦП-40), Орце Камчев (ОК-31) и Силјан Мицевски (СМ-34).

Тука ќе ги наведеме уште познавањата од страна на интервјуираните две личности, кои се деветто и десетто рангитрани.

***За деветто рангираната личност, ДР-11,*** изјавиле дека „добро“ ја познаваат 6 лица од интервјуираните и 1 лице од дополнителната листа, а од 10-те најмоќни, неа „добро“ ја познава само ДМ-14. Од „јавниот живот“ неа ја познаваат само 2 личности, имаат „контакт“ 7 личности, од кои четири се од 10-те најмоќни: ВТ-10, ЗИ-17, ЗК-18 и ЛШ-24, а дека „слабо“ ја познаваат се изјасниле 3 личности, како и една личност од дополнително интервјуираните. Дека „не ја познаваат“ се изјасниле 6 личности, од кои едната личност, ТТ-37, е од 10-најмоќни. Со кои личности соработувала во изминатите пет години, ДР-11 не сакаше да одговори, ниту пак да посочи со кого би сакала да соработува на евентуален иден проект.

**За десетто рангираната личност, ТТ-37** од листата на најмоќни изјавија дека „добро“ ја познаваат 12 лица, меѓу нив само личноста ДМ-14 е од 10-те

најмоќни, а 2 личности се од дополнителната листа. Дека ја познаваат од „јавниот живот“ се изјаснија 6 личности, од кои само ВТ-10 е од листата на 10-те најмоќни. Дека имаат „контакт“ се изјаснија 3 личности, од кои само ЗИ-17 е од листата на 10-те најмоќни, а дека ја познаваат „слабо“ се изјаснија 4 личности, од кои една е од дополнително интервјуираните, и дека „не ја познаваат“, се изјаснија 2 личности, од кои едната, ЈШ-24 е од листата на 10 најмоќни.

Личноста ТТ-37 во изминатите пет години имала успешна соработка со следните 11 најмоќни личности од листата: ВТ-10, ЗЖ-16, ЗИ-17, ЗК-18 и СМ-34. Тој посочи дека на иден проект би сакал, од 11-те најмоќни на листата, да соработува со следните личности: ЗЖ-16, ЗИ-17, ЗК-18 и ОК-31. Личноста ТТ-37 како партнер за иден проект би сакале да ја имаат 6 личности, од кои на листата од првите 10 најмоќни, е само лицето ЗИ-17.

На прашањето дали постои некоја неформално моќна група во градот, тој ни даде интересен одговор – „да, партијата“. А за хуманитарните организации смета дека имаат влијание, на некој начин.

Бидејќи со **личноста СМ-34**, која е наведена како ***најмоќна на листата,*** не успеавме да реализираме интервју, овде ќе споменеме само дека за него тврдат дека „добро“ го познаваат 19 личности од вкупно интервјуираните 27, од листата на најмоќни и 3 личности од дополнително интервјуираните, што значи него „добро“ го познаваат 21 од вкупно 31 интервјуирани личности

Интересно е што за СМ-34, некои од личностите ги даваат следните одговори: ВТ-10, ЉП-27 и ЈК-44 посочуваат дека СМ-34 го познаваат од „јавниот живот“, а личностите: ЗЖ-16, ЗИ-17, ЈЈ-22 и ТТ-37 дека со СМ-34 „имаат контакт“. Иако една личност не даде одговор на ова прашање би можеле да кажеме дека со личноста СМ-34, едната личност: ЗК-18, сигурно имала „контакт“, кога ЗК-18 беше генерален директор на РЕК Битола, каде претпријатието на СМ-34 подолг временски период има деловни активности.

Во искажувањата на 20 личности од листата стои дека тие имале добра соработка со СМ-34 во изминатите 5 години, од кои од првите 11 личности на листата, имале добра соработка: ВТ-10, ДМ-14, ЗИ-17, ЗК-18, ЈШ-24, ТТ-37, и од дополнителната листа, ЃИ-42 и ЈК-44. Во иднина, на некаков иден проект со СМ-34 изјавија дека би сакале да соработуваат 15 личности, од кои во групата на

првите 11 најмоќни спаѓаат: ДМ-14 и ЗК-18, а од дополнителната листа СА-41 и ЈК-44.

Ова што може да се заклучи од претходно пренесените добри познанства, добра соработка, пожелна соработка во иднина, и евентуалното постоење на моќни групи и припадност на некои хуманитарни организации и тн., се само можни предуслови за некакво идно создавање на групи, или „клики“ како што ги нарекуваше дел од нив самиот Хантер. Но повеќе од очигледно е дека во догледно време нема да се искристализира некоја моќна економска група или пирамида на моќта, која би стекнала сериозно влијание врз политичката моќ во Битола.

Освен некои од нашите претпоставки за можна посериозна соработка, ние не успеавме да најдеме некоја цврста поврзаност помеѓу политичкиот и економскиот моќнички сектор во Битола. Речиси сите сознанија за можна соработка и меѓусебни влијанија, кои ги споменуваме, се само изјави добиени во разговор, за кој малкумина од личностите со кои разговаравме во интервјуто, сакаа поопширно да зборуваат. Сметаме дека за прецизно утврдување дали зад изјавите и исказите стојат и посилни скриени врски, потребни се подетални и подолгорочни истражувања на меѓусебните односи на дел од личностите, кои би можеле да бидат носители на таквата поврзаност. Тоа останува за некои идни истражувања, кои треба да го потврдат или демантираат тоа.

Покрај се, и после се, по искажувањата на интервјуираните личности во Битола сметаме дека постои двојство на моќта во секојдневното живеење. Политиката сама креира политика, иако некакви влијанија можеби трпи од страна на еден дел од економски моќните личности.

Ако се директно вклучени во политиката, тоа се оние кои успеваат да ги ‘маѓепсаат’ своите политички лидери, за тие да ги прифатат и форсираат интересите на економски моќните партиски членови и симпатизери, доколку непостои скриен договор, токму економскиот моќник да спроведува и посебни интереси на некој моќен политичар, па така „зад сцената“ двајцата да работаат на личниот интерес и сопствената агенда.

Ако наметнувањето на мислењето кон политичарите не е можно да го остварат, или ако, економскиот моќник не најде начин да го пласира сопствениот

интерес, тогаш тој ја остава полтиката да се „вози – таа со својот воз, по својата пруга“, а економијата да си ги остварува интересите со „својот воз и по својата пруга“. Интересно е, што е можно, во вакви услови, економските моќници животното искуство да ги тера да „го одврзуваат ќесето“ кон повеќе различни политички моќници и политички опции, што во иднина би значело „кој да дојде на власт, никој да не го ‘задева’ економскиот моќник.

Оттука, како и според одговорите на моќниците, од листата на најмоќни, можни се следните претпоставки за структурата на моќта во Битола:

А) Политичката моќ, која развива компатибилни односи со економската моќ, се потпира, во почетната фаза на соработувањето, на сопствените, партиски определени економски моќници. Таквата фаза почнува да се менува, која политичката моќ ќе стане постабилна и подолготрајна, ако е покриена со повеќе мандати едноподруго.

Б) Политичката моќ, која се обидува да го шири кругот на соработка со економските моќници, независно од политичката припаност на вторите, и каде елементите на економски интерес и можност за богатење ги бришат т.н. „идеолошките разлики“, побрзо и полесно го отвора патот за создавање на идна можна поповолна позиција на „бизнисот“ во однос на политиката, но и на за создавање на поголема економска моќ на политичарите.

Во нашиот пристапен елаборат за добивање на правото за изработка на овој труд беше наведена следната хипотеза: „Структурата на моќта во Битола е составена од различни носители на моќ, кои сочинуваат неконзистентна/и група/и, чија неконзистентност зависи од промените кои ги предизвикуваат изборите за органите на локалната и централната власт“.

Бидејќи кај нас не непостојат посебни институции кои економската моќ би ја форсирале како во случајот на Хантеровата Атланта, ваквата претпоставка се чинеше логична.

Со добиените сознанија од ова истражување, ние би можеле да ја дополниме оваа хипотеза со следниве ставови: „Покрај неконзистентните групи, структурата на моќта во Битола ја сочинуваат и „слободни економски стрелци“,

кои се обидуваат да изградат подобра сопствена позиција преку својата економска и социјална моќ, настојувајќи со тоа да станат посакуван економски партнер на политиката“.

Тоа веројатно ќе биде така до моментот, кога политиката, ќе стане помалку важен фактор, и кога партиципацијата во неа ќе биде поорганизирана, со побројно присуство на демократски мотивиран и организациски омоќнет граѓански сектор, помогнат со организациски омоќнет економски сектор, кој би сакал да има пресудно влијание во и врз сфетата на политиката.

Во нашиот случај, тоа ќе мора да се случува преку граѓански активизам, но и низ структурите на политичкиот систем, со вклучување на се повеќе форми на непосредна демократија, на една страна (кога се во прашање пошироките интереси на граѓаните), и со создавање на демократска јавност, на друга страна, каде економскиот фактор ќе ги посочува развојните интереси на заедницата.

Тоа бара демократизирани политички партии, во кои и статутарно, но и организационо, лидерството ќе произлегува одоздола, од активизмот и слободната и креативна мисла на членството. Веројатно ваквата перспектива делува идеалистички, но дури и толку многу споменуваниот Хантер во ова истражување, во економски целосно доминираната Атланта, повикувал на потребата од поголема вклученост на повеќе чинители во демократскиот процес, за истиот навистина да биде демократски, само што таму демократизацијата требаше да се случува во однос на цврсто држаните спреги на економската моќ, а кај нас тоа треба да се однесува на цврсто поставените и држани спреги на политичката моќ.

Кога би постоела можност за рамнотежа, можеби 50:50 меѓу политиката и економијата, би била идеалната рамнотежа за праведната моќ во општеството.

Најнакрај, да посочиме дека целта на оваа истражување беше да утврди која е структурата на моќта во Битола, и дали таа е повеќеслојна. Дали со структурата на моќ во Битола доминираат поединци, кои се застапени во формите на т.н. институционана или формалната структура на моќта, или во структурата на моќ се застапени, поединци или групи, од т.н. неформалната структура на моќ во Битола, ако таква постои. Сметаме дека во ова се стигна до половина пат, затоа

што неформалната моќ не е толку видлива како во Хантеровиот случај, колку што е видлива, мерлива и споредлива формалната или институционалната моќ во Битола

Практичната цел на истражувањето се состоеше во потребата да биде утврдено дали во Битола како локалната заедница одлучуваат формалните структури на моќ, односно оние кои политичките партии ги номинирале за функции, а граѓаните ги избрале на избори, или пак моќта е распоредена и во други, неформални структури на моќ. Тука само се насети дека влијанијата се можни од страна на неформалните структури или групирања, но дека во крајна инстанца, одлучувањето во формалните структури на моќта (пред се Советот на општината) сеуште цврсто е контролирано од партијата/коалицијата која има мнозинство во него.

Научната цел на ова истражување беше да ја утврди структурата на моќта во Битола преку примена на Хантеровиот репутациски метод и да изврши проверка дали тој метод во една сосема различна средина и во сосема различно време од тоа кога Хантер ја истражувал структурата на моќта во Атланта, доведува до ист или сличен резултат. Со право можеме да кажеме дека методот е применлив, дека дава резултати, но дека од средина до средина може да покажува различни структури на моќ, помалку или повеќе централизирани, што во крајна линија можат да зависат, и зависат и од општествено-политичкиот систем во државата.

Да кажеме уште тоа, дека научната оправданост на нашето истражување произлегува од тоа што кај нас не се посебно научно истражувани односите на моќ во локалната заедница, ниту пошироко, а исто така не се покренати ниту истражувања во кои би се истражувала владејачктата/ките елита/и, како социјален и политички феномен, ниту пак е утврдувана структурата на моќта во некоја локална заедница.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1. Abu-Laban Baha, The Reputational Approach in the Study of Community Power: A Critical Evaluation, The Pacific Sociological Review, 1965, Vol. 8, No. 1, pp. 35-42
2. Arendt Hannah, On violence, A Harvest/HBJ Book, Harcourt Brace Jovanovich Publishers San Diego-New York-London, 1969, преземено од:
3. Baha Abu-Laban,The Reputational Approach in the Study of Community Power: A Critical Evaluation, The Pacific Sociological Review, 1965, Vol. 8, No. 1, pp. 35-42
4. Baldwin A. David, Money and Power, The Journal of Politics, Vol. 33, 1971, pp578-614
5. Baldwin A. David, Power and Social Exchange, An American Political Science Review, Vol. 72, 1978, pp. 1229-1242
6. Barnes Barry, The Nature of Power, Polity Press, University of Illinois Press, New York, 1988
7. Barry M. Brian, The liberal theory of justice: a critical examination of the principal doctrines in A Theory of Justice by John Rawls, the University of Michigan, 2008 (First print by Clarendon Press, 1973)
8. Clegg R. Stewart, Frameworks of Power, SAGE, London, Thousand Oaks and New Delhi, 1989
9. Dahl Robert A., A Critique of the ruling Elite Model, The American Science Review, 1958, Vol. 52, No. 2, pp. 463-469
10. Dahl, R.A., 1961b. Who Governs? Democracy and Power in an American City. New Haven, CT: Yale University Press.
11. D'Antonio V. William and Erickson C. Eugene, The Reputational Technique as a Measure of Community Power: An Evaluation Based on Comparative and Longitudinal Studies, American Sociological Review, 1962, Vol. 27, No. 3, pp. 362-376

12. David L. Swartz, Recasting power in its third dimension, Review of Steven Lukes, Power: A Radical View. New York: Palgrave Macmillan, 2005
13. DeLamater John, Ward Amanda, Handbook of Social Psychology (Handbooks of Sociology and Social Research) Kindle Edition, Springger Dordrecht Haidelberg, New York - London, 2013, наведено според: Cook S. Karen, Chesshire Coye, Rice R.W. Eric, and Nakagawa Sandra, Chapter 3, Social Exchange Theory, pp. 61-62
14. Domhoff William G., Who Rules America? The Triumph of the Corporate Rich, 7th Edition, McGraw-Hill, (Original from the University of California), 2006, преземена од: http://www2.ucsc.edu/whorulesamerica/methods/studying_power.html
15. Dowding K Keith, Power, Minneapolis, University of Minnesota Press, 1996.
16. Dowding Keith, Agency and Structure: Interpreting Power Relations, Journal of Power, Vol. 1, No. 1, April 2008, 21-36
17. Dowding Keith, Rational Choice Approaches to Analyzing Power, p. 29 http://goodliffe.byu.edu/310/protect/dowdingshort.pdf
18. Dowding Keith, Resources, power and systematic luck: A response to Barry. Polities, Philosophy and Economics. 2(3), 2003 pp. 305-322.
19. Dowding Keith, Why should we care about the definition of power, Journal of Power, Vol. 1, No. 1, April 2008, 119-135
20. Dowding, Keith, Rational choice and political power. Aldershot, Edward Elgar, 1991.
21. Dynamis (δύναμις=моќ, би можело да),
22. E.C. Banfield: Political Influence (new York: Free Press of Glencoe, 1962), p.348
23. Encyclopedia of Power, edited by Keith Dowding, 2011, SAGE Publication Inc., Thousand Oaks, California
24. Fararo J. Thomas, Social Action Systems: Foundation and Synthesis in Sociological Theory, Greenwood Publishing Group Inc., Westport, 2001
25. Flynn Jeffrey, Communicative Power in Habermas's Theory of Democracy, European Journal of Political Theory, SAGE Publication Ltd, London, Thousan Oaks and New Delhi, 3 (4) pp. 433-454, http://faculty.fordham.edu/jeflynn/flynn_communicative_power.pdf
26. Flyvbjerg Bent, Rationality and Power: Democracy in Practice, University of Chicago Press, 1998, pp. 9-38, http://flyvbjerg.plan.aau.dk/truthlyingexample.php

27. Foucault Michael, 1994, Znanje i moć, Globus, Zagreb
28. ftp://c-bc9de555.018-278-73746f44.cust.bredbandsbolaget.se/disk2/N2/ENTERTAINMENT/NON-FICTION/Political%20philosophy/Arendt,%20Hannah/Arendt,%20Hannah%20-%20On%20Violence%20(Harcourt,%201969).pdf
29. Giddens Anthony, Central Problems in Social Theory: Action, Structure, and Contradiction in Social Analysis, University of California Press Berkeley and Los Angeles, 1979
30. Giddens Anthony, The Constitution of Society: Outline of the Theory of Structuration, John Wiley & Sons, 2013 (First printed in 1984)
31. Goverde Henri & Lentner H. Howard (ed.), Power in Contemporary Politics: Theories, Practices, Globalizations, 2000
32. Grdešić Ivan, Političko odlučivanje, Alinea, Zagreb, 1995
33. Gregg M. Phillip, in Book review: „A Theory of Political Exchange: Economic Reasoning in Political Analysis" by R. L. Curry, Jr., L. L. Wade (Midwest Journal of Political Science, 1970, Vol. 14, No. 2, pp. 339-Blau Michael Peter, Exchange and Power in Social Life, Thirteenth printing 2009 (Copytright 1986 by Translation Publishers, originally published 1964, New York, by John Wiley & Sons, Inc.)
34. Guzzini Stefano, Power, Realism and Constructivism, Routledge, Oxon and New York, 2013, pp.54-55
35. Haas Michael, Polity and Society: Philosophical Underpinning of Social Science Paradigms, Greenwood Publisher Groop, 1992
36. Habermas Jurgen, Between Facts and Norms: Contributions to a Discourse Theory of Law and Democracy, The MIT Press, Cambridge, Massachusetts, 1996
37. Habermas Jürgen, The Structural Transformation of the Public Sphere: An Inquiry into a Category of Bourgeois Society, Thomas Burger, Cambridge Massachusetts: The MIT Press, 1989
38. Habermas Jürgen, The theory of communicative action: Lifeworld and system: a critique of functionalist reason, Volume 2, Beacon Press, 2003

39. Haugaard Mark (ed.) Power: An Annotated Reader, Manchester University Press, 2002
40. Haugaard Mark, Reflections on Seven Ways of Creating Power, European Journal of Social Theory, 2003, 6(1): 87–113
41. Haugaard Mark, Contemporary Social Thought: making sense of power, SP405, http://www.nuigalway.ie/soc/undergraduate/courseoutlines/SP405_Contemporary_Social_Thought_2014-15.doc
42. Haugaard Mark, Ryan Kevin (eds.) Political Power: The Development of the Field The World of Political Science – The development of the Field, Barbara Budrich Publishers, 2012, превземено од: http://www.academia.edu/12355999/Mark_Haugaard_Kevin_Ryan_eds._Political_Power_The_Development_of_the_Field.
43. Haugaard Mark, The Constitution of Power: A Theoretical Analysis of Power, Knowledge and Structure, Manchester University Press, 1997
44. Hendley Steve, From Communicative Action to the Face of the Other: Levinas and Habermas on Language, Obligation, and Community, Lexington Books, 2000, p. 17
45. Hoffmann-Lange Ursula, Methodological Developments in Elite Research, 2006, pp. 1-22, http://paperroom.ipsa.org/papers/paper_5308.pdf.
46. Homans Caspar George, Social behavior; its elementary forms, Brace, Jovanovich, University of Michigan, 1974 (First published 1961, Routledge & Kegan Paul)
47. Homans Caspar George, The Human Group, Transaction Publishers, Rutgers, 2009, (Eith printing, Originaly published in 1951 by Routledge & Kegan Paul Ltd.)
48. http://cogito.ucdc.ro/nr_2v2/M.%20FOUCAULT'S%20VIEW%20ON%20POWER%20RELATIONS.pdf,
49. http://dspace.flinders.edu.au/xmlui/bitstream/handle/2328/35502/Quigley%20Aristotle%202015.pdf?sequence=1
50. http://ecsocman.hse.ru/data/901/876/1219/012_Ledyaevx2c_Ledyaeva_164-177.pdf.
51. http://monoskop.org/images/d/d4/Dreyfus_Hubert_L_Rabinow_Paul_Michel_Foucault_Beyond_Structuralism_and_Hermeneutics_2nd_ed.pdf
52. http://web.archive.org/web/20080313022823/http://etext.lib.virginia.edu/toc/modeng/public/MicPoli.html

53. http://webcache.googleusercontent.com/search?q=cache:HLLyizvEpbkJ:web.ceu.hu/crc/cdc/syllabi/Ledyaev.doc+&cd=1&hl=en&ct=clnk
54. http://what-when-how.com/social-sciences/hunter-floyd-social-science/
55. http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0038-0318/2010/0038-03181001001I.pdf )
56. http://www.encyclopedia.com/topic/Ludwig_Wittgenstein.aspx
57. http://www.merriam-webster.com/dictionary/meta-language
58. http://www.perseus.tufts.edu/hopper/morph?l=dunamis&la=greek&prior=
59. http://www.researchgate.net/publication/228350783_Rational_Choice_Theory_and_Explanation
60. http://www2.ucsc.edu/whorulesamerica/theory/four_networks.html
61. https://ia801406.us.archive.org/17/items/rulingclass031748mbp/rulingclass031748mbp.pdf
62. Hunter Floyd, Community Power Structure: A Study of Decision Makers, A Doubleday Anchor book, University of North Carolina Press, 1953
63. Hunter Floyd, Community Power Structure: A Study of Decision Makers, University of North Carolina Press, 1953 (Original from the University of Michigan)
64. James Coleman, “Foundations for a Theory of Collective Decisions” (612-627), in American Journal of Sociology, vol. 71, no. 6, 1966
65. Jeffrey C. Isaac, "Beyond the Three Faces of Power: A Realist View." Polity, vol. XX, no. 1 (Fall 1987), pp. 4-31. (A revised version of this paper appears in Approaches to Power, Thomas Wartenberg, ed. [State University of New York Press, 1992.]).
66. John Gaventa, Power and Powerlessness: Quiescence and Rebellion in an Appalachian Valley (Urbana: University of Illinois Press, 1980).
67. John Von Neumann, Oskar Morgenstern, Theory of Games and Economic Behaviour, J. Wiley, 1944
68. Kate Nash (Editor), Alan Scott (Editor), The Blackwell Companion to Political Sociology, Wiley-Blackwell, 2004. Chapter 3: Dowding Keith, Rational Choice Approaches to Analyzing Power, pp.29-39 http://goodliffe.byu.edu/310/protect/dowdingshort.pdf

69. klaus von beyme – suvremene političke teorije, http://boo.mi2.hr/~domes/fx/sis_pol_znan/beyme.rtf)
70. Krstić Miloš, Teorija racionalnog izbora i objašnjenje društvenih fenomena, Godišnjak Fakulteta političkih nauka, 2015, vol. 9, br. 13, str. 165-184
71. Lasswell and Kaplan: Power and Society (New Haven: Yale University Press, 1950), p. xvii
72. Lee Allen, Liebenau Jonathon, DeGross Janice, Information Systems and Qualitative Research, Springer, 2013 (Proceedings of the IFIP TC8 WG 8.2 International Conference on Information Systems and Qualitative Research, 31st May–3rd June 1997, Philadelphia, Pennsylvania, USA)
73. Lovett Frank, Rational Choice Theory and Explanation, Rationality and Society, Vol. 18, No.2, 2006.
74. Luj Altiser, Ideologija i državni ideološki aparati, Loznica: Karpos, 2009, pp. 24-34, http://www.csi-platforma.org/sites/csi-platforma.org/files/tekstovi/Althusser-Louis-drzavni%20ideoloski%20aparati%20odlomak.pdf , (www.csi-platforma.org)
75. Lukes Steven, Power: A Radical View. New York: Palgrave Macmillan, Second edition, 2005 (First published 1974)
76. M. FOUCAULT'S VIEW ON POWER RELATIONS Sergiu Bălan, Ph.D Institute of Philosophy and Psychology „C.R. Motru", Bucharest. http://cogito.ucdc.ro/nr_2v2/M.%20FOUCAULT'S%20VIEW%20ON%20POWER%20RELATIONS.pdf
77. M. Haugaard and K. Ryan (eds) Political Power, Leverkusen, Berlin and Toronto: IPSA and Budrich publishers. 2012.
78. Maks Veber, Politika kao poziv (1919), u: Maks Veber, politicki spisi, Filip Visnjic i Sluzbeni glasnik, Beograd, 2006.
79. Mann Michael, The sorces of Social Power, The Rise of Classes and Nation-States, 1760 – 1914, (Vol.2) Cambridge University Press, 1993
80. Mann Michael, The Sources of Social Power: Volume 1, A History of Power from the Beginning to AD 1760, Cambridge University Press, 1986
81. Marjan Ivković, HABERMASOVA KONCEPCIJA SISTEMSKE KOLONIZACIJE SVETA ŽIVOTA

82. Mark G.E. Kelly (ed.), Foucault's History of Sexuality, The Will of Knowledge, Volume I, 2013, Edinburg University Press Ltd.
83. Mark Haugaard, Power: A Reader, Manchester University Press, 2002, pp. 113-131 (Chapter 6 – Barnes)
84. Mark Haugaard, The Constitution of Power: A Theoretical Analysis of Power, Knowledge and Structure, Manchester University Press, New York, 1997
85. Mark Kramer, MEASURING THE POLITICAL POWER OF KEY ELITES IN EURASIAN COUNTRIES THEORETICAL ISSUES AND PERSPECTIVES, 2010-2011: http://www.fas.harvard.edu/~postcomm/schedule_2010_11.html
86. Martinelli Claudio, Gaetano Mosca's Political Theories: a Key to Interpret the Dynamics of the Power, ITALIAN JOURNAL OF PUBLIC LAW (2009) Vol. 1 (p.1-44)
87. Marx's theory of economic crisis, Stuart Easterling, International Socialist Review Issue 32, November - December 2003, (http://isreview.org/issues/32/crisis_theory.shtml)
88. Michels Robert, Political Parties: A Sociological Study of the Oligarchical Tendencies of Modern Democracy, Hearst International Library Co., New York, 1915, translated by Eden & Cedar Paul
89. Michels Roberto, First Lectures in Political Sociology, University of Minnesota Press, Minneapolis, 1949, Translated and Introduction by Alfred de Grazia
90. Miller Delbert C., "Industry and Community Power Structure: A Comparative Study of an American and English City," Sociological Review, 1958, pp.9-15
91. Mills C. Wright , POWER ELITE 2E P, Oxford University Press, 1999
92. Mills Wright C., THE POWER ELITE 2E P, Oxford University Press, 1999 (originaly printed Mills C. Wright, The Power Elite, Oxford University Press, 1956)
93. Morriss Peter, Power: A Phylosophical Analysis, Manchester, 2002
94. Mosca G., TEORICA DEI GOVERNI E GOVERNO PARLAMENTARE, PALERMO, TIPOGRAFIA DELLO «STATUTO» 1884: http://documenti.camera.it/bpr/11606_testo.pdf
95. Mosca Gaetano, The Ruling Class (Elementi di Scienza Politica), 1939, McGrow-Hill Book Company, Inc., New York and London (translation of Hannah D. Kahn).

96. Pansardi Pamela, The Concept of Power: A Meta-theoretical Approach, University of Pavia*, Paper prepared for the SISP Annual Conference, IUAV, Venice, 16-18 September 2010, http://www.sisp.it/files/papers/2010/pamela-pansardi-647.pdf
97. Parry Geraint, Political Elites, ECPR Press, Colchester, 2005 (First Published in 1969)
98. Parsons Talcott, On the Concept of Political Power, Proceedings of the American Philosophical Society, Vol. 107, No. 3, 1963, pp.232-262 Published by: American Philosophical Society, URL: http:// www.jstor.org/stable/985582
99. Parsons Talcott, Shils Edward, Naegele D. Kaspar, Pitts R. Jesse, Theories of Society, Foundations of Modern Sociological Theory, Volume I, Free Press of Glencoe, Inc., 1961, pp. 551-557 (5. Circulation of Elites by Vilfredo Pareto)
100. Patrick O'Mahony, Habermas and communicative power, Journal of Power, Volume 3, Issue 1, 2010, pages 53-73.
101. Perrucci Robert and Pilisuk Marc, Leaders and Ruling Elites: The Interorganizational Bases of Community Power, American Sociological Review, 1970, Vol. 35, No. 6, pp. 1040-1057
102. Peter Bachrach, Morton S. Baratz, Two Faces of Power, The Americun Political Science Review, Volume 56, Issue 4 (Dec., 1962), 947-952.
103. Political Parties, Robert Michels, Sixt Printing 2009, Copyright 1999 by Transaction Publishers, New Brunswick, New Jersey. Originally published in 1962 by The Crowell-Collier Publishinh Company.
104. Poulantzas, Nicos. The capitalist state: a reply to Miliband and Laclau, New left Review, n. 95, p. 63-83, 1976. (file:///C:/Users/Pece/Downloads/POULANTZAS_Nicos_Capitalist_State_Reply_Miliband_Laclau_New_left_Review_n95_p_63_83_1976%20(2).pdf)
105. Powers, Ronald C. "Identifying the Community Power Structure," North Central Regional Extension, No. 19. NCRS-5 Leadership Series No. 2, Iowa State University of Science and Technology, Cooperative Extension Service, 1965. http://www.soc.iastate.edu/extension/pub/comm/NCR19.pdf

106. Priya Rashmi, Pareto's Circulation of Elites: Characteristics and Criticisms, http://www.yourarticlelibrary.com/sociology/paretos-circulation-of-elites-characteristics-and-criticisms/43779/)

107. Ralph Miliband, The State in Capitalist Society, Merlin Press, 2009 (First print: Miliband Ralph, The State in Capitalist Society, London, Weidenfeld & Nicolson, 1969)

108. Russell Bertrand, Power: A New Social Analysis, Psychology Press, 2004 (First publish 1938, George Allen & Unwin Ltd., London, and First publisher in 2004 by Routledge Classics)

109. Ryan Kevin and Haugaard Mark, Power in Social and Political Theory, (Haugaard Mark, Ryan Kevin (eds.) Political Power): 2012, pp. 23-56

110. Ryan Kevin, Social exclusion and the politics of order. Manchester: Manchester University Press, 2007.

111. Saar Martin, Power and critique, Journal of Power, Vol. 3, No. 1, 2010, pp.7–20

112. Sarah Joseph, Political Theory and Power, 2004, Manas Saikia for Foundation Books, New Delhi (Foundation Books, First Edition1988, E.J. Brill, Leiden, The Nederlans)

113. Schumpeter A. Joseph, CAPITALISM, SOCIALISM AND DEMOCRACY, Routledge, London and New York, This edition published in the Taylor & Francis e-Library, 2003 (First published in 1942), http://digamo.free.fr/capisoc.pdf

114. Shawn Grimsley, http://study.com/academy/lesson/rational-choice-theory-definition-principles.html

115. Shively, Robert W., "Community Power Structures" Practicing Economic Development, 3 113 Edition, American Economic Development Council, Educational Foundation, 1996, pp. 34-36.

116. Šijaković Ivan, Savremena sociologija, Prolegomena za individualističku teoriju u sociologiji, Radna verzija. http://www.sijakovic.com/wp-content/uploads/2012/02/savremena-sociologija-1-1-1-1-1.doc

117. Sociology (Sociologija), issue: Vol. 52/1/2010, pages:1-22, www.ceeol.com.

118. SPINOZA, COMPLETE WORKS, Baruch Spinoza: 1632-1677, Hackett Publishing Company, Inc., Indianapolis - Cambridge, 2002: http://www2.dsu.nodak.edu/users/dmeier/31458292-Spinoza-Complete-Works.pdf

119. Stewart Agnus, Theories of Power and Domination, SAGE Publications, London - Thousand Oaks - New Delhi, 2001

120. Stewart Kennedy, "Persistent Losing" and Electoral Fairness in Four World, 2003

121. Stone Clarence, Systemic Power in Community Decision Making: A Restatement of Stratification Theory," American Political Science Review, Vol. 74, 1980, 978-990.

122. The Power Debate by Joseph M. Ellis, http://polisciprof.blogspot.com/2006/03/power-debate-by-joseph-m-ellis_16.html Thursday, March 16, 2006

123. Tomas Botomor, Elite i drustvo, Mediterran Publishing, Novi Sad, 2008

124. Veber Maks, Privreda i drustvo, 1976, Beograd, Prosveta, tom prvi, s. 37

125. Vukašin Pavlović, Diskursi moći, http://documents.tips/documents/teorije-moci-vukasin-pavlovic.html

126. Wallace L. Walter, Principles of Scientific Sociology, Transaction Publishers, Rutgers, 2009, p. 252

127. Walton John, "Community Power and the Retreat from Politics; Full Circle after Twenty Years?", University of California Press, Social Problems, Vol. 23, No. 3 (Feb., 1976), pp. 292-303

128. Walton John, Substance and Artifact: The Current Status of Research on Community Power Structure, The American Journal of Sociology, Vol. 71, No. 4, 1966, pp. 430-438.

129. Wolfinger Raymond E., Reputation and Reality in the Study of "Community Power", American Sociological Review, 1960, Vol. 25, No. 5, pp. 636-644

130. Wood Cunningham John (ed.), Karl Marx's Economics: Critical Assessments, Taylor & Francis, Volume III, Routledge, London and New York, 2004, p.869

131. Wrong Dennis H., Power: Its Forms, Bases, and Uses, Transaction Publishers, New Brunswick, 2009 (Fifth printing, copyright printing 1995, Transaction Publishers, New Brunswick and London, originaly published in 1979 by Harper and Row)

132. Wrong H.Dennis, Some Problems in Defining Social Power, The American Journal of Sociology, 1968, Vol. 73, No. 6, pp. 673-681

133. Yıldırım Barış Aydın, Social Construction of Power in Turkish Democratic System: Turkish Armed Forces and Its Perceived Power, The Turkish Yearbook of International Relations, Vol. 43 (2012), pp.139-157

134. Ацески Илија, Социологија, Филозофски факултет, Скопје 1998

135. Кај Валери Ледјаев (Ledyaev, Power and Politics, 2001 / 2002, Sillabi, p.4): http://web.ceu.hu/crc/cdc/syllabi/Ledyaev.doc , or

136. Ледяев, В. Г., & Ледяева, О. М. (2002). Репутационный метод в эмпирических исследованиях власти в городских общностях. *Журнал социологии и социальной антропологии*, (4), 164-177.

137. Ташева Марија, Социолошки теории, Филозофски факултет, Скопје, 1999.

138. Трајковски Ило, Политика на човековите права, Прв дел – Основни поими, Филозофски факултет Скопје, 2005

## ПРИЛОГ – 1

**Членови на Стопанска комора на Македонија,**

**Регионална комора со седиште во Битола, во 2009 г. – 2013 г.**

Претседател-Благој Стојчев,

Раде Христовски, заменик-претседател

За членови на Управниот одбор се избрани:

1. Благој Стојчев, Млин Стојчев, Битола
2. Раде Христовски, Кондико, Битола
3. Милчо Лутовски, РЕК, Битола
4. Живко Радевски, Млекара, Битола
5. Владо Јовановски, Б&К Маркет, Битола
6. Тоде Богоевски, МОКЕЛ, Битола
7. Драги Милошевски, Киро Дандаро, Битола
8. Иванчо Наумов, Квасара, Битола
9. Вангел Гагачев, ЗК Пелагонија
10. Марија Герас - Дочовска, Мулти Импекс, Битола
11. Борис Андоновски, Стопанска банка Скопје фил. Битола
12. Митре Таневски, МИГ Травел, Битола
13. Јанаки Петовски, Водовод, Битола
14. Љупчо Јанкуловски, хотел Битола
15. Трајан Котевски, Алгрета, Ресен
16. Никола Пројковски, Железник, Д.Хисар
17. Славко Петровиќ, Синпекс, Битола
18. Александар Илиевски, Агроплод, Ресен
19. Ѓорѓи Кочовски, Комора на занаетчии
20. Жан Милевски, Гранит
21. Јован Пејчиновски, Интербриц, Битола
22. Драганчо Митревски, Стопанска банка Битола
23. Мирче Неделковски, ФОД Битола
24. Драган Дамјановски, Фондација за мали и средни претпријатија
25. Кире Стефановски, Енигма, Битола

**ПРИЛОГ – 2**

**Сојуз на стопански комори – Комора Битола:**

1.Брглевски Јове, ЕНЕРГОПРОМ БИТОЛА

2. Крстевски Зоран, МАКРО ДООЕЛ БИТОЛА

3. Јанкулов Ангел, МЕГА ДООЕЛ

4. Велчо Петровски, ПАПАЛ ДИЗАЈН ДООЕЛ - БИТОЛА

5. Томе Тошев, ТОШЕВИ – БИТОЛА

6. Иво Мицевски, ХАРИ ДООЕЛ, БИТОЛА

7. Јордан Силјановски, ЕУРО – КЛИМА

8. Драган Герзовски, МОБИЛ ДОО

9. Тома Гроздановски, МУЛТИТЕКС

10. Предграг Цветковиќ, МЛЕКАРА БИТОЛА

11.Димче Шеровски, ШЕРОВСКИ КОМЕРЦ

12. Александар Поп Ристов, ИНТЕРВОРКС

13. Антоанета Петровска, МЕГАСОФТ ПЛУС ДООЕЛ, БИТОЛА

14. Сашо Јовевски, МЕГАСОФТ ИНФО ЦЕНТАР

15. Сашо Ристевски, НЕВАДА

16. Томислав Саздовски, АДУТ МАКЕДОНИЈА

17. Никола Трпеновски, ЈУВЕНАЛИ ТРЕЈД

**ПРИЛОГ – 3**

**Членови на СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА – според политички партии/коалиции**

**ВМРО - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО**

1. СИЛВАНА АНГЕЛЕВСКА
2. ЗОРАН ГЕШОВСКИ
3. БОРИС ДАРКОВСКА
4. ДИМОВСКИ ИЛЧЕ
5. МОНИКА ЈОВАНОВСКА
6. ВЕСНА ЈОВКОВСКА
7. НИКОЛЧЕ КОТЕВСКИ
8. КИРЕ КРСТЕВСКИ
9. ЛИЛЈАНА КУЗМАНОВСКА
10. ЗЛАТКО МИЛОШЕВСКИ
11. ГОРАН МИХАЈЛОВСКИ
12. ДИМЧЕ ПОПОВ
13. НИКОЛИНА РИСТЕВСКА
14. ТОМИСЛАВ СТОЈЧЕВСКИ
15. ГОРАН ТАСКОВСКИ
16. ЛЕОНИДА ЧОЛАКОВСКИ
17. МИХАИЛО ЏОЛОНГА

**СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**

1. КОЧО БАЉАРОВ
2. ТОМЕ НАУМОВ
3. ОЛИВЕР НИКОЛОСКИ
4. ЉИЉАНА ОБЕДНИКОВСКА
5. ЈУЛИЈАНА СИЛЈАНОВСКА
6. НАТАША СТРУМЕНИКОВСКА
7. МЕТОДИЈА ТАСЕВСКИ

8. ЗЛАТКО ЌУРЧИЕВСКИ

9. БОРИС ЧОРЕВСКИ

**ЛИБЕРАЛНО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА**

1. ВАЛЕНТИН ГРУЕВСКИ
2. ГОРАН МИЛЕВСКИ

**ВМРО-НАРОДНА ПАРИЈА**

1. ТОМЕ БЛАЖЕВСКИ
2. ОЛИВЕР ЦВЕТКОСКИ

**ПОДЕМ**

1. ДРАГАН РИСТЕВСКИ

## ПРИЛОГ - 4

**Членови на Ротари Клуб Битола**

1. Глигор Каневче, универзитетски професор
2. Константин Петковски, универзитетски професор
3. Наум Симјановски, приватен стопанственик
4. Раде Христовски, Кандико, приватен стопанственик
5. Владимир Атанасов, судија во Врховен суд, пензионер
6. Драган Дамјановски, универзитетски професор
7. Владе Јовановски, Престедател, Б&К Маркет, приватен стопанственик
8. Веселинка Деребанова Крстева, нотар
9. Вангел Торков, пензионер, поранешен директор
10. Ванѓел Димовски,
11. Јован Пејчиновски, приватен стопанственик
12. Миле Босилковски, приватен стопанственик
13. Јосиф Димитровски, спедијалист, пензионер
14. Пеце Пановски, приватен стопанственик
15. Кире Тромбев, приватен стопанственик
16. Томислав Новаковиќ, приватен стопанственик
17. Јован Таневски, универзитетски професор

## ПРИЛОГ - 5

**Членови на Ротари Клуб Широк Сокак**

1. Сашо Додовски, претседател, економист, МКЦ
2. Нешат Аземовски, биолог , НВО
3. Златко Ќурчиевски, потпретседател, ел. Инженер, РЕК,
4. Наташа Несторовска, економист, банкарски службеник,
5. Билјана И. Ванчевска, заболекар
6. Николче Ацевски, универзитетски професор, политичар
7. Александар Саздовски, телекомуникации
8. Александар Марковски, економист, банкарски службеник
9. Оливера Г. Марковски, приватен стопанственик, трговија со масла
10. Златко Талевски, политиколог, МКЦ
11. Миле Спировски, професор на машински факултет
12. Зоран Јанкуловски, менаџмент
13. Јасмина Бошевска, правник
14. Никола Бабовски, професор во СУ, ветеринар
15. Пеце Николовски, универзитетски професор
16. Христо Тодоровски, приватен стопанственик, кафе-бар, ресторан
17. Владимир петличковски, адвокат
18. Мендо Стојчевски, приватен стопанственик, дрвна индустрија
19. Анета Шијакова, новинар,
20. Константин Гина, телекомуникации
21. Пеце Стојановски - Стентон , приватен стопанственик
22. Виолета Налевска, службеник во Општина
23. Владе Христовски, печатница Графопром

## ПРИЛОГ – 6

**Членови на ЛИОНС КЛУБ БИТОЛА**

1. Веле Стефановски,
2. Жико Калпаковски,
3. Александар Стојановски,
4. Драги Филевски,
5. Љубица Ангелова Манговска,
6. Димче Кузмановски,
7. Кристина Христова Николова,
8. Васко Дамевски,
9. Сашо Јанакиевски,
10. Тереза Јанчевска,
11. Аница Апчевска,
12. Евгениј Милошевски,
13. Павле Нашоку,
14. Вукица Марковска Божиновска,
15. Марио Трифуновски,
16. Томе Гагачев,
17. Лилјана Нечевска,
18. Велчо Петровски,
19. Марјан Танушевски,
20. Љилјана Вељановска,
21. Снежана Мојсовска Саламовска,
22. Цветко Смилевски,
23. Христо Бојаџиев,
24. Весна Палмер,
25. Гордана Османли,
26. Славица Додовска,
27. Ристо Алексовски,
28. Ѓоко Христов,
29. Илија Тодоровски,
30. Никола Митревски,

31. Стефан Талев,

32. Александра Стојановска,

33. Васко Јосифовски,

34. Марина Цигарида,

35. Марија Христовска,

36. Димитар Котевски

## ПРИЛОГ – 7

**Членови на Кабадаја Клуб Битола**

1. Борче Димитровски,
2. Никола Димитровски,
3. Никола Цветанов,
4. Владимир Младеновски,
5. Марија Додовска,
6. Илчо Петковски,
7. Александар Поповски,
8. Андреј Поповски,
9. Силвана Филевска,
10. Мими Талева,
11. Јасмина Јанчевска,
12. Андријана Шокларовска,
13. Сашка Јанчевска,
14. Ивана Ангелковска,
15. Михајло Роџевски,
16. Билјана Гагачовска,
17. Вангел Нечевски,
18. Емилија Героска,
19. Крсте Неделковски,
20. Владо Самарџиски,
21. Данчо Додовски,
22. Диоген Хаџи-Коста Милевски,
23. Александар Камбовски,
24. Љупчо Вучков,
25. Дарко Јанкуловски

## ПРИЛОГ - 8

| Ред. Бр. | Наведете ги моќните личности во Битола<br>кои не се споменти во листата, а споре вас, би требало да бидат | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Име и презиме | Вид на моќ* | | | | | |
| | | богатство | врски | влијание | авторитет | политика | способност |
| 1 | | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 |
| 2 | | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 |
| 3 | | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 |
| 4 | | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 | 5 4 3 2 1 |

Оценката 5 е најголема , оценката 1 е најмала.

## ПРИЛОГ – 9

| Ред. број | Код | Претпријатие | Позиција | Вид на дејност | Број на враб. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | АПР-1 | Интер Воркс | Директор сосопственик | Развој на софтвер | 60 |
| 2. | ВК-2 | Ангромаркетинг ДООЕЛ | Директор Сопственик | Трговија и производство | 107 |
| 3. | БК-3 | Стентон градба ДОО | Сопственик, дир. и содружник | Градежништво и кабловска телевизија | 200 + 70 |
| 4. | БЅ-4 | Пелагонија Комерц | Директор Сопственик | Градежништво | 30 + 250 |
| 5. | БН-5 | БВ Инженеринг ДООЕЛ | Директор Сопственик | Градежништво | 50 |
| 6. | БТ-6 | Мак-Строј Инженеринг | Директор Сопственик | Градежништво | 53 |
| 7. | ВВ-7 | "Кардио-Медика" Битола + транспорт + МХЕЦ | Директор Сопственик | Градежништво, превоз + ископ | 40 |
| 8. | ВЃ-8 | адвокат | адвокат | адвокатура | 4 |
| 9. | ВМ-9 | адвокат | адвокат | адвокатура | 1 |
| 10. | ВТ-10 | Градоначалник | Градоначалник | Локална самоуправа | 120 + 1.500 |
| 11. | ДР-11 | Претседател на Апелационен суд | Претседател на суд | Судство | 85 |
| 12. | ДС-12 | Трикот.Пелистер и Пела Роса | Доминан. акционер | Производство - Трикотажа и минерална вода | 300 |
| 13. | ДГ-13 | Торпедо - Мобил | Директор Сопственик | Бензиска пумпа – трговија со гориво | 10 |
| 14. | ДМ-14 | Киро Дандаро | Директор | Графичка индустрија | 185 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15. | ЖМ-15 | Синдикат | Претседател | Претседател на ССМ на 20 % од сите враб. во РМ (700.000) | 140.000 |
| 16. | ЗЖ-16 | Ректор | Ректор | Високо образ. + 400 хонорарни | 600 |
| 17. | ЗИ-17 | Директор на Водовод | Директор | Водоснабдување – локално ЈП | 212 |
| 18. | ЗК-19 | Зам. Министер за земјод. | Зам. Мини. | МЗШВ | 366 |
| 19. | ЗМ-19 | ТВ Тера | Дир. + Сопственик | Телевизија | 14 |
| 20. | ЗР-20 | Цермат ДОО | Директор сосопственик | Сладолед и смрзната храна | 110 |
| 21. | ИБ-21 | Божиновски | Дир. + Сопственик | Накит и часовници | 27 |
| 22. | ЛИ-22 | пензионер | пензионер | пензионер | 1 |
| 23. | ЈЈ-23 | Хотел Премиер | Директор Сопственик | Хотел. - угостителство | 45 |
| 24. | ЛШ -24 | Форми<br>и Лапор | Дир. и сопственик, акционер | Архитектира -10 и Градежништво -19 | 29 |
| 25. | ЈВ-25 | Претседател на Основен суд | Претседател | Судство | 145 |
| 26. | РХ-26 | Кандико ДОО | Дир. + сосопственик | Трговија | 45 |
| 27. | ЉП-27 | Фустеларко - Борец | Главен акционер | Произв. на картон | 175 |
| 28. | ДГл-28 | Меркур Трејд | Дир. + Сопственик | Трговија | 50 |
| 29. | ЕФ-29 | Мигрос | Дир. + Сопственик | Производство и трговија со брашно | 24 |
| 30. | ЈА-30 | Европа Транс | Дир. + Сопственик | Трансп. и шпедиц. | 10 |
| 31. | ОК-31 | Стопанска банка ад - Битола | Главен акционер | Банкарство | 166 |
| 32. | РП-32 | Хотел Епинал<br>КАК ДОО – Скопје,<br>АД УТТ Македонија | Сопственик | Хотел – угостит. | 56 |
| 33. | СЈ-33 | Еко Клуб ДООЕЛ | Дир. + Сопственик | Комунал. дејности | 93 |
| 34. | СМ-34 | ГП Пелистер ДОО<br>Еуро-фарм ДООЕЛ | Дир., глав. содруж., семејно претпријтие | Градежништво и фармација | 650 ГП<br>52 ЕФ |
| 35. | СП-35 | Синпекс ДОО | Дир. + Сопственик | Трговија + 150-200 дилери | 45 |
| 36. | СпМ-36 | Треф - хотел - Бистро | Дир. + Сопственик | Недвижнини и хотел –угостител. | 50 |
| 37. | ТТ-37 | Плодност | Дир. + Сопственик | Болница – медицински услуги | 76 |
| 38. | ТоТ-38 | Метеорит | Директор | Градежништво + метални конструк. | 70 |
| 39. | ТМ-39 | Пелагонија петрол | Дир. + Сопственик | Бензиска пумпа + издав. недвиж. имот | 11 |
| 40. | ЦП-40 | ЗК Пелагонија | акционер | Земјод. производ. | 731 |
| | | | | | |
| 41. | СА-41 | Претседавач на Советот | Професор на техн. факултет | Високо образование | 31 советн. |
| 42. | ЃИ-42 | Општина | Раководител | Општина Битола | 50 |
| 43. | ЈГ-43 | Општина | Раководител | Општина Битола | 15 |
| 44. | ЈК-44 | РЕК Битола | Директор | ЕЛЕМ | 3.000 |

**ПРИЛОГ – 10**

| Дали и колку често контактирате со пратениците од Битола (од власта и опозицијата)? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Код** | **Да** | **Ретко** | **Често** | **Не** | **Никогаш** | **Власт** | **Опозиција** |
| АПР-1 | | | | x | | | |
| ВК-2 | | | | x | | | |
| БК-3 | | | | x | | | |
| БЅ-4 | | | | x | | | |
| БН-5 | | | | x | | | |
| БТ-6 | | | x | | | xx | x |
| ВВ-7 | | | | x | | | |
| ВЃ-8 | | | | x | | | |
| ВМ-9 | | | | x | | | |
| ВТ-10 | | | x | | | | |
| ДР-11 | | | | | x | | |
| ДС-12 | | | | x | | | |
| ДМ-14 | | | | x | | | |
| ЖМ-15 | | x | | | | | |
| ЗЖ-16 | | | x | | | | |
| ЗИ-17 | | | x | | | x | |
| ЗК-18 | | | | | | | |
| ЈЈ-23 | | | | x | | | |
| ЈШ-24 | | x* | | | | | |
| РХ-26 | | x | | | | | |
| ЉП-27 | | | | x | | | |
| ДГл-28 | | | | x | | | |
| ЈА-30 | | x | | | | | |
| СЈ-33 | | | | x | | | |
| СП-35 | | | | x | | | |
| Сп.М-36 | | x | | | | | |
| ТТ-37 | | | | | x | | |
| ТоТ-38 | | | | | | | |
| ЃИ-42 | | x** | | | | | |
| ЈГ-43 | x*** | | | | | x | x |
| ЈК-44 | | x | | | | | |
| **ВКУПНО** | **1** | **7** | **4** | **15** | **2** | **3** | **2** |

* Со сите, од сите политички партии, посебно за некои работи во општината на кои укажувам

** По потреба, инцидентно од случај до случај

*** Им испраќаат редовно покани за седници

## ПРИЛОГ – 11

| Дали и колку често контактирате со министрите и други функционери во владата, кои се по потекло од Битола? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Код и псевдоним | Да | Ретко | Често | Не | Никогаш | Министри, и замен. Мин. | Други службеници |
| АПР-1 | | | | x | | | |
| ВК-2 | | | | x | | | |
| БК-3 | | | | x | | | |
| БЅ-4 | | | | x | | | |
| БН-5 | | | | x | | | |
| БТ-6 | | x | | | | | |
| ВВ-7 | | | | x | | | |
| ВЃ-8 | | | | x | | | |
| ВМ-9 | | | | x | | | |
| ВТ-10 | | | x | | | | |
| ДР-11 | | x | | | | Коњановски | |
| ДС-12 | | | | x | | | |
| ДМ-14 | | | | x | | | |
| ЖМ-15 | | | x | | | Иво Ивановски<br>Зоран Коњановски | |
| ЗЖ-16 | | | x | | | | |
| ЗИ-17 | | | x | | | | |
| ЗК-18 | | | | | | | |
| ЈЈ-23 | | | | x | | | |
| ЈШ-24 | | x | | | | Иво Ивановски<br>Зоран Коњановски | |
| РХ-26 | | x | | | | | |
| ЉП-27 | | | | x | | | |
| ДГл-28 | | | | x | | | |
| ЈА-30 | | x | | | | | |
| СЈ-33 | | x | | | | Зоран Коњановски | |
| СП-35 | | | | | | * | |
| Сп.М-36 | | x | | | | | |
| ТТ-37 | | x | | | | | |
| ТоТ-38 | | | | | | | |
| СА-41 | | | x | | | | |
| ЃИ-42 | | x | | | | | |
| ЈГ-43 | | | | x | | | |
| ЈК-44 | | x | | | | Иво Ивановски<br>Зоран Коњановски | |
| ВКУПНО | 0 | 10 | 5 | 13 | 0 | 0 | 0 |

* Процедурално, зависно од проектот за кој станува збор,... бидејќи има субвенции за земјоделски машини, а ние тоа го пласираме, имаме контакти со министерството за земјоделие и Агенцијата за развој на земјоделието – по основ на субвенции

## ПРИЛОГ - 12

| Дали и колку често контактирате со министрите и други функционери во владата, кои не се по потекло од Битола? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Код и псевд. | Да | Ретко | Често | Не | Никогаш | Министри, и замен. Мин. | Други службеници |
| АПР-1 | | | | x | | | |
| ВК-2 | | | x | | | Пратеник од Струга | |
| БК-3 | | x | | | | Министерства: економија, МЖСПП*, мин. Пешевски | Стоп. Ком. |
| БЅ-4 | | | | x | | | |
| БН-5 | | | | x | | | |
| БТ-6 | | | | x | | | |
| ВВ-7 | | | | x | | | |
| ВЃ-8 | | | | x | | | |
| ВМ-9 | | | | x | | | |
| ВТ-10 | | | x | | | | |
| ДР-11 | | | x | | | Министерството за правда | |
| ДС-12 | | | | x | | | |
| ДМ-14 | | | | x | | | |
| ЖМ-15 | | | x | | | Мин: за труд и социјала, економија, за образование, за ЗШВ, мин.: Ставревски, Пешевски | |
| ЗЖ-16 | | | x | | | | |
| ЗИ-17 | | | x | | | | |
| ЗК-18 | | | | | | | |
| ЈЈ-23 | | | | x | | | |
| ЈШ-24 | | | x | | | Миле Јанакиевски | |
| ЈВ-25 | | | | | | | |
| РХ-26 | | | | x | | | |
| ЉП-27 | | | | x | | | |
| ДГл-28 | | | | x | | | |
| ЈА-30 | | x | | | | | |
| СЈ-33 | | x | | | | Министерства: МЖСПП, економија | |
| СП-35 | | | | x | | | |
| Сп.М-36 | | | | | | Владимир Пешевски, пред да стане минис. | |
| ТТ-37 | | x | | | | Министерот за здравство | |
| ТоТ-38 | | | | | | | |
| СА-41 | | | x | | | | |
| ЃИ-42 | | x | | | | | |
| ЈГ-43 | | | | x | | | |
| ЈК-44 | | x | | | | Владимир Пешевски | |
| ВК: | 0 | 6 | 8 | 15 | 0 | | |

*Министерство за животна средина и просторно планирање

## ПРИЛОГ – 13

| Дали тоа сте го направиле преку личен контакт со некој функционер, или во тоа ви помогнала некоја личност од листата која е пред вас, или како амандман, односно законска измена? | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Код и псевдоним** | **Да** | **Не** | **Личен контакт** | **Лице од листата** | **Амандм.** | **Зак. изм.** |
| АПР-1 | | x | | | | |
| ВК-2 | | x | | | | |
| БК-3 | | | | | 1* | |
| БЅ-4 | | x | | | | |
| БН-5 | | x | | | | |
| БТ-6 | | x | | | | |
| ВВ-7 | x | | | | | 2* |
| ВЃ-8 | | | | | | 3* |
| ВМ-9 | | x | | | | |
| ВТ-10 | x | | | | | 4* |
| ДР-11 | | | | | | 5* |
| ДС-12 | | | | | | 6* |
| ДМ-14 | | x | | | | |
| ЖМ-15 | x | | | | | 7* |
| ЗЖ-16 | Минис. за образование | | | | | 8* |
| ЗИ-17 | | | | | | 9* |
| ЗК-18 | | | | | | |
| ЈЈ-23 | | x | | | | |
| ЈШ-24 | | | | | 10* | |
| ЈВ-25 | | | | | | |
| РХ-26 | Да, преку Стопанска комора, но не се прифаќаат | | | | | 11* |
| ЉП-27 | | | | | | 12* |
| ДГл-28 | | x | | | | |
| ЈА-30 | | x | | | | |
| ОК-31 | | | | | | |
| РП-32 | | | | | | |
| СЈ-33 | | | | | | 13 * |
| СП-35 | ДА, само со Коњановсвки, заради потребата на работата, по службена должност | | | | 14* | |
| Сп.М-36 | | | | | | 15* |
| ТТ-37 | | x | | | | |
| ТоТ-38 | | | | | | |
| СА-41 | | x | | | | |
| ЃИ-42 | x | | | | | 16* |
| ЈГ-43 | x | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЈК-44 | | х | | | | |
| ВКУПНО | 6 | 13 | | | | |

1* Да, преку Стопанската комора интервениравме со амандман во Законот за води и Водостопански претпријатија и Законот за минерални суровини – половично успешно
2* Сега се обидуваме да внесеме измена преку здружението на Концесионери за мали хидро централи да се ограничи монополот на ЕВН во законот за продажба на електричната енергија.
3* Правени се обиди преку Адвокатска комора да се влијае на внесување измени во ЗКП
4* Да, во Законот за градежно земјиште иницијативата за 1 евро за м2 предлог наш, како и други иницијативи за развој на стопанството, индустријата, развојни прашања
5* Да – за законите поврзани со судството имаме активни барања и ги искажуваме во Комисиите и во Министерството за правда
6* Како претседавач на работодавачите во СКМ имав доста чести барања, но не сум целосно задоволен од соработката, бидејќи само ад-хок беа прифаќани некои наши барања. На пример со законот за работни односи ние баравме да не се воведува дефибрилатор во поголемите компании, тоа начелно се прифати, а потоа со измена се спроведе како законска обврска иако е функционално не спроведливо. Инспекцијата бараше и ние моравме да набавиме апарат (инспектор и лекар на увид – ако не набавиш – казна).
Друг пример е со обврската да се исплаќа К-15, иако одморот на работниците се смета за платен одмор. Така надоместот за к-15 се бара да биде обврзен, а е надвор од законската обврска. Не можеш да ги наградуваш со него само оние кои заслужуваат, туку мора линеарно.
7* ДА, во законот за здравствена заштита, инспекциските служби, административни службеници, работни односи и мобинг.
8* Законот за високо образование. Законот за нов факултет.
9* Како здружение за комунални дејности – но проаѓа само нешто, не се
10* Сум предлагал доста амандмани, можеби преку 100, мислам дека во периодот, сега и наназад околу 10 % биле усвоени, но не знам дали биле вметнати во законските решенија. И во претходните власти и кај сегашната.
11* Законот за финансиска дисциплина
12* Индиректно – како барање преку здружението за инвалиди до Министерството за труд и социјала, тешко се усвојуваат барањата
13*Во Министерството за транспорт и врски за измени во законот за погребални и комунални услуги
14* Имавме 2 образлагања пред комисиите на Владата околу Законот за сообраќај – не беа прифатени измените кои ги предлагавме... Измените кои ги баравме се однесуваа на воведување на правила и казнувања доколку тракторите и земјоделските машини се вклучени во сообраќај, да мора да бидат целосно исправни... казнените мерки сепак, не се спроведуваат... за тоа е најдобро сведоштво големиот број сообраќајни несреќи со трактори и жртви по патиштата...
15* Не – немавме такво барање, а би рекол и имавме мала меѓусебна комуникација во тој правец, би требало да се користи тој механизам.
Тука лицето Сп.М.- самиот даде еден опис на претходното делување како прва приватна компанија – Идеал Шипка од Битола, за тоа како конкуренцијата, тогаш уште во посилна спрега со тогашната власт на неколку наврати Битолска млекара ги продаваше на државни фирми питите со кашкавал, за да ја подобри рентабилноста во работењето. Но, според него директно влијание и притисок од политиката немало, освен од нелојално вршење на притисок од страна на Битолска млекара до маркетте и продавниците со уцена дека нема да ги снабдува ако купуваат производи и од Идеал Шипка. Постоеше и друг случај кога државните органи не го проверуваа составот на трајното млеко кое се увезуваше во големи количини, кое беше обезмастено и потоа збогатувано со млеко во прав, па имаше закана до домашните производители дека ќе ги објават имињата на оние кои ставаат млеко во прав, (Министер за економија – Стевчо Јакимовски), а државата само ја мереше масленоста кај млекото, но не и неговиот состав.
16* Да, за децентрализацијата, враќање на објекти од капитално значење: спортската сала, Домот на културата, стадионот, Домот на ЈНА, градежното земјиште , бидејќи од 1995 до 2005 г. Општината функицонираше без ингеренции – како месна заедница.

Побарано на наша иницијатива на Парламентот со Уредба да се регулира да се издвојува 0,07 денари од kwh за општините Битола, Новаци и Могила....Идејата за пренесување на земјиштето од АРМ, касарните во Општините за градежно земјиште за изградба беше на Општина Битола преку ЗЕЛС, да биде 80% пренесенео, иако не во сите општини...

# ПРИЛОГ – 14

| Код и Псевд. | Дали сте формално ангажирани во политичка партија | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да | Зошто | не | Зошто |
| АПР-1 | | | x | Најголема причина, диектор сум на компанија... каде год да се наклони, премногу брзо се расипува љубовта, јас сум во партијата Промени за секогаш - Подобра Македонија,.. Идеологии нема... |
| ВК-2 | | | x | Не сакам да се мешам, ниту да ми се мешаат во работењето. |
| БК-3 | x | ВМРО-ДПМНЕ, Затоа што сум еден од основачите на партијата | | |
| БЅ-4 | | | x | Бев до 2006 година |
| БН-5 | | | x | Не сум активен – замор на материјалот. |
| БТ-6 | x | ВМРО-ДПМНЕ Заради можност да се влијае врз работите во градот преку партијата | | |
| ВВ-7 | | | x | Затоа што дедоми Богоја Буцан беше во времето на Уриетот во затвор заради политика и тој не учеше: во животот комар и политика – не... сега и дрога – не. Сум симпатизер на ВМРО-ДПМНЕ |
| ВЃ-8 | | | x | Заради тоа што не се зрели условите човек да се вклучи во политика и да помага – само може да си стекне непријатели. |
| ВМ-9 | | | x | Немам желба |
| ВТ-10 | x | Чест е да се биде во врвот на партијата ВМРО-ДПМНЕ и убеден сум дека мојата партија го прави најдобро она што една ПП треба да го прави, со своите критериуми, методи, почитување на поединецот... | | |
| ДР-11 | | | x | Не смеам да бидам – заради судската професија. |
| ДС-12 | | | x | Заради мојата возраст и затоа што во партиите малку сакаат да слушаат критика. |
| ДМ-14 | | | x | Најважен ми е бизнисот. Паријата кога е на власт, или во првите 4 години те прави „цар“, ама потоа те претвора во „измеќар“... |
| ЖМ-15 | | | x | Синдикатот е напартиска организација |
| ЗЖ-16 | | | x | Некомпатибилно со функцијата. |
| ЗИ-17 | x | ВМРО-ДПМНЕ – координатор, Заради моите убедувања. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЈЈ-23 | | | x | Не сум – се плашам од можни последици. |
| ЛШ-24 | | | x | Не мислам да горам. Порано се занимавав, но не знам колку тоа беше доро, бидејќи влегов во тоа како чесен човек, а ми накалемија дека сум „мафијаш“.<br>Кој се гори од млекото ќе дува и на матеницата. |
| ЈВ-25 | | | | |
| РХ-26 | | | x | До пред 4 години бев многу активен - се заморив |
| ЉП-27 | | | x | Не се наоѓам во таа област, треба да се има и слободно време. Можеби би посакал да се ангажирам ако советничките и пратеничките функции не бидат платени, туку да се извршуваат без финансиски надомест. |
| ДГл-28 | | | x | Приватниот бизнис и политиката не одат заедно. |
| ЈА-30 | | | x | Не, си го гледав бизнисот... сега размислувам за една понуда. |
| СЈ-33 | | | x | Во овој момент не чувствувам потреба. Помагам со идеи на оние кои ќе побараат мое мислење. |
| СП-35 | | | x | Заради мојата долгорочна намера да се занимавам со мојата работа.<br>Ако си член на партија можеш да ја доживееш судбината на квасецот – да експандира и брзо да порасне, ама и да се истроши набрзо потоа. |
| Сп.М-36 | | | x | Не сакам да го мешам бизнисот со политика, не е во ред, а има и обратни, би рекол негативни ефекти во работењето |
| ТТ-37 | | | x | Затоа што расчистив со политиката. |
| ТоТ-38 | | | | |
| СА-41 | x | ВМРО-ДПМНЕ - Зошто сакам да дадам придонес во политичкиот живот | | |
| ЃИ-42 | | | x | Професионалниот ангажман не дозволува |
| ЈГ-43 | | | x | Заради професијата мораме да бидеме деполитизирани |
| ЈК-44 | x | ВМРО-ДПМНЕ - Затоа што сметам дека партискиот живот е нераздelно поврзан со општетсвениот живот. Така единствено може да се придонесе за државата, ако се биде вклучен во политичките активности. | | |
| **ВКУПНО** | **6** | | **24** | |

# ПРИЛОГ – 15

| Код | Контакт за вклучување во иден проект | | |
|---|---|---|---|
| | ДА | На кој начин | НЕ |
| АПР-1 | да | Преку е-маил | |
| ВК-2 | да | Ако имам интерес, НЕ ако не ме вклучат | |
| БК-3 | да | Би презел иницијатива, верувам дека би била прифатена | |
| БЅ-4 | да | Директно | |
| БН-5 | | Не гледам ниво за заедничко делување, нема континуитет, нема клима. | не |
| БТ-6 | да | не би се натурал, ако не ме вклучат заради потреба | |
| ВВ-7 | да | Можно е да побарам да ме вклучат | |
| ВЃ-8 | да | Битола ја сакам и сакам да ја видам во вистински сјај. Ако не ме вклучат, ќе се обидам да се вклучам самиот. | |
| ВМ-9 | да | Ако има потреба, зависно од можноста | |
| ДР-11 | да | Ако сметам дека е битно за Битола...Многу работи во Битола ми пречат | |
| ДС-12 | | Не би се јавувал самиот, ако сакаат мое мислење и совет | не |
| ДМ-14 | да | Само ако бидам повикан, Ако е во интерес на градот и би помогнал и финансиски ако треба. Нема за што и кому да се докажувам. | |
| ЖМ-15 | да | Но ако не ме вклучат, НЕ | |
| ЗЖ-16 | да | | |
| ЗИ-17 | да | Ќе се обидам да се вклучам ако имам интерес и е од интерес за Битола | |
| ЗК-18 | да | На секаков можен начин, доколку се побара помош од мене | |
| ЈЈ-23 | да | На секој можен начин. | |
| ЈШ-24 | | Прво ќе предложам нешто... но ако не сакаат да ме вклучат, не би настојувал. | не |
| РХ-26 | | Не би се обидувал да комуницирам, ако не бидам повикан | не |
| ЉП-27 | | Да ако бидам повикан. Ако екипата ми одговара. | не |
| ДГл-28 | | Ако не бидам повикан, не би прифатил, а и многу зависи кој ќе ме повика? | не |
| СЈ-33 | да | Ако е од интерес за градот би се вклучил по било кој основ. | |
| СП-35 | да | Ако гледам можност за бизнис ќе се обидам на секаков можен начин. | |
| Сп.М-36 | да | Би се обидел, ако гледам интерес за себе и за градот. | |
| ТТ-37 | | Би се вклучил, но не ако не ме повикаат. | не |
| СА-41 | да | Би комуницирала на секаков можен начин | |
| ЈК-44 | да | Зависи кој ќе го води проектот, ако е за интерес на градот да, но ако е за некои поединечни интереси – не! | |
| **Вкупно** | **20** | | 7 |

| **ПРИЛОГ -16** | **Сублимација на поимите за елита** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сублимирани поими** | **Различни поими** | | | | | | **Вкупно спменати** |
| **моќ** | Моќ 3 пати | Добра поставеност | Естаблишмент | | | | 5 пати |
| **богатство** | Богатство 5 пати | Економска моќ | Имање на пари | „Зафатен“ | Финансиска елита | бизнис + биз. елита = 2 пати | 11 пати |
| **врски** | Јавен живот 2 пати | Култура + култура на однесување = 2 пати | Соответно однесување | Познатост + поз. во јавн. = 2 пати | Добра сораб. и координација | | 8 пати |
| **влијание** | Влијание 6 пати | | | | | | 6 пати |
| **авторитет** | Авторитет 3 пати | Водач 3 пати | Домаќин + Фамилијарен + Чесен 2 пати + Вредности + Етика = 5 пати | Почитуван во средината | Работлив | Доверба од граѓаните | 15 пати |
| **политика** | Политичка моќ | Политичка позиција | Партиска елита | | | | 3 пати |
| **способност** | Образование 3 пати | Едуцираност + научна мисла + инвентивност + професионална позиција + стручен придонес | знаење + стручност + широко познавање = 3 пати | Способност + амбициозност = 2 пати | Успешност 2 + резултати = 2 пати | Интелигенција + интелектуална елита = 2 пати | 18 пати |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | = 5 пати | | | | | |
| **слава** | Галантон | Да го помага спортот + придонес финансиски = 2 пати | Да придонесе за градот = 2 пати | Да сака да остави белег | | | 6 пати |

**ПРИЛОГ 17.**

| Код и псевдо-ним | *Што според Ваше мислење подразбира поимот – елита? Еден вид на дефиниција* | Основни карактеристики на елитата | *За себе смета дека е елита?* | Кого го сметаат за елита |
|---|---|---|---|---|
| АПР-1 | Елита се оние кои знаат за себе, имаат нешто како ентитет, заедничко влијание, кои меѓусебно комуницираат | Ентитет свесен за себе<br>Заедничко влијание<br>Моќ | не | Елита на моќ постои, Силјан Мицевски-<br>мала елита, постои... |
| ВК-2 | Елита е оној кој што ги влече конците и секоја работа може да ја реализира. | Оној што ги влече конците<br>Секоја работа може да ја реализира | не | Цветан Панделевски<br>Орце Камчев |
| БК-3 | Елита се оние кои се финансиски независни, до крајот на животот го обезбедиле своето семејство, кои вршат работи со врски, и да имаат углед, влијание и моќ во средината. | Финансиска независност<br>Обезбеденост на семејството<br>Врски, Углед, Влијание, Моќ | не | |
| БЅ-4 | Тоа се граѓани со моќ, авторитет, образование, успешни во бизнисот, активни во јавниот живот, пример за другите. | Моќ, Авторитет, Образование<br>Успешни во бизнисот<br>Активни во јавниот живот | не | Кај нас мнтален склоп – колку си посиромав толку си почесен |
| БН-5 | Елита е врв на култура, знаење, моќ, човештина, личност во целина. | Култура, Знаење, Човештина<br>Личност во целина | не | Нема константен критериум<br>Да е врвен во нешто |
| БТ-6 | Елита е кога има способност, има знаење, создал нешто повеќе, има респектибилни односи со луѓето, односите му се на висина. | Способност, Знаење<br>Создал нешто повеќе<br>Респектибилни односи со луѓето | не | Елита во Битола нема, само индивидуални стрелци.<br>Ако е според пари, не е според образование. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Многу елементи отсуствуваат, заради нарушените вредности. |
| ВВ-7 | Елита – да е креативен, да не импровизира во струката и работата, да создава работи и да има финансиска и политичка моќ. | Креативност<br>Да создава работи<br>Да има Политичка моќ<br>Да има Економска моќ | не | |
| ВЃ-8 | Елита – граѓани кои се истакнуваат со личен пример за култура, едуцираност и образование, коишто не се наметнуваат врз другите со својата економска моќ, туку со културно однесување, хуманост и општествено признати вредности и односи. За припадник на елитата го сметам оној граѓанин кој мнозинството во градот го прифаќа за свој човек, а не личности кои се алиенирани. | Личен пример, Култура, Образование, Хуманост<br>Општетсвено признати вредности, мнозинството граѓани да го почитува | ДА | Кои не се наметнуваат врз другите со својата економска моќ<br>Не личности кои се оттуѓени од граѓаните (алиенирани) |
| ВМ-9 | Врвни личности во општетсвениот и политичкиот живот. | Врвни личности во општетс., политиката | не | |
| ВТ-10 | Тоа се луѓе кои се избориле за вистинскиот статус во општетсвото, главно и пред се со својот квалитетен ангажман и способности, во кои се има многу висока доверба, (интелигентни, едуцирани, повеќестрано образовани и влијателни во политиката, економијата итн. | Имаат статус во општетсвото<br>Способност<br>Квалитетен ангажман<br>Висока доверба од граѓаните,<br>Интелигенција, Едуцираност, образование,<br>Влијание во политиката, економијата, во некоја област | Без одговор | |
| ДР-11 | Да е водач во позитивна смисла, докажан со својата работа и да биде препознаен како водач | Водач во позитивна смисла<br>Препознаен како водач од самата | ДА | Само во областа на судството |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | од страна на средината. | средина | | |
| ДС-12 | Кај нас постои и е изразена само партиската елита, која само води сметка за заштита на сопствените интереси, па посебно изразена бизнис елита нема што е штета бидејќи само таа може да го движи развојот, да влијае на вработувањата, извозот, благосостојбата. | Партиска елита<br>Бизнис елита<br>Влијае на благосостојбата | не | Кај нас постои само партиска елита<br>Нема посебно изградена бизнис елита, само таа може да го движи развојот |
| ДМ-14 | Јас разликувам елита<br>А) според богатство<br>Б) според познатост или способност | Богатство<br><br><br><br><br>Познатост<br>Способност | Без одговор | Синиша Петровиќ<br>Борче Таневски<br>Сашо Јанакиевски<br>Силјан Мицевски<br>Јанче Јанчевски<br>Таше Трпчевски<br>Васко Василев<br>Васко талевски |
| ЖМ-15 | Елита е категорија на луѓе кои имаат моќ да влијаат врз општетсвото, имаат професионални позиции, политички позиции и богатство. | Моќ да влијаат врз општетсвото<br>Професионални позиции<br>Политички позиции<br>Богатство | не | |
| ЗЖ-16 | Е оној кој припаѓа на естаблишментот, има богатство, образование, влијание, авторитет и е присутен во јавниот живот. , според параметрите | Естаблишмент, Богатство<br>Образование, Влијание<br>Авторитет<br>Присутен во јавниот живот | ДА | Со оглед на тоа што е избран втор мандат за ректор |
| ЗИ-17 | Елита е оној кој има моќ, богатство, квалитет, е почитуван од средината, и е водач. | Моќ, Богатство, Квалитет<br>Почитуван во средината, Водач | не | |
| ЈЈ-23 | Елита е пред се чесен човек, кој редовно ги | Чесен, Политичка моќ, | не | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | извршува обврските кон државата и кон вработените, домаќин во семејството и галантон по душа и срце, кој има политичка и економска моќ и може сите работи да ги заврши со својот авторитет. | Економска моќ, Домаќин, Галантон по душа и срце, Авторитет | | |
| ЈШ-24 | По прашањето на влијание, има десетина луѓе кои имаат влијание врз политиката. | Влијание врз политиката | не | Не е сигурен дали во Битола постои елита во вистинска смисла на зборот |
| РХ-26 | Елита се личности со добро поставеност во општетсвото подолг временски период, кои ги почитува етичките принципи. | Добра поставеност во општетсвото на подолг рок<br>Да почитува етички принципи | не | |
| ЉП-27 | Припадник на елита е човек кој остварил повисок дострел во својата дејност, скромен и постојан во односите со другите луѓе. | Повисок дострел во својата дејност, Скромен, Постојан во односите со луѓето | не | |
| ДГл-28 | Елита е група на луѓе кои имаат неколку квалитети: принципиелност, решителност и способност за организирање, да поседуваат определено ниво на економска и финансиска моќ („зафатени“). | Принципиелност<br>Решителност<br>Способност за организирање<br>Економска моќ<br>Финансиска моќ | не | Можам да бидам, но не сакам, според она што денес важи како елита во Битола. |
| ЈА-30 | Успешни лица кои со својата работа стекнале нешто, некаков капитал во животот. | Успешни луѓе<br>Кои со работа стекнале некаков капитал | ДА, донекаде | Ако критериум е дека сум успеал нешто да створам самиот |
| СЈ-33 | Човек кој има познавања во сите области од животот, фамилијарен, не штеди да придонесе за градот, го помага спортот, сака да остави белег во општетсвото. | Широко познавање<br>Фамилијарен<br>Да придонесува за градот<br>Да го помага спортот | | Помалку да мисли само за себе |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Да сака да остави белег во општеството | не | Нема со кој од листата да се натпреварува |
| СП-35 | Елитата не подразбира само имање на пари, таа подразбира соответно однесување, поседување на соответна култура, облекување и сл. | Имање на пари<br>Соответно однесување<br>Култура | не | Кај нас застапена 0% |
| Сп.М-36 | Тоа се луѓе кои постигнале забележителни резултати и успех, кои се познати во јавноста и се од сите области, не само бизнис, туку и наука, култура, образование... | Постигнале забележителни резултати, Успешни,<br>Познати во јавноста<br>Од сите области, бизнис, култура, наука, образование | ДА | Заради постигнат голем успех на полето на бизнисот |
| ТТ-37 | Инвентивни луѓе, работливи, амбициозни, луѓе кои направиле нешто со верба во вистинските вредности за да се експонираат пред јавноста. Високо образовани, со научна мисла. | Инвентивни, Работливи и вредни, Амбициозни<br>Верба во вистински вредности<br>Високо образовани<br>Со научна мисла | ДА | |
| ТоТ-38 | Постои разлика во поимот, денес најчесто под елита се подразбира финансиска елита, но постои и интелектуална елита, според знаење не според богатство, различни се критериумите. | Финансиска елита,<br>Интелектуална елита, Знаење, Богатство | Не | |
| ЃИ-42 | Авторитетни личности во бизнисот и јавниот живот. | Авторитет, Бизнис, Јавен живот | Не | |
| ЈГ-43 | Човек којшто со своето делување во градот и општината во различни сфери од општетсвениот живот дал свој придонес (финансиски, стручен, или друг вид, со што градот или општината добиле некаков бенефит. | Придонес финансиски, стручен, корисен за градот | Не | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЈК-44 | Добар стопанственик, чесен, има координирана соработка со другите и е успешен во работата. | Чесен, Успешен, Добра соработа и координација | Не | |

| ПРИЛОГ 18. | Кој е најмоќен човек во Битола? | |
|---|---|---|
| **Код и псевдоним** | **Име и Презиме** | **Забелешка** |
| АПР-1 | Силјан Мицевски | Интересна личност |
| ВК-2 | Владимир Талески | |
| БК-3 | Силјан Мицевски | Комплетно, во секој поглед |
| БЅ-4 | Силјан Мицевски | |
| БН-5 | Силјан Мицевски | |
| БТ-6 | Силјан Мицевски<br>Владимир Талески | Во континуитет<br>Заради моменталната позиција |
| ВВ-7 | Орце Камчев | |
| ВЃ-8 | Владимир Талески<br><br>Благој Крстевски и Пеце Стојановски | Градоначалникот<br>(И двата- моментално)<br>Сопственикот на Стентон градба<br><br>За жал, некои од оние што беа сиромаси или средно имотни рарисно се збогатија со криминал кој го толерираше државата, кои станаа недопирливи за органте на прогонот – тие станаа најмоќни луѓе. |
| ВМ-9 | Владимир Талески | Градоначалникот |
| ВТ-10 | | Не гледам некој кој е толку моќен за да влијае во начинот на живот на градот, некои се моќни дека тоа им го овозможува функцијата, тешко би можел да определам која е најмоќна личност во Битола |
| ДР-11 | Силјан Мицевски | Најбогат, Најмоќен – не знам |
| ДС-12 | Владимир Талески | Градоначалникот |
| ДМ-14 | Силјан Мицевски | |
| ЖМ-15 | Не знам | |
| ЗЖ-16 | Силјан Мицевски<br>Зоран Илиевски | Финансиски и според влијание<br>Политичка моќ (координатор на владејачката партија) |
| ЗИ-17 | Силјан Мицевски | |
| ЈЈ-23 | Владимир Талески | Градоначалникот |
| ЈШ-24 | Владимир Талески<br>Силјан Мицевски | Е најмоќен сега<br>Беше според капиталот |
| РХ-26 | Орце Камчев | |
| ЉП-27 | Силјан Мицевски | Не само во битола, туку и во Македонија |
| ДГл-28 | Силјан Мицевски | Не можам да видам каде е нивната можност и желба да помогнат за развој на нешто во градот? |
| СЈ-33 | Силјан Мицевски | Според финансиското богатство |

| | | |
|---|---|---|
| | Орце Камчев | Според моќта на државно ниво |
| СП-35 | Орце Камчев<br><br>Силјан Мицевски | Според политика и финансии |
| Сп.М-36 | Владимир Талески<br>Орце Камчев а<br>Силјан Мицевски | Формално според позицијата<br>На ниво на држава<br>Според капиталот со кој располага во Битола |
| ТТ-37 | Силјан Мицевски | |
| СА-41 | Владимир Талески | |
| ЃИ-42 | Владимир Талески | Градоначалникот |
| ЈГ-43 | Силјан Мицевски | |
| ЈК-44 | | Не можам да кажам |

| ПРИЛОГ 19. | Дали постои неформална моќна група | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Код и псевдоним** | **да** | **не** | **Или коментар** | **Водечка личност во групата** |
| АПР-1 | x | | Нешто веројатно постои, но немам сознанија како, не знам за клучна личност, но како што се пенетрира во политиката, мисламе дека има | |
| ВК-2 | | x | | |
| БК-3 | x | | Можно е да постои. | Силјан Мицевски |
| БЅ-4 | | x | Не освен политичкото групирање | |
| БН-5 | | x | Не е дефинирана некаква група | |
| БТ-6 | | x | Не постои групна моќ во Битола – таквата група не е целосно влијателна.<br>Битолчани не се прсутни во целост во донесувањето одлуки за државата Македонија, туку имаат некакво влијание само за некои периферни одлуки | |
| ВВ-7 | | x | | |
| ВЃ-8 | x | | Политички и економски моќници кои на незаконит начин се стекнале со економска моќ | |
| ВМ-9 | | x | | Не можам да ви кажам |
| ВТ-10 | | x | | |
| ДР-11 | | x | Не верувам дека постои | |
| ДС-12 | | x | | |
| ДМ-14 | x | | Постојат извесни групирања кои не се од траен карактер – се од личен интерес, било преку партиска линија, или неколку личности кои создаваат извесен круг заради задоволување на бизнис интереси, не би ги споменувал имињата... | |
| ЖМ-15 | | x | | |
| ЗЖ-16 | x | | Има и тука | |
| ЗИ-17 | | x | | |
| ЗК-18 | x | | | Владимир Талески<br>Цветан Панделески<br>Орце Камчев<br>Силјан Мицевски |
| ЈЈ-23 | x | | Мислам дека постои. | Благој Крстевски |
| ЈШ-24 | | x | | Силјан Мицевски,<br>Владимир Талевски |
| РХ-26 | x | | Првите двајца го моделираат градоначалниот | Трајче Котевски и Димче Шеровски,<br>Јорго Шундовски, Благој Ѕалев,<br>Ице Дамчевски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЉП-27 | | x | | |
| ДГл-28 | x | | | Стентоно,<br>Трапајо |
| ЈА-30 | x | | | Не би можел да ви кажам кој |
| СЈ-33 | | x | | |
| СП-35 | x | | Постои, тоа е некогаш организирано настапување, но е нестабилна како структура. На повисоко ниво - Купуањето на фирми во државата, бизнисот во државата е контролиран. | Не би споменувал имиња... |
| Сп.М-36 | | x | | |
| ТТ-37 | | x | Сите работи се одвиваат преку партиското одлучување. | |
| ТоТ-38 | | | | |
| СА-41 | | x | | |
| ЃИ-42 | | x | | |
| ЈГ-43 | | x | | |
| ЈК-44 | | x | | |
| **Вкупно** | **11** | **20** | | |